К III 219

Инв. ф. 16193

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

**Николче П. Вељановски**

# НИЧЕОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ, ВРЕДНОСНОТО РЕДЕФИНИРАЊЕ И ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ НА ИНДИВИДУАТА

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

МЕНТОР:

**Проф д-р ФЕРИД МУХИЌ**

**Скопје, 2007**

СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈА

# НИЧЕОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ, ВРЕДНОСНОТО РЕДЕФИНИРАЊЕ И ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ НА ИНДИВИДУАТА


## АПСТРАКТ

За *предмет на дисертацијата* ја избрав корелацијата помеѓу Ничевиот концепт за натчовекот и феноменот на духовното созревање на индивидуата и следствено на тоа *основниот хипотетски став* **е дека вредносното редефинирање и духовното израснување на индивидуата, иницирано од вољата за моќ (Ничеовиот концепт за натчовекот), се остварува преку процесот на духовно созревање согледано низ внатрешното ослободување од фрустрациите и стравовите наметнати од конвенциите на светот што не окружува, и 6 посебни хипотези.**

*Мотив на дисертацијата* е индивидуацијата на личноста, односно самоактуелизацијата на личноста преку отварањето на нови начини и нови видици во поглед на приоѓање на човекот кон вредностите во животот со цел негово внатрешно ослободување од стравовите поврзани со моралот, "гревот", со божјата казна, итн.

Во *методолошкиот приод* го користам методот на разбирање надополнет со компаративниот метод, интроспекцијата и сопственото искуство. Користев и метод на моделирање, модел од апстрактното кон конкретното, од теоријата кон предметот на истражувањето.

Дисертацијата содржи два главни дела:

*Теоретска елаборација на предметот*
*Синтеза на досега истражуваните резултати*

Во **првиот дел** се опфатени: а) човекот и вредностите, б) духовното созревање на човекот и концептот на јога, в) Теориите (модели) за духовно созревање, г) Ничеовиот концепт за натчовекот и д) редефинирање на вредностите и волјата за моќ.

Ви **вториот дел** опфатена е а) креацијата на волјата за моќ т.е. параболите на Заратустра и б) волјата за моќ во однос на појдовните претпоставки.

*Заклучните согледувања* ја претставуваат а) волјата за моќ како процес на безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот и б) Ничеовата порака за подобро човештвото.

Клучни зборови: **човек, натчовек, волја за моќ, вредности, идентификација, фрустрации, страв, самореализација, ослободување.**

## NIETZSCHE'S CONCEPT OF THE OVERMAN, VALUE REDIFINING AND THE SPIRITUAL GROWTH OF THE INDIVIDUAL


### ABSTRACT

The ***subject of the doctoral dissertation*** is the correlation between the Nietzsche's concept of the overman and the phenomenon of the spiritual growth of the individual, out of which came the ***general hypothesis***: *value redefining and the spiritual growth of the individual, initiated by the Will to Power (Nietzsche's concept of the overman), is realized through the process of spiritual maturation evident in the inner liberation from the frustrations and anxieties imposed from the conventions of the world surrounding us,* **and 6 separate hypothesis.**

The ***motive of the dissertation*** is the individuation of personality, i.e. the self-realization with the help of the new ways and new sights in approaching the values in life at the same time achieving inner liberation from the fears related to the moral, "the sins", the God's punishment etc.

From a ***methodological aspect***, I treat the method of understanding, together with the comparative method, the method of introspection and my personal experience. Also, I used the method of modeling from the abstract into the objective, from the theory into the practical research.

The dissertation consists of two main parts:

I. Theoretical elaboration of the subject.

II. Results synthesis

The **first part** elaborates: a) the man and the values b) the spiritual growth of the individual and the concept of yoga c) theories (models) of spiritual growth d) Nietzsche's concept of the overman and e) redefining of values and the will to power.

The **second part** treats: a) the creation of the will to power or the parables of Zarathustra and b) the will to power in the explanation of the separate hypothesis.

The **final results** extract: a) the will to power as a process of unconditional identification of the individual with the Absolute and b) Nietzsche's message for the betterment of humanity.



**Keywords**: man, overman, will to power, values, frustrations, fear, Absolute, identification, self-realization, liberation.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 1

- **предмет на дисертацијата**
- **мотив за избор на темата**
- **истражувачка цел и очекувани резултати**

**I. ХИПОТЕТСКА РАМКА И МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД** 11

МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

**1. ТЕОРИСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ** 15
Теоретска разработка на основните поими и категории

**1.1. Човекот и вредностите** 15
**1.1.1. За поимот човек** 17
**1.1.2. За поимот вредност** 20
**1.1.3. За поимот морална алиенација** 23
**1.1.4. За поимот морална дезалиенација** 24

**2. ДУХОВНОТО СОЗРЕВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ И КОНЦЕПТОТ НА ЈОГА** 27

**2.1. Духовно созревање на човекот** 27
**2.1.1. Поим** 27
**2.2. Психоаналитичка теорија** на З.Фројд 32
**2.3. Психодинамичката теорија** на Карл Густав Јунг 32
**2.4. Абидама (Abhidhamma)** - Будистичка теорија за личноста 34
**2.5. Човекот - личноста и индивидуа** 35
**2.6. Концептот на јога** 37
**2.6.0. Поим и потекло на јогата** 37
**2.6.1. Бхагавад Гита** 38
**2.6.1.1. Карма јога** 39
**2.6.1.2. Бакти јога** 40
**2.6.1.3. Џнана (djnana) јога** 41
**2.6.2. Интегрална јога** 42
**2.6.2.1. Хата јога** 43
**2.6.3. Кундалини (тантра) јога** 45

**3. ТЕОРИИ (МОДЕЛИ) ЗА ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ 47**
**(Досегашен третман на феноменот на духовното созревање)**

**3.1. Концептот на јога за духовно созревање на човекот 47**
**3.1.0. Мокша (слобода на индивидуалната душа) 49**
**3.1.1. Разликување на реалното од нереалното (Вивека) 50**
**3.1.2. Копнеж или силна желба за самоспознание (субеча) 51**
**3.1.3. Водство на духовен учител (гуру) 53**
**3.1.4. Придржување кон духовната должност (дарма) 54**
**3.1.5. Контрола на сетилата - индрии 55**
**3.1.6. Самоспознание или самореализација 58**
**3.1.6.1. Адваита Веданта филозофија 59**
**3.2. Јунг и теоријата на индивидуација 61**
**3.3. Сенека и теоријата за смртта 63**
**3.4. А. Маслов и теоријата за самоактуелизираните 65**
**3.4.1. Вредностите и самоактуелизираните 68**

**4. НИЧЕОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ, РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ И ВОЛЈАТА ЗА МОЌ 69**

**4.0. Колку бил Ниче разбран во Европа 69**
**4.1. Ничеовиот концепт за натчовекот 74**
**4.1.1. Човекот е најсурово животно према самиот себе 83**
**4.1.2. Човекот е мост, а не цел 84**
**4.1.3. Бог е мртов, натчовекот нека биде вашата цел 86**
**4.2. Редефинирање на вредностите и волјата за мо́ќ 87**
**4.2.0. За вредностите: 87**
**Воздржување, храброст, мудрост и праведност 87**
**Највисоко добро - евдаимонија 87**
**Вера, љубов и надеж 88**
**Љубов кон самите себе - Самоспознавање 90**
**4.2.1. Редефинирање на вредностите - односот на човекот кон натчовекот 91**
**4.2.1.1. Во потресот на старите народи бликнуваат**

нови извори 94
4.2.1.2. Да проценуваш значи да создаваш 96
4.2.1.3. Да спознаваш тоа е радост на оние што имаат лавовска волја 99
4.2.1.4. Откажете се од учителот 101
4.2.1.5. Духот е живот што се врежува во животот 102
4.3. Волјата за моќ фактор за редефинирање на вредностите 103
4.3.1. Волјата за моќ како најдлабока суштина на Битието 103
4.3.2. Зборовите и тоновите се виножита и мостови меѓу она што е вечно разделено 105

II. СИНТЕЗА НА ДОСЕГА ИСТРА ЖУВАНИТЕ РЕЗУЛТАТИ 110

1. КРЕАЦИЈАТА НА ВОЛЈАТА ЗА МОЌ - ПАРАБОЛИТЕ НА ЗАРАТУСТРА 110

1.1. Највисоките ридишта извираат од морето 111
1.2. Кога бев дете, слушнав едно куче што виеше 112
1.3. Еден млад пастир се задушуваше, црна тешка змија му висеше од устата 113
1.4. За старите и новите играчки 115
1.5. Бог е нагаѓање 117
1.6. Куќите ги изградила, за парабола, некоја голема душа 117
1.7. Духот станува камила, камилата лав, а лавот дете 118
1.8. О душо моја ти ја одзедов цела покорност, коленичење и богомолство 121
1.9. Стариот бог е пак жив, најодбивниот човек е виновен за сé 122
1.10. Медена жртва - Јас само се стремам кон своето дело 123
1.11. Самореализацијата е дар на судбината 124
1.12. Заради пијавицата лежев во оваа бара како рибар 125

**2. ВОЛЈАТА ЗА МОЌ ВО ОДНОС НА ПОЈДОВНИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА** 127

**2.1. Волјата за моќ му ја открива на човекот неговата идентификација со погрешните вредности иницирана од волјата за опстанок** 127
**2.2. Волјата за моќ го освестува човекот за илузијата на сопствената цел - личната среќа** 130
**2.3. Волјата за моќ создава храброст на творец преку која човекот го надминува ропскиот страв - стравот Божји** 135
**2.4. Волјата за моќ развива силен копнеж за вистината кој го ослободува човекот од фрустрациите и стравовите** 142
**2.5. Волјата за моќ на човекот му донесува радост и стремеж кон вечноста** 146
**2.6. Волјата за моќ е духовно созревање преку кое човекот ја реализира својата внатрешната слобода и бесмртност** 148

**3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА: Ничеовиот концепт за натчовекот, вредносното редефинирање и духовното созревање на индивидуата** 155

**3.1. Волјата за моќ - процес на безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот** 155
**3.2. Која беше пораката на Ниче?** 163

**БИБЛИОГРАФИЈА** 173

# ВОВЕД

- предмет на дисертацијата
- мотив за избор на темата
- истражувачка цел и очекувани резултати

Во Делфи, големото светилиште на античка Грција, во Аполоновиот храм била врежана изреката gnothi seauton, лат. Nosce te ipsum која Цицерон ја превел како Аполонова заповед **"спознај ја својата душа".** Што се однесува до знаењето или сознанието познато како гноса, било верско-филозофско учење на мистичарите, настанало некаде на исток во Римското Царство, но точни историски податоци нема. Целта им била да најдат одговор на прашањата "Што е горе а што долу, што е порано а што подоцна", а истовремено да ги спојат идеите на многуте религии и источните магии со неоплатонистичката филозофија. Набргу од Црквата биле прогласени за еретици. Според Платон постојат апсолутни, или непроменливи ´форми´ на знаење како што се: Правда, Светост, Убавина. Во својот "Федар", тој зборува за бесмртноста на душите кои се раѓаат во различни тела и дека човекот може да суди за нештата со перфектни стандарди кои никогаш во неговото искуство не ги искусил како такви затоа што смртното тело е ограничено, а искуствата се пренесувале од едно тело во друго[1]. Некои души, кога ќе го завршат првиот живот, одат на суд, и кога ќе им се изрече пресудата, слегуваат во ќелиите под земјата и таму ја издржуваат казната, а други, врз основа на пресудата се издигнуваат на некое место на небото и таму го минуваат животот кој е сличен на оној кој го живееле во човечки облик. ... Само душата што никогаш не ја видела вистината не може да влезе во човечки облик; имено, човекот треба да спознава според она што се нарекува идеја, а таа произлегува од многуте поединечни забележувања и по пат на умување се составува во едно мислено единство. .. Токму затоа со право крила добива само душата на филозофот, бидејќи таа, колку што може, со своето сеќавање живее во оние работи во кои живее и нејзиниот бог) На преодот од едно во друго тело тие се заборавaaт и затоа во еден човечки живот треба да се присеќаваме на искуствата и општите вистини во претходните животи, а тоа не е баш едноставно. Значи, знаењето, односно процесот на учење не е ништо друго туку присеќавање, односно собирање на знаењето што веќе го поседуваме. Единственото нешто, меѓу другото, за кое Ниче му се лути на Сократ е во тоа што го натерал Платон до неговите вистини да доаѓа по пат на дијалектичко размислување во спротивности со што на филозофијата ѝ го задал почетниот удар кој ја довел до понатамошно пропаѓање.

"Прашањето, Што во моите книги потекнува од мене?, е неисправно", ѝ одговорил Хегел, во една прилика, на една своја обожавателка. Се работи

[1]Платон. *Гозба или за љубовта, Федар ili za ubavinata*, Скопје : Матица Македонска, 2003, стр.128-29

за апсолутот кој што во себе е ист каков што е и во појавниот свет, а како таков и се враќа повторно во себе. .. Таа enkyklo-paideia, тоа учење во кругови, во кое секој дел од филозофијата е "круг кој се затвора во самиот себе", а целината "Кругот на круговите"[2], сфатено филозофски, не претставува ништо друго туку историја на апсолутот - на која и самите филозофи ѝ се верни, а нужноста или предодреденоста ја гледаме кога **во поединечното ќе засвети слободата на целината.** Оттука се поставува прашањето за вклученоста на Бог во содржината и степенот на развиток на науката во светот, тука не е исклучена ниту религијата. **Овде можеме да го поставиме прашањето и во колку и во какви други светови, материјални како нашиот и нематеријални, учествува "кругот на круговите"?** Ако го имаме ова последното во предвид тогаш не можеме да зборуваме дека и апсолутот е подложен на дијалектика на која е подложен светот во кој живееме, па макар тоа да биде и дијалектика на Тројството: Татко, Син и Свети Дух.

Но сепак, денешниот човек не може да ја прифати нужноста или судбинската предодреденост на неговиот живот од општа причина што не може да се помири со тоа да злото во светот е исто толку од Бога колку што е и доброто. Значи, човекот треба да го прифати и злото како неминовност и нужност, или како судбина. Оттука произлегува и следното прашање, "која е улогата на Се́милостивиот заштитник и спасител - Бог во поглед на поединецот и воопшто човештвото? Ако Бог не можи да го спаси човештвото од злото, тогаш каков е тој апсолутен бог на доброто и злото? Дали таков бог воопшто постои?" Скепсата или сомнежот е силен немир пред енигмата на животот и светот, пред борбата на умот со сетилата, пред разидувањето на науката со религијата, или умот и верата и на крајот остануваме со сомнежот. "Дали и науката и филозофијата, исто како и религијата, не се догма?"

Кога човек во се́ се сомнева и не верува во ништо, тогаш почнува да филозофира, затоа што не сака да ја прекине потрагата по вистината. На почетокот, ако тоа можеме да го земеме за почеток на светот, во умот на човекот, односно во неговата свест не постоеле ниту доброто ниту злото. Тоа подоцна им било наметнато спонтано во контактот со нештата и суштествата во светот кој ги окружувал. Борбата за гола егзистенција им наметнала импресии кои набргу се запишувале на белиот и чист лист хартија. Секако дека таму меѓу првите импресии во умот, односно во срцето се запишал и стравот од смртта. Со стравот од смртта започнува и страдањето на човекот. Страдањето е големото зло на земјата. Мора да постои некаков излез од страдањето, си зборува себеси и се бори со себе умот човечки. Со текот на времето спонтано му се наметнува мислата "Како сум јас дојден тука?" "Кој сум јас?" "Каде одам?" И така овие прашања останале до ден денешен, дури и кај најобичниот човек, без оглед и колку да е немоќен, тој се обидува да го најде одговорот.

[2] Kung, Hans. *Postoji li Bog?*, Naprijed : Zagreb, 1987. str. 154

Животот останува мистерија и понатаму. Самото прашање "Кој сум јас", по себе, наметнува постоење на "некаква" вистина. Самото "постоење на некаква вистина" во умот на човекот е сомнеж. Така сомневањето можеме да го сметаме за мајка на филозофијата. Меѓу првите познати скептичари ги сретнуваме имињата на хеленските скептичари Пирон Карнеад, Енесидем, Агрипа и други на кои подоцна во XVI vek им се приклучуваат: Мишел де Монтењ, скептичар во философијата и мистичар во науката и неговиот ученик Пјер Шарон, а во XVII век и Џозеф Гленвил и Пјер Бел. Кај Монтењ, како резултат на барањето на вистината се јавува прашањето **"Што знам"** (**Que sais-je?**) (**What do I know?**) Тој е противник на секој догматизам, како рационалистички така и теолошки, а се помагал со човечката историја. Повеќе проsирен и методичен скептицизам наоѓаме кај Рене Декарт, кој се обидел да се ослободи од сите лажни мислења или заблуди за кои дотогаш тој сметал дека се вистинити, а сега пронашол дека се нејасни за да може да си изгради едно ново почетно стојалиште. Така тој доаѓа до неговото "Cogito ergo sum" (Мислам, значи постојам) (I think, therefore I am). Тој дошол до сознание, ако сите мисли на неговото "Јас" се дело на еден зол дух, тогаш оној кој ги мисли тие мисли е неговото реално постоечко "јас". Самото докажување на ваквото сопствено постоење го докажувало и божественото постоење во човекот. Декарт сметал дека со Cogito дошол до неговата најголема вистина. И кај Паскал, а и кај Августин, фламански теолози сомневањето се појавува од длабоката егзистенцијална невоља. За Паскал "голем е оној човек кој ја знае сопствената беда", односно знае колку е мал[3]. Тој вели дека "човечкото срце поседува свој ум и дека вистината не се спознава само со умот туку и со срцето[4]. Во истиот овој период Барух Спиноза се застапува за тоа дека Бог не живее одделен од универзумот: "Бог е во светот и светот е во Бога[5]".

Во својата Историја на филозофијата, Хегел ќе рече: "Пред да почнеме да филозофираме треба да бидеме спинозовци. Душата мора да се искапе во етерот на таа една супстанција, во која потонало сé што е вистинито. Тоа е таа негација на сé поединечно, до кое секој филозоф мора да дојде: тоа е ослободување на духот и негов апсолутен темел[6]". Мислители, односно скептичари кои постојано со својата спознајна сила ќе ги откриваат човечките слабости и заблуди, постоеле во сите времиња, како во Индија, така во Хелада, во Средниот и во Новиот век, затоа што човечкиот ум постојано работи, лута, се сомнева и не може да се запре. Накратко речено на човештвото уште од постоењето му **недостига цврста основа** во мракот на животот. Скептичарите внесле и нов дух во однос на догмите во науката, посебно теолошките кои ги ширела црквата.

[3] Ibid., cit., str. 57
[4] Ibid., cit., str. 52
[5] Ibid., cit., str. 125
[6] Ibid., cit., str. 125

Без оглед на повеќето правци во филозофијата кои оттогаш се појавиле на Запад уште од време на Платон, од една страна, скепсата останала и ден денешен како индикатор на тоа дека до целосна вистина човештвото сé уште не дошло, додека пак од друга страна, нејзиното постоење е **индикатор на тоа дека западот сé уште ја бара вистината** помеѓу двојностите, односно спротивностите. Во својата книга "Зад доброто и злото" (2), Ниче се спротивставува на поставеноста и начинот на кој западните филозофи ја бараат вистината, "како може нешто да потекнува од својата спротивност? На пример, вистината да потекнува од лагата, или грешката? Нештата со највисока вредност мора да имаат поинакво потекло...."

Со едно вакво едноставно *прашање* Ниче истовремено го поставува прашањето за темелот на вредносниот систем во светот, кој преминал во повеќевековна догма, и за постојаната скепса која ги тера мислителите да ја бараат вистината во спротивностите "Да - Не", односно да се прашуваат како Монтењ, "Што знам?" или како Сократ, "Јас знам дека не знам ништо", или "Тука јас не си верувам себеси, тука нема отворена врата за мене", или "ако има отворена врата зошто да влезам направо во неа". "За мене, продолжува Ниче, **скептицизмот е најдуховен израз на одредена комплексна психолошка состојба со обичен јазик наречена нервна дебилност и болежливост... .** Оваа болест на вољата е распространета низ цела Европа подеднакво[7]". Тој индиректно го поставува прашањето зошто воопшто се потребни вистината и системот на вредности, "Зошто воопшто е потребно знаењето?[8] "Тој смета дека највисоките човечки вредности и идеали - *вистина, правда, љубов, морал, религија* - не постојат никаде сами за себе. Човекот ги внел во сите нешта и во склад со своите потреби во животот, подобро речено да им користат на одржувањето или зголемување на власта. Врховните вредности станале религиски, дури и матафизички[9]. Во своето дело "Еве го човекот"кога зборува за својата книга "Затемнување на идолите", Ниче го појаснува зборот "идоли" дека во него се кријат сите вистини на човештвото, а дека целиот наслов - во чист превод би бил "ѝ се ближи крајот на старата вистина". "Јас сум мерило за вистините", "јас и, ако зборуваме сериозно, **никој пред мене не го знаеше вистинскиот пат, патот нагоре**: само после мене човекот уште еднаш ќе ја најде надежта на животот, задачите и патиштата кои водат кон културата - на кои јас им сум радосниот предвесник. Затоа јас сум судбина. Во свој стил Ниче ќе ни даде една мала насока, 'За да разберете барем нешто од мојот Заратустра, би морало да сте онаму каде што сум јас - со една нога од онаа страна на животот'[10]. "Мојата формула за животот е **amor fati**: ".. .. - сиот идеализам е заблуда пред она што е Нужно! .."[11]. "Кога еднаш доктор Хајнрих фон Штајн, чесно се пожали дека не разбира ниту еден

[7] Nietzsche, Friedrich. ***Beyond good and evil***, Internet (208)
[8] Ibid., cit., str. (230)
[9] Kung, Hans. *Postoji li Bog?*, Naprijed : Zagreb, 1987. str. 353
[10] Nietzsche, Friedrich. ***Ecce Homo***, Епоха : Скопје, 1998, стр. 63
[11] Ibid., cit., str. 92

збор од мојот Заратустра, јас му реков дека тоа е јасно: да се разберат шест реченици, тоа значи - тие да се доживеат, **всушност смртните да се искачат за еден степен повисоко отколку што "модерните" можат да го достигнат.** Како јас, со ова чувство на оддалеченост, би можел да посакам да бидам читан од "модерните" што ги познавам"[12].

"Ноќта е темна, патиштата на Заратустра се темни. Дојди, о студен и неподвижен сопатнику! Ќе те однесам онаму каде што ќе те погребам со своите раце". Кога Заратустра си го рече тоа со умот, си го натовари трупот на грб и тргна по патот." (ТЗЗ ; 20) Затратустра зборува во параболи и затоа мртовецот ќе го земеме за симбол на човечкото смртно его на кое местото му е кај гробиштата. "А само онаму каде што има гробови има и воскресенија". (ТЗЗ ; 117) Сфатено и натаму во алегорија нашето Јаство е бесмртно и како такво треба да го подигнеме над нашето рамо како што еднаш го гледав нашиот починат претседател во ковчегот како го подигнуват со рацете до нивото на рамената. Повеќе од дваесет и пет години го проучувам "Така зборуваше Заратустра" поточно натчовекот на Ниче, но не ќе можев доволно да ги сфатам неговите параболи ако мојот духовен учител Саи Баба не почна да ми помага поинтензивно. Се најдов на влезот од родното село на мојата мајка. Од левата страна ми беа гробиштата, од десната црквата "Св. Ѓорѓи", во средината пред мене стои Саи Баба и ме гледа право в очи. Сфаќам дека сака да го пречекорам потокот кој единствено стои меѓу мене и него. Саи Баба стои од страната на селото и куќата во близина во која што е родена мојата мајка. Човечката болка е секогаш поврзана со "гробиштата" и тоа е нашиот најголем страв и најдлабока болка, си зборуваше во себе Заратустра во "Визијата и загатката (енигмата)" "А храброста е најдобар убиец, храброста што напаѓа, таа ја убива и смртта". "Застани! Џуџе! реков јас. Јас! Или ти!... Но токму на местото каде што застанавме, имаше еден процеп како врата. Погледни ја вратава! Џуџе! продолжив јас: таа има две лица. Овде се соединуваат два пата: нив уште никој не ги изодил до крај. Овој долг пат што води назад: продолжува до вечноста. А другиот пат што води нагоре - е друга вечност. Овие патишта си противречат меѓусебно; всушност се судираат и се соединуваат токму на оваа врата. Името над вратата стои напишано над нив "Миг"". (ТЗЗ ; 163) И денес ја гледам истата глетка и само со еден храбар чекор треба да го пречекорам потокот до родната куќа на мојата мајка. Додека го пишувам овој текст сé уште после пет месеци на моето десно око имам една топчеста израслина. Некој ми рече дека треба да ставам млеко од мајка-доилка за да ми помине. Очите на Саи Баба од другата страна на потокот ме викаат.

А сега да се вратам назад на "Визијата и загатката":

> "Мојата рака ја тегнеше змијата, ја тегнеше - но залудо, не можеше да ја истрга змијата од грлото. Тогаш нешто извикна од мене: "Прекасај! Прекасај! Скини ѝ ја главата! Прекасај! - така викаше од мене мојот ужас, мојата омраза, мојата одбивност, моето сожалување, сето мое добро и зло викаше од мене во еден

[12] Ibid., cit., str. 95

> вик. Вие храбри околу мене! Вие бирачи, испитувачи и сите што сте пловеле со подмолни платна на неиспитаните моришта! Вие што ми се радувате на загатките! Кажете ми како да ја одгатнам загатката што ја видов тогаш, протолкувајте ми ја визијата на најсамотниот човек! Бидејќи тоа беше визија и предвидување: - што видов тогаш во парабола! Кој е тој што треба пак да дојде некогаш?" (ТЗЗ ; 165)

Што е она што го натерало Ниче да излезе од мракот во кој тоне денешнината? Од каде таква голема сила кај него за да се спротивстави на Европа, на светот? Што беше тоа што го мачеше "филозофот со чекан"? Го мачеше помислата на малите луѓе, ги презираше, ги сакаше истовремено, веруваше во судбина (амор фати), веруваше во вечност и со неизмерна сила се стремеше кон неа, се стремеше кон височините, зборуваше дека бог е мртов, но никаде не видовме дека го мрази. Неговиот Заратустра сé уште "лазеше", од некого молеше помош "неговиот волшебник", ах да, Ниче се обидуваше да љуби, да биде самореализираниот алхемичар. Ние и самите го "убивме бога" велеше: 'барем самите да бидеме творци'. "О браќа мои, слушнав смеа што не беше смеа на човек - и сега ме јаде жед и ме мачи копнеж што нема да стивне никогаш. Мојот копнеж по таа смеа ме јаде однатре: о како можам да поднесам уште да живеам! А како би можел да умрам сега! - " (ТЗЗ ; 166)

Ако го пречекорам потокот ќе запрат ли мислите? Ќе влезам ли во иднината? До крајот на истата онаа 1994 година во која за првпат го видов Саи Баба во Индија, ја затворив мојата книжарница "Мајка" чиј симбол беше кинескиот симбол на јин и јанг. Него го ставив на корицата од првиот македонски превод на книга за јога, "Комплетна илустрирана книга за јога" од индискиот духовен учител, и мој учител кој во 1986 година ме иницира во јогата, основач на сите Шивананда јога веданта центри во светот, Свами Вишнудевананда. Само една година порано, Свами Вишнудевананда го напушти светот. Десет години подоцна кога сé уште тагував по својот учител, а не бев доволно свесен дека Саи Баба веќе ја имаше преземено неговата улога, во 2003 година, во Торонто, откако во летниот семестар 2002 година ги завршив предавањата за постдипломци под наслов, "Психологија на духовен раст", во мојата медитација се појави Саи Баба, облечен во бела роба и со букет во рацете за повторна иницијација. "Дојдов заради твојата љубов, дојдов заради твојата кундалини". Тоа се случуваше во центарот на Битола пред Саат Кулата на почетокот од Широк Сокак.

Ниче не беше задоволен со себе, со своето знаење за себеси, а уште помалку задоволен со поставеноста на филозофите, од Сократ наваму, кон филозофијата и воопшто со нивната немоќ на себеоткривањето. Затоа, сметаше тој, културата на Западот беше во декаденција, додека пак, за Германците имаше само најпогрдни зборови, "Германскиот дух" е мојот лош воздух. .. На совеста тие ги имаат сите големи културни престапи во последните четири столетија! Во **историјата на сознанието** Германците се запишани со чисто двосмислени имиња, тие секогаш раѓале само несвесни фалсификатори (- за Фихте, Шелинг, Шопенхауер, Хегел, Шлаермахер тој

збор соодветствува исто така добро како и за Кант и Лајбниц кој се и двете најголеми сопирачки на европската интелектуална правилност. .. тие никогаш не ќе ја имаат честа првиот **правилен дух** во историјата на духот, дух кој што го осудува фалсифицирањето на вистината во текот на четирите милениуми, да биде сметан за Нешто Единствено со германскиот дух[13]. Воопшто скриената филозофија на филозофите, психологијата на големите имиња, ми се расветли.. . Всушност, ова е мое видување: учителите, водачите на човештвото, теолозите, сите тие беа, исто така, декаденти... Не ги побивам, јас само си ставам нараквици пред нив.[14]

За Ниче, христијанството беше стопати подогматско од будизмот, и покрај тоа што и двете ги смета за декадентни религии. За Ниче немало друг излез освен нападот. "Јас сум првиот Immoralist: со тоа јас сум уништувач par excellence. Сепак ако го прифатиме во дословна смисла на неговите зборови тогаш ќе ја изоставиме неговата Шива - природа, дека тој уништува со цел да создаде нешто ново. "Не ме прашале, а требало да ме прашаат, **што токму во мојата уста, во устата на првиот имроалист, значи името Заратустра** - Во борбата меѓу доброто и злото тој го виде суштественото тркало во движењето на нештата, - **негово дело е преведување на моралот во метафизика, како сила, разлог, причина, цел по себе**. .. Поважно е тоа што Заратустра е повистинољубив од кој-годе друг мислител. За неговото учење и само за тоа учење, вистинитоста претставува највисока добродетел - тоа значи спротивност на страшливоста на "идеалистот", кој ја проколнува реалноста; во телото Заратустра има повеќе храброст отколку сите мислители заедно. **Самонадвладувањето на моралот преку вистинољубивоста, самосовладувањето на моралистот во неговата спротивност - во мене - тоа во мојата уста значи името Заратустра"[15].** Не е потребно Ничеовите директни зборови да ги прераскажувам, но сепак за тој да се спротивстави на сите мислители на Западот, би морало да има еден извор на знаење - моќ, како поддршка на неговата мисла, односно на неговиот напад. Ниче влегол во текот на метафизички доживувања за кои сметал дека водат кон вистината, односно кон себе-спознанието. Само таквите екстатични искуства, во кое можеме да ја сметаме и онаа негова визија со откинувањето на главата на змијата кога ја поставува и загатката за сите нас, можат да создадат толкава сила во него за да ги смета за ништожни искуствата на западните мислители и не само тоа, во себе е цврсто убеден дека патот до вистината е силниот копнеж по неа што го искажува Заратустра на крајот од Третото пеење: "О како да не се стремам страстно кон вечноста и кон свадбениот прстен на прстените - прстенот на враќањето? Досега уште не најдов жена од која би посакал да имам деца, освен оваа жена што ја љубам: бидејќи те љубам тебе, Вечност!" (ТЗЗ ; 242) И овде ја гледаме врската на мистичните доживувања на Ниче, следствено и на Заратустра, со источната мисла со која завршува

[13] Ibid., cit., str. 149-51
[14] Nietzsche, Friedrich. *Gay Science*, Internet, (382)
[15] Ibid., cit., str. 158-59

Брихад-Арањака- Упанишадата: "Оној чие Јаство сместено во ова мистериозно неизвесно тело бидува разбуден, тој станува Атман. Тој станува создавач на светов, создавач на сешто. Негов е светот, тој самиот е светот. .. Со оваа намисла на ум луѓето одамна не сакале деца. Атман бил нивна цел, што би правеле тие со деца? Тие отфрлија и деца, богатство и пријатели и тргнаа по светот да питаат. Желбата за деца е желба за богатство, желбата за богатство е желба за пријатели. Што е желбата ако не желба?"[16].

Така зборуваше Заратустра е дело кое не е фрагментарно, туку добро смислена целина за една потрага на човекот по самиот себе која доведува до самоспознание. Потрагата е по Јаството во човекот која се јавува кај ретки поединци како потрага по вистината и колку повеќе се приближуваме до Јаството, до толку поголема е љубовта што ја чувствуваме, при што Платон во "федар, или за убавината" ќе рече, "ако тој се откаже од човечките страсти и почне да се занимава со работите божји, толпата ќе го прекорува дека е споулавен, а без да забележи дека е тој занесен од бога"[17]. Во Брихад-Арањака - Упанишадата, еве како е опишано Јаството и љубовта на ретките кон него, "Ова Јаство е поблиску одошто сé друго; подраго од син, подраго од богатство, подраго од сешто. Ако човек рече дека нешто му е подраго од Јаството, знај дека тој ќе го изгуби она што му е драго; сигурно е дека ќе го изгуби; зашто Јаството е над сé. **Затоа човек треба Јаството да го сака како љубов. Тој што Јаството го обожува како љубов, неговата љубов е неисцрпна[18].**

За ПРЕДМЕТ на мојата докторска дисертација ја избрав корелацијата помеѓу Ничевиот концепт за натчовекот и феноменот на духовното созревање на индивидуата и следствено на тоа основниот ХИПОТЕТСКИ СТАВ **е дека вредносното редефинирање и духовното израснување на индивидуата, иницирано од волјата за моќ (Ничеовиот концепт за натчовекот), се остварува преку процесот на духовно созревање согледано низ внатрешното ослободување од фрустрациите и стравовите наметнати од конвенциите на светот што не опкружува.**

Сметам дека Ничеовиот концепт за натчовекот произлегува од едно длабоко согледување на нашето човечко постоење поткрепено со силни внатрешни екстатични доживувања на Ниче кои можат да бидат препознати од ретки луѓе кои достигнале повисок степен на патот на своето духовно созревање, односно на патот на самоспознанието. Ниче е свесен дека овие негови доживувања постојат некаде во системите за просветлување во источната филозофија и религија и затоа кога зборува за неговото дело "Така Зборуваше Заратустра" на западните мислители им го поставил следниот предизвик: "Јас ги затворам круговите околу мене и светите граници; сé помалку и помалку се оние кои се качуваат со мене на сé повисоко и повисоко ридје, - јас градам планина од сé посвети ридишта". **Дури**

[16] *Деветте темелни упанишади и Бхагавад Гита,* Скопје : Култура, 1984, стр. 140
[17] Ибид., цит., стр. 129
[18] Ибид., цит., стр. 117

**и да се соберат духот и добрината на сите големи души: сите заедно не би биле во состојба да создадат една беседа на Заратустра. .. До неговото јавување не се знаело што е височина, што длабочина; уште помалку се знаело што е вистина"**[19]. Не е случајно ни тоа што истовремено со моето интересирање за јогата, пред дваесет и седум години, како филозофија религија и начин на живот започнав со анализирање на мислата на Ниче, посебно неговиот концепт за натчовекот. Моето истражување во поглед на духовното созревање според концептот на јога во социјализацијата на личноста беше појдовна основа да воспоставам корелација со Ничеовиот концепт за натчовекот што го препознав заради моето долгогодишно практикување на неколку типови на јога.

Институтите, Friedrich Nietzsche Society, во Англија и New Nietzsche Society во Њујорк, и честите предавања на еминентни светски професори по филозофија и дискусии во таканаречениот Nietzsche Circle како и мислата на Ниче која стана предизвик за многумина кои се занимаваат со филозофија ме тера да мислам, а во тоа сум убеден дека човекот, без оглед дали е роден на Запад или на Исток, без оглед на која вера ѝ припаѓа, христијанство, будизам и тн., има телесно постоење како дар од Бога, за кое познатиот модерен индиски светец Свами Шивананда ќе рече: "Физичкото тело е свет храм на Бога. Ова тело е инструмент за постигнување на самоактуелизација[20]. .. . Во вас постои огромно складиште на моќ. Во вас е океанот на знаење. Во вас е изворот на блаженство. Внатрешниот човек е бесмртната Душа. Вие сте идентични со највисокото Јаство. Актуелизирајте го ова и бидете слободни. ...Пронајдете го изворот. Нурнете длабоко и донесете го бисерот на душата. Бидете храбри. Бидете ентузијасти. Вие можете да станете натчовек!"[21] Тогаш зошто не би можел Западот и Истокот да се соединат во човекот, зарем тој не постои"на лика и прилика на Бога?". Ниче е сé уште неразбран од своите критичари како што тој ги нарекуваше еднаш своите современици - филозофи. Според она што денес го слушаме за тајните на христијанството и пропуштените осумнаест години од животот на Исус Христос, не би било чудно кога би го гледале Ниче како предвесник на второто Исусово доаѓање, зашто тој своето дело го смета, "**придобивка, чекор напред во сознанието кој произлегува од храброста, од цврстината кон себеси, од чистотата кон себеси..** . Меѓу моите текстови - мојот Заратустра стои изделено, сам за себе. Со него **јас на човештвото му дадов најголем подарок што досега воопшто му е даден. Таа книга, со еден глас кој преминува илјадници години, не е само највиша постоечка книга, вистинско дело од воздухот на височините - сета човечка реалност лежи под неа на огромна далечина! - туку таа е и најдлабока книга, родена од најтаинствените богатства на вистината, еден**

[19] Nietzsche, Friedrich. ***Ecce Homo***, Епоха : Скопје, 1998, стр. 133
[20] Sivananda, Swami. *Samadhi Yoga*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1983, str. 13
[21] Ibid., cit., str. 54

**неисцрпен бунар, во којшто не влегува ниедна црпалка а да не се врати полна со злато и добрина"[22].**

Во дисертацијата се обработени човекот и неговиот **однос кон вредностите, волјата за моќ, вечното враќање на истото, духовното созревање, самоактуелизацијата, патот од човекот до натчовекот кое доведува до слободувањето на човекот од стравот од смртта**. Исто така, предмет на обработка е натчовекот во однос на религиите и верувањето, неговиот однос кон себе и другите, кон семејството и бракот, кон општеството и кон вечното враќање на истото.

Како **мотив** за мојата докторска дисертација ја зедов индивидуацијата на личноста, односно самоактуелизацијата на личноста преку отварањето на нови начини и нови видици во поглед на приоѓање на човекот кон вредностите во животот со цел негово внатрешно ослободување од стравовите поврзани со "гревот", со божјата казна, и стовремено ослободување од сомневањата кои се резултат на неговата неупатеност и незнаење за "волјата за моќ", или своето духовно созревање, кои обично водат кон фрустрации посебно кај децата и младите и до самоотуѓување на човекот.

Добиените податоци за постојниот однос на човекот кон одредени духовни вредности заради нејзино внатрешно ослободување и усовршување или еволуција како цел, можат да послужат како духовна и вредносна ориентација во животот. Очекувам недогматскиот, слободен и универзален однос на човекот кон вредностите во животот, да го натераат човекот да стане свесен за својата волја за моќ која го ослободува од стравот и страдањето во човечкото тело, истовремено, однесувајќи се слободно и со "почит" кон апсолутот, но не покорно и со "стравопочит" затоа што во него треба да живее натчовекот, оставајќи го настрана ограничениот човек со својот семоќен, страшен "мртов бог" заедно со сите предрасуди и страдања кои тој индиректно му ги наметнал.

[22] Nietzsche, Friedrich. *Ecce Homo*, Епоха : Скопје, 1998, стр. 53

# 1. ХИПОТЕТСКА РАМКА И МЕТОДОЛОШКИ ПРИОД

## 1.1. Хипотетска рамка

Имајќи го предвид сето досега изнесено во врска со предметот на истражување, вклучувајќи ги и досегашните научни сознанија за него, како ***ОСНОВЕН ХИПОТЕТСКИ СТАВ*** од кој поаѓам е дека
ВРЕДНОСНОТО РЕДЕФИНИРАЊЕ И ДУХОВНОТО ИЗРАСНУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАТА, ИНИЦИРАНО ОД ВОЉАТА ЗА МОЌ (НИЧЕВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ), СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ СОГЛЕДАНО НИЗ ВНАТРЕШНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ФРУСТРАЦИИТЕ И СТРАВОВИТЕ НАМЕТНАТИ ОД КОНВЕНЦИИТЕ НА СВЕТОТ ШТО НЕ ОПКРУЖУВА.

***ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ***

1.1. Волјата за моќ му ја открива на човекот неговата идентификација со погрешните вредности иницирана од волјата за опстанок
1.2. Волјата за моќ го освестува човекот за илузијата на сопствената цел - личната среќа
1.3. Волјата за моќ создава храброст на творец преку која човекот го надминува ропскиот страв - стравот Божји
1.4. Волјата за моќ развива силен копнеж за вистината кој го ослободува човекот од фрустрациите и стравовите
1.5. Волјата за моќ на човекот му донесува радост и стремеж кон вечноста
1.6. Волјата за моќ е духовно созревање преку кое човекот ја реализира својата внатрешната слобода и бесмртност

## Методолошки приод

Ако се обидеме да најдеме некаква суштинска поврзаност на афоризми на Ниче: "**волја за моќ**", "**над доброто и злото**", "**амор фати**" "**бог е мртов**" "**натчовек**" ќе забележиме дека овие термини се речиси дијаметрално спротивни со етиката во христијанската религија. Ако на нив ги додадеме неговите изјави: "**Јас сум ученик на Дионис**"; "**Јас сум првиот иморалист**" и "**Јас сум антихрист**", тогаш со право, уште на самиот почеток, кога би сакале да го анализираме делото **Така зборуваше Заратустра**, би биле хендикепирани во нашиот приод кон "највисокото добро" или највисоката вредност. Прво што би ни паднало на памет, е да станеме негови критичари и

да му покажеме што е морално и што е вредно, за потоа да го превоспитаме Ниче, наместо тој да ни се "перчи" и да ги "превоспитува" филозофите и да го подобрува човештвото **преку превреднување на вредностите**. Најголем број од авторите кои го истражуваат делото на Ниче, посебно, "Така зборуваше Заратустра" имаат проблем во интерпретацијата на истото, а да не зборуваме за **поставување на некаков методолошки приод** преку кој би развиле некаква теорија за систематско, научно издржано филозофски дело.

Сепак, аналитичката филозофија, или таканаречената лингвистичка филозофија како метод има голема улога во разоткривањето на суштинското значење на Ничеовиот концепт за натчовекот како и докажувањето на мојот основен хипотетски став: **вредносното редефинирање и духовното израснување на индивидуата, иницирано од волјата за моќ (Ничевиот концепт за натчовекот), се остварува преку процесот на духовно созревање согледано низ внатрешното ослободување од фрустрациите и стравовите наметнати од конвенциите на светот што не окружува.** Аналитичката филозофија, најголем развој има помеѓу 1945 и 1960 година, таа е наследник на логичкиот позитивизам на 1930-тите, која на некој начин индиректно произлезе од Реализмот и Плурализмот на британските мислители Бертранд Расел и Г.Е. Мур и двајцата професори на Универзитетот во Оксфорд. Тие се побуниле на анти-емпристичко-идеалистичките тенденции во филозофијата, затоа што емпиристите-идеалисти како Џон Лок, Џорџ Беркли, Дејвид Хјум и Џон Стјуарт Мил имале заеднички интереси и методи со аналитичките филозофи. И покрај тоа што емпиризмот не може преку сетилните искуства да доведе до сигурни спознанија, сепак потребни се инструментите набљудување и експериментирање.

Најистакнат претставник на **аналитичката филозофија** е Витгенштајн и младите британски мислители Гилберт Рајл (1900-76) и Ј. Л. Остин (1911-60). Овие филозофи го одбиле принципот на верификација на нивните претходници - позитивисти. Витгенштајн ја применил својата нова концепција за јазикот до толку многу што можел да ги објаснува менталните процеси - разбирање, страдање, болка и тн.

Исто така го користам и **методот на разбирање** кој е исто така, директно спротивен на позитивизмот кој има практична примена во природните науки каде научното сознание се темели врз постоење на логичко-емпириски факти. Позитивистите ги отфрлаат сите оние научни и филозофски искази кои се надвор од објективно докажани факти. Таквите искази за нив се беспредметни и бесмислени. Такви се теолошките судови "Бог постои", "Душата е бесмртна" итн. Сепак предметите на општествените и природните науки се далеку покомплексни и никако не можат да се редуцираат на емпириски факти. Строгата јасност и прецизност во научното сознание кај природните науки до некаде е оправдана, но ваквото ограничување во теориите на филозофијата, социологијата и психологијата не се оправдани. Методот на разбирање, е изграден врз основа на филозофијата на вредност, поточно на **аксиолошкиот идеализам на**

**филозофијата на култура и филозофијата на историја**, кои ја основале германските филозофи кон крајот на минатиот век, посебно во рамките на учењето на Баденската, неокантовска филозофска школа.

**Методот на разбирање**[23] го засновал Вилијам Дилтај. Воопшто овој метод може да се нарече **аксиолошки метод те., метод на анализа на вредносната свест на човечките општествено-историски културни и духовни активности.** Поединецот е појдовна точка на историските истражувања. Бескрајно богатство на животот се развива во индивидуалното постоење на поединечните личности и нивниот однос кон средината, другите луѓе и предметите. Во својот методолошки приод ќе тргнам од Веберовото сфаќање дека спознавањето на светот е ирационално, а науката бескраен процес на спознание. **Разбирањето** не воспоставува врска помеѓу причината и последицата. Тоа може да биде рационално, или ирационално, а **значењето да изгледа како да не постои, за некој кој гледа отстрана, неразбирливо.**

Како своевидно надополнување на методот на разбирање го користам компаративниот метод со помош на интроспекцијата и набљудувањето. Сите процеси или предмети кои на прв поглед изгледаат дека се без значење, а претставуваат повод, поттик, или пречка и остануваат неразбирливи се предизвик за науката. За појаснување на мојот методолошки приод како и **мислата на Ниче која има Целина со почеток и крај**, ќе се користам со извлечени хипотези од неговото дело "Така зборуваше Заратустра".

Сепак, концептот на јога кој според духовниот учител Свами Вишнудевананда е **"практичен и научно подготвен метод за откривање навистината во религијата"**, според мене, е најпогодниот метод за потполно анализирање и разоткривање на Ничеовиот концепт за натчовекот, посебно во неговото дело "Така зборуваше Заратустра" кое зазема врвно место во светската филозофија. Во беседите на Заратустра, а и преку неговите параболи, од мое лично искуство, го препознав влијанието на источните духовни учители, посебно врвните јога учители. Кога се земе во предвид дека самиот поим јога значи "yoke" или "јарем", односно единство на индивидуалната и космичката свест, а истовремено ако се знае дека јогата претставува религија, филозофија и начин на живот која Западот денес ја прифатил како најуниверзална религија и филозофија како што го прифатил и англискиот јазик, тогаш не е ни чудно што Ниче сметал дека хермитите се тие што имаат акумулирано најмногу волја за моќ.

Исто така се користам и **метод на моделирање**. **Моделирањето е дијалектички процес на спознавање на движењето на спознанието од практиката кон теоријата и од теоријата кон практиката.**[24]

**Модел**[25] е секој теориски т.е. појмовен или стварен, или практично реален аналоген систем на предметот на истражување, со чија помош се

[23] Vojin Milić, *Sociološki metod*, Nolit : Beograd, 1965, str. 124
[24] Šešić, Bogdan. *Osnovi metodologije društvenih nauka*, Beograd : Naučna knjiga 1982, str. 118
[25] Ibid, cit., str. 115

истражува одреден основен предмет или систем. Системи можат да бидат било кои предмети, реални или идеални, стварни или појмовни, посебни или општи, конкретни или апстрактни, поединечен или општ. **Еден од моделите е Модел на апстрактното во конкретното** - вакви конкретни модели претставуваат сите специјализации или конкретизации на апстрактните поими или ставови. Моделот во суштина посредува помеѓу теоријата и предметот на истражување. Ги искористив **моделите:**

1. **Концептот на јога за духовно созревање на човекот**
2. **Теорија на индивидуација на Јунг**
3. **Теорија за смртта на Сенека**
4. **Теорија на самоактуелизираниот на Маслов,**

Концептот на јога за духовно созревање ќе го препознаваме преку мојата интерпретација на делото Така зборуваше Заратустра како во поглед на горенаведените претпоставки на Ниче, така во поглед на превреднување на вредностите, како и преку духовната состојба на трагачот Заратустра и неговата внатрешна "борба" која му донесува "победа", односно мир преку ослободување од конвенциите на светот што не окружува. Целокупната негова борба за сопственото ослободување од внатрешните окови е опишана преку мојата дефиниција за духовното созревање на индивидуата: **"Духовното созревање е постојано будење од мачниот сон на материјалниот свет (ослободување од страдањето и стравот од смртта) што преку интуитивното себе-спознавање (безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот) донесува вистинска среќа или самореализација."**

Тргнувајќи од тоа дека Ниче смета дека човекот не може да превреднува затоа што и самиот е само мост помеѓу животното и натчовекот, а посебно од фактот што насловил една цела своја книга: **"Над доброто и злото"** тогаш доаѓаме до уште една негова суштинска мисла која го врзува себе-спознанието, а со тоа и натчовекот, со "најголемото добро" (евдајмонија) на Аристотел, со "Јаството" или "Атман" кое е идентично со Брахман во Филозофијата на недвојност ("Адваита Веданта") која се сретнува во Упанишадите, ведски списи од времето на 1000-600 година п.н.е. За нејзин творец се смета Ади Шанкара или Шанкарачарја, роден во Керала, Индија. Ова учење било наменето за мал број на следбеници како што и Ниче преку беседите на Заратустра зборува само за оние "уши кои можат да го слушнат". Во четвртата глава на книгата тој му посветува посебно место на надминувањето на двојноста.

# I. ТЕОРЕТСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ

## - ТЕОРЕТСКА РАЗРАБОТКА НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ И КАТЕГОРИИ -

### 1.1 ЧОВЕКОТ И ВРЕДНОСТИТЕ

> Зборуваме ли за човечки вредности или за апсолутни, космички вредности? За кого човекот има вредност? За себе, или за други луѓе? Или за универзумот? "Каква полза има човек ако го добие целиот свет и ја изгуби сопствената душа?"[26] ... Мајката го цени своето дете не заради некоја нејзина полза. Таа него го сака заради него, како цел. Објект на нејзината склоност не е нејзината инструментална вредност туку нејзината вродена вредност. **На тој начин нејзиниот инстинкт, пред сé, ирационален, покажува длабока интуитивна рационалност"[27].**

Според теоријата за бесконечна вредност на индивидуата, сите вредности, **освен самиот човек**, се конечни, бидејќи ним, теоретски, може да им биде дадено место на скалата на вредности. Неговата пак лична вредност не може да ја смести на таа скала[28]. Според **теоријата за бесконечната вредност на индивидуата** една човечка душа има бесконечна вредност затоа што душата има бесконечно траење, која пред сé, е поврзана со концепцијата за бесконечната љубов на Бога[29]. Од ова следи дека секој човек има две вредности, или попрво два вида вредности. Тој има своја вредност како цел, вродена, апсолутна и бесконечна цел. Има своја вредност и како средство. На пример, тој е добар или лош лекар итн. Оваа вредност како средство е инструментална, релативна и конечна. **Луѓето се еднакви во однос на нивните вродени вредности како цели, но не се еднакви во однос на нивните инструментални вредности.**

Ако ја следиме класификација на вредностите по хиерархија тогаш имаме: хедонски (уживање, насладување) за задоволување на потребата од нешто пријатно; утилитарни (корисни) во техниката и економијата; витални или биолошки - тука спаѓа сé она што е во врска со здравјето и стабилноста на организмот и во психолошка смисла; општествени вредности - поредокот, општествената сигурност која се постигнува со организација на општествениот живот; моралните вредности - кои служат за регулирање на односите во општеството; естетските вредности и сознајните вредности -

[26] Стејс, Валтер. *Судбината на западниот човек*, Скопје : Култура, 1991, стр. 123-26
[27] Ибид., цит., стр. 142-44
[28] Ибид., стр. 128
[29] Ибид., стр. 121-22

првите се изразуваат во уметноста, а вторите во науката и филозофијата. Моралните вредности се изразуваат во поимот или вредноста на доброто, уметничките во поимот на убавото, а сознајните во поимот на правилното и вистинито познание. Друга поделба може да биде според нивната условеност од други вредности. На пр. она што е пријатно не е вредност сама по себе тоа го носи и здравјето како друга вредност[30]. Сите овие вредности би припаднале во **инструментални вредности** кои претставуваат **конечни вредности**. За подобра илустрација на конечните вредности можеме да ја видиме и познатата хиерархијата на потребите на човекот која ја изнел американскиот психолог Абрахам Маслов:
1. Физиолошки потреби (за вода, храна и сл.);
2. Потреби на сигурност (безбедност, стабилност, зависност, заштита, слобода од страв);
3. Потреба за припаѓање или љубов;
4. Потреба за ценење како облици на самопочитување и самоуважување
5. Потреба за самоостварување или самоактуелизација.

Но човековата вредност **како цел е бесконечна** бидејќи не може да се споредува со ништо на скалата[31]. Според Ниче, сите досегашни вредности се конечни. Ниче би се сложил за конечноста на вредностите и за тоа дека во човекот постои "нешто" со бесконечна вредност, но не и самиот човек кој за него, исто така, има конечна вредност. За него таа човечка душа е внатрешниот човек или Натчовекот. Кога би ги анализирале погледите на Ниче кон вредноста тогаш аналогно би ги анализирале и неговите погледи кон апсолутната вистина. Ниче не сака да биде анализиран ниту критикуван, особено ако тоа го прави човекот.

Според Ниче, денешниот човек или како што тој го нарекува "човекот на сегашноста" е истиот оној човек што бил низ вековите затоа што не ја развил свесноста за својата една единствена и најголема цел или најголемо добро. Тој останал медиокритет, припадник на толпа, или стадо со ропска моралност која не е креативна, создавач на идоли зашто самиот не е способен да создава, се држи за "добро" и "зло", односно суди помеѓу "доброто и злото": "речиси уште од лулката ни ги всадуваат тешките зборови и вредности: "добро" и "зло" - така се вика тој мираз. И поради нив ни се простува што сé уште живееме" (ТЗЗ : 200 ) А вредностите кои произлегуваат од доброто и злото се непостојани и минливи, немаат реално постоење затоа што ги создал човекот: "а самото добро и зло се само меѓусенки и влажни јадови и облаци што лутаат." (ТЗЗ : 172) Ниче смета дека човекот не е достоен да вреднува, затоа што и самиот не е вреден: **"Навистина, човекот е матен порој. Треба да бидеш море за да можеш да примиш матен порој без да се извалкаш".** (ТЗЗ ; 13)

[30] Јовановски, Коле. *Филозофска антропологија*, Куманово : Марида, 2000, стр. 62
[31] Стејс, стр. 128

### 1.1.1. За поимот човек

Тешко е да се дефинира поимот човек за она што тој претставува. Секоја негова дефиниција би била претесна и покрај тоа што со сигурност можеме да зборуваме барем за некои психо-физички карактеристики на homo sapiens-от. Низ историјата, во зависност од епохите во кои тој се затекнал, во зависност од местото и културата на живеење би можел да повлече нему својствено дефинирање. Денес, можеме да ги слушнеме крајностите со кои самиот човек се карактеризира "себеси": "гениј - лудак", "верник - неверник", "бог - шеширџија", "херој - sвер", "феномен - магионичар", "светец - грешник", па и многу зборови за негово омаловажување како што се: "медиокритет", "толпа", "манијак", "ѓубре", и сл. Со оглед на тоа што е општо познато дека човекот своите капацитети ги развил во зависност од само неколку проценти функционалност на кората на големиот мозок, тогаш поимот човек не ќе може целосно да се дефинира како што му е и нему тешко целосно да се изрази во својата големина. Од кога е светот и векот единствено е позната "болеста" од која боледува, помалку или повеќе, секој човек без исключок, без оглед на која епоха, култура или општество им припаѓа - егоизмот. Оваа болест директно или индиректно изразена преку проколнатото "мое" му го предизвикува целото страдање и болка на човекот. Сартр ќе рече, "пеколот се другите". Хобс ќе го нарече "човек на човека е волк", за Ниче, човекот е "потсмев или мачен срам", "повеќе мајмун од кој и да е мајмун" (ТЗЗ ; 12), "темен облак" (ТЗЗ ; 22), "збирштина", "муви на пазариштето" и тн. Кога зборуваме за материјалниот човек зборуваме за "историскиот човек", односно човекот - творба на минатото, а со тоа творба на промената на општествата или светот. Според Ниче, "умот треба да го давиме зашто е од овој свет." (ТЗЗ ; 213) Кога го набљудуваме психичкиот човек, тој е "Фројдовското" Его распнато помеѓу "ид", односно нагонското "јас" и "надјас" или супер егото. Тоа е егото распнато помеѓу "ерос" и "танатос". Кога зборуваме за духовниот човек, тоа е Јунговото "Јаство" од кое потекнува целокупното оздравување на човекот, односно духовното созревање на индивидуата или индивидуацијата. За Ниче тоа е "натчовекот".

Таканаречениот "римокатолички Ниче"[32] Макс Шелер (1874-1928), основоположникот на современата филозофска антропологија, вели дека "и религиите и филозофемите, до ден денешен, се трудат да одговорат на прашањето како и од каде настанал човекот, а не што е тој"[33]. Тој проблемот го гледа во **двосмисленоста на човечкиот феномен,** "човекот е амбивалентен и во себе таи една парадоксална двосмисленост: човекот е најпроученото суштество од сé што постои, но истовремено и најтаинственото, туѓо самото на себе во својата битна необјаснетост. Преку корените на својот ентитет

[32] Чухина Алексеевна, Лариса. *Човекот и неговиот вредносен свет во религиозната филозофија*, Скопје : Еин-Соф, 2001, стр. 200
[33] Ибид., цит., 201

човекот враснал во светот и се поврзал со светот со најтесни врски ...иако потекнува од животинскиот свет, се трансцендира себеси, го трансцендира својот сопствен - и воопшто секој "живот"... Сепак, од аспект на биологијата, во споредба со животните **човекот претставува аномалија, "болен ѕвер", суштество што заостанало во својот витален развиток**"[34]. Всушност, вели **Шелер, "човекот не може да биде ниту објаснет, ниту дефиниран, бидејќи тој е само ´меѓу´ граница´, ´премин´, ´божествена појава´ во животот, вечен ´излез´ на животот над неговите сопствени ограничувања"**[35].

Во Западната филозофија најчеста е поделбата на човекот на тело и дух, односно ум, од каде што произлегува разумот, интелектот, интелигенцијата и тн. Спиноза ќе рече дека и "срцето има ум". Според филозофијата на јогата, "човечкото тело е креација создадена од три тела: физичко, астрално и каузално со пет обвивки (коши): една физичка, односно хранитлна (анамаја коша), три астрални, односно витална (пранамаја коша), ментална (маномаја коша), интелектуална (вицнанамаја коша) и една каузална или блажена обвивка (анандамаја коша). Астралното тело го користиме при сонувањето, додека пак најблиску сме до каузалното тело во длабокиот сон. Физичкото тело е подложно на постоење, раѓање, растење, менување, распаѓање и умирање. Астралното тело е составено од витално, емоционално и интелектуално тело. Гладот, жеддта, топло, ладно се на виталната обвивка, таа е слична на хранителната обвивка и се нарекува етеричен двојник, кој прв се одделува при смртта (според христијанските верувања до четириесет дена). Мислењето, сомневањето, лутината, страста, развесеноста, депресијата, заблудата се на менталната обвивка. **Во менталната обвивка функционира потсвеста.** Дискриминацијата и одлучувањата се на интелектуалната обвивка која функционира преку разумот, односно егото и интелектот, односно преку петте органи на спознание или сетилата на спознанието. Во каузалното или блаженото тело се доживува вистинската среќа, радост и мир"[36]. Според јогата, човечкото тело има симболика на "дрво со гранките во земјата, а со коренот во небото".

И покрај тоа што за многумина критичари на Ниче, неговиот "Така зборуваше Заратустра" претставува нафрлани фрагменти, односно доживувања на повисокиот ум, тоа што Ниче во песната "За презирачите на телото" детално го опишува составот на човечкото тело со што покажува **дека ова дело е длабока духовна градба со основа во човечкото тело.** Не случајно неговата доктрина се совпаѓа со онаа на јогата. Поимот јога, етимолошки, доаѓа од санскритскиот корен "јuј" што значи "да се поврзат заедно" или "да се држат цврсто споени", "да се приврзи", "вјарми", на латински "jungere", "jugum", на англиски "yoke" што значи "јарем".[37] Тоа е

---

[34] Ибид., 201-202

[35] Ибид., цит., 213 (M. Scheler, Vom Umsturz der Werte. Bd. 1. S. 296.)

[36] Вишнудевананда, Свами. Комплетна *илустрирана книга за јога*, Мајка : Битола, 1993, стр. 13 -15

[37] Elijade, Mirčea. *Joga besmrtnost i sloboda*, BIGZ : Beograd, 1984, str. 28

спрега на индивидуалната свест со космичката свест. "Орудие на твоето тело, брате мој, е и твојот мал ум , што ти го нарекуваш "дух", мало орудие и играчка на твојот голем ум. Сетилото и духот се орудие и играчка: дури зад нив се наоѓа јаството (Self). Јаството бара со очите на сетилата и наслушува со ушите на духот. .. Таа владее и е владетел над самото Јас. .. Тоа живее во твоето тело, тоа е твоето тело. .. Дури и вие што го презирате телото, му служите на своето Јаство. .. Заради тоа што го презирате телото, вашето Јаство сака да исчезне. Затоа што вашето Јаство сака да исчезне вие уште повеќе го презирате телото. Не можете да создавате над себе. **Јас нема да тргнам по вашиот пат, вие што го презирате телото! За мене вие не сте мостови кон натчовекот!"** (ТЗЗ ; 37-38)

На нивото на подсвесниот ум, човекот е врзан за минатото, нагонот, лагата, заблудата и илузијата на материјалниот свет воопшто. На нивото на свесниот ум, човекот е врзан за сегашноста. Ниче го нарекува современиот човек "човек на сегашноста" (ТЗЗ ; 299) или "врвен човек", гледан со очите на современиот човек за кого е најважно да се доживее длабока старост, пред да се стигне до смртта. Тој ја опишува "физичката безизлезност" на одачот по јаже, **"опасен е преминот на другата страна, опасен е погледот наназад, опасно е застанувањето."** (ТЗЗ ; 14) Секое застанување е назадување гледано од аспект на еволуцијата. **И јажето и одачот по него - егото е илузија зашто и времето е творба на умот. Одачот по јаже паѓа и умира.** Според Библијата, човекот го доживува својот пад со правењето на "примирдијалниот грев" - "змијата ја измами Ева" - нагонот ја измами првата жена. Ниче е презаситен од збирштината, презаситен од медиокритетите кои од "падот" до денес "сé уште се паднати и мртви", го следат инстинктот на "стадото", или толпата[38], според Ле Бон "ја сочинуваат поединци без разлика на пол, возраст, професија, карактер и интелигенција и различен начин на живот - влезени во толпата реагираат со нов заеднички однос кон нештата иако во суштина тоа не бил нивниот личен став") или мноштвото, кое живее според наметнатите норми и ставови на општеството или другите (родителите, блиските, пријателите колегите и сл.), робови на нагонот, заробени во сопственото тело, така речи, трупови како сега овој труп на **одачот по јаже**, **"потребни ми се сопатници, и тоа живи - не ми требаат трупови за сопатници"** (ТЗЗ ; 22) , вели Заратустра. Духовниот учител Ошо Рајниш ќе рече: '**на хоризонтално ниво** човекот се движи од животот, кој, гледано преку низата на букви, би ја претставувал буквата "А"- раѓање до смртта претставена со последната буква од латиницата "Z".[39] Овде доаѓаме и до тоа дека Ниче намерно го избрал името Заратустра. Ако тој човекот го смета за **"мртовец"** во духовна смисла како што тоа и Исус го потенцирал со, **"оставете ги мртовците да ги закопуваат своите мртви татковци"**, во името Заратустра, движењето на човекот би било обратно, од смртта "Z" кон раѓањето "А".

[38] Ле Бон, Гистав. *Психологија на толпата*, Култура : Скопје, 1997, стр. 30

[39] Osho. *Vrhovna Alhemija, tom I*, Beograd : Esotheria, 2005, str. 253

Заратустра го гледаше народот и се чудеше. Потоа зборуваше вака: "Човекот е јаже оптегнато меѓу животното и натчовекот, - јаже над бездна. (ТЗЗ : 14) **"Тие стојат тука", му рече тој на своето срце, "и се смеат": не ме разбираат, јас не сум уста за овие уши. Дали првин треба да им се уништат ушите за да научат да слушаат со очите?"** (ТЗЗ ; 16) Тие имаат нешто со што се гордеат. Го нарекуваат образование. За Ниче, човекот на денешнината, односно најпрефинетиот човек, највисокиот човек кон кого човештвото се стреми, е премногу дребен - тој ја постигнува својата "среќа" ако си ја нашол својата "сладост преку денот и преку ноќта", ако има добро здравје, додека пак на прашањето на Заратустра за неговата цел во поглед на љубовта, самосовладувањето, копнежот по самоактуелизацијата - тој одговара **со трпкање на очите**. Целта ја постигнува ако живее долго - со што ја докажува својата мудрост. А до среќата, онаква каква тој си ја замислува низ вековите, скоро и да не може да дојде ни ден денешен. Човекот сѐ уште го сака соседот и се трие од него: бидејќи му е потребна топлина, потребно му е друштво за да го "тепа времето" попусто, наместо да го биде најчесто сам со самиот себе и да се спознава себеси. Според Ниче, "сѐ она што добрите луѓе, таа збркана мешаница од толпата која сака да стане **господар на човечката судбина, која проповеда мали добродетели, умереност и лукавост, и која кажува како да се одржи човекот, најдобро, најдолго и најпријатно, потекнува од слугински слој - од женска порода.**" (ТЗЗ ; 296-297)

Според Фром, човекот е неоткриена тајна на самиот себе и другите. Спознавањето на човекот е паралелно со религискиот проблем на спознание на бога[40]. Според Упанишадите, постои една повисока моќ која не оспособува да ја сознаеме оваа духовна стварност. Човекот има способност за божествено спознание и мистична интуиција, која ги надминува расудувањето на интелектот и ги решава загатките на разумот. Одбраните духови го постигнуваат највисокиот врв на мислите и интуитивно ја спознаваат реалноста.

### 1.1.2. За поимот вредност

Тоа е основен поим со аксиолошка содржина које тешко да се дефинира. И денес постојат автори кои сметаат дека вредностите не можат емпириски да се истражуваат. Кај античките мислители размислувања за вредностите гледаме во **VI** век пр.н.е. кај Сократ кој верувал во автономноста на етиката. Аристотел е татко на многу вредносни концепти, разлика меѓу инструменталните и терминалните вредности, хиерархиите и диспозиционите вредности, улогите на субјектот во вредносното однесување, критериуми и

[40] Фром, Ерих. *Уметноста на љубовта*,Скопје : Силсонс, 2001, стр. 34

услови на моралното судење. Протестантската етика се јавува како спротивност на традиционалните христијански вредности. Според кинескиот основач на школата Ју-чи, **Конфучије**, највисокото добро е вистината, највисоката човечка цел е да се усовршува, да го облагородува својот живот, да се изградува, да биде она што е , одговорно да се однесува кон своето семејство, нацијата и светскиот мир. За историјатот на вредностите значаен е **будизмот** - тезата за страдањето, будењето, кармата, нирваната **и зен-будизмот** кој ја нагласува вредноста на медитацијата, самоконтролата, дисциплината и посветеноста. Според **Хинду концепцијата**, во текот на човечкиот живот се сменуваат, но никогаш не исчезнуваат четирите "желби": **задоволството во детството, успехот во младоста, должноста во зрелоста и смислата на животот во староста**. Во вредносниот систем на **Исламот**, доминира верата во судбината, додека старат **арапска култура** ги истакнувала вредностите како што се храброста, гордоста, честа итн.

Вредностите заземаат важно место во размислувањето на сите филозофи од Ренесансата наваму. Хуманистите, човекот го сметаат за највисока вредност. **Хобс** ја развил социјалната филозофија на "рационалниот егоизам", сметајќи дека и алтруистичката вредност е маскиран егоизам. Основачот на емпирзмот **Францис Бекон** допринесол за тоа вредностите да се проверат со логиката на искуството. За Декарт, рационалното познавање на нагоните не е потребно само заради нивна контрола туку и за да разликуваме **вредно од невредно**. **Кант** ги разделил поимите спознание и вреднување, за вториот е битно "чувството на должност". Според **Хегел**, нема идеални, "чисти" вредности- тие не само што се контрадикторни не само помеѓу себе туку и внатре во себе.

Во втората половина на 20 век веќе било увидено дека вредностите допринесуваат за интегративен концепт при целовито согледување на појавите во светот, посебно во општеството и општествените групи во социологијата и личноста во психологијата. Дотогаш научниците сметале дека вредностите не можат да бидат предмет на емпириски истражувања.

Исто така, се увидело дека **најголемата опасност за современиот свет е состојбата на "без вредност"** и дека **општествените науки** треба да **допринесат за утврдување и планирање на вредностите.** Денес современиот свет не може да има квалитет на животот без обраќање внимание на вредностите. Тие се вградени во сите нормативни концепти (развој, зрелост, и тн.). [41]

"Заратустра виде многу земји и многу народи; Заратустра не најде на земјава никаква поголема моќ од делата на оние што љубат: нивното име е "добро" и "зло". .. "Народот смета дека она што му изгледа тешко заслужува пофалби; она што е неопходно и тешко го нарекува добро; а она што ослободува и од најголема невола, она што е многу ретко, што е најтешко - тоа го слави како свето." .. "Досега постоеја илјада цели, бидејќи постоеја илјада народи. Недостига една цел. Човештвото сé уште нема цел. - Но

[41] *Socioloski leksikon*, Beograd : Savremena administracija, 1982, str. 124

кажете ми, браќа мои, ако на човештвото му недостига цел, дали тогаш не недостига и - самото човештво?" (ТЗЗ ; 62-64) Ниче во својата книга Волја за моќ ќе рече "Нивото на човечкиот вид не расте, не напредува[42] и продолжува 'човештвото не е целина: тоа е само мултиплицирани животни процеси во издигнување и опаѓање. .. Тоа не ни постои"[43]. Во својата "Весела наука" ќе рече "Материјалниот свет не смее да биде мерка за вредностите. Чувствата на задоволство, болката и искуствата на среќа и несреќа се само 'субјективен епифеномен', како што се случајните нешта, но не причини"[44].

Ако не можеме да го дефинираме поимот човек тогаш барем можеме да се позанимаваме со аксиологијата која отсекогаш била поврзана со доброто, односно со предметот на етиката. И Аристотел и неговиот учител, врвната цел, не само на живеењето, туку воопшто - на суштествувањето ја согледуваат во Доброто. Доброто се содржи во Добриот Дајмон, во божествената духовност, во евдајмонија; предмет и цел на Етиката не се "метрото", "средната мера" и умереноста", туку **врвот - евдајмонија**." Изопштено, таа се нарекува аретологија или учење за доблестите, суштински предмет на Етиката. Некогашното Аристотелово "врвно добро", или евдајмонија станало "врвна вредност". Значи, аксиологијата воглавно се манифестира преку етички термини, кои пак, се врзани за моралноста.

Во духовните вредности спаѓаат: **смислот на животот, духовната хармонија, или внатрешниот мир и човечкото сочувство**. Сепак најблиски до спиритуалните вредности остануваат двата мотивациона типа на вредности: **универзализмот и човекољубието**.

Никој друг филозоф како Ниче толку многу интензивно се занимавал со прашањата за вредностите вели Ричард Шахт "Ниче прашува и одговара: Што значи нихилизмот? "Највисоките вредности се девалвираат самите себе"[45]. "Нихилизмот е последица на моралното вреднување." На прашањето 'Што е добро?' во смисла Што е врвно добро? Одговорот на Ниче би бил: Сé она што го зголемува чувството за моќ во поединецот, (но не зборуваме за материјална моќ или психичка моќ во однос на другите луѓе) односно волјата за моќ. Мартин Хајдегер ќе рече, "Платон и самиот ја објаснува суштината на идејата во смисла на највисока идеја, идејата за доброто (agathon). За Ниче, Платоновиот концепт за доброто, не содржи размислување за вредностите. Платоновите "идеи" не се вредности; затоа што суштеството над суштествата (како состојба на можности) сé уште не се проектирало како волја за моќ", и додава "Ниче под "вредност" подразбира "состојба" на "животот". Под состојба не подразбира постигнување на нешто што е надвор од животот[46].

---

[42] Ниче, Фридрих. ***Волја за моќ,*** Дерета : Београд, 1991 (684)
[43] Ибид., цит., стр. (339)
[44] Gay Science, (355)
[45] Schacht, Richard. ***Nietzsche,*** Black Swan Books : Redding Ridge, Connecticut, 1983, str. 345
[46] Heidegger, Martin. ***Nietzsche : The Will to Power as Knowledge and as Metaphysics Vol. III,*** San Francisco, London : Harper & Row Publishers, 1987, str. 201

## 1.1.3. За поимот морална алиенација

Денес, лицемерието, зависта, љубомората и омразата се најчестите "квалитети" кои го совладале човекот, а тој несакајќи да признае, ужива во зборување дека се придржува кон моралните вредности на сочувство, толеранција и помагање и љубов кон луѓето. Посебно е нагласена немањето желба за учење и работа која треба да се работи со љубов, постојано бара на задоволување на потребите на телото и нагонот без крајна цел акумулирање на волја за моќ. Човекот, формално се дружи со своите пријатели, или соседи, губи време во трач муабети, односно оговара при сите свои средби, на било какви седенки или денгубење во ресторани, кафеани и кафичи. Тој ја осудува религијата и верата на другите, подложен е на предрасуди во поглед на жената и мажот и нивната улога во бракот, брак заради инстинкт, живее во минатото или од минатото, односно слепо го следи инстинктот на стадото наследен од неговите татковци, дедовци и пра пра пра дедовци кои низ вековите биле исто така изгубени за едната и единствена цел, можеби затоа што им било тешко да горат во сопствениот духовен раст. Тие се држеле за моралните вредности преку нагаѓањето помеѓу "доброто" и "злото" што ги врзало за земјата, односно останале да живеат на "островите на среќата"(ТЗЗ ; 88), само заради материјалната среќа, односно борбата за егзистенција и желбата за задоволување на своите најразлични потреби во однос на живеењето кои се основниот двигател на човекот за постигнување на успех во животот, "Моралот е можен при расчекорот меѓу битието и требањето. Според тоа самото постоење на моралот значи отуѓеност на човекот, па дури во тоа **отуѓување може да постои друго отуѓување, во таа смисла што човек зборува едно а постапува сосема поинаку"**[47].

Ниче смета дека сé она што човекот го вреднува како највисока добродетел или највисоко добро во поглед на моралните и етичките вредности се само листа на поими кои човекот едвај ги применува или не ги применува, а кога ги применува ги применува заради должност, како што тоа го наметнува и Кант со своите категорички императиви. Тој тоа го прави првенствено од предрасуди за кои не е доволно свесен при што влегува во **морална алиенација**[48]. Ниче не освестува за илузијата на некаков морал кон кој треба човекот да се придржува во животот, а сепак низ вековите се повеќе и повеќе се продлабочува алиенацијата, "Но јас и велам: вашата љубов кон ближниот е ваша лоша љубов кон самите вас. .. Вашата лоша љубов кон себе ви ја претвора самотијата во затвор": (ТЗЗ ; 64-65): "Според

---

[47] Јовановски, Коле., стр. 38

[48] Ибид., цит., стр. 35 (Изразот алиенација има многу различни значења во секојдневниот живот, науката и филозофијата. Во секојдневниот живот зборот алиенација значи одвраќање или одречување од поранешните пријатели или другари. Во медицината или психијатријата алиенацијата е назив за одстапување од нормалноста т.е. за душевна болест или "лудило", а во современата **социологија и психологија "алиенацијата" често се нарекува индивидуално чувство на туѓост кон општеството кон општеството, природата, другите луѓе и самиот себе.)**

прашањето од што се отуѓува она што се отуѓува, можеме да разликуваме : **отуѓување од некој и нешто друго и отуѓување од самиот себеси.** Да се биде самоотуѓен значи да се биде внатрешно поделен, расцепен на најмалку два дела кои станале туѓи еден на друг"[49]. Кога Ниче зборува за отуѓеноста на човекот, тој **зборува за отуѓеноста на човекот од себеси, односно од Натчовекот. Човекот го карактеризира себичноста или волјата за живеење, односно за опстанок, стравот и нечистотијата (невистината). Натчовекот го карактеризира љубовта или волјата за моќ, храброста и чистотата (вистината).** Според Саи Баба, "вистината нема страв, невистината се треси пред секоја сенка"[50]. **Физичкото тело е местото каде постојат овие две тела: материјално (човекот) и духовно (Натчовекот).** Според Ниче, се додека човекот не го прифати сопственото тело и не стане свесен за Натчовекот во себе, и понатаму ќе ја продлабочува својата отуѓеност од другите. За Ниче не е доволно да се сака ближниот зашто денес, "кога ќе се соберат петмина мора да умре некој шести. .. Браќа мои, не ве советувам да го сакате ближниот: ве советувам да го сакате најдалечниот". (ТЗЗ ; 65-66)

Денес, многу е поголем бројот на социолози и психолози кои тврдат дека алиенацијата постојано се зголемува. Затоа науката го поставува прашањето за **морална дезалиенација**: "Треба да се оди кон укинување на расчекорот помеѓу битието и требањето, кон создавање на услови и можности при кои не ќе има потреба, на пример, од лажење, крадење, нечесност и сл., накусо треба да се оди кон укинување на моралот како таков"[51].

### 1.1.4. За поимот морална дезалиенација

Ниче е уморен од "доблестите и врвните вредности" на "врвниот човек" како што тој, би рекол, иронично го нарекува "човекот на сегашноста" затоа што, според него, тој живее на ниво на "потсвесниот ум" како "збирштина" и/или "медиокритет. На моралот и вреднувањето кои отсекогаш биле сплотени, Ниче им го спротивставува својот познат став во "Еве го човекот", "Јас сум првиот иморалист"[52]. Ниче се смета себеси за предвесник на **човековото разотуѓување** или дезалиенација и затоа себеси се нарекува **"иморалист".** Го покренува прашањето за односот на човек со човек. Дружењето на човек со човек само заради "тепање на времето" му го одзема времето на човекот за креативно анализирање на себеси и создавање на внатрешен мир и комуникација со Натчовекот во себе. Човекот го "краси" заљубувањето, додека пак Натчовекот, љубовта. Човекот знае за омраза, додека Натчовекот на првиот степен презира, а потоа колку поголем е

[49] Ибид., цит., стр. 35-36
[50] Sai Baba, Divine Message for the day, Internet (20.04.2007)
[51] Ибид., цит., стр. 37-38
[52] Ecce homo, str. 158

неговиот презир толку повеќе вистински љуби. Вистински може да љуби само човекот кој се идентификува со Натчовекот, затоа што на човечко ниво не постои ментална способност за љубов, затоа што во позадина владее стравот и сé она што тој носи со себе. "И навистина, вие добри и праведни!.. Вие сте толку **туѓи со својата душа за сé што е големо** така што **натчовекот би бил страшен за вас во својата добрина!**" (ТЗЗ ; 149) Овде Ниче излегува од рамките на религиозниот морал, а посебно од она христијанско лого, "љуби го ближниот како братот свој" кое е својствено на "добриот христијанин" со ропска моралност, а го наметнува своето лого, "**само во својот творечки пријател треба да го сакаш натчовекот како свој поттик**", (ТЗЗ ; 65) само таквите блиски и далечни пријатели не се трупови - сопатници, туку креативни во спознанието и копнежот за натчовекот, "христијани" со моралност на креатор, односно "имморалисти". Тој излегува и од рамките на класичното филозофско размислување на филозофите во смисла на **l'art pur l'art,** "Правиот филозоф" или новиот филозоф како што Ниче го нарекува "слободниот филозоф" не филозофира според некои формули[53], и не е само критичар[54], туку создава вредности, кои во споредба со старите ќе бидат нови. Значи филозофот треба да е еден вид на законодавец.

Затоа, во никој случај не треба да го прифатиме дека Ниче е неморален или не знае за морал или вредност. Напротив, Ниче, и покрај тоа што жестоко ги критикува своите современици за вредностите што овие им ги наметнуваат на човештвото, во неговото однесување кон општеството и другите можеме да го приметиме неговото етичко однесување, "**Мојот рај е во "сенката на мојот меч"**[55]. Неговата изјава, "јас сум првиот имморалист" се однесува на кршењето на сопствените предрасуди наметнати од општеството и од сопствената судбина која неговото будно око многу вешто ги откриваше. За него, законите и нормите на општеството беа само знаци и симболи кои во контекст на животните ситуации поврзани со неговите лични чувства и мисли создаваа интуитивни согледувања за сопствениот живот, за сопствената судбина, за неговото духовно изградување, илузијата во која живееја неговите современици, за декадентноста на европската култура и декадентноста на христијанството. За себе, тој во "Ево го човекот" ќе рече "**Никогаш сум немал некаква желба... парите никогаш не ми недостасувале...така еден ден станав универзитетски професор - такво нешто никогаш не сум ни очекувал, зашто имав само дваесет и четири години. .. сиот идеализам е заблуда пред она што е Нужно"**[56]**.** Ошо Рацниш ќе рече: "Немањето на желби е врвна состојба на внатрешна чистота. ... Чистотата е покана за божественото"[57].

**Ничеовиот "имморализам" всушност е неговата "чистота"** од која произлезе неговиот Заратустра, односно за него духовната чистота не е ни ти

[53] Beyond good and evil, (211)
[54] Ibid., cit., (210)
[55] Ecce homo, str. 112
[56] Ibid., str. 90-92
[57] Vrhovna Alhemija I, str. 67

морална нити неморална, па според тоа Ниче бегал од извествениот термин морал зад кого низ вековите се криеле многу нечистотии и нечесни дејства да не речеме и катастрофи. Тој бегал и од терминате **теизам и атеизам**, како што бегал од двојностите како добро - зло, вистина - лага и сл. врз кој се базирале сите општества кои темелот на моралот го ставиле врз едно од спротивностите доброто, вистината итн.), "како е можно грешното да произлезе од правилното и обратно". За Ниче, реалноста е позади "доброто и злото", односно позади двојноста или подобро над двојноста. Всушност, тој не сакаше и не можеше да ја запре дијалектиката на материјалниот свет, но се обидуваше да не пие од "затрусените кладенци" од кои пиеше збирштината.

За таа цел, **Ниче мораше да го убие и поимот "Бог"** кој и ден денешен е неразбирлив за човекот и го прави немоќен во поглед на неговиот став кон "верувањето", или "неверувањето", во поглед на неговото суштествување и во поглед на воспитувањето на неговите деца. "Каква смисла имаат оние лажни поими, помошни поими на моралот - "душа", "дух", "слободна волја, "бог" - ако не таа човештвото да го упропасти физиолошки?"[58] Неразбирањето на овој поим кое било зголемувано со текот на вековите заради односот на Инквизицијата во Средниот Век, а во голема мера и од денешното однесување на свештениците, допринесе луѓето да не можат да ја разберат нити религијата нити сопствената вера. Човекот го уби Бог уште со својот "првобитен грев", односно со падот кој сѐ уште трае затоа што човекот не отишол понатаму од нивото на неговиот потсвесен ум, не се одлепил од хоризонталното ниво, не се одвоил од телесното, од двојноста - сѐ уште живее меѓу спротивностите, ерос и танатос. Човекот живее во незнаењето, живее во темнината на Западот, а сонува за Истокот. Оние пак кои сакаат да излезат од рамките на материјалниот свет веруваат во "задгробен живот", во "спасение" на душите и така се предаваат на својата "робовска моралност", или верба во "спасител на светот". Таквите медиокритети, според Ниче, го губат чувството на господар, односно чувството да се биде креатор над самиот себе. Тие сами си го затвараат патот кон својот врв, својата самоактуелизација. Повторно да се вратиме на вертикалното движење во двете насоки, под "А" и над "А" кои ги нагласува Ошо Рацниш (види во Поимот човек) како пат кон светлоста или љубовта, односно пат преку спознанието во филозофијата или пат преку предаденоста на Бога во религијата: **"ако се упатуваш кон внатрешноста, можеш во потполност да заборавиш на зборот "Бог". Во старите јогински списи тој збор воопшто и не е спомнат**, во нешто подоцнежните текстови за Јога, Бог е спомнат само на неколку места и тоа само како средство за остварување на Тоа. И затоа Буда можел да го оствари сето она што го остварил без некаква замисла на Бог"[59].

[58] Ecce homo, str. 123
[59] Vrhovna alhemija I, str. 265

# 2. ДУХОВНОТО СОЗРЕВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ И КОНЦЕПТОТ НА ЈОГА

## 2.1. Духовно созревање на човекот

### 2.1.1 Поим

**"Духовното созревање е постојано будење од мачниот сон на материјалниот свет (ослободување од страдањето и стравот од смртта) што преку интуитивното[60] себе-спознавање[61]** (безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот[62]) **донесува вистинска среќа или самореализација."**

Разумското знаење се користи во секојдневниот живот, но тоа не е способно да навлезе во суштина на нештата. ... За да се допре до суштината на животот ни помага инстинктот, но во својата продуховена форма, во форма на интуиција.[63]

Според старите индиски ведски списи, **упанишади**, се вели дека "врз основа на интуитивното спознание, нечујното се слуша, невидливото се гледа и неспознатото се спознава"[64]. Затоа упанишадите не повикуваат да ја

[60]Интуицијата или интуитивниот (надсвесен) ум е моќ преку која постигнуваме спознание, кое е во склад со апсолутот. Таквото спознание ослободува. (Забелешка на авторот)

[61]Интелектот или разумот не носи до "вратата" на интуитивниот ум. Кога сме спремни, милоста на нашиот гуру ја отвара "вратата" на интуицијата таа да не исполни. Понекогаш таквиот продор резултира со некакво видување, или предвидување. Ако сме доволно подготвени да бидеме понесени од интуитивниот ум и да се соочиме со некоја своја слабост или "комплекс" (секогаш со помош на нашиот гуру) ќе добиеме спознание кое автоматски делува како "оган" кој ги гори "корените" кои ја врзуваат нашата енергија. Такви "корени" на наши слабости има повеќе. Колку повеќе "корени" изгориме толку повеќе ќе се ослободиме. Толку повеќе ќе спознаваме. Големите јогини успеваат да ги "расчистат" таквите "корени" и тогаш самоспознанието го исполнува просторот на свеста, односно нивното "јаство" се ослободува во силна светлина. Личноста конечно созрева во својата целовитост. Во тој момент не постоиме повеќе како спознавачи на објекти на спознание. Тогаш се стопуваат спознавачот, предметот на спознанието и спознатото, или самоспознанието. Тогаш и само тогаш престојуваме во Највисоката реалност, Апсолутот итн. "Корените" на човечките слабости се најблиску до Апсолутот и нивната нечистотија го скриваат Неговото постоење пред нашето "јас". Знаејќи го тоа, (го кажале светците и духовните учители) човекот секогаш треба да се однесува како Апсолутот да е присутен. Токму затоа при пеење на духовните песни, при релаксација или медитација често се случува да почувствуваме, смиреност, ослободеност од стравови итн. Ние искусуваме "искри" од близината на Апсолутот или нашето чисто "јаство". Тоа го исполнува човекот со неизмерна радост и мир. (Забелешка на авторот)

[62] Апсолутот или Највисоката Реалност е идентична со Бог, виша сила итн. Практикантот го зема како мерило и супервизор кој е постојано присутен во неговиот живот и суди за неговите постапки. Практикантот секогаш се идентификува со него и се однесува претпазливо, имајќи го предвид Златното правило"Не му го прави на другиот она што не сакаш да ти го направат тебе".

[63]Јонче Јосифовски, *Филозофија* , Просветно дело : Скопје, 1972, стр. 182

[64]Radakrišnan, Maughan, Sarvepali. *Indijska filozofija I i II*, Nolit : Beograd, 1964, str. 126

оставиме гордоста на нашиот интелект и да пристапиме кон "фактите" со "свеж поглед на дете"[65].

Според Бергсон, **суштината на нештата е вонпросторна и вонвременска "чиста процесуалност"**[66].) Значи **духовно созревање** не постои без интуиција, односно без волјата на човекот да се идентификува со апсолутот, под сите услови. Интуицијата ја пренесува "пораката" или "гласот" (вера, љубов, чистота, сочувство и несебичност) на "јаството" до полето на его-свеста каде **интелектот спознава** со цел истиот да ги контролира ниските телесни страсти. Вистинското или интуитивно спознание ја издигнува свеста на човекот до надсвест. Човекот кој живее во чистота и кој успеал да ја пронајди скриената моќ во себе, преку која не само што добил увид во животот туку и успеал да го разбере, се **придржува** кон "пораката", или "гласот" на "јаството" со што тој потполно се предава на интуицијата која потполно го обзема (го чува, го освестува за тоа што е возвишено, а што не, му се открива како вистина која го води и ослободува). Тогаш, сопоред **јога даршаната** [67] "**целокупното човеково искуство е доведено во склад исто толку природно како и кога се создава плодот од цветот**"[68]. Сепак Даршана[69] не е интуиција, а можеби изразот намерно е употребен да означи **мисловен систем, стекнат со интуитивно искуство, а потврден со логички доказ**. Сепак и ова гледање, интуитивното искуство го поистоветува со духовно созревање. Интуитивното спознание донесува вистинска радост и среќа"[70].

Познатиот филозоф Шанкара кој го напишал коментарот за првата сутра од Веданта-сутра ги изнесува четирите битни услови потребни за отварање кон интуитивното искуство и конечно кон спознавање на апсолутната вистина:[71]

1) Да го разликуваме вечното од минливото
2) Да ја отфрлиме желбата за уживање во плодовите на своите дела во сегашниот или во идниот живот (треба да бидеме решени за ваква жртва заради постигнување на својата цел) За да го постигнеме ова треба да бидеме "надвор од животот"
3) Потребни се трпливост, самоконтрола, душевен мир и вера и голема претпазливост за да не нé заведи некое материјално искушение
4) Духовната дисциплина која бара од нас "немилосрдно" самоиспитување ќе не оспособи да ја постигнеме својата цел- слобода (мокша).

[65] Ibid., str. 126
[66] Bogdan Šešić, *Logika i naucna metodologija*, Naucna knjiga: Beograd, 1962, str. 338
[67] Николче Велјановски, Концептот на јога за духовно созревање на човекот со посебен осврт на јога практиката во Македонија (магистерски труд)
[68] Radakrisnan, cit., str. 25
[69] Radakrišnan cit., str. 25 (Даршана според своето терминолошко значење е духовна перцепција, или гледање кое може да биде сетилно посматрање, појмовно сознание и интуитивно искуство. Тоа може да биде преглед на факти, логичко заклучување или духовно созревање.)
[70] Вишнудевананда, цит., стр. 167
[71] Radakrišnan, cit., str. 26-27

За мудрите сé е страдање (dukhameva sarva vivekinah), пишува Патанџали. Пред него Буда изјавува, "сé е болно, сé е минливо". **Сотериолошките и метафизичките доктрини** своето постоење го наоѓаат токму во тоа општо страдање во човечкото тело, а **имаат вредност** само доколку водат кон ослободување на човекот од неговата болка. За разлика од боговите и другите живи суштества, човекот е во состојба да ја надмине својата условеност и така да се ослободи од страдањето. Ниче за себе ќе рече: "**никој не страдаше толку многу за она заради кое страдав јас**" (ТЗЗ ; 298). Точно е тоа дека страдањето е општо, но сепак, ако се знае како треба да му се пристапи за да го надминеме, тогаш постои ослободување од него.

Значи, аналогно на тоа и **науката која го нема за цел ослободувањето од страдањето лишена е од секаква вредност**. Во Индија метафизичкото знаење има секогаш некаква сотериолошка цел. Затоа само метафизичкото спознание постигнато preku vidhya, dhyana i prajna, односно добиеното знаење за **врвните вредности**, обезбедува ослободување. На овај начин знаењето се претвора во медитација, а метафизиката станува сотериологија[72]. Затоа што Ниче смета дека вистината е таа која е спасител и избавувач од страдањето вели дека треба да ја бараме позади доброто и злото. Тој зборува за едно негово согледување и спознание за натчовекот, а кое е комплексно метафизичко гледање. Истражувањата на метафизиката на Запад имаат подолга историја. Еден од повлијателните истражувачи бил и Christian Wolff (1679-1754). Тој ја поделил метафизиката на четири дела: онтологија (генерална доктрина за битието или постоењето), рационална теологија (доктрината за постоењето на Бога и неговите атрибути), рационална космологија (доктрината на светот); и рационалната психологија (доктрина на постоењето и атрибутите на душата).[73] Ниче ги опфаќа сите делови на метафизиката, само се оградува од второто.

Во поглед на јогата и метафизиката, **Патанџали зборува за Техниката на јога** "како запознавање преку експерименти, на сите "состојби" кои ја "придвижуваат" една нормална, световна, непросветлена "свест". Бројот на тие состојби на свест е неограничен. Сепак тие состојби можат да се сместат во три категории кои се поклопуваат со три можни искуства: (1. Грешки и илузии (сонови, халуцинации, грешки, перцепции и забуни итн.) ; 2. Збир на сите нормални психички искуства (сé она што човек може да го чувствува, перципира или мисли, а кој не практикува јога); 3. Парапсихолошките искуства кои ги овозможуваат техниките на јога, кои се достапни, се разбира само на посветените).[74]

Метафизиката, всушност, ги признава за вредни само "состојбите" од третата категорија, односно искуствата кои му **претходат** на внатрешниот пат (самадхи) и кои го **подготвуваат** ослободувањето.[75] Според Џаинизмот,

[72] *Joga, besmrtnost i sloboda*, str. 34-36
[73] *The Dictionary of Philosophy*, str. 351
[74] *Joga, besmrtnost i sloboda*, str. 56
[75] Ibid., cit., str. 56

"џива" или индивидуалната душа е комбинација, материјално-духовна, тоа е душа оптоварена со материја која го врзува човекот за сите гореспоменати искуства. Ако зборуваме за чисто материјално и чисто духовно тело тогаш чисто материјално тело одделено од духовното не постои, и тоа содржи еден елемент на свеста "pudgala skandha". Штом индивидуалната душа е оптеретена со материјата таа се врзува за земниот живот. "Целта на секоја џива е да ја отфрли секоја материја и така ослободен од неа се нарекува Атман. Атман-от е чиста свест непоматена од материјата. Тогаш џива, или индивидуалната душа се издигнува до својата највисока духовна состојба. .. **Тоа значи дека нејзината суштина е во чистата свест. Индивидуалната душа или џива, според својата сéзнаеност претставува реалност (sat) која ја исполнува цела вселена и се сведува на една точка во која се рефлектира цела вселена, а нејзиниот материјален дел (asat) ја помрачува таа сéзнаеност и со тоа ја ограничува во нејзината индивидуалност."**[76] Сепак Патанџали смета дека метафизичкото спознание не може да ја доведе индивидуалната душа до врвно ослободување. Ваквата гноса "**само го подготвува теренот за освојување на слободата (mukti)"**[77]**.** Тоа апсолутно спознание во кое го доживуваме ослободувањето или блаженството, кое не треба да го мешаме со интелектуалната активност на умот, според Патанџали, не доаѓа ниту од искуствата ниту пак му придава големо значење дека е тоа од постоењето на Бога, туку пред сé, тоа е откровението како резултат на едноставното **"будење", односно спознавањето на највисоката реалност со кое се разоткрива суштината на Атманот или Јаството, при што објектот на посматрање сосема се изедначува со субјектот"**[78]**.** Ако еднаш Јаството "филозофирало за самото себе", сега Јаството само себеси се набљудува; тоа не "мисли". "Јас и Татко ми сме Еден". (Свето Писмо)

Како резултат на општата светска криза и ваквите влијанија настанала експлозија на интерес во езотеричните и мистичните традиции. Духовните индиски учители со доаѓањето на Запад од пред околу стотина години донесоа и ново "пробудување" кое не е ниту аналитичко ниту материјалистичко, но е свртено кон интуитивното, визионерското, архетипското и трансцедентното. Неговата етика не е моќ над другите, натпреварување за материјално богатство или деструкција на средината со цел величење на удопствата на самоизбраната елита на човечкиот род[79].

Долго време се сметаше дека духовното влијание дошло со конракултурната сексуална револуција во 1960-те години. Многу автори го истакнуваат влијанието на психоделичните дроги кои довеле до потполно отварање на вратите на перцепција. И покрај тоа што источните духовни учители доаѓаа на Запад, голем дел од западниот млад свет се истури на индискиот полуконтинент со цел таму да најде одговор на сите прашања на

[76] *Indijska filozofija* I, str. 242-43
[77] *Joga, besmrtnost i sloboda*, str. 55
[78] Ibid., cit., str. 49
[79] Fromm 1989, cit., str. 62

кои нивната култура не беше спремна да им даде. Таму наидуваат и на многу лажни спиритуални учители кои ги бараат само нивните пари. Не е мал бројот на оние кои во потрагата по себеси завршуваат со зависност од дрогата итн. Добар дел од нив се разочарува заради тоа што од јога вежбите и техниките на медитација не го добиле брзиот очекуван успех, или моќ.

Ја избрав јогата како гранка од целокупната будистичка филозофија затоа што како религиски систем не е прифатена во смисла на религија, а сепак ги содржи духовните вредности кои на човекот можат да му донесат среќа, среќа во смисол на мислата на познатиот индиски и светски духовен учител и современ светец, Свами Шивананда, "мирот во умот е најголемата среќа". Истото го изјавува натчовекот на Ниче, 'вашата работа нека биде борба - вашиот мир победа'. Слично на теоријата за самоактуелизација на А. Маслов и теоријата за индивидуација на Јунг, во концептот на јога (во упанишадите), "јаството" е познато **како "сат-чит-ананда** (постоење-спознание-блаженство). Тродструката природа на "јаството" во човекот е изразена како трострука желба: да се постои, да се спознава и да се има **радосна природа** како крајна цел.

Не е случаен мојот избор на концептот на недвојност на Адваита филозофијата, чиј основач е Шанкара и концептот на јога за духовно созревање на човекот, исто како што не е случајно доаѓањето на повеќе индиски духовни учители во Америка и Запад, затоа што тоа е поврзано со старата цивилизација Индија која повеќе векови ги чувала тајните на животот, но во последно време, најверојатно започнало со "Така зборуваше Заратустра", постепено откривање на старите извори на мудрост кои Ниче преку концептот за натчовекот преку многу параболи му го пренесе на човештвото како "најголем дар", "во потресот на старите народи бликнуваат нови извори". (ТЗЗ ; 220) И покрај тоа што Ниче не бил духовен учител тој бил совршен медиум да му го пренесе на човештвото она што долго време било скриено и за најбистрите филозофски умови на Западот. "човечкото општество: тоа е опит, така учам јас - долго барање: но тоа бара некој кој ќе заповеда!" (ТЗЗ ; 221)

Дури и Платон, еден од првите метафизичари, ја фали рамнотежата помеѓу телото и духот. Натписот во храмот во Делфи: "Спознај се самиот себе", како и римската изрека "Здрав дух во здраво тело" не се далеку од јогата. Кога зборувам за човекот и неговиот духовен развој во врска со она што е постигнато во науката на запад во врска со психата односно личноста на човекот, кое донекаде се вклопува во концептот на јога, би ги спомнал теориите на личноста:

1. Психоаналитичката теорија[80] на З. Фројд
2. Психодинамичката теорија[81] на К.Г. Јунг

[80] Ibid, cit., str. 63
[81] S. Kelvin, Lindsey Gardner, *Teorije ličnosti*, Nolit : Beograd, 1983, стр.121-139

3. Абидама (Abhidhamma)[82] - Будистичка теорија за личноста

## 2.2. **Психоаналитичка теорија** на З.Фројд

Фројд е пионер во теоријата за личноста. Составот на личноста, Фројд го конципира во три сфери, односно **три меѓузависни потсистеми**, означувајќи ги со термините "ид" (тоа), "его" (јас) и "супер-его" (над-јас). "Ид" - останува критериум по кој се одвива делувањето, односно тоа доминира над "егото" и покрај неговите регулирачки механизми со помош на кои ја канализира суровата нагонска енергија "ид". "Его" не е само свест односно севкупност на свесните функции, туку и нешто повеќе, тоа е "самосвест" те., свест за сопствената свест[83].

"Ид"- постои од раѓање како резервоар на основните биолошки потреби (сексуални и агресивни) кои го мотивираат поединецот. "Его-то" - ги контролра овие потреби преку нивно задоволување со општествено прифатени активности. После 4 или 5 година се јавува третиот подсистем "Суперего" - децата почнуваат да разбираат што е добро, а што лошо. Тој делува како гласот на совеста. Тој директно се спротивставува на нагонските желби на "ид". Во одредена ситуација "ид" може да ослободи понекој сексуален или непријателски импулс. "Суперего-то" суди за таквиот импулс како "погрешен" и предизвикува чувство на вина. "Его-то" посредува меѓу желбите на "ид" и барањето, односно сигнализирањето на "суперегото-то" и ја **канализира** "ид" енергијата кон активности кои се прифатливи за реалноста на "ид" и за идеалот на "суперего-то".

## 2.3. **Психодинамичката теорија** на Карл Густав Јунг

Според **Јунг** целокупната **личност** или "**психе**" како што тој ја нарекол се состои од неколку **диференцирани системи**[84] кои се во меѓусебно дејство. Според него најважни системи се: "**јас, личното несвесно и неговите комплекси, колективното несвесно и неговите архетипови, персона, анимус и анима и сенка; ставовите на интровертност и екстровертност и функциите на мислење, чувствување и интуиција**. "**Јас**" се состои од свесни воочувања, сеќавања, мисли и чувства. "Јас" е одговорно за човечкото чувство за својот идентитет и континуитет и од гледна точка на индивидуално "јас" е во центарот на свесноста. **Личното несвесно** е полето кое се граничи со нашето "јас". Тоа се состои од доживувања кои некогаш биле свесни, а сега се потиснати, заборавени. Тие се често достапни на нашето "јас" при што меѓу

[82] Siniša Stojanović, *Umetnost meditacije joga i budizma*, Arion : Zemun, 1988, str. 57

[83] Petković, Stanko &Ivan Magdalenić, *Elementi socijalne psihologije: neki odabrani problemi društvenog ponašanja*, Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet : Zagreb, 1977, str. 31

[84] Jung, Carl G. *Čovjek i njegovi simboli*, Mladost : Zagreb, 1987, str. 125-131

нив постои и размена. Комплексите се организирана група, или констелација на чувства, мисли, перцепции и сеќавања кои постојат во личното несвесно. Тие имаат "јадро" кое како магнет ги привлекува различни доживувања. Комплексите можат да се однесуваат како самостојна личност кој има сопствен живот или се двигател. Тие исто така можат да имаат контрола над личноста и да се служат со психата за сопствени цели. **Колективното несвесно**, или **трансперсоналното несвесно** е складиште на латентни трагови од чувства наследени од предците во минатото и тоа не само од човечката историја туку и неговата предисторија; предчовечки и животински предци. Тоа е остаток од искуствата кои се повторувале низ минатите генерации и тоа е универзално. **Архетиповите** се структурни компоненти на колективното несвесно кои имаат различни имиња: архетипи, доминанти, примордијални слики, митолошки слики, конфигурации, однесувања итн. Архетипите се универзална форма на мислите (идеите) кои содржат голема енергија на емоции. Овој облик на мисли создава слика или визија која во нормална будна состојба одговора на некоја свесна ситуација. На пр. Архетипот на мајката произведува слика на мајчиниот лик. Така доживувањето на детето е здружен производ на одредена внатрешна предиспозиција на детето да го гледа светот на одреден начин. **Персона** е маската која човекот ја прифаќа како одговор на конвенционалните барања од средината. Таа ја скрива правата природа на личноста, односно таа е јавна личност која го прави надворешниот впечаток. Женскиот архетип во мажот се нарекува ***анима***, а машкиот архетип во жената се нарекува ***анимус***. Архетипот на **сенката** се состои од животински инстинкти кои луѓето ги наследиле во својата еволуција од пониските форми на живот. Јаството е животната цел кон која сите луѓе тежнеат но ретко ја достигнуваат. Како и сите архетипови, тоа го мотивира човековото однесување и го тера човекот кон потполност, особено преку патиштата на религијата.

На крајот тука е и средиштето на целокупната личност "**јаство**-то" "Јаството" е централен поим на личноста околу кое се собираат сите други системи. Тоа ги одржува овие системи заедно и обезбедува лично единство и рамнотежа. Јунг смета дека личноста или "психе" е делимично затворен систем на енергија (непотполно затворен) затоа што во тој систем мора да се додава енергија преку храна, вода, воздух итн. Затоа се смета дека личноста не може да постигне совршена рамнотежа. Јунг го заснова своето сфаќање за динамиката на личноста или психодинамиката врз два основни принципи[85]:

1) **принцип на еквивалентност**
2) **принцип на ентропија.**

Принципот на еквивалентност одговара на првиот закон на термодинамиката, односно се однесува на одржувањето на енергијата. На пр. Ако некаде во некој систем на личноста се употреби енергијата за

[85]Ibid., cit., str. 138-139

предизвикување на одредена состојба, таа ќе се појави во нова вредност на друго место во друг систем заради рамнотежа.

Принципот на ентропија, или вториот закон на термодинамиката, Јунг го прилагодил за да ја опише динамиката на личноста преку распределување на енергијата во психата заради рамнотежа, или изедначеност. На пр. Ако две вредности (различен интензитет на енергија) се со различна јачина, енергијата ќе тежнее да оди од појаката вредност кон послабата додека не се постигне рамнотежа.

## 2.4. Абидама (Abhidhamma) - Будистичка теорија за личноста (5 в. пр.н.е.)

Фројдовата теорија за личноста има корени уште пред 25 векови, во V век пред н.е. во Индија, во учењето на Буда. Будистичката теорија за личноста наречена **Abhidhamma**. Абидама претставува представа за идеален тип на совршена личност, а медитацијата се користела како модел и пат за да се дојде до совршена личност. Она што ние го нарекуваме личност - во абидама најприближно одговара на поимот **atta или јаство**, или траен ентитет на личноста кој е вкупен збир на телото, чувствата, перцепцијата, менталната активност и свеста[86]. Личноста на човекот, според абидама, е како реката која има постојан облик, кој е привидно еден идентитет, иако ниедна капка не е иста со онаа која била еден момент пред тоа. 'Како што зборот "кола" настанува кога се состават деловите, така и поимот јаство настанува кога се присутни составните делови'.[87] Основниот метод на абидама е самопосматрањето - непосредно и систематско посматрање на сопственото доживување. Во Дамапада (Пат кон совршенството) се вели: "ако човекот зборува и работи со лоши мисли, болката го прати како што тркалото ја прати ногата на волот кој ја влече колата... Ако човек зборува и работи со чисти мисли среќата го прати како сенка која никогаш не го напушта"[88]. Покрај петте сетила абидама го зема во предвид и шестото чуло - духот. Нездравите чинители во секоја душевна состојба треба да се заменуваат со нивната спротивност - здравите чинители. Заблудата ја смета заосновен фактор на нездравото. Според абидама духот и телото се поврзани. Кога во личноста се воспостават: свежината (ahuta), флексибилноста (muduta), прилагодливоста (kammannata) и умешноста (pagunnata), тогаш поединецот делува со природна опуштеност, леснина и оптимално ги користи своите способности. Здравата душевна средина е неопходна за позитивни афективни состојби. Тогаш ќе бидат присутни сочувството (karuna) и радоста за другите (mudita) - т.е. задоволство заради среќата на другите. Според абидама, целта е да се прошируваат здравите состојби за сметка на

[86]Stojanovic, cit., 1988, str. 57
[87] Kelvin, Gardner, cit., str. 337
[88]Ibid., str. 58 cited from The Dhammapada, Penguin Books : London, 1977

нездравите. **Кога се постигне кулминација на духовното здравје, во личноста повеќе не се јавуваат нездравите фактори.**

## 2.5. Човекот - личност и индивидуа

Кога го посматраме човекот и неговото духовно созревање, зборуваме за зреење или усовршување на личноста. Но, со оглед на поставеноста на насловот односно темата на докторската дисертација и нејзиниот главен хипотетски став од кој произлегоа и останатите хипотези кои се поврзани со општеството и нормите кои тоа му ги наметнува на човекот, пред сé, како индивидуал, чувствував потреба накратко да проследам некои аргументи во поглед на поделбата на човекот на **личност и индивидуа**. Прво би го споменал системот на Тома Аквински кој во енцикликата на Римскиот Папа Лав XIII "Aeterni Patris" (1879) бил прогласен за официјална доктрина на римокатоличката Црква. Првата модернизација на доктрината се поврзани со Жак Маритен (1882-1973) - основоположник на новотомистичкиот персонализам. Во согласност со томистичката концепција **Маритен** во човекот разликува две рамништа поврзани меѓу себе - **личност и индивидуа**. Личноста, како духовен принцип на човекот, поседува одредена автономија, бидејќи во своите основи почива непосредно на битието на душата пред лицето на Бога. Поимот на индивидуата е заснован на детерминантите на материјалниот поредок на принципите на поединечноста. Земајќи ја предвид како телесната условеност на личноста така и нејзината независност од телесните фактори, Маритен статусот на личносното и индивидуалното битие на човекот го изведува од своевидната корелација на тоа расчленување со расчленувањето на човекот на душа и тело. Во својата личносна димензија човекот се разгледува во духот на умерениот томистички спиритуализам како духовно битие надарено со бесмртна душа и насочено кон Бога.

Како индивидуа, човекот е егземплар од посебен род, природно суштество. "**Принципот на индивидуализацијата е заеднички за животното и човекот, за растението, микробот и атомот. Како индивидуа човекот ѝ припаѓа на одредена целина - заедница и треба да се потчинува на нејзините барања токму во таа своја димензија**. Меѓутоа, **во својата личносна димензија човекот не ѝ припаѓа потполно на заедницата**, ги надминува границите на на целта и насоката на кои се базира организацијата на општествениот организам. Така во својата насоченост кон Бога, која ја карактеризира најдлабоката суштина на личноста, човекот се издигнува над заедницата.

Со оглед на тоа што основа на индивидуализацијата е материјата, индивидуата е точка каде што се сечат физичките, биолошките и физиолошките процеси и детерминанти, како и детерминантите што произлегуваат од заедницата - економски и социјално-политичките. Како индивидуи ние им се потчинуваме на ѕвездите, НО КАКО ЛИЧНОСТИ ГОСПОДАРИМЕ НАД НИВ, зашто принципот на персоналноста

претполага од една страна независност од светот на материјата, но од друга потполна зависност на човекот од Бога. Човекот како индивидуа треба да му служи на општеството. Како разумно суштество тој е цел сама по себе, независен од општеството и потчинет само на Бога.[89]

Берѓаев смета дека "Човекот е загатка во светот, негова најголема загатка. Човекот не е загатка затоа што тој е особено, највисоко животно или социјална **индивидуа**... Човекот е загатка, како суштество со **личност**, со нејзината единствена светска судбина..." "Личноста не е дел од нешто, ниту дури од Вселената, напротив, Вселената е дел од личноста. Тоа е **парадоксот на персонализмот**. Личноста не е објект во низата на објекти. **Антрополошките науки, биологијата, психологијата и социологијата ја разгледуваат личноста како** дел **од нешто и како** објект. **Но личноста подстои само како** субјект, **во својата бесконечна субјективност"**. Берѓаев продолжува и вели дека секоја личност е незаменлива и неповторлива.
Човекот како психолошко суштество претставува продукт на природната еволуција, но како личност тој не може да биде продукт на било што па ни на природната еволуција. **Човекот како личност е Божја творба. Личноста може да биде спознаена само во нејзината врска со Бога. Најспецифичното во личноста, т.е. нејзината внатрешна слобода** и нејзината совест имаат **духовно**, или поточно **божествено потекло.**[90]

Маслов истакнувал дека развитокот на личноста го вклучувала "**актуелизирањето**" на особините на личноста и исполнување на човечките потенцијали. За да го постигнеме нашиот потенцијал, ние сме мотивирани од хиерархија на потреби. Тој нагласувал дека задоволувањето на потребите од повисоко ниво настапува откако се задоволат потребите од пониско ниво.

Во будистичката теорија на личноста постои претстава за идеален тип на личност. Во Абидама оваа личност е наречена атта или јаство. Основниот метод за испитување на бројните промени на душата е самонабљудувањето на секое доживување. Кога се постигне состојба на душевно здравје во духот повеќе не се јвуваат нездрави чинители. Тој што ќе го оствари ова е арахат (пали) или арахани (Санскрит). Арахат ги има следните црти, кои во голема мера имаат сличности со оние на Маслов: Кај арахат постои отсуство на: страст за уживање, стравови од било кој вид, одбивност кон загуба, срам, болка и вина, бес, страдање, потреба за прифаќање, задоволство или пофалба, желба за било што преку основните и неопходни средства како и присуство на: непристрасност кон другите и спокојство во сите околности, живост и смирена радост, силна сомилост и наклонетост, брзо и остро забележување, прибраност и вештина за преземање на акција, отвореност кон другите и разбирање на нивните потреби. Арахат ја достигнал својата највисока точка на духовно созревање, тој е потполно интегриран мудрец[91].

[89] Чухина,стр. 455-56.
[90] Левицки, стр. 31-32.
[91] Stojanović, Siniša. *Dvanaest hramova duha : teorija i praksa joge*. Arion : Zemun, 1989, str. 198-99.

Сепак, мојот обид ефектите од духовното созревање на човекот да ги пренесам од личноста кон индивидуата во општеството ме принудува во докажувањето на главниот хипотетски став преку докажување на појдовните претпоставки моите аргументи прво да ги насочам кон човекот - индивидуа, за разлика од човекот - личност кој треба да созрее до Ничеовиот натчовек. (види Заклучни согледувања)

## 2.6. Концептот на јога

### 2.6.0. Поим и потекло на јогата

Терминот "јога"[92] изваден е од санскритскиот корен "yuj" - значи спојува заедно, јарем, ујармува. Овој индо-европски корен "yuj", во англискиот јазик преминал во јоук "yoke" - кој означува јарем, а се модифицира на различни јазици. ....латински jugam (јарем), jugare (соединува) француски - jiug (јарем) juguler (подржува) и jandre (соединува) португалски - yoge (јарем) персиски - yuk (јарем).

За потеклото на јога има повеќе ставови:

1) Потекнува од непозната цивилизација која исчезнала. Доказ за тоа дека делови од јога се наоѓаат скоро во сите делови на светот.

2) Јога е производ на браманизмот и хиндуизмот и првите пишувани документи за јога се создадени во Индија.

Постојат небраманистички јоги како што се будистичката, џаинистичката, тибетанската и кинеската јога. Меѓутоа, постојат јоги со магиска и мистична структура. За постоењето на јога постојат документи уште во палеолитската ера (15000-10000 пред н.е.) во пештерата на античката тврдина Адора на Сицилија, во подножјето на Монте Пелегрина. Постојат слики на кои се вежба и игра во складна симетрија. Две тела се наоѓаат во два совршени става - асани: 1) Буџангендрасана (Bhujangendrasana) - став на кралска кобра и 2) Вришчикасан (Vrischikasan) - став на шкорпионот. Сер Џон Маршал (Ser John Marshal) вршел ископувања околу два града тврдини Мохенџо Даро (Mohenjo-Daro) на реката Инд и Харапа (Harapa) на Рави притока на Инд- околу 2500 година п.н.е. цивилизации за кои се смета дека го достигнале својот зенит. Големиот бог Шива (Siva) е претставен во специфична јогинска положба. "**Вог со три лица седи** на индиско ниско седиште, со споени петици, со рацете свртени надолу. На печатите постојат и други божества во асана положби. Ископана е една статуа која претставува јогин во јогински став, очните капаци му се полузатворени, погледот му е насочен кон врвот од носот. На жалост оваа цивилизација ја уништиле индоевропејците.

[92] Siniša Stojanović, *Dvanaest hramova duha : teorija i praksa joge*, Arion : Zemun, 1989. str. 13-22

Јогата е поврзана и со светата пракса на жртвување во старите цивилизации.

Шаманската екстаза може да се споредува со онаа на јогата така да внатрешниот оган кој го спомнуваат шаманите може да се спореди со *tapas* (одрекнувањето) на јогините.

Кај Вавилонците и Асирците, богот на сонцето Шамаш и богот на месечината Син се поклопуваат со симболите на јогата *На*-сонце и *Tha*-месечина. Светиот бик со глава од човек седи во став на "дијамантот" Ваџрасана (Vajrasana).

Во Египет, во храмовите на старото царство постоеле школи на играње и гимнастика во кои се изведувале јога вежби. Свингата, исто така, седи во став на "дијамант" Ваџрасана (Vajrasana). Играчиците совршено го изведуваат ставот "тркало" Чакрасана (Chakrasana).

Во Јапонија боречките вештини Џиу Џитсу (*Jiu Jitsa), Кара͞те (Karate),* Аикидо *(Aikido)* се засноваат на контролата на телото и дишењето.

Во Кина теоријата на јога се наоѓа кај филозофот Фу-ки (*Fu-ki)* (3000 г. п.н.е., а многу јога вежби постојат и во Кунг-фу(*Kung-Fu)*-2700 год.)

Поимот јога се наоѓа во четирите Веди (1500 г.п.н.е.) Контролата на дишењето е опишана во Атарва Веда, а Јајур Веда зборува за животната сила и праната.

Браманите (1000 г.п.н.е.), исто така, зборуваат за јога.

Во Упанишадите (900-500 г.п.н.е.) се сретнува зборот јога. Таитраја Упанишад го спомнува терминот Јога Атма ("Yoga Atma"), а во најстарите Упанишади наидуваме на афоризмот: "Концентрирај се на себе со сопствен разум".

Во Махабхарата (Mahabharata)(VII век п.н.е.) наведени се 25 вежби за контрола на дишењето кои се викаат Сагуна јога (Saguna Yoga).

Багавад Гита (Bhagavad Gita) и Мокшадама(Moksha dhamma)(I век п.н.е.) детално ги разгледуваат различните системи на јога. Таа наведува 30 системи на јога.

Асанга, околу 450 година ја основа школата јогачара". Основата на системот ја сочинува медитацијата и задлабочувањето, а девизата на школата е: "Треба да се вратиме во центарот на самите себе".

Во VI и VII век контролата за дишење и јога ја разгледуваат Пураните: Багавата Пурана, Шива Пурана и Агни Пурана.

Во VII век се појавува Тантрајана или кола на грмотевицата, во која Ваџрајана има разгледи посветени на јога.

## 2.6.1. Бхагавад Гита

Некаде јога претставува метод, некаде активност (мокшадарма). Може да значи и сила, потоа медитација, односно повлекување од светот санјаса (sannyasa).

Тоа што зборот јога означува повеќе нешта е затоа што јогата е повеќе различни нешта. Еповите, всушност, претставуваат извор на разни аскетски и популарни традиции од кои секој има своја јога. Погрешно е мислењето кога се зборува за јога да се мисли на аскеза и факиризам.

Багавад Гита (Песна за Бога) се состои од 18 глави со вкупно 700 строфи. Учењата на samkhya и јога ги сочинуваат основните филозофски разлагања во Гита. Должностите кои човекот ги врши не се само етички туку и служат за ослободување. Активноста е потребна само како форма на остварување на самиот себе. Активноста е на нашето пониско "ја" (его), додека повисокото наше "ја" стои само како сведок, и се открива преку морален напор, а понекогаш и со филозофско спознание.

"Во радоста и болката, во добивка и губиток, во победа и пораз биди еднаков, рамнодушен"[93]. Крајна цел на етичката должност е остварување на сопствена должност во метафизичка смисла. "Сметај го важно само делото, а никако неговиот плод. Не дозволувај плодот да те раководи, нити мрзеливоста, туку работата"[94] Јогата е напор и самопрегор. Со помош на "незаинтересирана" акција со помош на јога може да се дојде до совршенство.

Основната цел на Багавад Гита е да го реши проблемот на животот и исправното однесување. Гита не упатува на вежбање на јога во три вида[95]:

- **карма јога** - јога на активност
- **бакти јога** - јога на посветеност, или љубов кон бога
- **џнана јога** - јога на спознание

### 2.6.1.1. Карма јога

Ако **дарма** претставува нашата духовна должност кон себе, другите и општеството, **карма** значи делување во потполна свесност т.е. она што го работиме за другите, или за општеството да го работиме со такво задоволство како кога го работиме за себе. Значи, другите и општеството не се одделни од нас. На овој начин ја надминуваме својата себичност, ја исполнуваме својата должност во овој живот (преку добри дела) и ги скратуваме можностите за создавање на идна карма (заради лоши дела) чии последици треба да ги сносиме во овој или некој нареден живот.

**Карма значи акт или дело со чија помош безличното станува лично**. Нашето однесување треба да биде исправно, а тоа е основа за мир и задоволство. Багавад Гита бара од нас да развиеме дух на јога и на несебичност.

Карма јога (патот на активност) ги отстранува грубите нечистотии на умот како што се себичноста и егоизмот и ја развива отворената рака за

[93] *The Bhagavad Gita*, Penguin Books : Great Britain, 1962, str. 51
[94] *Gita*, str. 52
[95] Stojanović, 1989,cit., str. 52

дарежливост[96]. Нашата цел во животот е да се потрудиме да го живееме она што ни е дадено на најдобар и најпозитивен можен начин затоа што карма е природен резултат на нашата активност и дело. Мудроста се стекнува преку кармата. Таа е тесно врзана и со наштата духовна должност (дарма). Дармата ја вклучува одговорноста за себеси, за другите и за бога. Таа може да биде поврзана со златното правило: "Не му го прави на другиот она што не сакаш да ти го направат тебе". Индискиот светец и мудрец Саи Баба вели дека "кармата е духовен закон на правда во дејствување. Кармата е една од божествените правила на играта. Играта на причина и последица не поучува на суштинските лекции кои ни овозможуваат да ја достигнеме духовната слобода"[97].

### 2.6.1.2. Бакти јога

Бакти марга е пат на предаденост на бога. Ако џнана јога е пат кој им одговара на интелектуалците, бакти јога им одговара на поемотивните по природа. Овој пат е сличен на оној во христијанската традиција. Преку вера, молитва и предаденост на бога, посветениот доживува директна само-реализација. Бакти е емоционална приврзаност кон бога со цело свое тело и душа која се разликува од спознанието и активноста. Бакти марга е достапна на сите на неписмените, слабите и необразованите. Љубовта кон Највисоката реалност или бог ги крши границите на егото. Најголемиот степен на бакти е потполна предаденост на бога, а притоа да се исклучат сите останати мисли и чувства. Во предаденоста на бога, добиваме највозвишени чувства дека сето она што го правиме, за доброто на човештвото, го правиме за Него, а не за некаква награда. Нашиот живот е неговата "волја". Безгранично веруваме во судбината на нашиот живот што тој ни го подарил. Потполна предаденост на бога нема без контрола на себеси. Од молитвата се преминува на копнеж и љубов кон бога и на крајот настанува потполн восхит и радост во спојот или соединувањето со Него.

Бакти е најубавиот пат кон "јаството". Јогата без бакти е како стебло без лисја, како овошје без сок. Бакти е единствениот пат за постигнување на ослободување мокша (moksha). Затоа принципот на бакти се сретнува во сите други видови на јога. Ако сакаме да постигнеме повисока цел, тоа нема да го направиме само преку вежби како што се стој на глава, дишење, концентрација туку треба да развиеме љубов кон космичкото и кон другите суштества. Оваа љубов ослободува од стравови, љубомора, омраза, страст, завист и егоизам. Според познатиот јогин Свами Махешварананда "бакти

[96]Ibid., str. 110

[97]Николче Велјановски, *Баѓаван шри Сафја Саи Баба*, Сатја Саи Баба Центар : Битола, 1995, стр. 61

јога е пат кон срцето без кој не може да се оствари единството на поединецот и универзумот"[98].

Форми на изразување на бакти јога се:

- контемплација на божјата моќ
- разговор за неговите особини со други лица
- пеење на името на бога
- правење сé во негово име

Значи, според Гита, на бога можеме да му се приближиме од повеќе аспекти. Но, Гита ја смета за највисока предаденоста на беспредметниот, невидливиот и универзален бог, тоа е ниргуна бакти (nirguna bhakti). Кришна е единствената цел, тој е оној кој ја оправдува јога праксата и медитацијата, на него се концентрира јогинот, со негова милост јогинот достигнува нирвана, а тоа не е будистичка нирвана туку мистично соединување на душата со нејзиниот бог. Мистичниот култ (бакти) кој за предмет на обожавање го има Кришна има поголема улога отколку Ишвара (личниот бог) во Јога-сутрите.

Голем дел од современата јога- литература свое оправдување наоѓа во Багавад Гита. "Јогата е над аскезата (тапас), дури над науката (џнана), над жртвувањето"[99].

### 2.6.1.3. Џнана (djnana) јога

Багавад Гита познава две сознанија на реалноста: а) кога со помош на интелектот постигнеме разбирање и б) кога со моќта на интуицијата го сфатиме највисокиот принцип на сите појави. За разлика од интуитивното спознание (џнана - дјнана марга), интелектуалното спознание е виџнана. За развивање на интуитивната моќ потребно е духовна преобразба. За духовна преобразба потребна е атмосфера на мир и сталоженост. Вистински јогин е оној кој поседува и душевна непристрасност[100]. Кога се постигне духовното созревање, се развиваат и другите аспекти на свеста: емоциите и волјата. Гита ја прифаќа јогата како средство за духовно вежбање, во кое треба да се

[98]Paramahans Swami Maheshwarananda, *Yoga u svakodnevnom zivotu*, Dnevnik : Novi Sad, 1987, str. 209
[99]Ibid., str. 55
[100]Оној кој тргнал на патот на џнана јога се поистуветува со целиот човечки род, за него материјалниот свет претставува симбол на духовниот свет, или со други зборови сé она што се случува надвор околу него е за да му покаже што се наоѓа внатре во него и обратно. На пр. непристрасноста се гледа во неговиот однос кон другите луѓе кој треба да биде еднаков со неговиот однос кон своите родители, браќа и сестри итн., односно тој ги почитува постарите како да му се негови родители и затоа не ни помислува да ги повреди, неговите врсници ги гледа како свои браќа и сестри, а туѓите деца како свои деца. Значи, она што сакаме да не им се случи на нашите блиски не треба ни да помислуваме да му се случи на другите. На овој начин преку ваквите повисоки емоции ја облагородуваме својата душа. Ваквото прочистување на мислите води кон проширување на нашата свест дека сме дел од едно јадро наречено Бог. Тоа е воедно и прв чекор кон проширување на нашата физичка љубов кон универзална љубов за целото човештво. (Забелешка на авторот)

отстранат непостојаноста и нестабилноста на личноста и грешките во спознанието. Џнана јога го отстранува превезот на незнаењето (аварана), и го донесува знаењето за "јаството"[101].

За таа цел Багавад Гита ги препорачува следните дисциплини:

1. Прочистување на духот, телото и сетивата
2. Концентрација и ослободување на духот од хаотичните мисли, среденост на мислите
3. Сфаќање на реалноста и идентификација со неа

Всушност џнана јога[102] е интуитивен приод кон духовното созревање (вклучува емоции и волја), а всушност започнува интелектуално, преку испрашување и анализа, умот се истражува себе си, односно ја истражува сопствената природа. За оваа јога се вели дека е најтешкиот пат, не затоа што е супериорна над другите видови јога туку затоа што претходно практикантот треба да има совладано други видови на јога кои треба да го прочистат неговото срце . Оној кој стапил на патот на џнана јога треба да има развиено чувство за несебично помагање на човештвото без никаква награда, треба да има здраво и силно тело и моќ да го контролира умот. Без синтеза на повеќе јоги, човекот може да остане сув интелектуалец од премногу читање книги.

## 2.6.2. Интегрална јога

Според дефиницијата за јога, на познатиот индиски духовен учител Свами Вишнудевананда, "јога е практичен и научно подготвен метод за откривање на вистината во религијата"[103].

Познатиот светски духовен учител, модерен светец, научник и јогин, основач на светскиот Парламент на религии во 1953, во Ришикеш, Индија, Свами Шивананда[104] (Swami Sivananda) ја проширил моментално најпопуларната **интегрална јога** на Запад. Основата на Шивандиното учење е неговата порака[105]: **"Служете, љубете, давајте, прочистувајте се, медитирајте, реализирајте се; бидете добри, правете добро, бидете љубезни,**

[101]Свами Вишнудевананда, *Комп̄лет̄на илус̄т̄рирана книга за јога*, Мајка : Битола, 1993, стр. 110

[102]Swami Vishnu Devananda, *Meditation and Mantras*, International Yoga Vedanta Centers, Inc. : New York, 1981, p. 98

[103]Ибид., цит. стр. 7

[104]Роден во 1887 година во Индија. Лекар по професија. Во 1924 година се повлекол во Ришикеш (свето место во Индија) каде за неколку години се просветлил. Во 1932 година го подигнал првиот Шивананда ашрам (Sivananda Nagar). На 14 јули 1963 година влегол во **махасамади** (mahasamadhi) - "големо просветлување" при што по волја (оние кои влегуваат во махасамади го знаат денот на своето заминување од овој свет) го напуштил физичкото тело и светот. Тој го испраќа Свами Вишнудевананда, еден од неговите неколку најпознати следбеници, на Запад кој основал над 50 Шивананда јога центри ширум целиот свет.

[105]Swami Venkatesananda, *Sivananda's Integral Yoga*, Divine Life Society : Johanesburg (JAR), 1969, str. 19

**сочувствувајте; Постојано прашувајте се "Кој сум јас?", спознавајте се себе си и бидете слободни.** СЛУЖЕЊЕТО, ЉУБОВТА, МЕДИТИРАЊЕТО И РЕАЛИЗИРАЊЕТО се **камен-темелници**[106] на учењето на Свами Шивананда и се четири големи патишта до самоостварување. 1) СЛУЖЕЊЕТО го доведува умот до суштината на **карма јога** 2) ЉУБОВТА не потсетува на нашата должност да го сакаме бога со целото наше срце, со целиот наш ум и цела наша душа, или да практикуваме **пара-бакти (највисока посветеност)** 3) МЕДИТИРАЊЕТО го следи патот на **раџа јога** или аштанга јога на Патанџали (овде морам да ја споменам **хата јога** како припремен стадиум на раџа јога) 4) РЕАЛИЗИРАЊЕТО или САМООСТВАРУВАЊЕТО кое е резултат на самоспознанието не пробудува во спознание за славата на бесмртната душа каква што е и нашата, за изворот на блаженството, за океанот на радоста и константниот извор на мир и моќ, или тоас **џнана јога**.

### 2.6.2.1. Хата јога

Хата јога прво посветува внимание на физичкото тело, кое е средство за постоење на душата и активноста. Чистота на умот не е можна без чистота на телото во кое функционира и трпи влијание. Што и да постои во макрокосмосот постои и во микрокосмосот. Во космосот, исто како и во човекот кој е дел од него егзистираат два основни принципи на спротивности: позитивен (машки) и негативен (женски) принцип (Во кинеската филозофија постои **Јин** и **Јанг** принцип. Во хиндуизмот, Шива и Шакти, во тибетанската тантра, Јаб и Јум, во кабала, Киах и Нашеман). Атрибути на позитивниот принцип се: активност, машко, небо, цврсто, јако, светло, топло, објективно, екстровертност. Атрибути на негативниот принцип се: пасивност, женско, месечина, слабо, меко, темно, студено, субјективно, интровертно.[107] Зборот хата е составен од слоговите "**ха**" ("**сонце**", или топло, машко, активно) и "**та**" ("**месечина**", или ладно, женско, пасивно). Според филозофијата на јога во човечкото тело постојат околу 72000 невидливи нервни канали од кои три се најглавни. **Ида** - канал низ кој струи негативна енергија и **Пингала** - канал низ кој струи позитивна енергија. Позитивниот пол се наоѓа на темето и позитивната енергија се движи нагоре кон него, а негативната енергија се движи надолу кон негативниот пол кој се наоѓа меѓу анусот и полните органи на најниската точка на 'рбетниот столб. Овде се наоѓа и точката, односно "влезот" во **сушумна -** средишниот нервен канал кој минува низ средината од 'рбетниот столб, низ кој струи енергија под многу висок напон. **На самиот влез во сушумна се вкрстуваат ида и пингала**. Во потполна прочистеност и психо-физичка рамнотежа, или рамнотежа на позитивниот и негативниот енергетски принцип во телото кон кој се стреми практикантот на јога, двете енергии доживуваат спој и тогаш "влезот" на сушумна се отвора и двете

[106] Ibid., str. 23
[107] Vlastimir Rajković, *Meditacije na parove suprotnosti*, Vlastimir Rajković, Beograd, 1996, str. 82

енергии се усисани низ средишниот канал, сушумна до позитивниот пол на темето каде е сместена **сахасрара чакра**, или илјадулистниот лотос.

Прана (животен здив) е суптилната енергија која се наоѓа во секое живо суштество и е дел од универзалниот здив т.е. прана вају - позитивен животен здив кој се движи нагоре и апана вају - негативен животен здив кој се движи надолу. Контролата на позитивниот и негативниот животен здив или прана т.е. нејзино доведување во рамнотежа е наречена **пранајама**. Тоа му помага на јогинот во насочување и смирување на умот[108]. Во спиритуална смисла овие две спротивности мораат да бидат урамнотежени при што доаѓа до отварање на средишниот канал или сушумна - и енергијата почнува **непречено** да тече нагоре, низ сушумна во сахасрара - позитивниот пол на темето, при што човекот доживува прогресивна експанзија на свеста и највисок степен на совршенство. Тоа се нарекува Бог, Апсолутна вистина, Просветление итн. Преку вежбање на јога ставовите (асани) и пранајама (контрола на праната), умот станува еднонасочен и оттука човек може брзо да напредува во концентрација и медитација (раџа јога). Кога овие два принципи се соединат или урамнотежат се доаѓа до состојба на еднина или апсолутен склад и хармонија. Кога овие два принципи се урамнотежат во организмот настанува совршено здравје, а во човечката психа настанува најголема среќа и најголем степен на совршенство. **"Кулминативното медитативно искуство на хата јога е кундалини јога, или лаја јога, кога во аспирантот се пробудува космичката енергија наречена - кундалини"[109].**

Идеален начин на функционирање на човечката психа е комбинацијата на овие два принципи те., **нивното урамнотежување кое лежи во основата на концептот на сите видови на јога.** Современата наука, исто така, го открила постоењето на овие два принципи во човечкото тело и психа. Швајцарскиот психолог **Карл Густав Јунг**, двата принципи ги нарекол **анимус** и **анима (**види **Јунг и теоријата за индивидуација)**. Женскиот принцип кој се наоѓа во мажот се вика анима, а машкиот принцип кој се наоѓа во жената се вика анимус. Тие се испреплетуваат, со други зборови, мажот, живеејќи доволно долго со жената низ векови се феминизирал, а жената се маскулинизирала. Благодарејќи на оваа анима ја сфаќа природата на жената и обратно преку анимусот во себе, жената го сфаќа мажот.

Во психичка смисла ако дојди до доминација само на едниот принцип наспроти другиот, на пр. негативниот, доаѓа до функционално пореметување на човечката психа; човекот станува интровертен и се осамува, станува пасивен и доживува разни неурози и психози затоа што не е во состојба да ги надмине преку работата, дружење и заедничка активност. Се јавува страв комплекси или тенденција за "погрешна примена на знаењето" (тенденција за напакостување на другите околу себе). Ако преовладува позитивниот

[108]Вишнудевананда, цит. стр. 111
[109]Devananda, cit. str. 84

принцип, човекот е постојано свртен кон натрупување на материјално богатство, забава, активност, а многу малку е свртен кон внатрешниот свет.

Кога сме задлабочени во мислење или медитација, процесот на дишењето е бавен. Прекинувањето на менталната активност е во сооднос со успорувањето на дишењето. Кога умот е обземен од тага или бес, дишењето станува неправилно и испрекинато, спротивно на бавниот и лесен тек на дишењето кога умот е смирен. Големиот мудрец Васишта во својата "Јога Васишта", вака ја опишал врската меќу умот и праната: "О Рама! За движење на бојната кола која е физичкото тело, Бог ги создал умот и праната (животен здив), без кои телото не може да функционира. Кога праната се оддели механизмот на телото застанува, а кога умот функционира праната или животниот здив се движи. Врската меѓу умот и праната е како врската меќу возачот и бојната кола. И двата потикнуваат движење еден на друг[110]. Јогините[111] ја користат оваа прана свесно за будење на заспаната спиритуална сила во човекот. Целата моќ на волјата доаѓа од контролата на праната. Најгрубата манифестација на прана во човечкото тело во движењето на белите дробови, а најфината манифестација на праната, во човечкото суштество, е мислата. Така јогинот е во можност да го покрене умот да оди повисоко на суперсвесен план.

Во основа на сите видови на јога е одрекувањето кое го има во било која етика. Тоа води кон прочистеност, состојба повисока од онаа на обичен човек. Прочистеноста е важна за понатамошното искачување на човекот. Со помош на нив човекот ја надминува својата егоистичност. Исто така, сексуалната апстиненција има за цел зачувување на психичката енергија (тајни сили на прокреативната енергија), односно животната есенција; ја намалува моќта на концентрација.

Кога личноста станува една целина, таа постигнува совршенство или како јогата го нарекува тоа - ослободување (мокша). Човекот се ослободува од комплексите, од врзаностите, желбите и страдањето воопшто. Умот постигнува потполна смиреност и индивидуалната душа (џива) се спојува со Апсолутот. Незнаењето и мракот исчезнуваат.

### 2.6.3. Кундалини (тантра) јога

**Кундалини јога, или Лаја јога** понекогаш е нарекувана и кулминирачко искуство во Хата јога-та. Кундалини е збор изведен од "кунд" - "јама", "дупка", а "кундал" - "склопчен"[112]. Зборот кундалини е поврзан и со Кундалини тантра, Тан + антра (тан = расти безгранично; антра = кон внатре). Потрагата на човештвото по знаењето била толку голема така што

[110]Ibid., str. 111

[111]Јогин е оној кој се труди да совлада еден од процесите на јога (заб. на авторот)

[112] Gopalan, Venu R. *Soul Searchers : The Hidden Misteriesof Kundalini*, B. Jain Publishers (P) Ltd. : New Delhi, 2001, str. 13

мајката Шакти го замолила Таткото Шива да ѝ го даде начинот на пренесување на знаењето на човекот. Така и процесот на тантра започнал[113]. Тантрата во некој аспект е и тајна доктрина и се пренесува само преку духовните учители. Таа е мудрост која го спасува човекот, чудесен чамец кој го пренесува човекот безбедно на другиот брег каде не постои страв, туку само бесмртност, слобода и совршенство[114].

Зборот шакти доаѓа од "шакт" - да бидеш способен", "да правиш"[115]. Шива е непроменливата свест, а Шакти е неговата променлива енергија (моќ) која се манифестира како ум и материја. Кундалини е божествената моќ која е заспана во секое човечко суштество. Кога е пробудена повлечена е нагоре низ чакрите, психички центри на трансформација на енергијата, во телото. Еквилибриумот на универзумот се одржува преку поларитетот на позитивната и негативната, машката и женската, статичната и динамичната енергија. Што и да постои во универзумот, макрокосмосот, постои и во човекот, како микрокосмос. Шива како пасивна машка сила престојува во седмата чакра на врвот или круната на главата, додека пак Шакти како активна сила лежи склопчена на дното од 'рбетниот столб. Таа е во заспана потенцијална состојба. Заради своето спирално движење нагоре кога е пробудена, е наречена и "змиска моќ", и е претставена како склопчена змија. Кога се подигни кундалини низ чакрите (Седумте чакри или психички центри како и централниот канал сушумна нади, се на астралното тело во човекот и кореспондираат на нервните плексуси и на 'рбетниот столб) се соединува со Бог Шива на врвот од главата во седмата чакра. Тоа е состојба на највисока свест и духовно просветление. На врвот од главата се постигнува сојуз на индивидуалната и апсолутната свест. Тоа е сојузот на Шива и Шакти[116].

Седмата чакра, сахасрара е суптилен центар над и зад сите други шест чакри. Има илјада листа на кои се повторуваат 50-те букви на Санскрит - азбуката. Овој дел на круната на главата познат е како фонтанела кај новороденото дете и се нарекува Брахмарандра, "дупката на Брама". За време на смртта, кога напредните јогини се одделуваат од своето физичко тело, таа се отвара, и праната излегува низ неа. Кога кундалини Шакти е соединета со Шива во сахасрара, јогинот доживува најголемо блаженство. Тој постигнува надсвесна состојба и најголемо знаење. Тој е потполно просветлен мудрец[117].

---

[113] Gopalan, Venu R., cit., str. 8
[114] Sivananda, Swami. *Tantra Yoga, Nada Yoga and Kriya Yoga*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1994, str. 5
[115] Ibid., cit., str. 5
[116] Devananda, cit. str. 84-85
[117] Ibid., cit. str. 97

# 3. ТЕОРИИ (МОДЕЛИ) ЗА ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ

### (Досегашен третман на феноменот на духовното созревање)

## 3.1. Концептот на јога како фактор на духовното созревање на човекот

Според етиката на упанишадите која лежи во основата на концептот на јога, човековата должност е неидентификација со материјалното тело, туку идентификација со апсолутот или бог за да се постане не дел од него -"јас" туку целина со него - "јаство". Идеалот на етиката е самоспознание[118]. Затоа упанишадите не повикуваат да ја оставиме својата гордост на интелектот и да пристапиме кон "фактите од животот со свеж поглед на дете". Само така ќе развиеме интуитивно спознание преку кое "нечујното се слуша, невидливото се гледа и непознатото се спознава".[119] Реализацијата на единството на севкупното постоење манифестирани и неманифестирано, е целта на човечкиот живот. Нашата вистинска природа е заборавена заради незнаењето. Покрај влијанието на јогата преку филозофскиот пристап, таа влијае врз биолошката функција на човечкото тело т.е. влијае врз процесите кои се одвиваат во него: **физички, ментални ипсихички преку петте главни правила: правилни физички вежби, правилни вежби за дишење, правилна исхрана, правилна релаксација и позитивно размислување и медитација.**

Физичките јога вежби - асани го подготвуваат човечкото тело да стане поиздржливо, порелаксирано, а преку вежбите за дишење - пранајама го смирува нервниот систем на човекот, а со тоа и хаосот на мислите. Со помош на пранајама човекот успева да ја контролира суптилната животодавна енергија, **прана** со чија помош се пробудува космичката примордијална сила во човекот - **кундалини** (змиска сила) која води кон експанзија на свеста. Преку медитацијата вродените потенцијали и капацитети се покренуваат и излегуваат на видело како моќ и спознание. Настануваат промени во мозокот и нервниот систем. Човекот добива нов поглед на свет, и чувство на единство со сите живи суштества. Негативните мисли исчезнуваат и умот станува мирен. Човекот ужива во хармонија, највисока среќа и мир. Тој се ослободува

[118] Radakrišnan, cit., str. 151

[119] Ibid., cit., str. 126 "Склоноста кон духовноста е важна карактеристика на индискиот дух. Духовното искуство е основа на богатата индиска културна историја. Тоа е и мистицизам, но не во смисла на некакво спроведување на мистична моќ туку само како инсистирање на дисциплина на човековата природа која води кон остварување на духовност. Додека светите книги на Јудејците и христијаните се повеќе религиозни и етички, индиските се повеќе духовни и контемплативни". (Ибид., стр. 24)

од стравот од смртта[120]. Така човекот преку методот на јога ја открива вистината во религијата и животот.

Во уводот беше спомнато дека спознавањето на човекот е паралелно со спознавањето на бога (цитирано од Фром...).

Американскиот психијатар М. Скот Пек кој стана познат во светот по своето дело "Патот по кој поретко се минува", вели: 'Патот на духовното созревање е пат на доживотно учење. Доживувањето на духовната моќ, во основа е радосно доживување. Тоа е радост која доаѓа кога сме постигнале контрола над самите себе. Навистина не постои поголемо задоволство од тоа да бидете експерт т.е. секогаш да знаете навистина што правите. Тие кои се духовно најсозреани - тие се мајстори на живеењето.'[121]

За да се постигне тоа мајсторство потребно е да се отстрани врзаноста на човекот за желбите и разните идентификации кои ја сочинуваат неговата идеализираната слика преку придржување кон **методот на јога практиката**. Според концептот на јога, **умот** на човекот на **патот на духовното созревање** до самоспознанието минува низ неколку **фази**[122]:

1) **Субеча** (subhecha) или силен копнеж по вистината. Оној кој ја постигнал оваа фаза го одгледува чувството за неврзување кон световните задоволства и ги контролира телото и умот. Во оваа прва фаза тој чувствува незаситен копнеж за да се ослободи од кругот на раѓање и умирање.

2) **Вичарана** (vicharana) или правилна потрага. Оној кој ја достигнал оваа фаза се издигнал над тоа што го чита и слуша. Тој ја открил вистината во овој живот како интуитивно спознание преку постојано вежбање, а не преку слепа верба.

3) **Тануманаса** (tanumanasa) или исчезнување на умот. Кога умот се откажал од надворешниот свет, останува фиксиран на Највисокото Битие, или Највисоката Реалност.

4) **Сатвапати** (satvapatti) или состојба на **чистота**. Човекот има директно искуство "Јас сум Браман" (Aham Brahma Asmi). **Во оваа фаза интуицијата потполно го зазема местото на интелектот.**

Во оваа фаза човекот достигнува потполно духовно созревање.
Во овие четири фази свеста или **двојноста сѐ уште постојат.**
Останатите три фази на според методот на јога практиката, **спознавачот, спознанието и спознатото** го одредуваат степенот на **стопување** на индивидуалното "јас" во "јаството", или "Јас - свеста" се топи во универзалната свест. Во седмата фаза наречена **Турја, јогинот не гледа ништо друго освен Браман или Бог, насекаде.** Така индивидуалното Јаство се спојува со сеопфатното највисоко Јаство како капката вода кога се губи во океанот и станува едно со него.

[120] Devananda, cit., str. 36
[121] M. Scott Peck, *Put kojim se ređe ide*, ARION : Zemun, 1987, str. 281
[122] Вишнудевананда, цит., стр. 177

### 3.1.0 Мокша (слобода на индивидуалната душа)

Сите методи на јога водат кон една повисока состојба, во **упанишадите**, наречена **мокша или слобода** или **ананда** (ananda) последен степен на слобода - единство со своето "јаство", или состојба на радосно ширење на душата, во која постои чувство дека небото и земјата се слеале во едно. "Како што тековите на сите реки се влеваат и нестануваат во морето губејќи го своето име и облик, така и мудрецот, ослободен од обликот и името, се стопува во божествената личност која е над сé"[123]. Ослободената душа се чувствува едно со творецот и затоа таа е присутна во космичката драма на светот. Оној кој го постигнал тоа совршенство се нарекува џиванмукта (jivanmukta), или во живот ослободена душа. Скоро сите индиски мудреци се сложуваат дека "мокша" значи ослободување од раѓање и смрт. Соединувањето со бога е второ име за постигнување на вечност.[124]

Различните јога-методи на ослободување во животот можат да се видат и од цитатот: ***"Обиди се да ме спознаеш. Ако не можеш да ме контемплираш практикувај јога (хата јога-физичка јога). Ако не можеш ни тоа, обиди се да ме служиш посветувајќи ми го секое твое дело (бакти јога). Ако и тоа ти е тешко врши ја својата должност без оглед на последиците и одрекни се од желбата за награда (карма јога). Навистина подобра е мудроста отколку непрекидна пракса, медитацијата е подобра***

[123] *Mundaka Upanishad*, III. 2. 8. Citiran od Radakrišnan, str. 170

[124] Radakrišnan, cit. str. 174 (Ваквата највисока состојба на ослободување не може да му биде опишана на човекот, но би се обидел да го приближам преку следното размислување: човекот не би се нарекол човек ако не страда во животот, а страдањето не настанува само ако изгубиме некој што ни е драг, страдањето започнува и заради неисполнета желба за љубов, за богатство, нанесена неправда и ред други поголеми и помали неостварени планови и желби. Значи, животот не би бил тоа ако во нас не постои, во најблага мерка земено, загриженост заради **неисполнетост** во животот. Неисполнетоста, односно загриженоста го врзува човекот преку трошење на голема енергија, а понекогаш доведува и до губење на животот. Во овој круг на страдање, во кој човекот, несвесно е врзан, врзано е целото човештво. Меѓутоа, човекот во секојдневието успева да се ослободи од некои желби преку нивно исполнување. Ако таквите желби биле големи тој чувствува големо задоволство кога тие се исполнат, слично на чувството за некоја добро обавена работа. Понекогаш, по исполнувањето на желбите гледа дека "и тоа не било кој знае што". Како тие да биле некаква илузија на умот. Но сепак, во самата природа на човекот е врежано тој да мора да помине низ такво искуство во животот. Мудреците и филозофи (Сенека, Сократ и др.) сфатиле дека ако дозволат да ги понеси реката на желбите дека ќе бидат изгубени. Затоа, тие однапред си поставувале цел што треба да ја исполнат, односно да ја искусат. Однапред ќе одлучеле дека нејзиното исполнување, или искуството од нејзиното исполнување ќе биде доволно за нивно мало ослободување без да се препуштат во понатамошно исполнување на исти такви желби (ја живееле својата филозофија на пр. "Писма пријатељу" од Сенека) Така тие постигнувале контрола над себеси, а желбите ги редуцирале на минимум. Тие сфатиле дека човекот низ низ било какво искуство во животот учи, но ако тоа е целно насочено во смисол на контрола над мислите и чувствата тогаш човекот учи низ животот и така созрева, **духовно созрева** и има чувство на задоволство и среќа во животот. Човекот на овој начин може да го почувствува нектарот на мудроста).

***од мудроста, одрекнувањето од плодовите на делата свои е подобро од медитацијата, по одрекнувањето следува мир. ...***"[125]

Ова се неколкуте принципи во основа на концептот на јога кои се и јога-методи (применети на Запад) за откривање на тајната на самоспознанието при што човекот духовно созрева:

**1. разликување на реалното од нереалното (вивека)**
**2. копнеж или силна желба за самоспознание (субеча)**
**3. водство на духовен учител (гуру)**
**4. придржување кон духовната должност (дарма)**
**5. јога вежби (асани) и вежби за дишење (пранајама)**
**6. правилна исхрана и правилен одмор (релаксација)**
**7. контрола на сетилата - индрии (indriyas)**
**8. медитација - дјана (dhyana) и духовни песни - баџани (bhajans)**
**9. самоспознание - самореализација**

Овие принципи, всушност, се и светски прифатена форма на јога која претставува начин на живот.

### 3.1.1. Разликување на реалното од нереалното (Вивека)

Во концептот на јога не е признато реалното постоење на на човековото "јас", затоа што е ограничено од телесната (материјалната) егзистенција. Сé што е минливо и подложно на дијалектиката на раѓање, растење и умирање е "**нереално**". Она што е вечно, совршено и бескрајно, ослободено од раѓање и умирање, односно бесмртно, тоа е "**највисока реалност" (Браман), Бог.** Реалното постоење е неограничено, непомешано, некомбинирано, не знае за промена, тоа е "**слободна душа"**. Според упанишадите, 'кога човековото "**јас**" се стопи со Браман (Апсолутот), станува "**слободна душа**"[126].

Реалното постоење е неограничено, непомешано, некомбинирано, не знае за промена, тоа е слободна душа. Закон на самата себе. Човековата идентификација со она што тој го нарекува реално постоење (материјалниот свет) го илустрираме со следниот пример: кога човекот е во будна состојба, сé она што тој го забележува со своите сетила го нарекува реално постоење. Кога човекот сонува за него сонот е реално постоење, а во истиот момент тој не е свесен за јавето. Ако во сонот пред него излезе змија тој ќе се уплаши исто како таа да му излегла на јаве. Кога ќе се разбуди преплашен, ќе си помисли, 'Ништо нема, ова било само сон'. Кога човекот е во длабок сон каде

[125]Stojanović, 1989, cit. str. 54

[126]Radakrišnan, cit., str. 172-173 (Таа го чувствува единството со бога до таа мера што се нарекува Творец на светот. Индивидуалноста станува бог. Тоа е состојба на активност, потполна слобода и совршенство. Ослободената душа станува едно со сите и живее во единство со бога ... Таа чувствува дека е во единство со космичката драма, во која дејствува божестве-ната свест, бидејќи таа и самата е вистина. Оној кој се ослободува во овој живот е наречен џиванмукта (јиванмукта).

не сонува и не е свесен за јавето тогаш тој се наоѓа во трета состојба која се разликува од состојбата на сонување и будната состојба. Во длабок сон, човекот не знае за другите две состојби што би рекле тој спие и за него тогаш не се знае што е реално. Само кога човекот е свесен односно кога расудува со помош на интелектот, тој знае за индивидуално реално постоење. Интелектот му помага светот околу него да има реално постоење. Од друга страна пак, реалното постоење на слободната душа кое е закон по себе единствено во контакт со нереалното, односно минливото постоење на телата и предметите, станува објективно спознание. Кога некој близок ќе умре, ние тагуваме, посакуваме тој да биде жив. Науката тука не може да ни помогне. Обично, човекот не знае ниту кога ќе се роди ниту кога ќе умре, ниту пак науката може да му ја смени судбината[127].

Заради тоа што имаме преголема желба за задоволство и среќа во животот влегуваме во нереалниот сетилен свет на нашите желби кој иако илузорен за нас претставува реален свет. Врзувањето за нашите желби судбински не врзува и за нашето страдање. Врзувањето за нашиот илузорен свет на желбите ни ја сокрива вистината за реалното постоење. Оној кој не ја препознава вистината на реалното постоење, тој не може да застане на патот на јога и на духовното созревање.

### 3.1.2. Копнеж или силна желба за самоспознание (субеча)

Секој човек сака да постои, да спознава и да чувствува радост. Тајната на животот за секого претставува мистерија. Оние кои ја откриваат тајната на животот и на своето постоење доживуваат неизмерна радост. "Моралното однесување е однесување кое произлегува од спознавањето на себеси. Преку моралното живеење го разбираме и разумот, а не само сетилата и инстинктите"[128]. Фром смета дека функција на разумот е не само да ја унапредува физичката туку уште повеќе менталната и духовната егзистенција, односно да ја сфати суштината на нештата која лежи под површината. Во индивидуалниот и општествениот живот честопати е потребно предвидување кое зависи од сфаќањето на тие суштински сили. Меѓутоа, "факт е дека на современиот човек му недостига "реализам" за се она што е важно: за значењето на животот и смртта, за среќата и страдањето,

[127] John Hislop, *Coversations with Sathya Sai Baba*, San Diego, 1978, p. 63 (На следниов пример можеме да го видиме тоа илустративно: "синот живеел со својата мајка и многу ја сакал, ја сакал нејзината појава, насмевка и топлата мајчинска љубов и затоа не можел да се раздели од неа. Меѓутоа кога направила шеесет години, таа умрела и тој ја нашол како безживотно лежи на каучот. Почнал да плачи. Слушнал некаков глас како тивко го прашува Зошто плачиш, мајка ти е тука пред тебе? Тоа е онаа истата твоја мајка која ти толку многу ја сакаше. Зарем не ја познаваш? Синот не се ни обидувал да одговори. Тој знаел дека пред него лежи телото на неговата мајка, но не и нејзината душа. Продолжил и понатаму да плачи. Преку телото како медиум човекот успева да искуси од нежноста, љубовта и највисоките чувства кои кај мајката се преточувани во љубов, но тие се секогаш еманација на нејзината душа."

[128] Radakrišnan, cit., str. 151

за возвишените чувства и мисли. ... Всушност, човекот е толку далеку од човечката "реалност" така што може слободно да се рече "Кога поединецот чувствува, општеството пропаѓа" "[129].

Во природата на човекот лежи откривањето, спознанието за нашето потекло. Тоа не го кажал Фројд. Тој рекол дека целиот процес на сублимирањето на нагонот води кон ширење на нашата љубов кон општеството, но не кажал дека таа "љубов" - **открива тајна за потеклото на животот**, која ја дознаваме секојдневно преку моралното однесување, преку културата. Нагонот е темнина, незнаење, слабост, заробеност. Сублимирањето на нагонот е светлина, знаење, слобода. Се придржуваме за моралот затоа што тој е средство за откривање, кое ни овозможува вистинска љубов и вистинско спознание и обратно. **Нагонската љубов**[130] го гуши моралот и вистинската љубов која ја содржи тајната на животот.

Тука има изгледа поголема длабочина отколку што се мисли. Овде се работи и за напоредно откривање на "божјата љубов" или вистината за сопственото потекло како награда .

Ако моралот се јавува со појавата на свеста тогаш тој се јавува со внатрешната потреба за спознание. Тој е неразделен дел на спознанието без оглед за какво спознание се работи. Ако се работи за спознание за човечката природа тогаш моралот е на повисоко ниво. Кога се работи за моралот на гениите на човештвото Исус, Буда итн., тогаш се работи за морал на највисоко ниво, врховен морал.

"Откривањето на внатрешниот Божји имиџ е централна потрага на човековиот психички живот, извор на визија и внатрешно водство, кое во контекст на одредени сили на средината и општествени сили, се преведуваат како активност, осмислена цел, или духовна пракса, животна задача која, според Прогоф, го исполнува животот."[131] Животната задача е единствена за секој поединец, "вродена во семето на сопственото постоење и отелотворение на негова лична судбина"[132]

Хинду концептот за Дарма (Dharma) е исполнување на општествено дефинираното место во светот кое води кон "трансцендирање на индивидуалноста во универзалност", во мокша (moksha), ослободување. Во Јунговата психологија, тоа е "соединување на архетипскиот имиџ и материјалниот живот на телото".

Сепак, оној кој барем малку во себе го почувствувал задоволството да се биде човечен спрема другите, односно го искусил внатрешното задоволството во помагањето на другите, тој интуитивно знае дека во него самиот лежи огромен неоткриен извор на добрина и моќ. Така Заратустра се обраќа кон средината која тони во своето незнаење и мрак "Вие сте толку

[129]Fromm, Erich. *Zdravo društvo*, Rad : Beograd, 1980 str. 173-174

[130]"Човекот воопшто не се издигнува над животните само со употребата на својот разум (интелект) и емоции, ако ги употребува на ист начин на кој животните го употребуваат својот инстинкт". (Ibid., str. 151)

[131]Greg Bogart, Finding a Life's Calling, *Journal of Humanistic Psychology*, Vol.34,No.4, Fall 1994, str. 21

[132]I. Progoff, *The Dynamics of Hope*, 1986, p. 189 цитиран од Bogart, str. 19.

туѓи со својата душа за сé што е големо така што натчовекот би бил страшен за вас во својата добрина!"[133]. Така германскиот генијален писател Ото Вајнингер ќе рече: "Генијален човек е оној на кого сопственото јас му дошло до свеста. ... Генијалноста е највисока морална должност на секого"[134].

### 3.1.3. Водство на духовен учител (гуру)

Во хиндуизмот учителот е поздравуван како: гуру кој е Брама, гуру кој е Вишну и гуру кој е и Махешвара (Шива).[135]

Во концептот на јога гуру (Духовниот учител) е како Брама (творец), бидејќи ја разбудува духовноста во верникот. Тој е како Вишну кој штити, негува и ја подржува благородноста. Тој е како Махешвара (Голем бог)[136], бидејќи ги уништува лошите навики, намери и однесувања. Гуру е некој кој ве потсетува на мракот. Тој го знае правиот пат и затоа со љубов ви нуди светилка за да можете посигурно да одите по него. Гуру е учител кој го отстранува незнаењето со кое е покриена вистината. Значењето на зборот Гуру доаѓа од **"Gu" -- "Gunathitha",** што значи оној кој ги трансцендирал трите гуни, или квалитети, Тамас, Раџас и дури Сатва и **"Ru"** - оној кој е **"Roopavarjitha"**, оној кој го сфатил безобличниот аспект на Бога.[137] Се разбира дека тој може да дојде до таа состојба само преку трансцендирање од пониските кон повисоките квалитети со смирено и свесно отфрлање на сé она што е во вид на име и облик.

Гуру ја уништува заблудата и дава светлина преку своето присуство. Оној кој сака да се самоспознава, треба да најде **гуру** кој ја знае Вистината во своето искуство, и кај кого неговите мисли, зборови и дела зборуваат за неа. Гуру е лекар на нашето страдање. Тој нé опоменува и потикнува. Тој ни ја открива вистината. Сé додека во нас не се појават копнежот и желбата кои извираат од нашето срце дури ни нашата интелигенција не може да ни помогне. Гладот треба да се засити. Оној кој не е гладен, тој ќе ја одбие храната која му се нуди како да не е за него. Познатиот светец, пророк и духовен светски учител Саи Баба вели: "Гуру-то во Индија се обожава како лекар кој го исправа погледот кон светот и лечи други болести- болести кои влијаат врз умот и го искривуваат правилното расудување како што се: жолтицата на злобата, анемијата на зависта, грозницата на алчноста и

[133]Ниче, цит., стр. 149
[134]Otto Weininger, *Pol i karakter*, 1986, str. 173
[135]Брама е Создателот, првиот од хиндуистичкото тројство, Вишну е втор по ред. Тој е одржувач и заштитник на целата креација. Шива е уништувач на строто и лошото и помага во создавање на новото. (Вељановски, стр. 155-157) (Опеан е во сите почетни молитви на санскрит на следниот начин: gurur brahma gurur visnur, gurur devo mahesvara, gurur sakshat parabrahma tasmai sri gurave namah.
[136]Ибид., стр.158
[137]Ибид., стр. 147

парализата на омразата. Морате да барате гуру кој може да ви даде дијагноза и да ви пропише лекарство, а вие треба да се покорите и на двете"[138].

Гуру е чувар кој го негува растението, но тоа мора прво да изникне. Тој на растението не му дава ништо ново, туку само му помага во растот кој треба да е во склад со неговата судбина, можеби побрзо, можеби попотполно, но никогаш против неговата природа. Тој ја отстранува сиромаштијата, укажувајќи ни на богатството кое лежи во нас. Тој нé советува како да постигнеме будност за да можеме побрзо духовно да напредуваме.

### 3.1.4. Придржување кон духовната должност (дарма)

Во индиската традиција, **дарма (dharma)**[139] обично се интерпретира како духовна должност. Но, дарма е повеќе од тоа. Таа е во некоја рака религиозна обврска која ги комбинира двата концепти на должност и расудување. Дармата ја вклучува одговорноста за себеси, за другите и за Бога. Таа не е поставена на некакви строги закони; таа е ослободувачки принцип на исправно постапување во право време. Дармата бара самонабљудување и самодисциплина која се засновува на внатрешната божественост. Таа бара придржување кон вистината, ненасилството и љубовта. Таа може да биде поткрепена со Златното Правило: "Не му го прави на другите она што не сакаш да ти го направат тебе".

Некои од нашите вообичаени должности се кон нас самите, а некои кон другите. Некој од нас има можност слободно да избира свој пат, додека другите се ограничени во својот избор, а и едните и другите се условени од сопствените минати активности. Затоа, во овој живот сме подредени под нешто што е суштинско за нашите секојдневни, вообичаени обврски, или должности. Тоа е коренот нивни, што е наречен ***'дарма', или духовна должност.***

За да ја одредиме нашата должност треба да го послушаме внатрешниот глас. Нашата свест е вистинскиот водач во сите ситуации.

Саи Баба смета дека ако развиеме предаденост во работата и ако целата работа ја извршуваме искрено и коректно како акт на обожавање, секој од нас ќе биде среќен, а општеството ќе биде ослободено од незадоволство и мизерија.[140]

Љубовта е родена во утробата на служењето - сева (seva). Љубовта расти преку служењето на другите. Помагањето е вродена потреба кај луѓето затоа што сме сите дел од едно општество и заради тоа што сме зависни и имаме обврска кон него. Служењето е и света должност кон општеството. Тоа е интегрален дел на духовната практика. Внатрешното задоволство во служењето ни даваат радост и волја да постигнеме повеќе. Сите треба да

[138]Ибид., стр. 148
[139]Ибид., стр. 57
[140]Ибид., стр. 58

работиме за доброто на општеството. Ние се препознаваме во другите што ни го зголемува сочувството и ни ја проширува визијата надвор од границите на нашето его. Ние не можеме да бидеме среќни кога другите страдаат. Саи Баба вели дека "посебно, ангажирањето во издигнување на свеста на човештвото е наша должност и форма на обожавање. Со духовното растење го чувствуваме братството како целина. Кога служењето е извршено од сочувство, без желба за награда, тоа станува извор на неизмерна радост. Со текот на времето служењето станува неразделен дел од вашиот духовен живот. Ние ќе ги заборавиме нашите потреби заради потребите на другите. Така го намалуваме своето его".[141]

Кога се најдеме во било каква должност, треба да ја извршуваме со посветеност. Дури и грижата за семејството иако на прв поглед изгледа "недуховна", е духовна должност. Ние не можеме да вршиме духовна должност, а да го запоставиме семејството и општествените одговорности. Сите ние го носиме мирисот на љубовта во нашите срца, но ние мораме да дејствуваме несебично за да го ослободиме. Вистината и духовната должност се секогаш присутни во нас.

Постои и древна прастара религија постара и од ведите, која се смета дека постоела со постоењето на Брама и е наречена Санатан Дарма (санатан значи однос, врска и дарма - духовна должност) што во превод би дошло: 'Вистинска врска со Суштината, со Стварноста, или Должност кон вистинската врска. Затоа што сме родени како луѓе, првенствена должност ни е да се спознаеме себе'.[142]

*Дармата е тесно поврзана со судбината, или во индиската традиција позната под поимот* ***карма***[143] *(законот на причина и последица-акција и реакција). Нашата цел во животот е да се потрудиме да го живееме она што ни е дадено на најдобар и најпозитивен можен начин, затоа што кармата е природен резултат на нашето дејствување. Сите наши физички и ментални дејствувања се директно поврзани со нивните причини:* ***"Тоа што ќе посееме, тоа ќе жнееме".***

### 3.1.5. Контрола на сетилата - индрии

Кама (страст), Крода (лутина), Моха (залажување), Мада (гордост), Матсарја (љубомора) се страсти на умот. Било која јога да практикуваме: Џнана јога, Карма јога, Бакти јога, или Раџа јога мораме да бидеме ослободени од љубомора, омраза, врзаност, гордост и егоизам мораме да имаме контрола над сетилата - индрии (Indriyas)[144]. Кога постои страстна мисла заменета ја со чистота. Мислете на добрите квалитети на оној кого го

[141] Ибид., стр. 105-106
[142] Maheshwarananda, cit., 1988, str. 221
[143] Вељановски, цит., стр. 61 (види Карма марга, стр. 35)
[144] Sri Swami Sivananda, *Mind its Misteries and Control*, The Divine Life Society : Rishikesh, 1983, pp. 257-278



СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈА

мразите. Кога постои страв исполнете се со храбри мисли. Кога сте болни исполнете се со мисли за здравје, сила, моќ и виталност. **Загриженоста и стравот** се исто така големи сили во нас. Тие ја уништуват хармонијата на телото и духот. Кога сте депримирани исполнете се со радосни мисли. Негативните мисли ќе изгинат самите.

**Лутината** го прави умот вознемирен. Кога умот е вознемирен и телото е вознемирено. Целиот нервен систем е раздрман. Лутината го зафаќа мозокот, нервниот систем и крвта. Лутината го затемнува разумот. Во тој момент не можеме да размислуваме правилно. Изразот на лицето ја одава лутината во човекот. Кога сме лути треба да го напуштиме местото и да се релаксираме во тишина.

**Залажувањето** (моха) е силно оружје на заблудата - маја (Maya). Залажувањето прави три нешта:

- ја создава идеата за сопственост- моја жена, мој син, моја куќа итн.
- создава занесувачка љубов и врзаност за телото, жената, децата и сопственоста
- ја создава мислата за сигурност во минливите предмети. Лажните нешта ги прави вистинити

**Предрасудите** го прават човекот нечувствителен. Предрасудите се вид на ментална блокада. Таа го прави мозокот бесчувствителен за прифаќање на спиритуалните идеи. Преку предрасудите истекува правата волја на човекот. Предрасудите се само неразумно противење.

**Гордоста** е чувство на супериорност над другите. Постојат повеќе видови на гордост: физичка, интелектуална, психичка, морална, духовна, гордост на богатство, моќ, благородно потекло, убавина итн. Суетата е еден вид на претерана гордост. На гордоста блиска му е дволичноста (хипокризијата). Хипокритот се претставува за нешто или некој кој тој не е, со цел да извлече пари, чест, слава и нешто друго од другите.

**Љубомората** е форма на продолжена лутина. Таа е форма на омраза. Обвинувањата, исмевањето, неправдата, критиката, цензурата, оговарањето ја проследуваат љубомората. Тие се знак на недостаток на ментална култура и слабост на личноста. Тие мора да се отстранат.

Секоја емотивна мисла остава траги во секоја клетка и ткиво на телото. Затоа треба да ја игнорираме лошата мисла. Во тоа ни помагаат и духовните песни, читањето на духовна литература и сл.

"**Умот, праната и семената енергија** - вирја (Virya) се трите алки, или **столбови на личноста**. Ако еден од нив е уништен, целата творевина паѓа. Повеќето болести настануват заради претерано трошење на семената течност"[145]. Светски познатиот духовен учител и современ индиски светец Свами Шивананда, за семената течност, ќе рече "тоа е животна есенција над

[145]Ibid., pp. 254-255

есенциите. Една капка од семената течност е производ на 40 капки крв. Според ајурведското учење[146] таа е производ од 80 капки крв"[147]

Ваквото апстинирање на таоистичките мудреци не е од оној највисок облик на апстинирање, но е една тешка пракса на таоистичка јога[148], или тн. сексуален **'кунг фу'** (во класичната јога нешто приближно е Тантра јога).

Денес овој вид на водење на секс се пласира на Запад со цел да се воспитаат луѓето за еден нов пристап кон својот сексуален нагон и да добијат правилен однос кон истиот. Сексуалната есенција е ´градежен материјал´ за проширување на човечкиот личен универзум, кој е и темел на човечката љубов и развиток. Усовршувајќи ја својата свесност за сексуалната енергија луѓето ја искусуваат повисоката чиста свест преку која подлабоко го чувствуваат ритамот на животот.

"Човекот која ја негува својата суптилна енергија конечно во сопственото тело доживува дека сите живи суштества се дел од еден живот (оној кој го задржува своето семе повеќе го почитува секој животен облик). Со достигнувањето на висока свест за меѓу себната поврзаност на сите суштества се зајакнува неговата тенденција да биде несебичен. Наеднаш може да се запраша: Зошто да излива негативни мисли во единствениот поток од кој ние сите мораме да пиеме? Во овој смисол, целата љубовна енергија е космичка, или божја енергија. Кога двајца свесно се сакаат тогаш своите енергии намерно ги вложуваат во благосостојба на човештвото".[149]

**Таоистичката традиција** е стара повеќе од осум илјади години и достигнала зрелост како во теорија така и во методот[150]. Таоизмот ја интегрирал својата сексуалност со својот духовен развој. Таоизмот не проповеда никакви посебни морални начела. Тој едноставно смета дека моралноста во човекот е вродена; ако човек ја негува својата суптилна енергија и се доживува себеси на вистински начин, тогаш и на луѓето ќе делува на морален начин.

---

[146] Vasant Lad, *Ayurveda - The Science of Self-Healing*: a practical guide, Wimot WI (USA) : Lotus Press, 1984, p. 18-19 (Ајурведата е холистички медицински систем кој е нашироко применуван во Индија. Зборот ајурведа доаѓа од санскрит и значи "наука за животот", или **ayu** значи "**живот**", "секојдневно живеење", а **veda** значи "**знаење**", "крај на знаењето". За прв пат ајурведата е забележана во ведите, но е практикувана повеќе од 5000 години. За духовната еволуција на човекот, ајурведата е основа за постигнување на долговечност, подмладување и самореализација).

[147] Swami Sivananda, *Practice of Bramacharya*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1980, p. 9

[148] Anton Krels, *Taoizam*, Dječje novine : Gornji Milanovac, 1988, str. 9-12 (Таоизмот е филозофско-езотерички и религиски систем кој се појавил во Кина пред околу 8000 години. Го пронашол својот мистичен пат во 4 век пред н. е. Денес е во исчезнување. Тој не е ни ти доктрина, нити ритуал. За да се разбере Тао и да се влезе во него потребно е интуитивно искуство).

[149] Ibid., str. 69

[150] Ibid., str. 9 (Таоистичката езотерична јога, не е ниту религија, нити пат до просветлување. Нивната наука за бесмртност не значи да престанеме да умираме туку да создадеме едно Бесмртно тело, Соларно тело, Кристално тело. Најблиската западњачка паралела на таоистичкиот бесмртник е, ангелот).

Единствено Бакти јога е таа која може да го оствари единството на поединецот со универзумот и да не ослободи од сите страста, лутината, стравовите, омразата, гордоста, предрасудите, зависта, љубомората егоизмот итн.

### 3.1.6. Самоспознание или самореализација

"Денес е прв ден од Нова Година .. . Не мислете на иднината, затоа што таа не е во ваши раце. Затоа сегашноста е најважна. Погрижете се да ја искористите. Не се спротивставувајте на вашето јаство. Затоа јас на моите ученици им велам "Следете го господарот!". "Кој е вашиот господар?" Вашето јаство е вашиот господар. Тоа е вашиот Бог. Тоа е вашата радост. Тоа е вашето богатство. Тоа е вашиот мир. Тоа е вашето сé. Среќата и мирот не се надвор од вас."

**Сатја Саи Баба**

Претходните осум етапи на патот на јогата за духовно созревање на човекот доведуваат до последната етапа или цел кога тој постигнува самоспознание или самореализација, односно се свесно се соединува со "јаството" во една внатрешна состојба на рамнотежа на енергиите и системите на личноста (ида и пингала; јин и јанг; анимус и анима).

Древното име за самоспознание е **sankhiya**[151] што значи пробудување, ништо не треба да се прави, треба едноставно да се пробудиме.

Според концептот на јога (во упанишадите) "јаството" е познато како **сат-чит-ананда** (постоење-спознание-балженство). Значи, аспектот на спознание е чит. Оваа трострука природа на "јаството" е изразена во човекот како трострука желба[152]:

- желба да се постои
- желба да се спознава
- желба да се има радосна природа

Секој човек постои, секој човек мора да спознава и секој човек е создаден за љубов. Реалното **постоење** е неограничено, непомешано, некомбинирано, не знае за промена, тоа е слободна душа. Вториот аспект на "јаството" е **спознание**. Секој има желба да биде независен и научник; секој сака да биде учител. Секој во своето срце посакува да биде спознавач. Никој не сака да верува дека има некој кој знае повеќе од него. Што и да мисли, неговата филозофија, религија, наука или бог е најголемото спознание.

[151] Osho. *Prosvetljenje jedina revolucija : Govori o velikom mistiku Astavakru*, Beograd : Esotheria, 2005, str. 159

[152] Вишнудевананда, стр. 166

Вистинската причина за ваквото размислување е дека чистото "јаство" е "**спознание по себе**", и кога ова чисто спознание се поврзи со умот, тоа станува објективно спознание. Сепак, човечката потрага за спознание никогаш не ќе биде потполна се додека човекот не го сврти своето внимание кион внатре, односно кон самоспознание. Човекот постојано се запрашува дали постои граница на неговото спознание? Научниците постојано ја разоткриваат мистеријата на природата, а човекот расте во спознание и сила од ден на ден. Но, од каде човекот добива целосно спознание? Упанишадите велат дека целото спознание е во "јаството", а всушност спознанието и самото е "јаство". Ова е "крајот на спознанието" или веданта, вели Свами Вишнудевананда[153]. Тоа вечно спознание на јаството кога е рефлектирано преку умот и мозокот на човекот станува интуиција, разум и инстинкт. Неговата манифестација се разликува според медиумот низ кого тоа свети. Кај нижите животни тоа е манифестирано како инстинкт, кај човекот како разум, а кај напредниот човек како интуиција. Индивидуалното постоење е манифестација на вистинското постоење на "јаството".

Апсолутното постоење, спознание и блаженство не се квалитети на "јаството", но се едно исто. Дури и малку теоретско спознание за "јаството" донесува голема радост и храброст за оние погодени од болка и страдање во светот. Иако за апсолутнто остварување на јаството или за самоостварувањето кај обичните луѓе во сегашната состојба на еволуцијата би било потребно неодредено долго време, човекот може да добие голема радост и утеха преку следење на патот на јога, додека ги врши световните работи. ... "Исто така, човек не чувствува ниту среќа ниту мизерија ако живее како господар додека престојува во телото. Ова неврзување со телото и идентификација со апсолутното битие под сите услови се вистинско спознание кое донесува вистинска среќа".[154]

### 3.1.6.1. Адваита Веданта филозофија

Во превод од Санскрит значи "недуализам" или "монизам". За основач се смета филозофот Шанкара или Шанкарачарја (788-820). Бил учител по џнана јога (јога на мудрост). Адваита, или недвојноста е крајната вистина. До неа не дошол по емпириски пат со логичка анализа, туку директно преку апсолутниот Брахман. Историски, **адваита** има корени во 7 -век кај индисјкиот мислител Гаудапада, автор на Мандукја -карика, коментари во стих на Мандукја-упанишада кои се систематизирани како ведски свети текстови во Веданта-сутрите. Упанишадите потекнуваат од 300-1000 година п.н.е. Постои само една и единствена реалност - Брахман. Светот е илузорен и нереален. **Јаството не е ништо друго туку Брахман**. Брахман е над времето, просторот, каузалноста кои се само форми на емпириските искуства. Вистинскиот Брахман без квалитети (ниргуна) и со квалитети (сагуна) кој се

[153]Ибид., стр. 167
[154]Ибид., стр. 167

однесува на персоналниот бог (Ишвара).[155] Во делото на Шри Шанкарачарја, Viveka Chidamuni (Најскапоцен камен на мудроста), 415 и 416 стих стои: **Откако му се приближите на логосот кој е вечен, чисто знаење и блаженство, ќе го напуштите ова тело кое е нечисто. Тогаш не треба ни да помислувате повторно на него, ако се потсетувате на повратеното само ќе ви предизвика гадење.** Големиот човек кој го согорил до корен сé што е нечисто во огнот на вечното јаство, кое е недвојниот Брахман во суштина, останува во логосот, кој е вечен, чисто знаење и блаженство."

Негов најпознат наследник во адваита веданта е, исто така, џнана јогинот Шри Рамана Махарши (1879-1950), наречен "светецот од Тируванамалаи". Тој му велел на своите ученици, "телото и неговите функции не се јас. Мислите не се јас. Чувствата не се јас. Јаството (атман) е чистата Реалност во чија светлина телото, егото и сé друго сјае. Кога мислите се стивнат - престанат, чистата свест останува над. Реалноста е само една и таа е Атман (Јаство)... **Гледањето, предметот на гледање и виденото, сé самото Јаство**"[156].

Свесноста е нужен атрибут на вечниот принцип (Брахман). "Обичната свест на луѓето би можеле да ја наречеме сé-уште-непробудена. Од неа човекот треба да постигне "пробудена состојба" која е наречена Самадхи или Суперсвесност. Самадхи е еднаков со реализација на вечниот принцип во нас"[157]. Муни Саду кој е еден од следбениците на Рамана Махарши, продолжува со филозофско објаснување на "јас сум". Но за разлика од Декарт кој дојде до своето Cogito Ergo sum, или I think therefore, I am со кое докажува за несомнено постоење на човекот, докажувајќи го двојното постоење на умот и телото. Ниче смета дека инструментите, субјект и објект, кои Декарт ги користи се премногу "мали" за да докаже нешто суштинско.

Шри Рамана Махарши во своето дело "Избришете го егото", вели, "Брахман постои како "Јас сум" во секое нешто и секое суштество"[158]. Саду вели дека "јас сум" е најголемата формула. Зад неа и по неа нема ништо друго. ""Јас сум" е име на секое човечко битие: магично име кое поседува неограничена моќ на реализација. "Јас сум" е вистинскиот говор на човекот, "јас сум" го шепоти единството на целото човештво. Велам ´шепоти´ затоа што само неколкумина може да го слушнат гласот на вистината во човештвото и да го реализира Единството. На крајот, Највисокиот принцип (кои некои сакаат да го нарекуваат "Бог") нема ништо да открие што е повисоко од мистичната формула 'I am that I am' (Јас сум тој што сум)... Во Самадхи реализирано е Единството. Повторно ја откриваме Едната Вистина засекогаш. Нема повеќе прашања, незнаење или сомневања. Но колкумина се доволно **созреани** за ова финално откритие?"[159]. Прашањата се јавуваат

[155] The New Encyclopaedia Britannica 1, стр. 111-12

[156] Hewitt, James. *Meditation*, London : Hodder and Stoughton Limited, 1981, str. 130

[157] Sadhu, cit., str. 156

[158] Maharshi, Ramana Sri. *Erase the Ego*, Tiruvanamalai, India : Bharatiya Vidhya Bhavan, 1974, str. 25

[159] Sadhu, cit., 157-58

заради погрешната идентификација на јаството со телото. Тоа е незнаење. Тоа мора да си оди. Јаството ќе остане само.[160] Моето лично скуство околу реализацијата на јаството ми зборува дека за аналитичката филозофија потребен е светскиот англиски јазик. Преводот на јаството ќе остане само е, "**Self alone is**". Чувството и изразот кои јас ги добив беа "**I and my Baba alone**". Тоа би значело "Јас" или Јаството е идентично со Брахман.

Во поглед на Самади би сакал да се надоврзам со едно искуство, во ноември 1981 година, кое го добив во вид на визија и сред која ги слушав зборовите на англиски јазик, "You see samadhi, You see samadhi... " (Гледаш, или доживуваш самадхи). Тоа беше како школски пример како во себе ја доживуваме самореализацијата, или самадхи според описот на Шри Рамана Махарши, "Душата, или јаството на индивиуата која е во постојано будење споредена е со патник кој е заспан во дрвена кола која ја водат два вола. Состојбата на будење е движењето на воловите (бидејќи Самади значи **џагарат сушупти**, индивидуата е свесна, но не е активна (не игра улога во движењето); воловите се впрегнати и не се движат, состојбата на спиење е отпрегнувањето на воловите, тогаш имаме потполно запирање на активноста која одговара на "отпрегнувањето" на воловите.[161] Еве какво беше моето доживување. "Беше мрак и како во полу сон се движев лежејќи во дрвената кола. Минував низ некакви змијарници. И наеднаш се најдов во огромна светлина кога ги слушав зборовите кажани погоре. Колата беше застаната, а пред неа, мене ми беа свртени со задниците два впрегнати вола кои стоеја пред огромното сонце. Си мислев, зошто ми се свртени вака воловите. Што да правам сега? Си реков. Наеднаш во мојата десна рака ми се најде бамбусов стап и тогаш воловите и светлината исчезнаа и така во мрак како да се треснав малку со грбот на креветот. Прво што почувствував беше отворањето на мојата уста која вели. "Што да правам сега?" за време на визијата јас само го помислив тоа. Значи, според адваита Веданта филозофијата, светот и ние е нашиот сон, или илузија на будна состојба. Рамана Махарши сака да каже дека Светлината е постојана во нас, но ние треба да се свртиме кон неа. "Вие сте јаство. Останете јаство. Тоа е сé."

## 3.2. Јунг и теоријата на индивидуација

Појавата на урамнотежување те., духовно созревање, која **Јунг** го нарекол индивидуација претставува "свртување на личноста кон своето средиште, "јаство", или свртување кон "Големиот човек" во нас со цел самоспознание, за да би се комплетирала личноста, со што би станала една целина". Притоа, Јунг создал и метод за индивидуација.

[160] Erase the Ego, str. 16
[161] Ibid., cit., str. 13

Процесот на духовен развој или како што **Јунг** го нарекол, индивидуација, има за цел трансформација на личноста- процес во кој "психолошката индивидуа" станува неделива заедница или "целина". Вистинскиот процес на индивидуација е свесно помирување со своето внатрешно средиште (психички нуклеус), или "**јаство**". Меѓутоа нашето "**јас**" на различен начин го доживува неговиот "позив" за да се свртиме кон мрачните длабочини на нашето несвесно каде тоа "јаство" е стационирано. На почетокот го чувствуваме како пречка на патот при исполнувањето на нашите желби и планови во надворешниот свет.

***Тоа владеечко средиште, од кое произлегува управувањето и зреењето изгледа како еден вид на "нуклеус" во нашиот психички состав. Би можело да се нарече креатор, управувач и извор на сликите во соновите.*** Таквото средиште Јунг го нарекол "**јаство**" и го опишал како целовитост на психата, за да го разликува од "јас" кое е дел од целината.

Според **Јунг**, процесот на индивидуација е реален процес само ако поединецот е свесен и ако со него свесно и живо се поврзува. Ако дрвото не е свесно за својот раст, човекот може него свесно да го прати и да соучествува во него. Ваквиот процес се нарекува **индивидуација.** (Јунг ; 162) За човекот да може да учествува во таквиот креативен процес потребно е да **се посвети на внатрешната тенденција за растење или зреење**.

На прашањето како е можен таков раст кај секој поединец кога тој процес не може да се постигнува со свесен напор, одговорот ќе го најдеме ако се свртиме кон мрачноста во нас - без предрасуди и наивно со обид да ја откриеме тајната цел што ѝ лежи во основа. Секоја клетка на телото е управувана од инстинктивниот несвесен ум. Човековиот интелектуален или свесен ум (разум) честопати не е способен да го контролира несвесното. "Несвесните сили го одредуваат животот кај повеќето луѓе.

Ваквата **мрачност** која се јавува персонифицирана во соновите, Јунг ја нарекол "сенка" која не е целосната несвесна личност. Тука спаѓаат познати својства и особини на нашето "јас". Такви особини се на пример, егоизмот, духовната мрзеливост, нестварни фантазирања, замисли и намери, безобзирност и кукавичлук, незаситна страст кон пари и богатство, односно сите оние "ситни гревови" за кои порано сме можеле да речеме "Не е важно, и така никој нема да ги примети, а и онака сите луѓе прават така"[162].

**Јунг тврди дека самоспознанието е цел на духовното созревање,** а пред сѐ тој мисли дека динамиката на личноста се движи кон **совршена рамнотежа** на силите. **Принципот на еквивалентност** одговара на првиот закон на термодинамиката, односно се однесува на одржувањето на енергијата. На пр. Ако некаде во некој систем на личноста се употреби енергијата за предизвикување на одредена состојба, таа ќе се појави во нова вредност на друго место во друг систем заради рамнотежа.

**Принципот на ентропија**, или вториот закон на термодинамиката, Јунг го прилагодил за да ја опише динамиката на личноста преку распределување

[162] *Čovek i njegovi simboli*, cit., str. 168

на енергијата во психата заради рамнотежа, или изедначеност. На пр. Ако две вредности (различен интензитет на енергија) се со различна јачина, енергијата ќе тежнее да оди од појаката вредност кон послабата додека не се постигне рамнотежа.

Сепак главната одлика на Јунговата психологија е во тоа личноста да се развива со тенденција за стабилно единство, односно здравата и интегрирана личност, во сите системи, треба да постигне најпотполн степен на диференцијација, развој и изразување. Процесот преку кој тоа се постигнува го нарекол **индивидуација**. Како што веќе видовме психичката енергија е **подвижна**. Тоа го видовме преку двата основни за еквивалентност и ентропија принципи на динамиката на личноста. Ако **придвижувањето** го управува процесот на индивидуација го нарекуваме **сублимација.** Човек и неговите симболи ; 145) Неа ја карактеризира придвижувањето на енергијата од примитивните, инстинктивни и помалку диференцирани процеси кон повисоки културни, спиритуални и подиференцирани процеси. На пр. кога енергијата е повлечена од сексуалниот нагон и е инвестирана во религиските вредности. Кога празнењето на енергијата - било преку инстинктивен пат било преку сублимација - е спречено, велиме дека таа е **репресирана**. Според принципот на одржување на енергијата таа слегува во несвесното при што ова ќе стани со поголем "набој" и ќе тежнее да се врати кон свесното "јас" според принципот на ентропија и ќе ги пореметува рационалните процеси. Човекот ќе се однесува ирационално и импулсивно.

Духовното созревање или патот на индивидуација е придвижување на енергијата кон повисоки спиритуални и диференцирани процеси, а искачувањето нагоре е спротивно од природниот тек на енергијата според принципот на ентропијата или вториот закон на термодинамиката, односно духовното созревање е тежок пат кој ретко се избира, чиј покренувач е љубовта кон човештвото, а тој трае се до крајот на животот.

## 3.3. Сенека и теоријата за смртта

Духовното совршенство на човекот не ја заобиколува дијалектиката на неговото материјално тело. Телото е подложно на постојани промени. Тоа се раѓа, расте, старее и умира. Секој човек, мал или голем, истовремено може духовно да се усовршува и е подложен на дијалектиката на материјата.

Според Сенека (4 г. пр. н.е. - 61 н.е. ) блажениот живот зависи од тоа дали нашиот разум е совршен. Затоа што само таквиот разум не го скрива духот туку му обезбедува цврсто место против судбината: што и да се случи ние можеме да бидеме без грижи и страв.[163] Само таквиот разум ќе сфати дека човекот е поголем и роден за нешто поголемо отколку да биде роб на своето тело на кое Сенека гледа само како на пранги со кои е окована

[163] Сенека, Луције Анеј. *Писма пријатељу*, Нови Сад : Матица српска, 1987, стр. 391

неговата слобода. А телото треба да го оставиме на судбината и да не ѝ дозволиме преку него да ни бидат нанесени никакви рани. Сè што е во човекот може да трпи вина, а тоа е телото, во таа зграда која е подложна на судбина престојува една слободна душа. Меѓутоа, мислите, идеите, чувствата и телото го сочинуваат човечкото его кое ако не го контролираме е причина за несреќа. "Никогаш тоа месо не смее да го натера човекот да почувствува страв, никогаш не смее да го натера на претварање недостојно за чесен човек.[164]

Духот е потребно да се зајакнува за да не потклекне под ударите на судбината и да биде кадар повторно да се подигне откако еднаш ќе биде згазнат. На телото му е потребно многу да остане силно додека духот се храни од самиот себе и сам се вежба. Тоа што може да не направи добри се наоѓа внатре во нас. Не смееме да постапуваме како да живееме само за телото, туку како без телото да не можеме; претераната љубов кон него не исполнува со страв, не вознемирува и ни создава загриженост.

Сенека смртта ја смета за судбина која е запишана со самото раѓање на човекот. Уште во моментот на раѓањето тој е запишан во книгата на умрените. Според него, единствениот спас за човекот е да сфати дека ништо освен духот не заслужува воодушевување; и ако е тој голем тогаш ништо не може да му се спротивстави на неговата големина. "Кај нашиот Хекатон најдов дека **меѓу помошните средства против стравот спаѓа и одрекнувањето од страстите и желбите"[165].**

Една од должностите што треба да се исполнат е да се умре. Со животот е како со театарската игра. Не е важно колку трае туку дали беше птретставата добра.[166] (Сенека ; 276 -278) **Што и да работиш секогаш враќај се назад кон својот дух; него вежбај го и ден и ноќ, затоа што духот се вежба со умерен напор. Затоа својот обем на телото смали го колку што можеш повеќе, а прошири ги границите на својот дух.[167]** Ако на неуките телесното страдање му изгледа тешко тоа е затоа што не навикнале да општат со својот дух, па се бават само со своето тело. Затоа, вистински големиот човек, кој е и разбран, го оддалечува својот дух од телото и воглавно општи со подобриот и божествен дел во себе, а со другиот дел кој постојано се жали, општи само кога е неопходно. Но, би рекле, дека е тешко да се одвикнеме од насладувањето, јадењето и пиењето. Всушност се работи само за тоа дали е душата бесмртна. А ова треба да го сметаш за сигурно: ако таа го надживее телото, не изумира од истата причина заради која не умира, затоа што бесмртноста не знае за исклучок, а на вечното ништо не му штети.

Подготвувањето за смртта е тесно поврзано со вербата дека нашата душа е бесмртна, бескрајна и величествена. Благородните души ги храни

[164] Ибид., цит., стр. 206
[165] Ибид., цит., 32-51
[166] Ибид., цит., стр. 276-278

[167] Ибид., цит., стр. 63-64

работата и напорот. "Направи се среќен самиот себе! Што е всушност добро? Спознавање на нештата. Што е зло? Незнаењето".

Овде јас зборувам за човек од втор ред, а човекот од прв ред се раѓа како Феникс - еднаш на секои петстотини години. Не е никакво чудо што големите нешта се создаваат на подолги периоди: тоа што е просечно и што одговара на толпата не е забележливо, но она реткото се препорачува баш со својата реткост.

Јас со сигурност се набљудувам себе си и вака си велам: она што навистина го направив добро тоа ќе и го претставам на смртта. Затоа без страв се подготвувам за оној ден кога без итроштини ќе судам за самиот себе, и ќе знам дали храброста и силата ми се само во зборовите или и во делата. Отфрли го судот на луѓето затоа што тој е секогаш со сомнителна вредност. Одфрли го сето она што цел живот го проучуваше; пресудата за тебе ќе ја објави смртта. .. Несигурно е каде те чека смртта, па затоа ти чекај ја неа секаде. ... **Оној кој научил да умре, научил да биде слободен**. Најголема човечка лудост и глупост е што заради стравот од смртта некои брзаат во смрт, вели Сенека. [168]

## 3.4. А. Маслов и теоријата за самоактуелизираните

Маслов сметал дека луѓето се родени со потреби, капацитети и тенденции кои во основа се добри, а не зли. Тој истакнувал дека развитокот на личноста го вклучувала "**актуелизирањето**" на особините на личноста и исполнување на човечките потенцијали. За да го постигнеме нашиот потенцијал, ние сме мотивирани од хиерархија на потреби. Во основа се потребите за исхрана, вода, засолниште. Пропратени се со потребите за сигурност, почитување, **самоактуелизирачки потреби** итн. Тој нагласувал дека задоволувањето на потребите од повисоко ниво настапува откако се задоволат потребите од пониско ниво.

Маслов[169] нагласил дека **концептот за самоактуелизација** е крајно тежок за дефинирање. Во генерална смисла тој **означува што е човекот, што може и што треба да биде со цел да се биде таа личност.** Со цел да ни го приближи терминот тој испитувал група од историски фигури за кои тој мислел дека се самоактуелизирани меѓу кои Абрахам Линколн и Еленор Рузвелт (1954). Подоцна испитувал 3000 студенти на колеџ при што дошол до заклучок дека само еден е актуелизирана личност додека многу мал број од испитаниците биле **потенцијално самоактуелизирани личности**. Според Маслов самоактуелизираните личности покажуваат карактеристики прикажани на листа. Тие се:

[168] Ибид., цит., стр. 97-114

[169] Maslov, Abraham H. *Motivacija i ličnost*, Nolit : Beograd, 1982, str.67

1) Реални
2) Се прифаќаат себеси, другите и реалноста
3) Спонтани се и природни
4) Имаат потреба од приватност
5) Независни се и самодоволни
6) Спонтано ја оценуваат средината, а не преку стереотипно оценување на средината и луѓето во неа
7) Се идентификуваат со целото човештво
8) Имаат длабоки, интимни врски само со неколкумина
9) Имаат демократски однос
10) Се држат за строго одредени вредности и етика
11) Покажуваат широк пријателски осет за хумор
12) Индивидуалци се и се спротивставуваат на конформноста

Масловата теорија[170] е критикувана првенствено како премногу **субјективна.** Smith (1978) изјавил дека Масловите самоактуализирани познати личности се одбирани според импресиите на неговите лични херои. Други автори би дале сосема друг избор на самоактуализирани личности).

Леснината со која продираат во стварноста, непосредното прифаќање на реалноста и спонтаноста во суштина значи дека самоостварените се потполно свесни за сопствените импулси, желби, погледи и субјективни реакции. Клиничките проучувања на овој капацитет го потврдува мислењето на Фром дека просечно, нормалниот и добро прилагоден поединец најчесто нема врска за тоа кој е, што сака и што мисли. .. Мораме да направиме разлика на метамотивацијата, или мотивацијата на растење на самоактуелизираните луѓе наспроти мотивацијата заради егзистенцијални потреби. **Нив ги интересира единствено растењето на карактерот,** изразување на карактерот, созревањето и напредокот, со еден збор самоактуелизацијата.

Овие единки имаат **своја мисија во животот**, да исполнат некоја своја задача. Тоа можеби не е задача што сами си ја поставиле туку може да биде одговорност, должност, обврска. Овие луѓе имаат **најшироки погледи**. Тие никогаш не се приближуваат премногу до дрвата за да не можат да ја видат шумата. Нивниот систем на вредности не е ситничарски, туку универзален, а не локален. Сепак овие луѓе се филозофи. Од крајно општествено значење што тие имаат пошироко гледиште и се далекувиди. Тие ја сакаат самотијата многу повеќе од обичните луѓе. Она што кај другите предизвикува немир кај нив не делува. Кадри се да го сочуваат достоинството и во најтешките моменти. Не се потпираат на тоа што другите мислат за нив. Далеку пообјективни се од просечните луѓе. На секое демократско општество им се потребни луѓе креативни, кои сами решаваат и имаат слободна волја. За голем број луѓе одлучуваат продавачите, рекламните агенти, родителите и агитаторите.

[170] Ibid., cit., str. 202-214

Една од најдобрите особини на самоактуелизираните луѓе е нивната релативна независност од физичката и општествената средина. Главното задоволување на самоактуелизираните не зависи од другите луѓе, од културата или пак од надворешните задоволувања (љубов, сигурност и основните средства за живот) кои им се потребни на обичните луѓе. За самоактуелизираните луѓе се смета дека се **"луѓе кои се контролираат себеси"**. Нив дури секојдневно дружење со другите луѓе им смета. Тие се доволно силни за да не зависат од доброто мислење на другите луѓе па дури ни од нивната наклоност. Почестите, функционерските места, наградите, популарноста, престижот и љубовта која другите му ја подаруваат се далеку поневажни од саморазвитокот и внатрешното растење, вели Маслов. Ако некои самоактуелизирани луѓе не ги красат "мистични доживувања" тогаш тие се унапредувачи на општествениот свет, општествени работници, политичари итн. Според **Алфред Адлер** тие **негуваат длабоко сочувство и се поистоветуваат со другите луѓе**. Тие вистински сакаат **да му помогнат на човештвото** како да се членови на едно исто семејство.

Самоактуелизираните луѓе не го чуваат својот престиж туку тие со задоволство учат од оние кои се познаени од нив. Тие го почитуваат секого кој е мајстор на својот занает. Овие луѓе кои се и самите елита избираат да се дружат со елита на карактери и таленти, а не да се дружат со елита по раса, крв, име, семејство, години, младост, слава и моќ. Имаат силно чувство за правилно, погрешно, добро и лошо. Тие се први против недоличното и злобното однесување. Самоактуелизираните се етични, со одредени морални стандарди, секогаш постапуваат исправно. Некои од нив рекле дека веруваат во Бога но како метафизички поим. Ако ги разгледуваме со преку термини на општествено однесување тогаш и атеистите меѓу нив се религиозни. Тие не ги исмеваат оние со помала вредност ниту се смеат на она што се смее просечниот човек. Некој би рекол дека тие се сувопарни и сериозни и дека немаат смисла за хумор. Секој од нив покажува оригиналност во својата инвентивност.

**Тие на свој начин одат во чекор со културата но силно се опираат на енкултурацијата**:

1. Кога се работи за избор на облека, начин на изразување на хранење тогаш овие луѓе се конвенционални. Сепак тие не се помодари и конвенционалноста можат лесно да ја отфрлат.
2. Од културата го прифаќаат само она што е добро, другото го одбиваат.
3. Од овие причини за самоактуелизираните луѓе можеме да речеме дека се автономни т.е. дека прво се држат **за законите на својот карактер** отколку за општествените правила.

## 3.4.1. Вредностите и самоактуелизираните[171]

За самоактуелизираните не постои судар или борба меѓу половите, туку тоа е само соработка. Тие суштински го посматраат физичкиот свет, приватниот свет и општествениот свет за чија организација во голема мера е одговорен системот на вредностите на поединецот. Овие луѓе се попотполно индивидуализирани од било која друга општествена и група и личат едни на други, повеќе се поистоветуваат со човечкиот род од било која друга група што значи тие се и попотполно социјализирани. Тие како такви се поблиску и до човечкиот вид.

На овој или на оној начин здравите луѓе се разликуваат од просечните не само во степенот туку и во видот, така да создаваат две различни психологии. Проучувањето на самоактуелизираните луѓе мора да биде основа за универзална психолошка наука. За самоактуелизираните луѓе оргазмот е повеќе или помалку важен за разлика од просечните луѓе. Тоа е често длабоко мистично доживување, дури и многу лесно го поднесуваат немањето на сексуални односи. Овиј парадокс, или противречност произлегува од динамичката теорија на мотивација. **Сакањето на ниво на виши потреби ги прави ниските потреби, задоволувања и желби помалку потребни и можат лесно да се заменат**. Уживањето во храната ја сметаа исто така за неважна во целокупната животна шема.

Маслов вели дека и покрај тоа што постојат творци, пророци, мудреци, светци од кои зависи иднината на човечкото постоење тие можат да бидат мрзоволни, себични, лути и потиштени, но во таа лутина постои и голема љубов. Самосвесните поединци ги дефинираме како луѓе кои не се повеќе мотивирани од потребите за сигурност, припаѓање, љубов, статус и самопочит затоа што овие потреби им се веќе задоволени. Зошто би се заљубувал таквиот поединец кога таквата потреба му е задоволена? На **самоактуелизираните ништо не им недостига** затоа се тие слободни да растат, да се развиваат, да созреваат, со еден збор потполно да се развијат и да ја остварат својата највисока индивидуална и на видот својствена природа.

Факт е дека од сите човечки суштества самоактуелизираните се истовремено најголеми индивидуалци и најголеми човекољупци, како и најсоцијализирани луѓе полни со љубов.

**Но, сепак, оние луѓе што Маслов ги земал за самоактуелизирани, според мене и според источната филозофија за самореализација како и според Ничеовиот концепт за натчовекот, се далеку од самоактуелизирани, и покрај тоа што поседуваат способности и показатели на некој кој се движи по патот на самоспознавањето, односно во кого се пробудила волјата за моќ, односно почнале духовно да созреваат.**

[171] Ibid., cit., str. 219-238

# 4. НИЧЕОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ И РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ

## 4.0. КОЛКУ БИЛ НИЧЕ РАЗБРАН ВО ЕВРОПА

Со исклучок на гледањето на неколку автори како Карл Јасперс, Мартин Хајдегер, Ричард Шахт, П. Д. Успенски и други, за Ничеовиот натчовек, кои ги цитирам во понатамошниот дел од текстот, не сакав да го изложувам моето гледање на Ничеовиот концепт за натчовекот без претходно да го проследам општото влијание на Ниче врз филозофската мисла на неговите современици, како и врз општествено-културната, политичката и религиозна традиција во најголемите европски земји: Германија, Франција и Русија.

Ничеовото создавање на нови критериуми за модерната етика, пишува Џорџ Симел во 1986 година, не е ништо помало од "Коперниковото дело".[172] После Ничеовата смрт, во 1900 година, историчарот Курт Брејсих ќе рече за Ниче: Ниче беше водач на новата човечка иднина чија фигура беше споредувана само со Буда, Заратустра и Исус Христос. Овие беа луѓе чии визии ги опфатија цели нации чии што ефекти беа мерени само во еони"[173]. Рудолф Штајнер (1861-1925) беше силно привлечен од филозофот, и работеше некое време на неговата на Ничеовата архива (неизбежно се бореше со Елизабет Фостер Ниче). Најверојатно Штајнер се гледал себеси во Ниче, а тоа најдобро го има забележано неговиот биограф Колин Вилсон, во книгата Рудолф Штајнер, "внатрешниот шок што јас го доживеав ме донесе до она што можам да го опишам како согледување на гението на Ниче чиј што поглед, и покрај тоа што беше вперен во мене, не се сретна со мојот... Со внатрешно перцепирање, го видов Ничеовата душа како лебди над неговата глава, бескрајно убава во неговата духовна светлина, опкружена од духовните светови таа чезнееше за многу но не можеше да најде пред болеста да му го одземе умот... Претходно го читав Ниче. Сега го видов вистинскиот генератор на идеите од највисоките духовни извори, идеите кои дури сега зрачеа со убавина и покрај тоа што веќе оригиналното зрачење беше изгубено на својот пат. Душата која од минатите животи ни ги донесе на земјата златните богатства на голема духовност но не беше во можност во целост да ги пушти да зрачат врз денешниот живот. Јас го обожавав она што Ниче го напиша; сега го гледам него како дух кој зрачи од сето она што толку

[172] Georg Simmel, "*Fried rich Nietzsche: Eine moralphilosophische Silhouette,*" *zeitschrift fur Philosophie und philosophische Kritik* 2 (1896),202-215 in Aschhem, Steven E. *The Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990*, Berkley, Los Angeles, Oxford : University of California Press, 1992, str. 23

[173] Kurt Brysig, *Gedencrede au Friedrich Nietzsches Bahre*," *Die Zukunft 32*(8September 1900)413-414. We shall later see to what extent the positive myth of Nietzsche was promoted by his death in *Nietzsche's Legacy in Germany*, str. 23

многу го обожавав". [174] Привлечноста што Ниче ја предизвика кај него беше евидентна затоа што, почнувајќи од 1892 година, Штајнер посвети многу дела на него, но неговото обожавање не траеше долго, затоа што имаше многу пророчки аспирации напиша и критички осврти, велејќи дека Ниче не можеше да биде водечка фигура за иднината. Штајнеровите антропозофски следбеници сметаа дека тој е вистинскиот наследник на иднината и сл. Џозеф Бернхарт пишува, "Процесот кој го поврзува Меистер Екхарт (1260-1327) беше дел од откривањето на секулацијата на Бога и деификацијата на човекот"[175]. Ниче, пишува Мартин Бубер (1878 - 1965) во 1900 година, припаѓаше на оние "апостоли на животот" чија што големина не беше дефинирана како што не беше ни самиот живот. Тој беше визионер кој можеше да ги насети идните човечки форми, на начин кој го надминуваше секојдневниот јазик и копнежи. Тој беше пророк на креативна обнова: "од мртвите култури тој собираше елементи за светлината на нови градби. Пред нашите очи тој издигна статуа на човек - херој кој се изградуваше себеси и се надмина себеси... Против Богот на постанокот тој ја донесе неговата спротивност Богот на постанувањето, кого можеме и ние да го споделиме"[176]. Ернест Хорнефер (1871 - 1945) беше камен темелник на религиозната и културната обнова... Ниче беше последниот и најрадикален германски "ослободител на совеста"[177].

Ниче стана дел од секојдневниот живот. Познатиот писател Емил Лудвиг (1881 - 1948) пронајде дека Ниче беше "магичен лек против депресија и хипоходрија"[178] Многу луѓе од различни земји почнаа да ги имаат искуствата на Заратустра. Ничеовите концепти со невидена брзина се инкорпорираа во германскиот и во политичкиот вокабулар, посебно термините: "волја за моќ", "натчовек", "зад доброто и злото", "господарска и робовска моралност", "превреднување на вредностите" и "одбивност" се интегрираа во јазикот. Во социјалистичките кругови: "русокосиот звер", "господарската моралност" и "зад доброто и злото" им биле припишувани на политичките непријатели. Конрадовата студија во 1895 година "Натчовекот во политиката". Ричард Штраусовата поема "Така зборуваше Заратустра" беше премиерно изведена во Франкфурт на Мајна во 1896 година. Малеровата Трета Симфонија обилуваше со Ничеови теми од "Весела наука". Исто така постоеја и Ничеови - култ производи какошто се статуети, слики и сл. Неговите мустаќи беа неговиот познат визуелен симбол. Како и Гете и Ниче доби аура на авторитет. Две слики висеа и на ѕидот на Херман

[174] The *Nietzschs Legacy in Germany1890-1990*, str. 215 (Cited in Wilson, *Rudolf Steiner*, 18, 86-90).

[175] The *Nietzsche Legacy in Germany1890-1990*, str. 211 (Cited in Joseph Bernhart, "*Meister Fckhart und Nietzsche*, Blatter fur Deutzsche Philosophie 3, No 4 (1930)

[176] *The Nietzsche Legacy in Germany1890-1990* , str. 106, (Cited in Martin Buber. "Judische Renaissance", in Der Die Judische bewegung : Gesammelte Aufsatze und Ansprachen, 1900-1914 (Berlin : Judischer Verlag, 1920), 10 - 11.

[177] The *Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990*, str. 224, (Cited in Ernst Horneffer. *"Unsere Ziele", Die Tat I*, No 1(April 1909), 2.

[178] The *Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990*, str. 30, (Cited in Emil Ludwig Geshenke des Lebens : Ein Ruckblick (Berlin : E. Rowoholt, 1931), 159ff.

Хесе. Неговиот лик се појави и на поштенските картички. Ниче беше отсликан како Христос од поново време. Неговата сестра Елизабет Фостер - Ниче се обидуваше да го "депатологизира филозофот, постојано велејќи дека неговиот ментален колапс бил резултат на сексуална инфекција од студентски денови и тн. [179]

Чеканот на Ниче удираше безмилосно по сите авторитети. Тоа најповеќе го привлече и рускиот писател Максим Горки, на кој му беше замерувано дека е "Ничеанец", "живеејќи меѓу работници, трговци, и мали претприемачи, ја сакаше физичката работа, ја набљудуваше секојдневната вештина, интелигенција и сила на работниците на бродоградилиштето на Волга која силно ја респектираше и покрај тоа што беше свесен дека немаат морални карактеристики за лидерших која ги поседуваше интелигенцијата"[180]. Во неговите очи, "Ничеовиот имиџ беше херојски маж кој ги поседуваше и двата квалитети на храбар воин и морален лидер"[181].

Кај првиот "руски Ниче" Леонтиев кој се појави дури пред Ниче, кого вториот "руски Ниче" Василиј Розанов го нарекува "вистински Ниче" повистински и од самиот Ниче, односно "Германецот е само слаба рефлексија на неговиот руски двојник"[182] како и кај Николај Федорович Федоров (1828 - 1903) чија што филозофија беше наречена "супраморализам"[183] и кај Лев Шестов (1866-1938) кој велеше дека Ниче е "пронаоѓачот на патот до спиритуалниот свет, Бог, и религијата! Ниче не води по патот на христијанскиот мистицизам! Ниче е креатор на целиот огромен морален систем, тој е натчовекот кој е каменот преку кој се пречекорува до Бога!"[184], инспирација беше Ничеовиот "антихрист" и "имморалист". И покрај тоа што во своите постојани критики на христијанството зборуваа дека христијанството е "религија на смртта" на крајот од животот сите го прифатија на свој начин. Сепак, не треба да се заборави дека Леонтиев поучуваше за "естетскиот аморализам", Розанов поучуваше за "егзистенцијалниот аморализам", наспроти Ничеовото поучување за "културниот аморализам"[185].

На друга страна пак, Ничеовиот руски современик Владимир Соловиев (1853 -1900) смета дека Ничеовата идеја за натчовекот содржи важна вистина - дека тој е победник над смртта, како и дека е бесмртен човек"[186]. Соловиев бил под големо влијание на Федоров кој напишал и прв том на Избрани дела со критиките за Ниче, кој излегол во 1906 година, а во вториот том, седум години подоцна има 45 кратки трудови за Ниче.[187] Според, некои руски

[179] The Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990, str. 32-47.
[180] Gorki, *"Moi Universitety", pp. 153-156 cited in* Rosenthal, Bernice Glatzer. *Nietzsche in Russia*, New Jersey : Princeton University Press, 1986, str. 261
[181] Ibid., str. 260
[182] Ibid., str. 106
[183] Ibid., str. 112
[184] Ibid., str. 129
[185] Ibid., str. 136
[186] Ibid., str. 124
[187] Ibid., str. 125

мислители Ниче му ја отвори вратата на религијата на Николај Бергаев, Семен Франк и Лев Шестов. Бергаев сметал дека "било која реализација на духовниот во физичкиот свет е зло", но сметал дека еден од најважните Ничеови концепти е "амор фати"[188].
Ниче зборува дека кај Французите ја нашол читателската публика, а не кај неговите Германци. Пјер Ласер, уште како студент, патувајќи низ Германија во 1897 година го пишува својот прв есеј за Ниче, а потоа следеа и серија на есеи во 1899 година за "Анархизмот на Ниче". Тој беше свесен дека постојат и други професори, колеги за кои сметаше дека немаат корист од читањето на Ниче, тие правеа само антипропаганда за Ниче и донекаде успеаја да преобратат некои професори на Сорбона против Ниче, тие зборуваа, "дека авторот на Заратустра е најрадикалниот тип на анархист, нихилист и универзален разурнувач каков што во Германија дотогаш не се беше родил". Но сепак Ласер го опишуваше како "**професор по енергија**"[189].

Хенри Алберт, во 1907 година, пишува "ние сме толку доминирани од јудејско-кантовските идеи, па мораме да ги бараме францускитe идеи во делата на еден варварин". Исто така и Жил де Галтие смета дека, "против германското влијание на Кант, ние мораме да го прифатиме германското влијание на Ниче, како суверено, ефикасно и корисно"... Исправно разбран, Ниче е принцип на слобода и интелектуално височество. ... за сто години Кантовите категорички императиви ја направија филозофијата слуга на христијанството"[190]. За делото на Ниче, Лехтенбергер ќе рече: "пред да преминете на изучување на доктрината на Ниче, многу е важно да видите јасно... дека тоа е искрено и страстно исповедување на душа со ретка суштина". Друг коментатор ќе рече: "Целиот негов живот е борба со неговата внатрешна природа, со другите луѓе и со себеси"[191]. Исто така, во периодот помеѓу 1904 и 1913 година, на пример, беа одбранети четири дисертации на тема Ниче (три во Париз и една во Монтпелје) како и повеќе предавања за Ничеовата мисла.[192] Во 1901 или 1902 година, библиотекарот Чарлс Андлер, еден од најпознатите интелектуалци предавал вовед во Ничеовата доктрина и бил приврзаник на мислата дека Ниче е близок на социјализмот, "Натчовечката моралност на Ниче, кратко ќе забележи во списанието "Хуманост", ние еден ден ќе ја користиме во социјализмот". .. "Тој сака европската работничка класа да биде класа на господари". .. "можеме легитимно филозофскиот систем да го наречеме социјализам"[193]. Во 1902 година, водачот на Социјалистичката партија Жан Жорес, во Женева, одржал серија на предавања под наслов, "Филозофијата на Ниче и социјализмот". Тој, против негативниот поглед на пролетеријатот ќе рече:

[188] Ibid., str. 128
[189] Forth, Christopher. *Zarathustra in Paris : The Nietzsche Vogue in France 1891-1918*, De Kalb : Northern Illinois University Press, 2000, str. 70-71.
[190] Ibid., str. 83
[191] Ibid., str. 90
[192] Ibid., str. 98
[193] Ibid., str. 110-11

"Ние ја сакаме силата на свесниот поединец, и целото човештво ќе биде натчовек"[194]. Ничеовото име почнало да излегува често во списанието "Социјалистичко движење" во кое Ниче беше споменуван како социјалист. Германскиот социјалист Вили Хелпах (со псевдоним Ернест Гистро) коментирајќи на францускиот превод на "Еве го човекот" ќе изјави: "Ниче не треба да го сфатиме како романтичар, капиталист или националист, социјалистите треба да го препознаваат како еден од своите... следејќи една форма на инфериорен социјализам... тој беше цело време наш пророк без да знае за тоа"[195]. Авторот Џорџ Валој ќе рече за М. Сорел, "тој не е никој друг туку "Францускиот Ниче"... ако влези во книжарница задолжително ќе купи книга од Маркс, но нема да излези пред да купи книга од Ниче". .. Вредностите кои Ниче му ги припишува на натчовекот, Сорел му ги припишува на пролетеријатот"[196]. Во 1903 година во Страсбург, ќе се одржи и Конференција за концептите господар и роб. И покрај напорите на Андлер и други, социјалистите нема да го прифаќаат Ниче. Неговите противници не спиеја и го критикуваа Ниче во стилот на Жил Ренар, "Ниче. Што мислам за него? Има многу бескорисни букви во неговото име"[197].

Андре Жид го пропагира Ниче како романтичар. "Сигурно да го прочитате Ниче, драг пријателе. Јас се трудам колку што можам исто така... ако знаете колку го мразам, колку ние го мразиме романтизмот ... Ниче ни доаѓа како откровение. ..но откровение за нас самите себе" ... "Да, Ниче, Достоевски, Браунинг и Блејк се четирите ѕвезди на истата констелација и ја прават "кочијата" во културниот развиток". [198]. Членовите на "Институтот Француска активност" го претставуваа "ничеанизмот" во Франција. Влијанието на "ничеанизмот" само го штврдуаше тоа во што многу католички верници се сомневаа: дека тие се вплеткани многу повеќе во националните импликации на верата отколку во вистинската духовна содржина". Во овие членови-неројалисти припаѓал и Пјер Ласер, а биле споменувани како "атеисти ничеанци пред Ниче" и Волтер, Гете, Стендал, Прудон и други. Пјер Ласер за Ниче ќе рече: "поздравете го пророкот на новото Евангелие"[199].

Списанието "Ниче во мода" било прифатено и од женскиот свет. Баронесата Жен Михо им сугерирала на феминистките со внимание да ја користат Ничеовата мисла, "Неговата индивидуалистичка филозофија, всушност, е упатена само на мажите, но ништо не ја спречува жената да ја земи на заем за нејзина потреба, ако таа има време да го прочита, и ако сака да се подложи на неговата строга дисциплина, модерната жена би можела да го смета Ниче за "професор по енергија"[200]. Така Ниче стана и предмет на внимание во учтивото општество.

[194] Ibid., str. 116-17
[195] Ibid., str. 121
[196] Ibid., str. 123
[197] Ibid., str. 130
[198] Ibid., str. 143-44
[199] Ibid., str. 153
[200] Ibid., str. 136

## 4.1. НИЧЕОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ

**За Ниче, европската декаденција, европската болест се должи на повеќевековниот скептицизам, кој започнал со Сократ, кој е најдуховен израз на одредена психолошка состојба, со обичен јазик, наречена дебилност и болежливост.**[201] Уште во првото свое дело "Раѓање на трагедијата", Ниче зборува за влијанието на две култури, александриската или сократовската култура и индуската култура. А човекот - поединец на Шопенхауер кој е заплеткан во превезот на Маја[202], за Ниче е човекот кој се придржува и се потпира на аполоновиот принцип, а и самиот Аполон би го означиле како симбол на начелната индивидуација (principium individuationis), од чии движења и погледи ни говори сета наслада и мудрост на "привидот" заедно со неговата убавина. Притоа, од оној темел на сè што постои, во дионизиско подземно длабоката основа на светот, во свеста на човечката единка смее да продре само точно онолку колку што аполонската сила на осветлување и преобразување може повторно да совлада, така што тие два уметнички нагона се принудени да ги развијат своите сили **во строга заемна сразмерност**, според законите на вечната правда. "**А сега следи ме на претстава на трагедијата и принеси заедно со мене жртва во храмот на двете божества!**"[203] Како во своето прво дело Раѓање на трагедијата каде неговиот став е дека треба да се вратиме кон старата трагедија каде аполонискoто и дионизиското биле заемно испреплетени, така и на крајот од своето дело Така зборуваше Заратустра останува на, "**сите нешта се поврзани, испреплетени, вљубени**" (ТЗЗ : 333)

Што е скептицизмот ако не филозофија на двојност против која Ниче толку силно се борел. Тоа е Монтењовото "Што знам јас?" Тоа е Сократовото "Јас знам дека ништо не знам". Тоа е Декартовото "Мислам, значи сум", каде неговото "Cogito, ergo sum", го извлекол од односот на субјект - објект, без притоа да го спознал Браман, или вечниот апсолут "Јас сум" во себе. Ничеовата критика на филозофијата на двојност започнува со обидот да го промовира заборавениот Дионис кој играл голема улога во филозофијата на Питагора и Хераклит од Ефес. "сите работи на својот двостепен кружен пат; сè што сега го нарекуваме култура, образование, цивилизација ќе мора еднаш да излезе пред непогрешливиот судија Дионис"[204]. Денешниот современ свет кој верува во земска среќа, која го повикува "**еврипидовскиот deus ex machina**"[205] го поставува наспроти "радоста која сака вечност, сака враќање, сака-сè-да-биде-како-нea". (ТЗЗ ; 333) Тоа е радоста која е подлабока од болката вечна. Тоа е страдањето на човекот -поединец, Ниче,

[201] Beyond good and evil, (208)
[202] Ниче, Фридрих. *Раѓање на трагедијата*, стр.
[203] Ибид., цит., стр. 153
[204] Ибид., цит., стр. 125
[205] Ибид., цит., стр. 114

кој се нарекува ученик на Дионис, "никој не страдаше за она за кое страдав јас". И покрај тоа што тоа е страдање кое вознесува и издигнува до височини, тој е свесен дека и неговото дионизиско страдање , а да не зборуваме за аполонското страдање за совршеност, не е ништо наспроти стадањето на самиот бог - вечиот апсолут Брахман со кој јаството е идентично.

Ниче се дава на работа, го пишува своето дело "**Зад доброто и злото**" во кое ги открива заблудите на неговите современици - научниците и филозофите кои заборавајќи на својата внатрешна чистота, односно заборавајќи на изворот од кој и заради кој се јавила филозофијата се обидуваат своето филозофирање да го направат славно и да го сместат во, "**знаењето е доблест**". А што е знаењето? Дали е тоа вистината за вечноста? Дали некој од неговите современици ја вкусил барем малку таа вечност? И на крајот Ниче се одлучил да преку "**Така зборуваше Заратустра**" со своите бројни параболи го даде своето гледање на учењето на **адваита филозофијата, или филозофија на недвојност.** Состојбата зад или над доброто и злото е можна само во спојот со **Брахман во кој се доживува спознавачот, предметот на спознавање и спознатото како едно**.

Она што е **парадоксално во неговото учење**, а воедно и оригинално во пристапот, тоа е неговиот однос на **некористење** на општоприфатените поими: "грев", "морал", "вера во бога", "бесмртност", "религија", "молитва", "спас на душата", **а да притоа зборува за духовен раст на човекот кој претставува мост, или премин од животното кон натчовекот**. Како можел Ниче да ни го претстави човекот во кој постои дионизискиот и аполонскиот принцип, во кој постојат трите зла: **сладострастие, властољубие и себичноста, постои и презир и лоша љубов кон другите, постои болка, страдање и радост, а притоа да зборува за некаков натчовек?**

Она што е парадоксално кај Ниче е тоа што се обидува да ја наметне важноста на **човечкото тело** во неговиот **концепт за натчовекот, "Јас нема да тргнам по вашиот пат, вие што го презирате телото! За мене вие не сте мостови кон натчовекот!**" (ТЗЗ ; 38), а притоа вели, "Дозволете да ви ја заповедам вашата највисока мисла - таа гласи: **човекот е нешто што треба да биде надраснато.** (ТЗЗ ; 51) Понатаму Ниче зборува за двојноста на човекот во човечкото тело што ја сторив која тој толку силно се бори во "**Зад доброто и злото**", "**Човекот е јаже оптегнато меѓу животното и натчовекот - јаже над бездна.**" (ТЗЗ ; 14), за на крај, на еден симболичен начин, од една страна пред светот ја покажи својата пророчка визија за подобра иднина, односно подобро човештво, а од друга страна пак, на оние помудрите, продуховените умови како што бил на пример П. Д. Успенски им "каже" дека **целата сегашност и иднина се наоѓаат токму во човечкото тело**, "По кој мост оди сегашноста кон утрешнината? **По која сила она што е високо е принудено да се спушти кај она што е пониско**". (ТЗЗ ; 195)

Парадоксален е и **односот човек - наука,** посебно кога ја имаме предвид дефиницијата за човекот на Шелер, "сепак, од аспект на биологијата, во споредба со животните **човекот претставува аномалија, "болен ѕвер"**,

**суштество што заостанало во својот витален развиток.**" Всушност, вели **Шелер**, **"човекот не може да биде ниту објаснет, ниту дефиниран, бидејќи тој е само ´меѓу´ граница´, ´премин´, ´божествена појава´ во животот, вечен ´излез´ на животот над неговите сопствени ограничувања"**. (види I. 1.1.1. За поимот човек) А кое е неговото прво ограничување? "**Стравот**" - вели Ниче, уште на почетокот од "Така зборуваше Заратустра", "таму најде многу народ собран во толпа на плоштадот: бидејќи беше објавено дека ќе можат да гледаат танцувач на јаже". Ниче знае дека **толпата не е свесна за сопствениот страв** кога сака да гледа како некој е во опасност. "А Заратустра го гледаше народот и се чудеше. .. **опасен е преминот од другата страна, опасен е застојот на среде пат, опасен е погледот наназад, а опасна е размиреноста и сопирањето. ..** плоштадот и народот личеа на море кога ќе фати бура: сите бегаа на сите страни, едни преку други, а најмногу онаму каде што требаше да падне телото". Тогаш Заратустра се приближува до човекот пред умирање и ќе му рече, **"ти си направил свој занает од опасноста, а во тоа нема ништо за презирање"**. (ТЗЗ ; 12-19) Преку својот концепт за натчовекот, Ниче веќе индиректно, ја предизвикува научната мисла да си ја преиспита својата концепција за човекот, а со тоа и ги разнишува темелите на самата дотогашна научна мисла која "доаѓа од човекот". Оттука, според Успенски, идејата за натчовекот ја подели мислата на човештвото на две силно разделени и одредени категории:

1) Концепцијата за човекот без идејата за натчовекот: "научна" концепција за човекот, а со неа и голем дел на филозофски концепции за човекот.

2) Концепцијата за човекот од перспектива на идејата за натчовекот: мистична, окултна и теозофска концепција за човекот (и покрај тоа што мораме да прифатиме дека сé што е познато под тие имиња, претставува псеудо мистична, псеудоокултна и псеудо езотериска концепција).[206]

Во првиот случај, човекот е земен како потполно суштество. Проучена е неговата анатомска структура и неговите физиолошки и психолошки функции, неговато денешно место во светот, неговата историска судбина, неговата култура и цивилизација, неговото организирање на животот, неговите сознанија и тн. Значи, во овој случај земени се во предвид неговата активност, неговите достигнувања, откритија и сл. Сите овие резултати се земаат како докази за неговата еволуција, и покрај тоа што може да се види и дека тие резултати го покажуваат баш спротивното, се разбира **кога го земеме во предвид и стравот од смртта кој стои во позадина на сите овие резултати.** Секако дека, посебно, **на Западот ова не му смета и продолжува со својата еволуција.**

Во вториот случај, Ниче му наметнува на Западот едно ново гледање во кое човекот е "мачен срам" и "поголем мајмун од било кој мајмун" со цел да му каже дека тој треба да се издигне до натчовекот. Меѓутоа, самата идеја за преминување од човекот кон натчовекот не е подржана од науката затоа

[206] Uspensky, P.D. *Novi model univerzuma* : ***Nadcovek***, Beograd : Mataphysica, 2002, str. 245

што и ден денешен, таа сé уште останала нејасна. Оваа идеја остана како полуокултна и полумистична која не беше поддржана во научните размислувања, па дури ни во псеудонаучните филозофии на животот, вели Успенски, а причината можеме да ја бараме во страшниот хаос на мисли во кој живее човештвото, **"изгубено во болката и стравот од смртта"** (види Концепт за духовно созревање на човекот). Затоа обичниот човек, па дури ни науката не може да го види натчовекот, затоа што тој е состојба, ниво кое треба да се доживее, а не за него да се зборува од нивото на денешниот човек, "исто како што гасеницата, која станувајќи пеперутка исчезнува од доменот на другите гасеници, на истиот начин и натчовекот не е достапен за сферата на перцепција на другите луѓе, си заминува од нивниот **историски** живот. .. а **натчовекот и не припаѓа на историската иднина ...** Луѓето го создаваат натчовекот по своите соипствени склоности и појави, дарувајќи го со свои особини, вкусови и недостатоци во педен претеран облик. Кон идејата за натчовекот пристапува од погрешен агол, или се зема премногу едноставно, само на едно ниво, или премногу фантастично, без никаква врска со стварноста"[207]. Се оди доттаму да се смета дека во "Така зборуваше Заратустра" постои некаква теорија за војна, "не ве советувам за работа, туку за борба. Не ве советувам за мир, туку за победа. Вашата работа нека биде борба, вашиот мир победа! .. А јас ви велам: **добрата војна посветува сé**". (ТЗЗ : 50) И покрај тоа што многу добро знаеме каков е односот на Ниче кон Германците (во "Еве го човекот"), сепак тие го искористија нивото на народот, не само германскиот, кое и денес не може да ја разбери оваа идеја, за натчовекот да го претставаат како претставник на германската ариевска раса. Овде лесно можеме да направиме споредба со воинот Арџуна кој е советуван од Кришна да се бори на **бојното поле на Курукшетра** против своите најблиски, во епот Бхагавад Гита или Песна за Бога, позната во индуската филозофија од I или II век п.н.е. Се разбира, тоа е војна на човекот со своите слабости и **врзаности за нештата и суштествата, односно со врзаноста за блиските** околу себе.

Сепак, фантазијата на обичниот човек го насликала натчовекот како горостас со херкуловска снага и екстремна долговечност.[208] **Затоа со концептот за натчовекот сакам да ги редефинирам особините на натчовекот со тоа што издигнувањето на човекот кон натчовекот го поставувам како развиток на внатрешниот човек, или еволуција на свеста која е една апсолутна вредност и која единствено може да се развие во човекот**, односно човечкото тело и никако да се развие независно од него. Меѓутоа, се сложувам со Успенски дека внатрешниот раст на човекот е издигнување кон натчовекот кој не се одвива само во еден правец. Смислата на редефинирањето на концептот за натчовекот, а со тоа и на вредностите е во мојата намера да преку своите аргументи, кои произлегуваат од моето долгогодишно искуство на практикување на јогата и скоро тресетгодишно

[207] Ibid., cit., str. 147-48
[208] Ibid., cit., str. 149

проучување на Ничеовиот концепт за натчовекот во кое се создаде едно мое интуитивно согледување на неговата идеја што е можеби најпотребното за интерпретирање на неговата идеја, односно за откривање на некои тајни на Ниче кои ни откриваат дека "идејата за натчовекот" за која досега се кршеа многу копја, всушност, дека е длабок концепт на хиндуската духовна култура, односно индиската филозофија и религија, посебно на адваита веданта филозофијата (филозофија на недвојност) и јогата како методи за внатрешен раст на човекот, односно доживување на состојба на самореализација или самади (просветление). На едно место во своето дело Новите модели на универзумот, издадено **во 1931 год., триесет и една година после смртта на Ниче, Успенски ќе рече: "Никогаш не најдов, дури ни во неговата биографија или неговите писма, било каква индикација дека тој ја познавал современата "окултна" литература. А очевидно е дека добро ја познавал и ја искористил"**[209].

Овде би го поставиле прашањето зошто сметал Ниче дека треба индуската култура да ја постави над александриската, односно сократовската култура, кога знаеме дека тој рекол дека будизмот е сто пати понедекадентен од христијанството, но дека и тој е догма. И колку да сакаме да веруваме дека делото Така зборуваше Заратустра нема никаква врска со христијанството и источната индиска религија затоа што Ниче го одбрал името на персискиот мудрец и пророк Заратустра, сепак тој најверојатно сметал дека "змијата, златното сонце и орелот" преку нивниот спој го носат човекот до состојба во која се искачува до натчовекот. За Ниче, не би било можно вакво влијание на индуската култура, ако претходно не се обидеше да ја критикува сократовската култура и христијанството при што самиот се нарекува **"јас сум антихрист", "јас сум првиот иморалист"**.

Кога Ниче вели дека своето дело Така зборуваше Заратустра е генијално дело кое нема врска со неговите други дела, тоа го сметам за донекаде точно затоа што токму односот на Шопенхауер кон источната филозофија го привлече Ниче кон филозофијата. Доказот за оваа негова инспирација можеме да го видиме многу лесно. Кога велиме дека декадентната или болната европска култура ја нарекува сократовска култура во "Раѓање на трагедијата", а со оглед на неговиот негативен став кон Сократ кој "го убива Дионис", не ни останува друга култура освен индуската култура. Во Затемнување на идолите, зборува за слободните филозофи и **хермитите кои имаат акумулирано најповеќе волја за моќ. Немаме докази дека Ниче измислил нова религија ниту пак нова филозофија претставувајќи го концептот за натчовекот**, ниту пак тоа се само "нафрлани фрагменти" како што некои автори "љубат" да кажат.

Големиот број на параболи покажуваат за неговото длабоко духовно доживување на себеси во **идентификацијата со творецот**, односно во неговата потрага по себеси и себенадминувањето **за да може да стане она што е - натчовек - Браман**. Емоционалноста на натчовекот, т.е. **неговата способност**

[209] Ibid., cit., str. 154

**да чувствува,** вели Успенски, **далеку ја надминува обичната човечка емоционалност.**[210] Јас одам уште подалеку од Успенски, моето искуство ми докажува дека неговите бројни духовни доживувања, посебно преку параболите со кои делото обилува, се длабока филозофија која Ниче не ја измислил туку му била телепатски наметната, односно наметнувана во подолг временски период, на сличен начин како што во индискиот традиционален **гуру - кула систем** (учител - ученик) се пренесува духовното знаење на оние избраните, ретките поединци кои светот денес ги знае, со што сметам дека уште повеќе се зацврстува пораката преку значењето на ова оригинално испеано дело. Таквото телепатско пренесување на знаењето може да биде изведено преку медитација, или во живо без медитација и свесност дека некој го пренесува (како што Ниче зборува за својата идеја за вечното враќање која му дошла шетајќи се покрај езерото Силваплана во 1881 г.), преку сонови и преку визии. Затоа Ниче собира сила да му рече на човештвото, **"Вие сте толку туѓи со својата душа за сѐ што е големо што натчовекот би бил страшен за вас во својата добрина!"** (ТЗЗ ; 149) Исто така лесно му е да каже "бог е мртов", Јас сум "иморалист" и јас сум "антихрист". Навистина, постои некаква логика кога некој е избран да му се пренесе едно духовно наследство без "филозофот со чекан" да коленичи, богомоли и се покорува што и одговарало на неговиот силен темперамент и бунтовен дух, а притоа и самото неколеничење, небогомолство и непокорување да биде дел од длабоката филозофија кога натчовекот, односно бог го бараме во себе и, се разбира, нема кому да се поклонуваме, "ти си најпобожниот меѓу безбожниците", ќе му рече ислужениот папа. Ако прифатиме дека Ниче ја следел **адваита Веданта филозофијата на недвојност каде при спојот на Јаството со Браман, спознавачот, предметот на спознание и спознатото се Едно**, тогаш кому човекот да се поклонува? Зарем поклонувањето не треба да биде симболика на тоа како ние му одговараме на Творецот дека "сме разбрале дека на земното треба да гледаме со очи на Бог, одозгора, па поклонувајќи се тоа и го правиме, исто како што книгата која ја напишал Творецот ја гледаме одозгора кога ја читаме? Зарем поклонувањето или покорното коленичење не покажува дека ние сме одделени од натчовекот во себе? Тогаш со едно вакво разбирање на истото не би требало ни да коленичиме, и покрај тоа што "добриот" христијанин би ни рекол дека со тоа покажуваме "гордост" пред бога. А што се случува ако е бог во нас па ни се налути затоа што сметаме дека е тој далеку од нас зарем не е тоа поголем грев, **"бог е толку далеку од нас колку што ние го сметаме дека е"**, тоа е смисолот на нашата вера. Всушност, ако натчовекот е неговата сопствена душа или Јаство, тогаш кому би се поклонувал човекот?, **"О душо моја, ти ја одзедов сета покорност, коленичење и богомолство..."** (ТЗЗ ; 232)

Меѓутоа, како да го разбере ова некој од ниво на човек кој никогаш немал вакво духовно искуство? Оттука и сомнежот во Ничеовиот натчовек. Како прво тој доаѓа од карактерот на Ниче и неговиот силен темперамент

[210] Ibid., cit., str. 160

преку кој тој нихилистички настапува кон вредностите на европската култура и кон постигнувањата на своите современици. Ударите на "филозофот со чекан" навредуваа, повредуваа и сеуште повредуваат, рушат и уништуваат како Шива кој го уништува старото за да го изгради новото. Тие предизвикуваат лудило кај нападнатиот, предизвикуваат несигурност кај оние медиокритети во толпата, предизвикуваат бес и одбивност за пораките на овој смел борец кој собрал "од некаде" сила за да му се спротивстави на светот. Дури и оние кои чувствуваат восхит од ваквиот негов однос, не можат да разберат што сакал да постигне со својот натчовек.

Повторно, парадоксалноста на Ничеовиот гениј предизвикал тој да не може да биде разбран: - Дали е Ниче Заратустра? Како може еден толку "нетолерантен" човек да биде толку духовен кога се знае како треба да изгледа ликот на еден духовник? Ако Ниче сакал следбеници зошто тогаш ги брка од себе учениците прво да се најдат себеси? Од друга страна пак Исус ги вика, "оставете ги мртовците да ги закопуваат своите мртовци", а вие кои сте подготвени тргнете со мене. Ниче го започнува својот "Така зборуваше Заратустра" со мртвиот труп кој го носи да го закопа, а притоа му вели дека не сака мртовци за сопатници. Сепак, мораме да признаеме дека ова едно длабоко филозофско и религиозно дело и не би можеле христијанските верници кои припаѓаат на толпата да судат за истото. Успенски оди доттаму да смета дека Ниче "не сфатил, или не сакал да сфати, дека неговиот натчовек во голема мера е производ на христијанската мисла, односно Ниче воопшто не бил искрен, ни спрема себе, дека таа била извор на неговата инспирација"[211]. Сепак, сметам дека неговата инспирација - христијанската мисла или второто доаѓање на Исус Христос, таа е наметната одозгора, наметната е од далеку постарата, индиската филозофска и религиозна мисла која не се откажува, и и те како води сметка за "својот ученик" Исус Христос. Дали таа со право тоа го прави не е тема на мојот докторат, но дека е за доброто на човештвото и неговата еволуција на свеста, интуитивно сметам дека волјата за моќ за која Ниче толку многу зборува, води кон таа цел - редефинирање на вредностите, и/или натчовекот.

Ако ја следиме мислата на Успенски, "секоја идеја е сложена и суптилна машина". За да знаеме како со неа да ракуваме, неопходно е, пред сѐ, да поседуваме доста теоретско знаење, и големо искуство и практична обука. .. Ако идејата се разбери погрешно, таа остава погрешен траг. Тоа не е грешка на идејата туку на пристапот кон идејата. Тогаш, во што се состои правилниот пристап? Кога идејата за натчовекот има допирни точки со проблемот на времето и идејата за бесконечност, не е можно да се допре идејата за натчовекот без да се разјаснат начините на пристап на проблемот на времето и идејата за бесконечност. Проблемот на времето и идејата за бесконечност го содржат законот на делување на таа машина. Каде да трагаме за исправно разбирање на "времето" и "бесконечноста"? Кои патишта водат натаму? **Кои патишта водат кон иднината која постои сега?**

[211] Ibid., cit., str. 154

Каде да најдеме исправни методи на постапување со нив? **Каде да најдеме исправни методи за постапување со идејата за натчовекот? Тоа се прашања на кои современата мисла не дава одговори. И каде да го бараме "времето" и "бескрајот"? Повторно во човековата душа, тоа е одговорот на древните учења. Сé е во човекот и нема ништо надвор од него.** Како да се разбери ова? Времето не е состојба на постоење на универзумот, туку единствено само како состојба на гледање на светот со нашиот психички апарат, кој на светот му ја наметнува состојбата на времето, инаку психичкиот апарат не би бил во состојба да го појми. Всушност, бескрајот е внатре во човекот. Свесно продирајќи во својата душа, **тој може да ја најде бесконечноста внатре во себе, може да стапи во контакт со него и да влезе во него. Ако бескрајот лежи во човекот, тогаш тоа значи дека "иднината" и "натчовекот" се во неговата душа, и може да ги најде ако ги бара на исправен начин**. Близината или **оддалеченоста на човекот од натчовекот** не лежи во времето туку во човековиот став кон таа идеја, но не само во менталниот став, туку во активниот и практичниот став кон таа идеја. **Човекот не е одделен од натчовекот со времето туку со фактот дека не е подготвен да го прими натчовекот. .. Градењето на иднината, служењето на иднината**, се само симболи на човековиот став кон самиот себе, кон сопствената сегашност. Јасно е дека ако се прифати таков поглед и се признае дека иднината е содржана во самиот човек, **ќе биде наивно да се запраша: што имам јас со натчовекот. Очевидно е дека човекот има работа со натчовекот, затоа што натчовекот е самиот човек, вели Успенски.**[212]

Идејата за натчовекот, гледана само од надвор е тешка и опасна, исто како што е тешка и опасна ако се гледа само од внатре. Разбирањето на идејата за натчовекот само како внатрешно постоење, која го разделува човекот од животот, ако е потребно само да се нурнам длабоко во себе за да го најдам, тогаш каква корист да го барам надвор од себе? ... **Човекот го наоѓа натчовекот внатре во себе кога ќе почне да го бара надвор од себе, и може да го најде натчовекот надвор од себе кога ќе почне да го бара во себе**, вели понатаму Успенски.[213] Ако човекот го реконструира својот живот тогаш во себе ќе може да ја насети идејата за натчовекот во сопствената душа. Во него исто така постои минатото, сегашноста и иднината кои се преточуваат во вечното враќање и вечноста. Човекот на сегашноста како што Ниче го нарекува човекот е претставник на толпата и трагач по едното, односно човекот треба да се надмине себеси и да ја доживее состојбата над доброто и злото, или да ја доживее својата средба со натчовекот во себе.

Тогаш веднаш се наметнува прашањето, од една страна, зошто токму Ниче е избран за медиум, а од друга страна, гледаме дека и тој се борел за да ѝ рече на судбината, "Да!" "Да!" "Да!" И на крајот зошто судбината му наметнала помрачување на умот? Одговорот можеме да го најдеме само во Кундалини јога, метод на јога кој зборува за разбудување на примордијалната

[212] Ibid., cit., str. 171
[213] Ibid., cit., str. 173

енергија во телото која ги пронижува чакрите или седумте енергетски центри на трансформација распоредени од дното на 'рбетниот столб до врвот на главата. Ниче, исто така ни зборува како патот го води творецот преку "седумте ѓаволи". **Самотнику, ти одиш по патот кој води кон самиот себе! А патот те води крај самиот тебе и крај седумте ѓаволи!... Самотнику, ти одиш по патот на творецот; сакаш од твоите седум ѓаволи да си создадеш еден бог!"** (ТЗЗ : 68)

На крајот, зошто натчовек, а не бог? Зарем затоа што христијанскиот бог не му помогна на европската култура, затоа што го натера христијанинот го замени бог со христијанскиот свештеник на кого му се поклонува како на претставник на Исус Христос, затоа ли се создаде декаденцијата во Европа? Затоа ли вели Ниче дека 'сите ние го убивме бог, да живее натчовекот?' Меѓутоа, толпата го најде натчовекот за пречка во задоволувањето на своите потреби во животот исто како што го најде за одбивно логото "Спознај се себеси". Со векови човекот се спознава себеси и никако да се спознае. Денес многумина интелектуалци сметаат дека тоа е само една обична фраза. Логичен би бил одговорот "нам ни е тешко да се спознаеме себеси, а камоли да станеме натчовек". Но Ниче, излезот од декаденцијата на европската култура го видел токму во освестувањето на поединецот за постоењето на пат нагоре, преку сопственото срце и глава, "јас и, ако зборуваме сериозно, **никој пред мене не го знаеше вистинскиот пат, патот нагоре**: само после мене човекот уште еднаш ќе ја најде надежта на животот, задачите и патиштата кои водат кон културата - на кои јас им сум радосниот предвесник"[214]. **Патот нагоре** е патот на самореализацијата кога човекот ја наоѓа вистинската среќа и блаженство. Ниче, овде многу јасно зборува дека за постигнување на самореализацијата потребен е инструментот - човечкото тело, како што тоа го прави методот на хата јога, или физичката јога (види концепт на јога за духовно созревање), **"Јас нема да тргнам по вашиот пат, вие што го презирате телото! За мене вие не сте мостови кон натчовекот!"** (ТЗЗ : 38)

Во четвртата глава Ниче на еден симболичен начин ни објаснува поконкретно како се прочистува од двојноста преку соочување со своите слабости во својата пештера која се наоѓа високо на планината каде ги лови и рибите во студената вода. **По која сила она што е високо е принудено да се спушти кај она што е пониско?** По истата таа сила просветлениот повторно се враќа кон своите собраќа по живот да им помогне. Светецот Заратустра, или **натчовекот** во Ничеовото **дело "Така зборуваше Заратустра"**, ја изразува својата љубов кон човекот преку повикување кон највисоката духовна и човечка цел "Дали си ти победник, дали си се совладал самиот себе, дали си станал господар на своите чувства и своите добродетели? Тоа те прашувам јас? Или преку твојата желба зборува животното и нуждата? Или осаменоста? Или незадоволството од самиот себе? ... На својата победа и своето ослободување треба да им градиш живи споменици. Треба да градиш

[214] Ecce homo, cit., str. 63

над себе. Но, прво мораш самиот да бидеш изграден, со исправено тело и душа". (ТЗЗ ; 50)

Човечкото тело служи за некаков експеримент во кој низ илјадулетијата се собрале огромен број заблуди и незнаење кои го оковале како во сопствен затвор. Затоа, според Заратустра, "Опасно е човек да биде наследник". (ТЗЗ : 80) Таквите заблуди и незнаења нашле плодна почва во традицијата. Човечкото општество е исто така експеримент, "тоа е опит, така учам јас - долго барање. .."

Концептот за Ничеовиот натчовек се обидов да го проследам преку негови ставови кои ги извлеков од неговото дело Така зборуваше Заратустра, а кои ги поделив на три дела:

1) Ставови кои го **дефинираат** местото на сегашниот човек во односот кон самиот себе, другите и целта, во кои спаѓаат:

- **Човекот е најсурово животно према самиот себе**
- **Човекот е мост, а не цел**
- **Бог е мртов, натчовекот нека биде вашата цел**

2) Ставови кои го **редефинираат односот на човекот кон натчовекот,** односно **односот на човекот кон вредностите и целта - самоспознавањето,** во кои спаѓаат:

- **Во потресот на старите народи бликнуваат нови извори**
- **Да процензуваш значи да создаваш**
- **Да спознаваш тоа е радост на оние што имаат лавовска волја**
- **Откажете се од учителот**
- **Духот е живот што се врежува во животот**

3) Ставови кои ја промовираат **волјата за моќ како инструмент за редефинирање на вредностите**

- **Волјата за моќ како најдлабока суштина на Битието**
- **Зборовите и тоновите се виножита и мостови меѓу она што е вечно разделено**

## 4.1.1. "Човекот е најсурово животно према самиот себе"

Ниче ја поставува и ја одговара **првата своја хипотеза, "Човекот е најсурово животно спрема самиот себе"** (ТЗЗ ; 228) Причината заради која човекот падна од "рајот" лежи во неговиот нагон, односно зад целокупното **човеково страдање** се кријат трите зла. Заратустра не освестува за трите зла кои во едно општество го хипнотизираат човекот. Тоа се **сладострастието, властољубието, и себичноста.**"Околу вас и околу вашите оброци секогаш има нечист воздух: затоа што во воздухот пловат вашите сладострасни мисли, вашите лаги и таинствености". (ТЗЗ ; 128) Затоа тој не сака да пие од истиот извор на задоволство. Ако за обичниот човек сладострастието е сладок

отров, за натчовекот и оние кои имаат лавовска волја тоа е "големо закрепнување на срцето и вино над вината чувано со голема почит". (ТЗЗ ; 196) "Животот е извор на задоволства; но онаму каде што пие збирштината сите кладенци се затруени. Јас го викам држава каде што сите пијат отров, добрите и лошите, држава каде што сите се сакаат самите себе; држава каде што бавното самоубиство се нарекува - "живот". (ТЗЗ ; 53) И покрај тоа што Заратустра ги избегнува овие три зла тој е свесен дека сладострастието може да биде употребено и за повисоки човечки цели кои можат да го трансцендираат човечкиот дух, а не да служи како човечка цел сама по себе. Ако за обичниот човек сладострастието е сладок отров, за натчовекот и оние кои имаат лавовска волја, "**во кои се јавува голема волја тоа е големо закрепнување на срцето и вино над вината чувано со голема почит**". (ТЗЗ ; 196) Овде Ниче, повторно зборува како дионискиот принцип не е одделен од аполонскиот принцип, што всушност во методите на јога семената течност не се исфрла, а во Тантра јогата, јогинот влегува во сексуален однос без да ја исфрла истата. (види I. 3.1.5. Контрола на сетилата)

Натчовекот интуитивно го знае патот до изворот на задоволството, а тој пат врви низ нечистотијата на животот и човечките постапки до она што е божествено и чисто во секој човек. "А ова е моето учење: оној што сака некогаш да научи да лета, мора прво да научи да стои, и да се јази и да танцува - не може летајќи да научи да лета". (ТЗЗ ; 115)

Затоа тој му препорачува на човештвото "Од сега нема да биде ваша чест од каде доаѓате туку каде одите! Вашата воља и вашата нога што сака да ве пречекори самите вас - тоа нека биде вашата нова чест!" (ТЗЗ : 211)

Трите зла се и причината заради која ´**човекот вечно ќе се враќа во овој еден и ист живот, ист во она што е најголемо и она што е најмало, за да го учи пак вечното враќање на сите нешта**´ (ТЗЗ ; 230) и му предлага, "О **човеку! Биди на штрек!... "Длабок е, длабок светов, подлабок одошто мисли денот лек. Длабока е неговата болката, знај - А радоста - подлабока од болката вечна, А сета радост сака вечност... "**. (ТЗЗ : 237) Затоа човекот е во двојност и сомневање. Оттогаш тој останува распнат помеѓу духот и телото.

## 4.1.2. "Човекот е мост, а не цел"

**Втората хипотеза на Ниче е врзана за двојноста на човекот, "Човекот е мост..., а не цел"** (ТЗЗ : 205). Ниче го зема човечкото тело како живеалиште на Натчовекот, но неговиот **ум е,** вели тој, **разделен помеѓу доброто и лошото, вистината и лагата** и затоа е постојано во **сомневање. "Човекот е јаже оптегнато меѓу животното и натчовекот - јаже над бездна."** (ТЗЗ ; 14) Тој е танчер на јаже оптегнато над бездна, а секое негово движење по јажето е опасно, "опасно е застанувањето, опасно е вртењето наназад, опасно е одењето напред", затоа што бездната е тука, **животинското во него постојано го прати. Натчовекот е неговиот "излез".** Танчерот паѓа и умира.

Денешниот човек, за Ниче е мртовец кој се движи и се бори за својата егзистенција и среќа, така било и во вековите наназад, "Речиси уште во лулката ни ги всадуваат тешките зборови и вредности: "добро" и "зло" - така се вика тој мираз. И поради нив ни се простува што живееме." (ТЗЗ ; 200) **Тој го презира секојдневието полно со мртовци, "Не ми требаат мртовци за сопатници"** (ТЗЗ ; 22). Заратустра симболично го **подига трупот на мртовецот** и го става на рамо. **"и навистина, тоа е за мене алфа и омега, сѐ што е тешко да стане лесно, секое тело да стане танцувач, секој дух да стане птица".** (ТЗЗ ; 241)

За да го достигнеме натчовекот во нас потребно е прво да добиеме свесност за сопствените заблуди, односно свесност за заблудите на умот човечки кој е врзан за материјалниот свет и му судат законите на истиот.

"И затоа својот сопствен ум - него треба самиот да го давиш и да го уништуваш: бидејќи тоа е ум од овој свет - така и самиот ти ќе научиш да се откажуваш од светот". (ТЗЗ ; 213) Ако ова човечко тело е преполно со заблуди и незнаење тоа е заради неговата врзаност за материјалниот свет кој не е закон за суштинската човечка природа која е претставена како свесност или "јаство" или Највисока Реалност - со еден збор - натчовек.

Но овде се поставува прашањето кој е и како треба да се следи законот на натчовекот? Одговорот е јасен "Вашиот дух и вашата добродетел нека и служат на смислата на земјата, браќа мои: и тогаш пак ќе ја воспоставите вредноста на сите нешта! Затоа треба да бидете борци! Затоа треба да бидете творци! **Телото се чисти со знаењето; обидувајќи се да спознае тоа се воздига; на оној што спознава му се посветуваат сите инстинкти; душата на оној што се возвишил станува радосна**. ..... Вие , што денес сте самотници и одделени, еден ден треба да станете народи; од вас, што се избравте сами, треба да израсне избран народ - а од него натчовек. (ТЗЗ : 81)

Додека вербата на духовниот аспирант во духовните учители и во бога претставува поттик, тој да ги контролира своите телесни страсти (желбата за претерување во алкохол, секс итн.) преку апстинирање, гладување и постење, за повеќето луѓе тоа е бесмислено затоа што тие се изгубиле во борбата со животните проблеми токму заради задоволување на таквите нагони. **Луѓето не можат да замислат некој да гладува и пости заради некаква контрола на сетилата со цел некакво самоспознание или откривање на тајната на животот.** Сепак постојат исклучоци кои се претставени преку една приказна која е добро позната кај оние што се занимаваат со јога: "еден овчар си нашол едно мало лавче и го одгледувал со останатите јагниња. Тие пораснале во овци и еден ден како што си пaселе ги нападнале лавови. Овците се разбегале во паника, а со нив и лавчето кое за себе мислело дека е исто како овците. Еден од лавовите го стигнал пред некоја вода и така преплашено го донесол до водата. Му рекол: "погледај се ти не си како другите, ти не си овца туку си како нас."

### 4.1.3. "Бог е мртов, натчовекот нека биде вашата цел"

Токму затоа Ниче во својата **третата хипотеза** ќе рече: **"Бог е мртов зарем вие самите не го убивте?.."** (ТЗЗ ; 88) Тој оди и понатаму за да ни образложи, "**Дали можете да го замислите Бог? Не можете. Тој е далечна претпоставка за Вас. Значи, "Бог е нагаѓање"**. Тој сега го нуди своето ново учење, "**Сакам да ги научам луѓето за смислата на н ивното битие: тоа е натчовекот**, гром од темниот облак што се вика човек". (ТЗЗ ; 20) **Нему не треба да му се покорувате, поклонувате и да го молите,** вели Ниче, **"О душо моја, ти ја одзедов сета покорност, коленичење и богомолство..."** (ТЗЗ ; 232) Има една мисла на Саи Баба - "Why fear when I am here" ("Зошто се плашите кога јас сум тука") Ниче не ослободува од сите поими кои предизвикуваат страв и го инхибираат духовниот раст на човекот, **"со бурата што се вика "дух" го разбранував твоето море, ги растерав сите облаци, го задушив дури и крвникот што се вика "грев"**. (ТЗЗ ; 231) Ваквиот нов однос кон Апсолутот, веднаш предизвикува револт кај верниците, но затоа пак, научниот дух е многу задоволен, освен што му останува **сомнежот "за каков идол станува збор?"** Нешто Ниче мати, зборува за некаков идол - Натчовек, кого треба човештвото да го следи. "Вие сте толку туѓи со својата душа за сè што е големо што натчовекот би бил страшен за вас во својата добрина!" ама без да треба да му се покорува. Убаво е тоа, си велат, прекрасно, уште повеќе што Ниче ќе "не научи и за што поголема "Волја за моќ". Повторно Ниче нешто мати, "**светот не се базира ниту врз волја за живот, ниту пак врз волја за вистина туку врз волја за моќ."**, вели тој.

Влијанието на концептот на јога врз духовното созревање на човекот има субјективен смисол и не може да се бара некаква причинско-последична врска со општествениот систем во целина. Предмет на духовните науки е целовитоста на свеститe, односно целовитоста на личноста преку свесна, во основа, духовна активност која е вредносно насочена а предметот го сочинуваат човечките постапки кои се одликуваат со **свесност** и **смисловност.**

## 4.2. РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ И ВОЛЈАТА ЗА МОЌ

### 4.2.0. ЗА ВРЕДНОСТИТЕ:

### Воздржување, храброст, мудрост и праведност

Платоновото објаснување и редефинирање на доблестите е изведено од една комплексна теорија без која не би можеле да разбереме што е тоа доблест. .. Секој дел од душата треба да си ја врши сопствената специфична функција. Телесните апетити треба да го прифатат **воздржувањето** што го наметнува разумот. Доблеста што притоа се појавува се вика **софросине.** (1) **Дека продуховената доблест која реагира на предизвикот на опасноста, кога реагира онака како заповеда разумот, се појавува како храброст - андреија** (2) Самиот разум кога е дисциплиниран со математичко и дијалектичко истражување така што може да го разлачи по себе она **што е праведно, што е убаво самото по себе и пред сите други форми, што е формата за Доброто, ја изложува својата специфична доблест софија** (3). **мудрост.** Овие три доблести можат да се покажат кога ќе се изложи и четвртата, (4), доблеста **дикаиосине,** која е многу поинаква од било која наша концепција за **праведноста**. Теоријата на Платон ги поврзува доблестите со политичката практика на една идеална, а не реална држава. [215]

### Највисоко добро - евдаимонија

Аристотел пак, се занимава со "доброто во човекот". Тој му го дава името **евдаимонија** - превод, **благословеност, среќа, благосостојба. Тоа е онаа состојба во која на човекот му е добро, во која прави добро со тоа што му е добро, и во однос на себеси и во однос на божественото.** Но кога Аристотел му го дава за прв пат името на доброто за човекот го остава неодговорено прашањето за содржината на евдаимонија. Но остварувањето на доблестите не е, во оваа смисла, средство што е насочено кон доброто за човекот, како кон цел. **Она што го сочинува доброто за човекот е еден потполн човечки живот, живот што е живеен колку што е можно подобро, а доблестите се нужен и централен дел од еден таков живот, а не само подготвителна вежба што ќе ја обезбеди неговата реализација.** Според тоа ние **не можеме соодветно да го окарактеризираме доброто за човекот, а притоа, веќе да не сме укажале на доблестите.** За Аристотел нема смисла да **постојат некои средства за достигнување на доброто за човекот без примена на доблестите.** Според **Аристотел, интелектуалните доблести се здобиени преку учење, а**

[215] Мекинтаир, Алесдер. *Кратка историја на Етиката : (кратка историја на филозофијата на моралот од Хомерово време се до дваесеттиот век),* Скопје Аз-буки, 2004, стр. 188-189

**доблестите на карактерот преку навиките.**[216] Се поставува прашањето **дали може да се оправда Аристотеловата етика или нешто многу слично на неа?**

## Вера, љубов и надеж

Во етичките системи на најпознатите старогрчки филозофи и моралисти, **Платон и Аристотел, верата и љубовта не се наоѓаат во доблестите.** Христијанството ги донесе трите доблести: **вера, љубов и надеж**. Нивниот технички назив е "**богословски доблести**". Католицизмот под влијание на Св. Августин и Тома Аквински предност му даваат на љубовта пред верата. Тие ја поддржуваат тезата: **fide formata caritate**. Според Августин **љубовта кон Бога е суштинска доблест, оттука сите други доблести** се содржат во љубовта или се нејзино откритие. И покрај тоа што во православното христијанство верата е првиот степен љубовта е решавачка и во себе го содржи совршенството. [217]

Како и секоја друга доблест така и христијанската вера не се задоволува само со тоа да биде свесно-слободно прифатена. **Определувањето на човековата волја само низ еден свесно-слободен акт може да има само чисто формален или морално произволен карактер, значи да не поседува висока морална вредност.** На структурата на доблеста му припаѓа таква свесно-слободна определеност на човековата волја, која произлегува од длабоко убедување врз основа на возвишени мотиви која се зацврстила како трајно духовно расположение и активна работна сила во човекот. **Мерило на вистинската доблест не е теоријата туку практиката.** ... Секоја морална љубов а посебно љубовта како христијанска доблест во себе ја содржи верата. **Моралната љубов на повисок степен како што е христијанската љубов е несебична, бестрашна и самопожртвувана**. Таа ја цени и почитува личноста на секој човек и му служи верно. Во секој човек го гледа својот брат...[218] Љубовта помеѓу Бог и човекот се карактеризира како **постоење на Бог во човекот и на човекот во Бога со помош на кое се создава совршено мистично реално-единство.** Исус Христос вели дека преку тајната на божествената љубов се соединува со Неговото пречисто тело и крв, стои во мене и јас во него. (Јов. 6:56)

**Вредноста на христијанската љубов кон Бога е највисока религиозно-морална вредност бидејќи го поставува човекот во духовен однос кон - Највисокото битие и највисокото добро.** Ниедно друго религиозно доживување не може да го издигне човекот до неговиот божествен Праизвор, како љубовта. .. На крајот се заклучува дека љубовта кон Бога е таинствена

[216] Ибид., цит., стр. 198-99
[217] Панчовски, Иван Г. *Етика хришћанске љубави : етичка генеалогија и аксиологија,* Ниш : Просвета, 1973, стр. 131-32
[218] Ибид., цит., стр. 139-40

сила која го врзува оној кој верува со Бога уште на земјата...[219] **Нашата љубов кон Бога е одговор на Божјата љубов кон нас.**

Аристотел сметал дека е бесмислено и спротивно на разумот да се верува во постоење на љубов помеѓу Господ и човекот. .. Сепак тој до крај не останал верен на оваа теза... Во **"Никомаховата етика"**, каде ја образложува тезата дека љубовта постои само помеѓу еднакво-родените суштества, сепак се допушта однос за некаква љубов помеѓу Господ и човекот. Таму тој пишува: "Односот на децата кон нивните родители како и односот на луѓето кон боговите е пријателство со доброто и нужното...[220] **Емануел Кант** смета дека "љубовта кон Бога како наклоност, патолошка љубов, не е можна затоа што Бог не е предмет, достапен на сетилата"[221].

Во филозофското творештво на Ниче, изразот "Бог е мртов" може да значи дека со појавата на модерната техника и масовна урбанизација се разнишале традиционалните општествени структури и се уништија културните величини, во кои се доживуваше светото. Затоа богот на христијанството е мртов. Зборот Бог може уште да се употребува, но како метафора. Кај таквата состојба не може да се зборува разумно за љубовта на човекот кон Бога како за реален духовно-заемен однос.

Во **Веселата наука**, Ниче ѝ се потсмева на идејата за втемелување на моралот врз внатрешните морални чувства, врз совеста, од една страна или врз кантовскиот категоричен императив, врз можноста за универзализација, од друга страна, "**Но ние сакаме да станеме тоа што сме - човечки суштества кои се нови, единствени, неспоредливи, кои си наметнуваат на себеси закони, кои сами се креираат**"[222]. Моќта на **Ничеовиот став, е во согледувањето дека сите рационални оправдувања на моралот претрпуваат очигледен неуспех, бидејќи во основа тоа се нерационални феномени на волјата, односно израз на субјективната волја.** Историското достигнување на Ниче се состои во тоа што појасно од било кој друг филозоф ги разбрал **проблемите на филозофијата на моралот.** Основната структура на неговиот аргумент гласи: ако во моралот има нешто друго освен изрази на волјата, мојот морал може да биде само она што го создава мојата волја. Во неа нема место за некои фикции како природни права, полезноста, најголема среќа за најголем број луѓе и така натаму... [223]

Рационалниот и рационално оправданиот автономен морален субјект од осумнаесеттиот век е фикција и илузија; па затоа заклучува Ниче, "**нека волјата го замени разумот**." Овој проблем ќе биде јадрото на филозофијата на моралот на Ниче. Според Ниче, Аристотеловото објаснување за етиката и политиката треба да се спореди со сите оние дегенерирани маскирања на волјата за моќ што произлезе од погрешното скршнување на Сократ. .. На

[219] Ибид., цит., стр. 161-63
[220] Ибид., цит., стр. 158
[221] Ибид., цит., стр. 159
[222] Gay Science, (266)
[223] Макинтаир, стр. 153

преминот меѓу петнаесеттиот и седумнаесеттиот век оваа Аристотелова размисла моралната традиција ја отфрлила. ...[224] Кант бил во право; историски факт е дека моралот во осумнаесеттиот век претпоставувал нешто многу слично на телеолошката шема на Бог, слободата и среќата како конечна круна на доблеста што Кант ја заговара. Откачете го моралот од таа шема и веќе нема да имате морал; или, во најмала рака, радикално ќе го трансформирате неговиот карактер.[225]

## Љубов кон самите себе - Самоспознавање

Вашата лоша љубов кон другите е
вашата лоша љубов кон самите себе.

**Од психолошко и етичкогенетичко гледиште љубовта кон самите себе стои на второ место во христијанските доблести, таа доаѓа веднаш после љубовта кон Бога. .. Должноста да го сакаме Бога е "првата и најголема заповед". .. Исус Христос вели дека втората заповед е сакај го ближниот - љубов кон ближниот, а се смета дека трета е љубовта кон себеси. "Правете им го на другите она што сакате да ви го прават вас" (Лук. 6:31) (Мат 1:12)[226] Љубовта кон самиот себе не е можна без самоспознавање. На тоа христијанството му дава и поттик. Само преку него човекот може да се сака себеси и да го сака ближниот.[227] "Зошто ние ги осудуваме своите браќа? - прашува преподобниот Серафим и одговара - затоа што не се грижиме да се спознаеме самите себе. Оној кој е зафатен со спознание на самиот себе, нема кога да ги забележува другите". .. (стр. 116 СВЕТИ СЕРАФИМ САРОВСКИ, Н. Левитски, Скопје : Ѓаконија, 2004)**

Ниче е длабоко свесен дека човекот не може да тргне на патот на самоспознанието доколку е врзан во толпата, доколку е врзан како медиокритет: "**заповедав да ги скршите добрите и нивните плочи: дури тогаш го преведов човекот на неговото широко море. И за него дури сега доаѓа големиот страв, големото обѕирање, големата болка, големата одбивност, големата морска болест**". (ТЗЗ : 222) Големата одбивност на човечкото Его кон самореализацијата е неговата прва и најголема пречка, "На морето владее бура: **сé е во морето. Храбро! Напред! Вие стари морнарски срца**!" (ТЗЗ ; 223)

Во самиот израз, "стари морнарски срца" се крие и предодреденоста на оние кои можат да се ослободат од оковите на заблудата на материјалниот свет. Само на оние на кои им е дадено тоа ќе тргнат по патот, додека пак другите ќе останат оковани од сопствениот страв и самоспознавањето ќе биде

[224] Ibid., cit., str. 157
[225] Ибид., цит., стр. 79
[226] Панчовски, цит., стр. 117
[227] Ибид., цит., стр. 175

нешто одбивно за нив, нешто туѓо, нешто што ќе им го попречува задоволувањето на нивните желби и материјални потреби.

## 4.2.1. РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ - ОДНОСОТ НА ЧОВЕКОТ КОН НАТЧОВЕКОТ

Во својот концепт за натчовекот, Ниче посебно место му дава на телото, срцето и главата, зашто искачувањето до него е "по сопственото срце и глава" како што и Јован Скалник кога зборува за својата скала од 30 скалила ќе рече: качувајте се браќа по срцата свои". Ставовите на Ниче во поглед на редефинирање на вредностите, односно односот на човекот кон вредностите и целта - самоспознавање, всушност е **промовирање на односот на човекот кон натчовекот**.

Сликата со Зараутстра кој го носи мртовецот со себе и неговото размислување за духовното ниво на човекот во светот јасно зборува за вредностите кои ја предизвикаа декаденцијата на европската култура. Ниче истовремено го покажува својот оптимизам кога го подига мртовецот на рамо. **Тоа е неговиот прв чекор кон превреднување на вредностите.** Во една прилика едно момче ме запраша **која е разликата помеѓу нагонската и духовната енергија**. Мојот одговор следеше преку еден едноставен пример. Кога пред тебе гледаш една девојка, ако нејзината привлечност предизвика во тебе сексуално чувство, кое ја обзема твојата долна половина на телото тогаш те обзела нагонската енергија. Ако нејзината привлечност во тебе предизвика подлабоки чувства тогаш тие го обземаат срцето, односно енергијата е подигната на горната половина на телото, **"самите вие да постапувате како што постапува мајката со своето дете, тоа нека биде вашиот збор за доблеста"** (ТЗЗ ; 99)

**Првиот чекор кон превреднувањето на вредностите е повикот на Ниче човекот да стане мајка која го љуби својот плод, своето дете.** Односот на мајката и детето е нејзината безусловна љубов. Сликата на мајката богородица со дете в раце е и слика на подигнување и негување на енергијата на ниво на срцето. Подигнувањето на сексуалната енергија од пределот на сексуалните органи до врвот на главата, во системот на јогата се нарекува трансформација на енергијата во духовна енергија, или "оџас". Во Таоистичката јога, исто така, машката сексуална енергија се негува преку сексуален однос во кој наместо семената течност да се исфрла надвор таа се насочува нагоре кон врвот на главата. Се смета дека падот, односно исфрлањето на семената течност е и пад на човекот, односно човекот кој не може да ја контролира истата **не покажува потенцијал за реално ценење на вредностите**, "а постојат и такви кои влечат надолу: нивните ѓаволи ги влечат. .. а постојат и такви кои одат тешко и чкрипат како кола која вози камења по надолнина: таквите многу зборуваат за достоинство и за доблеста -

своите кочници ги викаат доблест". (ТЗЗ ; 98) Малку потопол туш праќа Ниче до оние кои не можат да ја подигнат енергијата повисоко до срцето, а сепак имаат потенцијал за доблест, "нивните колена се секогаш готови за боготворење, а нивните рацe ја величаат доблеста, но нивното срце не знае ништо за тоа. .. и секој би сакал да биде познавач на "доброто" и "злото".

Очевидно е дека на Ниче му се дадени, односно дарени "нови играчки", "единствено јас го имам мерилото за вистините, само јас го знам патот нагоре[228], Ниче ни открива уште една вистина во поглед на минатото, односно **колективната потсвест[229]** Сегашноста е исто така минато во следниот миг и тој смета дека тие припаѓаат на долниот дел од телото, "навистина, сето Вчера и Денес мириса на збирштина што драска. .. навистина, морав да летам до она што е највисоко за да го најдам повторно изворот на задоволство. .. **своето гнездо го виеме на дрвото на иднината**". (ТЗЗ ; 101) Значи ли тоа дека "новите играчки" на Ниче дошле "преку иднината", додека "**сите нешта се крстени во бунарот на вечноста и од другата страна на доброто и злото**". (ТЗЗ ; 172) Ниче, иронично го нарекува "човекот на сегашноста" "врвен човек", а за да ни каже дел од тајната на иднината која исто така се наоѓа во човечкото тело кое е составено од елементи кои потекнуваат од земјата и после смртта се враќаат назад, "Но оној што ја открил земјата "Човек", ја открил и земјата "Иднина"... Каква татковина! Нашето кормило се стреми онаму каде што се наоѓа земјата на нашите деца. **Таму не носи, побурно од морето, бурата на нашиот голем копнеж"**. (ТЗЗ ; 222-23)

Нашето дете е таму каде што треба да го виеме своето гнездо. Тоа е на горниот дел од телото - срцето и главата. Ова не е само некаква моја интерпретација туку тајна која ете и Ниче ја добил и ја искажува преку следните зборови: "Она што молчело кај таткото, проговара кај синот; и често ја наоѓав кај синот откриената тајна на таткото". (ТЗЗ ; 103) Кога зборуваме за таткото и синот кој се наоѓа горе во гнездото, зборуваме за **јаствотo кое е идентично со Браман, односно таткото**. Вистинските вредности може да ги знае само тој кој може повторно да ја воспостави врската со вечното јаство, а ´бурата на големиот копнеж не носи онаму каде што е нашето дете´, "**прогонет сум од земјата на татко ми и на мајка ми**". .. така ја сакам уште земјата на своите деца, неоткриена, **во најдалечното море, неа ја бараат и ја бараат моите платна**". (ТЗЗ ; 126) Во една прилика откако се вратив од мојот престој кај индискиот духовен учител Саи Баба, една девојка ме запраша дали го видов Саи Баба. Мојот одговор беше "Да, и тоа

[228] Ecce homo, str. 63

[229] Николас Бакстон, во *Filosofija: Дали гледиштето на Јунг за Бог е нереалистично?*, Skopje : Univerzitet "Sv. Kiril i Metodij", 2002, I god. br.2, str. 71-82 ("Јас воопшто не верувам дека потсвесниот ум е само *мојот* ум бидејки терминот 'потсвесно' значи дека јас дури и не сум свесен за тоа" (Jung 1958, стр.39) Архетипските слики од потсвесното не го докажуваат постоењето на Бог; "Тие го докажуваат само постоењето на архетип ска слика за Бог. Која според мене е Најмногу што можеме да потврдиме за Бог, психолошки" (ЈУНГ 1958, стр. 59). и индивидуалната свест (Што се однесува до Јунг, потсвесното и неговата содржина не му припаѓаат на субјектот на ист начин како и свеста).

многу од блиску". "Тогаш зошто ми дојде Саи Баба на сон и ми рече: **"Николче ме бара, ме бара, му посинеа очите од барање"**.

Се разбира, најдалечното море е во човечкото тело, а не надвор од него што уште еднаш докажува дека човекот не треба да коленичи, богомоли и се покорува. Потрагата по вистинските вредности е внатрешна и резултатот, односно превреднувањето доаѓа од внатре. Што значат иднините? - тоа значи секој човек во себе носи по една иднина, за разлика од колективната подсвест каде сме имале повеќе животи во кои сме ја делеле судбината на човештвото. Сечија иднина содржи по едно јаство (составено од повеќе индивидуални "Јас" (деца) слеани во едно вечно јадро) и таквите јаства денес го прават човештвото, "**Јас одам меѓу луѓето како меѓу парченца на иднината: на онаа иднина што ја гледам јас**" (ТЗЗ ; 144) Достигнувањето и виењето на едно такво гнездо го можат само оние со силен копнеж нагоре кон небото. Тоа е и неговата цел, "Со своите деца сакам да го поправам тоа што сум дете на татко ми: а со сите иднини - оваа сегашност!" (ТЗЗ ; 126)

**Редефинирањето на вредностите не може да биде постигнато сé додека сме "прогонети од земјата на таткото и мајката"**. Прогонетиот или човекот на сегашноста живее во минатото, а и секое сега веднаш преминува во минато, " она што е **сега и она што е минато**, ах пријатели мои - за мене тоа е најнеподносливо: **и не би знаел да живеам кога не би бил пророк на она што мора да дојде**". (ТЗЗ ; 144) Ни дава и објаснување за натчовекот кој откако ќе биде реализиран може да превреднува, "**Пророк, оној што сака, творец, самата иднина и мост кон иднината**...". Овде Ниче, ни го дава и инструментот кој "**сака**" кој е "**творец**" и кој може да ги **редефинира вредностите** затоа што тој инструмент е врзан за **иднината и слободата, а не за минатото, за она што беше, тоа е волјата за моќ.** Таа не може да сака наназад, туку нејзиното сакање е насочено кон небото, таа се акумулира и го засилува бурниот копнеж за потрага и не ослободува од врзаноста за минатото, Редефинирањето на вредностите, исто така, се остварува со ослободувањето затоа што "**волјата се ослободува и не ослободува со следење на ногата на вистината**".

Во песната за умот Ниче на еден индиректен начин ни кажува зошто човекот не може да вреднува. Неговиот инструмент волјата (волјата за опстанок) заради колективната подсвест, преку навиката на умот, е "**со синџири врзана за човекот**" како што човекот е врзан за постоечките вредности преку традицијата на придржување кон одредена етика и морал. Меѓутоа, еден дел од неа која постепено се ослободува со своето сакање се стреми кон небото, "Но, пријатели, ја одгатнувате ли веќе двојната волја на моето срце?" (ТЗЗ ; 147) **Заратустра е распнат помеѓу традиционалните вредности и желбата за редефининирање на вредностите,** "Но, јас бев закован со љубовта кон своите деца: копнежот ми ја наметна таа јамка, копнежот за љубов, да станам плен на децата и да се загубам заради нив". (ТЗЗ ; 168) Меѓутоа, распетието создава болка и страдање, "кога сонцето на мојата љубов печеше над мене..., се разлетаа сенки и сомневања. .. моето минато ги скрши своите гробови и така се разбудија многу болки што беа живи

закопани... Ах, мисло од бездната, ти што си моја мисла". **Мислата е каменот што постојано паѓа надолу и затоа човекот не може да превреднува, "а кога ќе се превладеам себеси. .. ќе најдам сила и глас на лав што ќе те викне горе!"**

Овде не се работи само за една верба на Ниче за подобрување на човештвото, туку тој интуитивно знае дека човекот во себе ги носи врвните вредности, волјата за моќ го води кон **натчовекот кој и самиот е волја за моќ и врвна вредност која е сосема независна од просторот и времето - таа е вечна исто како што е вечно јаството**. Вистинскиот човек или како што Ниче го нарекува - натчовек, можам слободно да кажам дека има и второ име кое го гледам во оригиналноста на делото ("Еве го Човекот") или јас би рекол "Еве го Натчовекот", или "Еве го богочовекот". Зошто ваков превод? Апсолутот прикажан на триаголникот со своите крајни точки А,В и С, претставен е со буквата "С" (Це), односно (Це-Човек). Постои веќе познат пример и кај верниците на Саи Баба кои го употребуваат зборот Higher - С (Повисокото - Це) кога се мисли на Апсолутот, а исто така е познат и англискиот збор CLOVE што во превод е "пупка - цвет, или разложен С - LOVE, **се мисли на Божја Љубов**. Кога сме веќе кај Божјата Љубов,, интересен е еден факт што познавам еден човек - професор кој од љубов кон својата рано почината сопруга, на своето име си го има додадено името на неговата Цола - Ѓорги Димовски - Цолев (COLEV). На латиница во себе овај додаток ги има истите букви како C-LOVE.

**Ставови на Ниче кои го редефинираат односот на човекот кон натчовекот, односно односот на човекот кон вредностите и целта - самоспознавањето** се:

1. **Во потресот на старите народи бликнуваат нови извори**
2. **Да проценуваш значи да создаваш**
3. **Да спознаваш тоа е радост на оние што имаат лавовска волја**
4. **Откажете се од учителот**
5. **Духот е живот што се врежува во животот**

### 4.2.1.1. "Во потресот на старите народи бликнуваат нови извори"

**Прва хипотеза** е, "**Во потресот на старите народи бликнуваат нови извори**". "Оној што станал мудар на старите кладенци, ете тој надокрај ќе бара нови извори на иднината и нови кладенци,-" (ТЗЗ : 220) Овде Ниче индиректно наговестува дека е дојден часот кога тајните на Истокот веќе му се откриваат на Западот. Никаде во филозофската литература не најдовме автор кој толку силно и директно не се свртел кон себеси, во откривање на себеси, не се свртел кон докажување на самореализацијата, бидејќи до појавата на Така зборуваше Заратустра се сметаше само "некаква" метафизика, заради која пак "индиректно се напишани" толку многу филозофски и литературни текстови - токму заради таа љубов и цел - мудроста, а зборот самореализација беше срамежливо криен како тој да не

беше за европскиот дух. Затоа и секој автор можеше да филозофира и размислува како сака, "**никој не ми раскажува ништо ново: затоа си раскажувам за самиот себеси**". (ТЗЗ ; 203) "Мудроста заморува - ништо не се исплатува; **не треба да копнееш**! - таа нова плоча ја најдов обесена дури на јавните плоштади". (ТЗЗ ; 214) Метафизиката е некаква догма која во најдобар случај може да се нарече "парцијална наука", така вели западната филозофија, па затоа и мудроста почна да ги заморува западните филозофи. Ниче чувствува дека токму тој е повикан да "го скрши мразот" и на човештвото да им го пренесе она што Истокот го криел за тајна низ многу векови. "О браќа мои, **нема да мине многу време кога новите народи ќе исчезнат и нови извори ќе зажуборат во нови длабочини**". (ТЗЗ ; 220) Исус Христос го подари Новиот Завет на "новите народи", но тие, по сé изгледа, ќе треба да "се засрамат" за својата неспособност да ги разберат неговите пораки. "Болниот ѕвер" во човекот е премногу силен за да се надмине себеси и да се излекува. Истокот, повторно, преку своите духовни учители кои постојано доаѓаат на Запад, ќе мора да си ја доработи, или исполни својата дарма (духовна должност) и да му помогне на "братот" Запад да ја остави својата гордост и да ги насочи своите духовни потенцијали кон себеси.

Сакале или не сакале, еден ден ќе мора да ги **редефинирате своите вредности,** вели Истокот, "**заповедав да ги скршите добрите и нивните плочи: дури тогаш го преведов човекот на неговото широко море. И за него дури сега доаѓа големиот страв, големото обѕирање, големата болка, големата одбивност, големата морска болест**". (ТЗЗ ; 222) Големата одбивност на човечкото Его кон самореализацијата е неговата прва и најголема препрека. "На морето владее бура: сé е во морето. Храбро! Напред! Вие стари морнарски срца!" (ТЗЗ ; 223)

Меѓутоа, како да го разбереме натчовекот кој е предизвикувач на конфликти како во самите нас така и надвор од нас? Конфликтот се јавува заради долгата традиција на сфаќањето на доброто и злото. Народот досега не знаел за некаков си натчовек. Тој знаел за закон на добрина и справедливост иако никогаш не успеал да излезе од сопствената болка и страдање токму заради сопствената недоволна свесност. Ваквата предрасуда дека не постои нешто што ќе ги избави, освен долгоочекуваниот "надворешен спасител и сомилостив Бог", кај народот создал уште поголем оков околу вратот кој не му дозволува да видат дека неговиот спасител е внатре во него. Луѓето не само што не веруваат во натчовекот туку тие многу лесно би го распнале исто како што бил распнат спасителот кого дваесет века со нетрпение го очекуваат. "Погледнете ги добричиците и справедливците! Погледнете ги верниците на сите вери! Кого мразат тие најмногу? Оној што ги крши нивните скапоцени плочи, кршачот престапникот: - но тоа е творецот". (ТЗЗ ; 24)

Луѓето мораат да се стремат кон натчовекот затоа што тоа е и нивната општочовечка животна цел, а не да стојат настрана како натчовекот да е премногу голем и тој не се однесува на нив. Зарем поимот свето не му се дава на оние кои "излегле од калта". Зарем тие не излегле од редовите на луѓето.

Ако ние не можеме да бидеме свети во овој момент да му подготвиме почва на оние после нас, на нашите деца. "Народот смета дека она што му изгледа тешко заслужува пофалби; она што е неопходно и тешко се нарекува добро; а она што ослободува и од најголемата невола, она што е многу ретко, што е најтешко - тоа го слави како свето".

Ниче поаѓа од човештвото кое низ вековите не успеало да си избере една и единствена цел, тогаш, тој вели дека "не постои и самото човештво". За да го постави својот научен теизам врз здрави темели, тој поставува нови вредности, односно "нови играчки", но тие "играчки" не се за сечиј ум. Тие "играчки" не се за оние кои го презираат телото и кои сметаат дека "другиот свет" ќе им даде спас и утеха. Тие "играчки" не се за оние "муви на пазариштето" кои им ја кројат судбината на големите луѓе. Тие "нови играчки" не се ниту за медиокритетите во толпата, ниту пак, за оние верници кои имаат "ропска моралност" и се научени да ги следат свештениците како "пратеници на Бога". Тие се наменети само за оние кои се со "господарска моралност", за креативните "слободни филозофи", кои преку "сопствената крв" ќе акумулираат што повеќе Волја за моќ, за оние кои ќе страдаат и согоруваат и во најмалите доживувања, со една и единствена цел - да го достигнат Натчовекот во себе.

### 4.2.1.2. Да проценуваш значи да создаваш

> Да проценуваш значи да создаваш: слушнете го тоа, вие творци! Самото проценување е богатство и скапоценост на сите проценливи нешта." (ТЗЗ - 62-64)

Во својата **втора хипотеза, "Да проценуваш значи да создаваш",** Ниче постојано ги критикува моралностите, а за неговото **превреднување на вредностите** Ричрд Шахт ќе рече дека се потпира врз "интелектуална совест" и "чесност" во филозофското размислување.[230]

Дионизискиот вредносен стандард има за цел да биде основа за вредносните судови. Дионис е судија! Ниче извикнува: Дали ме разбравте![231] Ако не го разбереме ова, тогаш нема да го разбереме и него, или уште подобро, нема да ги разбереме неговото 'превреднување на вредностите'[232], вели Шахт Но сепак, проблемот на создавачот на вредности е во тоа што не го разбира овој стандард. Ниче пишува: Од сега сите науки треба да го подготвуваат патот за идната задача на филозофите; рангирањето на вредностите[233] ... Вреднувањето, според Ниче, продолжува Шахт, не е според 'задоволството и болката. Тие се само знаци на медиокритетите и

[230] Schacht, cit., str. 343
[231] Волја за моќ, (1051)
[232] Schacht, cit., str. 347-48
[233] Nietzsche, Friedrich. *Genealogy of Morals I*, Internet, (17)

слабостите.[234] Според Мартин Хајдегер "Поставување на вредности не значи вреднување кое некој ќе го донесе од надвор. Вреднувањето е суштинска состојба на самиот живот; начин на кој животот ја изнесува својата суштина до видлив плод и ја исполнува"[235].

Според Џорџ де Хусар, "превреднувањето на вредностите не е само транзиција од слабоста кон силата, туку од човекот кон натчовекот. Највисокиот тип на човек се карактеризира со самодокажување, со волја кон самиот себе и љубов кон себеси". Тој смета дека, "**За Ниче превреднувањето на вредностите не е интелектуален проблем - тоа е нешто што треба да се искуси.** ...Филозофската изјава за превреднување е само повисоко ниво на психолошкиот процес на трансмутација од слабост кон сила, од болест кон здравје." ...Од психолошка гледна точка клучниот збор за превреднување на сите вредности е "надминување"... превреднувањето е филозофски израз на проблемот на постигнување здравје.[236]

Чистотата е вредноста за која толку силно и инспиративно Ниче стреми преку својот Заратустра. Чистотата не може да се дефинира исто како што не може да се дефинира вредноста на златото. **"Мојата филозофија потекнува од мојата чистота". "Сета драгоценост е веќе создадена и сета драгоценост - тоа сум јас"**. (ТЗЗ : 28)

Но, чистотата може само да се означи со ограничени термини: "семоќност", "сезнајност" и "сеприсутност", "најголемо добро", или "вистина". Тие не можат да бидат опфатени во вистинската смисла на значењето од интелектуалниот ум на индивидуата кој никогаш не можел да постигне **искуство** на совршеност во било кој од овие поими. Исклучок се ретките поединци кои се сретнале со натчовекот во себе и успеале, односно се спонле со натчовекот при што во голема мера ги изгореле корените на материјалниот ум и се искачиле, односно стигнале на највисоката точка на својата глава - на највисоката точка на светот - на највисоката точка на постоењето во знаењето, вистината и блаженството во сопственото тело. Тоа е единствено можно да се доживее само **во спојот со сопствената чиста индивидуална свест која е истовремено и космичка свест, "затоа влегувањето во внатрешната светлост исто е како да се влезе во внатрешниот оган"... Всушност целата нечистотија едноставно станува Светлина.. . - тогаш го остваруваме прочистувањето на сопствената душа, и на крајот доаѓаме до бесмртноста.. ."**[237] вели индискиот учител Ошо Раџниш.

---

[234] Ibid., cit., str. 363

[235] Heidegger, str. 201

[236] De Huszar, George. **Nietzsche's Theory of Decadence and the Transvaluation of All Values,** *Journal of the History of Ideas,* Volume VI : 259-272, No. 3, June, New York : College of the City, 1945, str. 266-69

[237] Vrhovna alhemija I, cit., str. 252 ("Нашето индивидуално јас или его постои како збир на целокупната прашина, како грутка од нечистотија која се насобрала преку нашата карма (судбина) која се создава од човечките желби, страсти и активности. Егото во целата таа нечистотија делува како средиште. Кога желбите ги снема го снемува и егото. .. ")

Според Кант, смета Шопенхауер, доблеста би требало да потекнува од чистиот ум (intelectus purus), доблесното и умното би биле едно и исто. Според рационалната психологија човекот е составен од две хетерогени супстанци, материјално тело и нематеријална душа. Платон е првиот што формално ја поставува оваа догма и се обидел да ја докаже како објективна вистина. Картезиус ја довел до совршенство и ја поставил на врвот, со тоа што и дал научна димензија. Оттогаш Спиноза, Лок и Кант се обидуваат да го побијат ваквиот дуализам. Лок вели дека целото спознание произлегува од сетилното и дека не е исклучено материјата да мисли. Како резултат на рационалната психологија, душата, во својата првобитна суштина, е нешто што препознава, но и битие што сака, во зависност од тоа дали таа дејствува чисто за себе од љубов, или со поврзаност со телото. Во првиот случај може да има повисоко сознание, а во вториот пониско, што значи исто таков вид на способност на волјата. Кант ја критикува рационалната психологија при што вели дека "во повисоката способност нематеријалната душа е активна сама за себе без содејство на телото; таа е intelectus purus (чист ум) и има работа со претстави кои ѝ припаѓаат само нејзе, од таму значи само со чисто духовни претстави и токму такви акти на волјата, кои воопшто не содржат ништо сетилно, што би имало извор во телото. Оттаму таа препознава само чисти апстракти, универзални поими, вродени поими, aeternae veritates (вечни вистини) и слично. Според тоа и самото нејзино сакање стои под влијание на ваквите чисти духовни претстави. Наспроти тоа, пониската способност за сознание и за сакање е дело на душата што дејствува взаемно и тесно поврзана со телото и неговите органи, но на штета на нејзината духовна делотворност"[238]. Ова гледање на Кант на чистиот ум некако личи на Ничеовата волја за моќ, но Ниче се гади од ваквите "филозофски работници" кои се обидуваат на ниво на интелект да го спознаат она што со интелектот е несознајно, уште повеќе кога **Кант го исклучува телото во поглед на дејствувањето на чистиот ум.**

**Ниче силно се спротивставува на негирањето на телото и телесното.** Според него чистиот ум не ни може да дојде до израз преку филозофирање. **Пречка е нечистотијата**, односно врзаноста на индивидуата со телото и нагонот, а со тоа и стравот која ја затвора вратата до Кантовиот "чист ум". Според тоа, чистиот ум не може да дејствува, односно преку умување да ја спознава својата суштина, сè додека индивидуата не се разбуди преку свесноста за внатрешната чистота и со голема жед за спој со неа, не почне да се искачува по својата глава, односно по своето срце, како што ќе рече Св. Јован Скалник, "качувајте се браќа по срцата свои". **Самото искачување е вреднување и при самото искачување**, "жртвувајќи го материјалниот живот и среќа", односно страдајќи за неа, кај човекот на моменти, може да блесне по некоја вистина во вид на самоспознание која **постепено го ослободува патот до внатрешниот човек односно Натчовек**. "Јас се гадам од сите полу-интелектуалци (сите со половина дух), сите замаглени, што лутаат со умот, што умуваат. .. "**духот е живот што се врежува во животот. .. И навистина, со**

[238] Шопенхауер, Артур. ***Етика***, Култура : Скопје, 1998, стр. 213-216

**сопствената крв го зголемив сопственото знаење."** (ТЗЗ ; 259) Ако Ниче оди по патот вертикално надолу кон внатрешноста, односно како трагач или спознавач кој стигнал до својата чистота, "**придобивка, чекор напред во сознанието кој произлегува од храброста, од цврстината кон себеси, од чистотата кон себеси..** "[239], сепак е свесен за сопственото страдање заради својата судбина тој е привлечен од Божественото, "значи човекот треба прво да продри внатре во умот, па потоа во светлината, и на крајот до Божественото. .. само тогаш ќе бидеш во состојба да видиш од каде таа светлина извира. И баш тогаш - влегуваш во Изворот: тоа е она што Упанишадите го подразбираат "подготвително капење" или **"капење во внатрешна илуминација"**. .. значи еден е патот на знаењето (Џнана јога), а другиот пат нагоре е патот на предаденоста (Бакти јога) - патот кон цветот, кон љубовта"[240]. Во **Маитри Упанишад (6.20)**, слободата се опишува на следниов начин: "Кога преку себеси, надминувајќи го умот, човекот го здогледува блескавото ´себе´ (атманот), кое е посуптилно од најсуптилното,... Тоа е она искуство, кое Мандукја упанишад и Гаудапада го нарекуваат **´четврта состојба ´ - турија. Тоа не е состојба на целосна изолација** на ´себе´ од севкупниот појавен универзум, вклучувајќи ја свеста за телото, сетилата, виталната сила, умот и егото. Тоа не е одземање на или отргнување на индивидуалното. **Мокша (ослободување) значи проширување на личната свест, до нивото на сепроникнувачка космичка свест.**[241]

**Тоа е индивидуа кај која на одреден степен на развиток се пробудила свеста за привлечната моќ на својата внатрешна чистота (Вистината) почнува да вреднува, а со тоа да покажува дека сака да се врати кон Изворот - Натчовекот. Кога се однесува за нивото на човекот, Ниче би рекол "бракот на мажот и жената е заедница на две животни". Единствено, (пре)вреднувањето на "вредностите" постои или доаѓа со доаѓањето на "сенката", односно убавината на натчовекот, "сите најголеми вистини доаѓаат со нозе на гулаб":** ("Најтивки се зборовите што донесуваат бура. Со светот управуваат мисли што доаѓаат со нозе на гулаб". (ТЗЗ ; 152)

### 4.2.1.3. "Да спознаваш тоа е радост на оние што имаат лавовска волја"

**Третата хипотеза на Ниче е, "Да спознаваш тоа е радост за оние што имаат лавовска волја!"** (ТЗЗ ; 214) Затоа што, вели Ниче, оној што е уморен, самиот станува само **волја на другите** и со него си играат сите бранови. "Тешко е да го откриеш човека, а **најтешко е да се откриеш самиот себе**: често духот **лаже** за душата. Така го направил тоа духот на тежината...

[239] Ecce homo, cit., str. 53
[240] Vrhovna alhemija I, cit., str. 260-61
[241] Ibid., cit., str. 179

Навистина, не ги поднесувам ни оние на кои сé им е добро и на кои овој свет им е најдобар. Таквите ги викам сезадоволници". (ТЗЗ ; 201) А зошто е тоа спознавање тешко? Затоа што, вели Ниче, **"особено силниот снажен човек, што е полн страхопочитување, товари врз себе премногу туѓи тешки зборови и вредности - и тогаш животот му изгледа како пустина!"** (ТЗЗ ; 201) Всушност, неговиот дух станал како "камила". И токму на почетокот тој ни ги открива трите преобразби на духот: како духот станува камила, и како станува лав од камилата, и како од лавот станува дете, **"Што е тешко? Така прашува духот што е желен да носи, па коленичи наликум на камила, и бара добро да го натоварат."** (ТЗЗ ; 27) Ниче е свесен дека на патот на спознанието првата најголема тежина е колективното несвесно во човекот каде се натрупале традиционалните вредности од минатите генерации кои го сведнуваат како камила. Човекот страда, затоа што волјата за опстанок во него го поддржува "духот што лаже", илузијата што му ја создава "стравопочитта и алчноста, односно остварувањето на неговите лични желби, а пред сé, потребата за заштита на неговото тело и врзаноста за блиските и предметите на задоволство. Меѓутоа, тој ќе страда и на патот на спознанието затоа што треба да ја **напушти својата суета**, но најголемо страдање е кога **"заради вистината страда од душевен глад"** (ТЗЗ ; 27) Втората преобразба е кога лавот во човекот сака да си извојува слобода и да биде господар на својата сопствена пустина, **"човекот да си создаде слобода за себеси и едно свето Не"** (ТЗЗ ; 28) Само така тој ќе може да се издигне над големиот товар од минатото и со поголема леснотија да се упати кон вистината во себе. Тој мора да го зајакне своето Его. Но и лавот не може да го стори она што може да го стори детето токму заради зајакнатото его. Во Упанишадите стои, "**оставете ја гордоста на интелектот и кон фактите пријдете со свеж поглед на дете"**. Ниче му ја **дава на детето улогата на "светото велење Да: "сега духот ја сака својата волја... Детето е невиност и заборав, нов почеток, игра, вртешка што се врти сама, прво движење"**. (ТЗЗ ; 29) Затоа тој се обраќа на својата душа, "О душо моја, ти дадов право да велиш "не" како бурата, и да велиш "да", како што отвореното небо вели "да"(ТЗЗ ; 231)

И затоа секој човек мора со најголема сериозност да се зафати за сопствено духовно созревање, преку анализата на своите постапки кои треба да бидат во склад со Највисоката Реалност во нас. "**А мојот чекан сега безмилосно беснее против своите окови**. Од каменот се одлушнуваат парчиња; но што еважно сега? Сакам да го завршам тоа: бидејќи кај мене дојде една сенка - она што е најмирно и најлесно од сите нешта дојде еднаш кај мене! **Убавината на натчовекот ми пријде како сенка**". Но, таа иста "волја за создавање" која го гони Заратустра кон Себе, **Себе кое е затворено во сопствениот камен**, "**во каменот почива мојата слика, сликата на моите слики! Ах, зошто мора да почива во најтврдиот камен!** ... Таа волја ме одвлече од бога и боговите... **секогаш секогаш одново ме гони кон човекот; така се стреми чеканот кон каменот**" (ТЗЗ ; 90), го тера да работи на духовното издигнување на човекот и човештвото, **го тера да ја напаѓа, односно да ја трансцендира волјата за опстанок**.

### 4.2.1.4. "Откажете се од учителот"

Затоа **четвртата хипотеза на Ниче е, "Откажете се од учителот"**, односно **"ве повикувам да ме загубите мене и да се најдете себеси" (**ТЗЗ ; 82**)**. Ниту учителот не смее да ви биде идол. Затоа што сите верници бараат учител и создаваат идол од него, "затоа секое верување е толку безначајно". Сите верници прво се врзуваат за некаков свој духовен водач. Науката што духовниот учител им ја дава на своите ученици не е некаква формула, или полесен пат кон остварување на целта на самоспознанието. Ниче вели, **"никој не страдаше за она за кое страдав јас"** (ТЗЗ ; 298), или "Ова е мојот пат - каде е вашиот?" така им одговарав на оние што ме прашаа "за патот". **"Бидејќи определен пат не постои."** (ТЗЗ ; 202) Тие треба најповеќе да учат преку сопственото страдање. Заратустра смета дека човекот треба да го изградува својот карактер индивидуално, а потоа да влезе во контакт со средината и животот во општеството. "И навистина! Онаму каде стојат дрвјата едно до друго, таму се наоѓаат островите на среќата. Но еден ден јас ќе ги ископам и секое ќе го поставам само за себе: да се научат на самотност и на пркос и на претпазливост". Само тогаш тие ќе знаат дека " Највисокото мора да ја издигне својата височина од најниското".

Тој сака во трагачот по вистината да развие силен копнеж за средба со својата Душа кој ќе биде над материјалните и ниски страсти. "Досега уште не најдов жена од која би посакал да имам деца, освен оваа жена што ја љубам: бидејќи те љубам тебе, Вечност!" Да, душата е бесмртното во човекот. Колку поголема **свесноста на човекот дека во себе носи "нешто бесмртно"**, толку повеќе **"го оживува мртовецот во себе", "срцето од камен треба да стане срце од месо", "тоа е одење кон една нова зорнина."**, вели Ниче (ТЗЗ ; 82) Логично е ако во себе носиме мртовец, или неразбудена душа, односно ако желбата за вистината не постои кај човекот, тогаш за него не постои и самата Вистина. После едно од моите враќања од посета на духовниот учител Саи Баба, една девојка ме запраша дали воопшто го видов него. Мојот одговор беше "Да. Тој поминуваше многу блиску до мене. Зошто ме прашуваш?" "Јас сонив сон додека беше ти таму и на сон ми дојде Саи Баба и ми рече: Николче ме бара, ме бара му посинеа очите од барање." Да, јас требаше да го барам во себе, а не само да го барам да го видам во Индија.

На прв поглед, од сите горенаведени негови афоризми, освен "амор фати", или љубовта кон судбината, Ниче не го врзува ама баш ништо за некаков религиозен пристап. Ниче се одлучува да ни го претстави "Бог" преку концептот за Натчовекот и да му даде на светот едно ново продуховено гледање на апсолутот, **ослободено од догмата** на дотогашните верски и морални поими: "бог", "морал", "грев", "спас на душите", "свештениците како "пратеници" на бога", и сл. Најверојатно, тој се обидел да ги ослободи интелектуалците од **"грижата на совест"** заради нивниот атеизам и да им го

понуди својот "**научен теизам**". Затоа, ислужениот Папа ќе му рече: "**ти си најпобожниот меѓу атеистите**".

### 4.2.1.5. "Духот е живот што се врежува во животот "

**Петтата хипотеза на Ниче, "Духот е живот што се врежува во животот"** (ТЗЗ ; 259)во суштинска смисла ја опфаќа **адваита веданта** филозофијата во која Логосот е вечно и чисто знаење и блаженство, "и навистина со сопствената крв го зголемив сопственото знаење. .. сосема блиску до моето **знаење** се протега моето црно **незнаење**. .. одбивни ми се сите луѓе со **половина дух**, сите замаглени, сите што пловат, што мечтаат". Поделеноста на човекот на хоризонтално (материјално) ниво, на мало и големо, лево и десно како "двата кралеви" лежи во "барата", односно во колективната потсвест каде животот на минатите генерации е врежан како "пијавица" (ТЗЗ ; 258), а изразен преку нагонот на човекот. За да покажи Ниче дека, "**сé што е чувствено во мене страда и се наоѓа во окови: но мојата волја секогаш ми доаѓа како ослободител и како донесувач на радост"** (ТЗЗ ; 89) го пронашол излезот од барата, односно како **добар рибар**, ја повлекол кон небото, "Дали се вика **бара или небо**?.. Јас сум мајстор и познавач на **мозокот на пијавицата: -** тоа е мојот свет". (ТЗЗ ; 258-59)

Познавач сум на своето "јас" од светот, вели Ниче, "толпа-смеса: во неа сé е измешано едно со друго, светецот и никаквецот и благородникот и Евреинот и секое животно од ковчегот на Ное". .. Меѓу збирштина да претставуваш прв, си разговараат кралевите меѓу себе. Ах, одбивно! Одбивно! Одбивно! Што зависи уште од нас кралевите. Те нападна твојата стара болест, рече **кралот од лево, те обзеде гадење,** мој кутар брате. Но сепак да знаеш дека некој те слуша. .. но овде се случи и магарето да проговори: а тоа рече јасно и нерасположено И-А". (ТЗЗ ; 252-255) Она што одговара на кралот од левата страна и воопшто на двојноста, "вие треба да го сакате мирот како средство за нови војни. .. добрата војна го посветува секое дело. .. низ нашето тело ја раздвижува крвта на нашите татковци. .. Имено мечот би сакал да пие крв и да блеска од желба". (ТЗЗ ; 255-56) Двајцата кралеви го носат пред себе магарето. Неговиот глас И-А Ниче го зема за **симбол на вечното " I am" на Брахман како вечно име името на сé живо и неживо**, "**самиот Заратустра извика, И-А, дури и погласно од магарето**". Сите тие виши луѓе, двајцата кралеви, ислужениот папа, лошиот волшебник, доброволниот питач, патникот и сенката, стариот претскажувач, човекот со најсовесен дух и најодбивниот човек: сите тие коленичеа како деца и како набожнои стари жени и му се молеа - на магарето. .." **твоето царство е од онаа страна на доброто и злото**" (ТЗЗ ; 322**).** ..."Не заборавајте ја оваа ноќ и оваа магарешка слава, виши луѓе! Тоа го најдовте кај мене, јас го земам за **тоа** за добар **знак** - такви **нешта** наоѓаат само оние што оздравуваат.. **И ако**

**уште еднаш ја славите оваа магарешка слава, сторете го тоа од љубов кон себе (својот атман), а и од љубов кон мене! И за мој спомен**!". (ТЗЗ ; 326)
Ниче ни открива дека овие луѓе, всушност, не се виши луѓе туку тоа се земните задоволства и нечистотии кои треба да бидат прочистени низ ситото на медитацијата, односно низ ситото на неговата љубов кон "Јас сум" или Натчовекот (Браманот) на Заратустра и да бидат исфрлени од неговата психа како нечистоитија која му пречи на патот кон него како и секоја нечистотија во желудникот на човекот која автоматски се издига, односно се повраќа преку устата, "тие виши луѓе... тие не се мои вистински сопатници. Јас не ги чекам нив овде, во моите планини". (ТЗЗ ; 335) Тоа беа само **неговите слабости што требаше да ги трансцендира**.

## 4.3. ВОЛЈАТА ЗА МОЌ ФАКТОР ЗА РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ

Ставови на Ниче кои ја промовираат **волјата за моќ како фактор за редефинирање на вредностите** се:

**- Волјата за моќ како најдлабока суштина на Битието**

**- Зборовите и тоновите се виножита и мостови меѓу она што е вечно разделено**

### 4.3.1. Волјата за моќ како најдлабока суштина на Битието

Веќе со **прва хипотеза, "волјата за моќ како најдлабока суштина на Битието",** Ниче предизвикува вистинска бура на полемики од своите современици, "**Оној што го фрлил во вистината зборот "волја за опстанок" се разбира, не ја погодил вистината: таква волја - не постои! ..** Само онаму каде што постои живот, постои и волја, но не волја за живот, туку - така те учам - волја за моќ!" (ТЗЗ ; 120) Ниче го поставува прашањето и го одговара: "Што е волја за моќ? Тоа е најдлабоката суштина на Битието." (WM, 693). Или волјата за моќ е основниот карактер на суштествата. Суштината на волјата за моќ може да се истражува само во поглед на суштествата; т.е. метафизички[242], ќе рече Мартин Хајдегер. Според тоа, Ричард Шахт ќе рече, "Волјата за моќ´ е во основа моќ на трансформација која ја покажува ´растот´ и идејата са себе надминување. .. а не волја за што подолг живот"[243]. Земајќи го животот како волја за моќ, Ниче вели: во животот нема вредност освен степен на насобрана моќ.[244] Собирањето и организирањето на моќта Ниче ја

[242] Heidegger, cit., str. 193
[243] Schacht, cit., str. 355
[244] Воља за моќ, цит., (55)

поврзува со "раст".[245] **Таа волја за моќ сме ја "изгубиле" со падот на човекот "од рајот на земјата".**

Акумулирањето на Волјата за моќ, која според Ниче ја имаат најповеќе хермитите и "слободните филозофи" е внатрешната чистота (Вистината) која нè влече кон себе, а кога не можеме да ја разбереме и постигнеме ја гледаме или како вредност или како физичка љубов, или како тага која произлегува од фрустрацијата, без оглед дали е тоа неуспех, губиток на некој наш близок или предметот на нашето задоволство. Кај индивидуата пак во која се пробудила свест за својата внатрешна чистота постојано постои едно **внатрешно незадоволство**, без оглед дали е тоа после задоволување на нагонот или после постигнатиот материјален успех, кое истовремено бара излез од душевната и телесната болка на човекот и човештвото чија причина е стравот од смртта, кој **страв можеме да го поистоветиме со внатрешна "нечистотија"**, а со него или со неа и страдањето. Човекот го карактеризира себичноста или волјата за живеење, стравот и нечистотијата. Натчовекот го карактеризира љубовта или волјата за моќ, храброста и чистотата. Физичкото тело е местото каде овие две тела: материјално (човекот) и духовно (Натчовекот) постојат. **Затоа се јавува и Заратустра со цел да им покаже на луѓето дека до сега биле мртовци за реалноста и целта која е воедно и волја за моќ за која во нивниот живот не биле свесни дека постои. Волјата за моќ** кај поединецот се јавува на одреден степен на прочистеност од сопствената нечистотија (прочистување од желби, страсти, навики и негативни дела) акумулирана низ повеќе животи. Волјата за моќ кај ретките поединци се јавува во вид на будење, односно силен копнеж за вистината на сопственото постоење. Потребата за духовен учител не е исклучена. Исто така силна е моќта за дискриминација на минливото од неминливото. Кај Ниче го предизвикува духовното страдање и огромната желба да се спои само со жената - вечност. Не може да се помири со помислата на раѓање материјални деца - наследници се додека не го постигне своето совршенство. Пократок пат не постои, освен во човекот да проработи волјата за моќ, односно силно да биде повлечен од сопствената чистота. А што друго е тоа Ничеово духовно страдање и огромна желба за самореализација ако не Љубов.

Оттука произлезе и Ничеовиот концепт за Натчовекот кој не е ништо друго туку Јаството во човекот, односно неговата чистота или волја за моќ кое само по себе е истовремено и единствена највисока цел и највисоко добро за човекот как и патот до целта. **Сепак, Ниче својата доктрина мораше да му ја приближи на човештвото, односно на науката.** На кој друг начин можеше да го направи тоа ако не **преку превреднувањето на вредностите!?**

[245] Ибид., цит., (125)

## 4.3.2. Зборовите и тоновите се виножита и мостови меѓу она што е вечно разделено

Заратустра ќе рече: "За време на полна Месечина. Тишина, Тишина, Зарем сега светот не стана совршен? Зарем јас не паднав во бунарот на вечноста. Ова пладне е "пладне и вечност".

"На пладне"

**Втора хипотеза на Ниче, "зборовите и тоновите се виножита и мостови меѓу она што е вечно разделено"** ја покажува длабоката смисловност на неговиот концепт за натчовекот, откривајќи ни ја тајната на неговата филозофија. Тоа се неговите мистични доживувања кои најверојатно ја предизвикале трансформацијата на неговата свест и му дале голема сила да се спротивстави на традицијата на западните вредности. Ако волјата за моќ е "есенцијална неопходност" која има извор и почеток (ТЗЗ ; 80) и ако битието е волја за моќ и според тоа вечно постанување - себенадминување, но не во бескрај, тогаш мора да дозволи враќање на истото, вели Мартин Хајдегер Тој додава дека вечното враќање на истото ги разликува битијата во целина, таа означува "постанување". Вечното враќање е најпостојан стабилизатор на непостојаното. **Враќањето**, доаѓањето, заминувањето на битијата дефинирано како вечно враќање **има карактер на волја за моќ.** Во секое битие оваа моќ командува, па според ова команда, **условува еднаквост во квалитетите на битијата и покрај тоа што изгледа како да е во опозиција. Постанувањето во волјата за моќ е најдлабока суштина на вечното враќање на истото.** Бескрајниот и вечно моќен карактер на волјата за моќ истовремено е и конечен во своите позиции и конфигурации. Зашто ако волјата за моќ беше бескрајна тогаш бескрајно би се ширела. И ако битието е волја за моќ и тоа би се ширело.[246]

**Ниче ѝ дава врвно место на волјата за моќ како извор на доблеста, "моќта е нова добродетел; мислата е патовод, а околу неа се наоѓа мудрата душа: златно сонце, а околу него змијата на познанието.** (ТЗЗ ; 80) Ако на Хајдегер му изгледа дека волјата за моќ се конфронтира со самата себе тоа најверојатно доаѓа од велот на илузија што го создава влијанието на материјалниот свет, па можеме да разликуваме ропска моралност наспроти господарска моралност која веќе ја окарактеризирав, односно ја споредив со метаморфозите или преобразбите на духот на човекот: во првиот случај кога духот на човекот е камила која во себе го складирала духот на минатите генерации на човештвото, а во вториот случај кога се јавува лавовската волја кај духовниот покајник да ги крши старите плочи, односно кој е подготвен за промена преку неговото свето "Не". Самиот дух на минатите генерации кој

[246] Heidegger, str. 211-12

го создал и овој живот на "човекот на сегашноста" кој Ниче го доживува како "мисла без дно" и сака да ја фати како риба со голи раце, односно да ја освести, "Јас сум твој петел и твоја зорнина, заспан црву; станувај! Станувај! Мојот глас ќе те разбуди со своето кукуригање!"- го направи Ниче "прикован за маченичкиот столб" и тоа не заради тоа што знаев: дека човекот е опачен, вели Заратустра, - туку затоа што морав да викам како што никој не викал никогаш." (ТЗЗ ; 225-226) Сепак Хајдегер смета дека под притисокот на овој тежок товар кој ги одредува битијата суштински, Битието над битијата мора да биде искусено како волја за моќ." Всушност, според него **волјата за моќ е таа што го одредува непрестаното постанување (becoming) на човекот во она што тој е и претставува јасно изразен "принцип на вреднување"**, додека пак **Вистината** која не може да биде докажана "научно", **дефинирана е само преку Битието над битијата.**[247] Ниче, се обидува да ја опфати, односно да ја дефинира оваа "мисла без дно" која е во исто време "патоводна мисла", а околу неа "душа - златно сонце и змијата напознанието" (ТЗЗ ; 80) Овде се поставува прашањето, ако е превреднувањето на вредностите можно во однос на постоечките вредности, или стари плочи, во колкава мера и дали воопшто може да се дефинираат новите вредности, или нови плочи чиј извор е стариот кој сега е **"стар, нов извор"**.

Во окото на Ниче, и малиот човек, односно оној со ропска волја и оној најголемиот со господарска, или творечка волја се премногу мали, "и најголемиот беше премногу човечки! Премногу мал и најголемиот! - тоа беше мојата презаситеност од луѓето! И вечно враќање на најмалите! - тоа беше мојата презаситеност од целото постоење. Ах, одбивност! Одбивност! Одбивност!" (ТЗЗ ; 229) На Ниче не му останува ништо друго туку на сѐ што е човечко во себе, кое се движи во крајности, од најмало до најголемо, од најдиво до најмудро, да му најде средина - Центар, "ја молам мојата гордост секогаш да оди со мојата мудрост", т.е тој својот "орел" и "змија" ги смета за "најгордо" и "најмудро" животно под сонцето, "и ако некогаш мудроста ме напушти - ах, таа сака да одлета! - тогаш и мојата гордост нека одлета со мојата безумност!" (ТЗЗ ; 80) Тогаш што би му останало на Заратустра, ако мислата запре. Егото ќе го снема. Тој ќе биде во Средината и самиот ќе биде Центар, "во секој миг почнува битието; околу секое "Овде" се врти куглата "Таму". Средината е насекаде. Патот на вечноста е кривулест". (ТЗЗ ; 227)

Според индискиот учител Ошо Раџниш, секое велење "Не" на лавот е и придвижување на мислата, промена, а секое велење "Да" кое кај Ниче е својствено на третата метаморфоза на духот - детето, значи кочница, или стопирање на мислите, или "безумие", "Говорот е убаво безумие: со него човек танцува над сите нешта.", вели Заратустра. (ТЗЗ ; 227) Тој оздравува и за првпат се подигнува од постелата, зеде едно румено јаболко ... животните помислија дека е време да зборуваат со него најверојатно дека тој веќе ја постигна својата потполност и беше зрел на светот да му го соопшти учењето. Тој почнува да го доживува бандорењето на животните заедно како

[247] Ibid., cit., str. 214-15

еден звук, односно Збор, "вашето бандорење ме закрепнува: онаму каде што се бандори, светот веќе лежи пред мене како градина." Заратустра е потполно идентификуван со Бог, тој е Градинарот сега, "колку е пријатно што постојат зборови и тонови: **зар зборовите и тоновите не се виножита и мостови меѓу она што што е вечно разделено!"** Заратустра доаѓа до една нова вистина дека сé е поврзано со Центарот и сите луѓе и сите зборови имаат извор во Центарот, "не постои ништо што е надвор од нас! Но ние го забораваме тоа при секој глас; колку е пријатно тоа што забораваме!" (ТЗЗ ; 226) **Она што го давеше, не беше "знаењето" што го претскажаа пророците, туку тоа беше неговата "голема пренаситеност од луѓето".** Тоа беше неговата Одбивност - неговата пречка која постојано го давеше и не му даваше да стигне во Центарот на себеси, "душите се исто така смртни како и телата. Но пак ќе појави јазелот на причини во кој сум заплеткан - тој пак ќе ме создаде! Јас и самиот им припаѓам на причините за вечното враќање." (ТЗЗ ; 228)

Дали средината (Центарот) беше помиреноста на детето во Ниче со судбината **амор фати** преку светото "Да" кое секогаш се изговара пред Бога, а преку неа помиреност со вечното враќање на истото? Дали тоа беше излезот или спасот негов од кругот на вечното раѓање и умирање, враќање на истото. Дали преку чистата волја за моќ или волја за љубов беше излезот, "надокрај, по седум дена, Заратустра се подигна од својата постела" (ТЗЗ ; 226) симбол на подигнување на "змијата - кундалини" во него. Истовремено бројот седум е симболика на љубовта според Стариот Завет. Но новото е Зборот, тоа е осумката, Таа е симболика на Зборот и на Новиот завет. Тоа е и повторното доаѓање на Исус Христос. Осумката е испреплетеност на машкиот и женскиот енергетски принцип, која пак, поставена хоризонтално, или гледано со материјални очи, во математиката означува бескрај, односно враќање на истото во бесконечност. Затоа и човекот **ја оставил осумката отворена**. Ниче тоа добро го приметил и поистоветувајќи го материјалниот свет со женскиот енергетски принцип преку симболиката на Месечината (која ја имаме и во Хата јога, ха - сонце та- месечина), "кога изгреа Месечината вчера, помислив декаќе роди сонце: толку широка и бремена легна на хоризонтот. Но таа ме лажеше со својата бременост; и поскоро би поверувал кога Месечината би била маж, а не жена. Се разбира, тој треперлив ноќен скитник е малку и маж." (ТЗЗ ; 126)

Ниче се сложува дека и во секој маж постои женска страна која е нагонска и лажна што му дава на мажот лажна сила на љубовција, или "сладострастник" како "мачка која ноќе шета по покривот", притоа мислејќи дека таквата моќ не му е потребна кога тој не може да ја постигне својата целовитост, односно кога не може да стигне во Центарот, или за оние кои не можат да стигнат до својата чиста волја или до духот на дете, односно до правата машка страна, тој смета дека е потребно прво да станат мајки, или да ја прифатат Месечината како мајка, а не како љубовница, "одбивни ми се сите оние кои се врткаат околу **полуотворените прозорци**". (ТЗЗ ; 126) Материјалниот поглед на човекот кон земното создава презир, но суштински

сé има извор во душата, "на презир кон земното го наговорија вашиот дух, но не и **вашата утроба: а таа е најмоќното во вас. И сега вашиот дух се срами затоа што ѝ е подреден на волјата на вашата утроба и поради сопствениот срам оди по тајни патишта, по патишта на лаги** (ТЗЗ ; 126-127) Женската природа не му е својствена на херојското срце на Заратустра: "сé што е од женска порода, што потекнува од слугински сој, а особено онаа збркана мешаница на толпата: сето тоа би сакало да стане господар на човечката судбина - О одбивност! Одбивност! Одбивност!" (ТЗЗ ; 296/297)

Ниче го употребува зборот "живот" како друг збор за Битие, вели Хајдегер.[248] Значи, во животот и преку животот човекот ја доживува својата пробуденост, односно својата волја за моќ која е суштинска доблест, пат и цел, односно **самоактуелизација, која секаде каде не е реализирана до крај, повторно и повторно ги враќа нештата и суштествата**, односно го враќа истото, повторно и повторно. Сé оди и се враќа; тркалото на битието вечно се врти. Сé умира, сé расцутува повторно, годината на битието вечно трча. Сé се крши, сé се составува повторно; вечно се гради истата куќа на битието. Сé се разделува и сé се состанува повторно; кругот на битието вечно си е верен на самиот себе." (ТЗЗ ; 227) Роберт Викс смета дека за Ниче, знаењето и незнаењето, заедно со вистината и невистината, треба да се стават во служба на здравјето, моќта и растењето. Тој ниту безусловно се држи за вистината ниту за невистината, тој го одбива позитивното вреднување на вистината и безусловното негативно вреднување на невистината.

Неговиот поглед кон болката и задоволството е сличен. **Болката и невистината може да имаат позитивна вредност ако се употребени во интерес на моќта и здравјето.[249] Прифаќањето на болката значи прифаќање на враќањето на болката,** односно стануваме свесни дека не можеме да избегаме од болката - тоа може да го натера човекот да се издигне над болката во отпорност и издржливост. **Ваквото искуство на себенадминување може да биде ослободувачко. Верувањето во вечното враќање во кое ќе истраеме подолг период може да го промени нашиот карактер.[250]** Овде можеме повторно да се вратиме на чистата волја за љубов која може човекот да ја искуси само во својата трета метаморфоза на духот - детето. Тоа е Средината, "- за да ги повторувам зборовите за големото Пладне на земјата и на луѓето, **пак да им го навестувам натчовекот на луѓето"**. Тоа е Зборот, "го кажав својот збор, се скршив од својот збор: така сака мојата голема судбина **- загинувам како гласник!"** (ТЗЗ ; 231)

Не би можел а да не се сложам со мислата на Јасперс, "**Она што еднаш доаѓа во постоење, вечно е.** Враќањето покажува апсорпција на сите нешта во рамки на битието: никаде нема почеток ниту крај. - Светот е секогаш совршен, секогаш комплетен, секогаш почеток, средина и крај. Сé е искупено

[248] Ibid., cit., str. 195
[249] Wicks, Robert. The Eternal Recurrence: Nietzsche's Ideology of the Lion, *The Southern Journal of Philosophy*, Vol. XXXI, No.1: 97-118, Memphis (Tenessee) : Memphis State University, 1993, str. 102
[250] Ibid., cit., str. 104

(спасено) Времето и бришењето на времето станува едно и исто.[251] Според ова, натчовекот кој сé уште не е дојден на земјата, сé уште не е вечен, или можеби тој е вечен само што човештвото неможе да го достигне, или како што вели Ниче, засега тој би бил предизвик, а Заратустра негов гласник, само за ретките, за оние кои гинат во својата волја за љубов, "**вечноста е во секој момент кога љубовта ги зграпчува сите суштества и ги издига до перфекција на неисчезнување".** За Ниче"**Битието е живот, волја за моќ и вечно враќање - натчовек,**[252] вели Јасперс.

Дека Ниче се жртвува и постојано умира за материјалниот свет заради својата волја за љубов, го гледаме преку неговото мото, "**Досега уште не најдов жена од која би посакал да имам деца, освен оваа жена што ја љубам: бидејќи те љубам тебе, Вечност!**" (ТЗЗ ; 239) Ова не се обични зборови туку зборови на оној кој е опиен од желбата за самореализација. Во својата вера подготвен е да го жртвува сопствениот живот со тоа што нема да има наследници и во ниеден момент не се обесхрабрил и не се разочарува заради резултатот од своите очекувања. Неговата патоводна мисла, односно интуиција за него е гласот на љубовта за кој тој се врзува.

[251] Jaspers, Karl. *An Introduction to the Understanding of Nietzsche's Philosophical Activity*, Regentry/Gateway : Indiana, 1979, str. 365
[252] Ibid., cit., str. 375

# II. СИНТЕЗА НА ДОСЕГА ИСТРАЖУВАНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## 1. КРЕАЦИЈАТА НА ВОЛЈАТА ЗА МОЌ - ПАРАБОЛИТЕ НА ЗАРАТУСТРА

Големиот број на параболи во Така зборуваше Заратустра, го откриваат огромното духовно богатство во животот на Ниче. Само будното око на ретките пробудени можат да видат дека симболите со кои располагала психата на Ниче во неговите екстатични доживувања можат да забележат дека Ниче доживеал високо ниво на духовна созреаност, која му дала сила да се спротивстави на вековните вредности на човештвото и да биде гласник на превреднувањето на вредностите со што станува предвесник на постоењето на Натчовекот во човекот и на патот до Него. Ниче превреднува, но не сака да дефинира, или редефинира, тој сакал да остане повеќе мистичен и не сака да зборува за своето внатрешно богатство, богатство на духовен живот. Тој остава на оние кои ќе го следат да ги одгатне неговите параболи и самиот да ги редефинира новите вредности што тој ни ги нуди преку сопственото исуство. Меѓутоа, и овие нови вредности постојат за "духовниот покајник" сé до пред последниот, односно највисокиот врв. Искуството на откажување од нив, односно откажувањето од неговиот најголем копнеж - самореализацијата, Ниче го остава за оние со "натхеројска волја".

Еве како е опишано будењето односно волјата за моќ во книгата "Тибетанска мистика на Лама Анагорика Говинда, по потекло од Германија, кој живеел повеќе години како следбеник на тибетанскиот учител Tomo Geche Rimpoche: "Тоа е внатрешниот оган (gtum-mo) кој го пробудува човекот од неговиот сон на задоволства во материјалниот свет; тоа е топлината на духовните емоции кои се зголемуваат од пламенот на инспирацијата, со кој и доаѓа одрекнувањето од илузијата на материјалниот свет; тоа е пламенот на религиозната посветеност и предаденост во која светлината на знаењето и огнот на срцето се споени во Едно (всушност почетокот на внатрешниот оган е во папочниот центар или сончевиот нервен плексус (Манипура чакра).[253]

Во истата книга Лама Анагарика Говинда, зборува за пламенот на инспирација кој никој посилно посликовито не го опишал од Ниче: "Има ли некој на крајот од деветнаесеттиот век идеја за тоа што поетите на посилните епохи го нарекувале инспирација? Ако нема, дозволете ми тоа да го опишам: "со најмал остаток на суеверие внатре во себе, човекот навистина тешко би ја избегнал идејата за постоењето за просто отелотворување на толкувач, медиум на натчовечките моќи. Идејата за откровението, во смисол да одненадеж со невозможна извесност и префинетост нештото станува видливо и чујно, што нам не потресува и совладува во длабочината на нашето битие:

[253] Govinda, Anagarika. *Tibetanska mistika*, Beograd : Grafos, 1989, str. 183

сето ова е само опишување на факти. Човекот слуша, не истражува; човекот прифаќа, не прашува кој дава; како молња мислата осветлува, со нужност, без неодлучност во однос на својата форма. Јас никогаш не сум имал избор. Екстазата на радоста, чија ненадејна напнатост се растопува понекогаш во наплив на солзи, и чиј мир е понекогаш сличен на бура, а понекогаш се создава полека; состојбата на битието, кое е потполно надвор од себе, сепак со најјасна свест за бескрајниот број на префинети треперења и бранови - слични на вибрациите, кои се движат надолу до прстите на нозете, длабочината на среќата во која сé она што е полно со болка и мрачно не делува како контрадикторно, туку како нужна состојба, предизвик, како потребна боја во тоа изобилство на светлина, нагон за ритмички односи, кои ги опфаќаат широките области на формите - продолжувањето на потребите за сеопфатен ритам е секогаш критериум за силата на инспирацијата, еден вид на компензирачка против-сила наспроти притисокот и напнатоста. .. Сето ова се случува во најголем степен неволно, и уште повеќе налик на бурата на слободата, која доаѓа сама по себе, моќта и побожноста. .. Неволниот карактер на внатрешната слика, споредбата му е најзначаен дел; човекот повеќе нема ни најневажна идеја за тоа што е сликата, или споредбата, сé се нуди како најблизок, најсоодветен, наједноставен израз."[254]

## 1.1. Највисоките ридишта извираат од морето

"И ако сега веќе нема никакви скали, ќе научиш да се качуваш преку сопствената глава. .. по сопствената глава и преку сопственото срце. Сега и она што е најмеко во тебе треба да стане најтврдо. .. А ти, Заратустра, сакаше да го видиш темелот пратемелот на нештата . .. како оној што спознава." (ТЗЗ : 158) Возвишениот треба да се соочи со неговата врзаност за земното, за неговите предрасуди и своите емоции за најблиските и самосожалувањето. Мора да го надмине океанот на тага во себе за да може да биде полесен при качувањето на својот последен врв: **"Од каде извираат највисоките ридишта?** - така се прашував некогаш. **Тогаш научив дека извираат од морето."** (ТЗЗ : 159) Во колективното несвесно на сите изминати генерации и во индивидуалното несвесно закопани во потсвеста: "Стојам пред својот **највисок рид** и пред своето најдолго патување: затоа морам прво да слезам подлабоко надолу отколку што сум се искачил кога и да било: **подлабоко надолу во болката** отколку што сум се искачувал кога и да било - дури до нејзините **најцрни бранови! Така сака мојата судбина. .. Доказот за тоа е запишан во нивните карпи и по ѕидовите на нивните врвови**" (ТЗЗ ; 159) Тоа се слабостите на човекот кој ги замрзнал, односно стврднал и така како

[254] Ибид., цит., стр. 185-86 (cited from Kroers Taschenbuchausgabe, Vol.77, str. 275 f.)

карпи паднале на дното од морето како слика на карпестите врвови. "Срцето од камен треба да стане срце од месо" (Библија) Потребно е да се влезе во тие емоции и покрај тоа што е тоа многу болно и тешко за да може поединецот да ги надмине, односно да преминат во вистинска универзална љубов која е "исто така камена" ако ја споредиме со човечките чувства. На овој начин поединецот ќе израсне, ќе биде над чувствата и над болката: "тогаш се сети на своите напуштени пријатели, и небаре згрешил кон нив со своите мисли, **беше гневен на самиот себе поради своите мисли. - Заратустра плачеше од бес и копнеж."** (ТЗЗ ; 160) Но, копнежот по себеси е многу посилен во Заратустра, затоа што "физичката љубов е опасна за самотникот" : "Ах, луѓе, во каменот почива мојата слика, сликата на моите слики! Ах, зошто мора да почива во најтврдиот, најстрашниот камен! А сега мојот чекан безмилосно беснее против своите окови. Од каменот се одлушнуваат парчиња; но што е важно тоа? Сакам да го завршам тоа: бидејќи кај мене дојде една сенка - она што е најмирно и најлесно од сите нешта дојде кај мене! **Убавината на натчовекот ми пријде како сенка." (ТЗЗ ; 90)**

## 1.2. Кога бев дете, слушнав едно куче што виеше

**"... Се плашев од сопствените мисли и размисли: тогаш ненадејно слушнав виење на куче во близината.** Дали некогаш сум слушнал некое куче да вие така? Се обидов да се сетам. Да! Кога бев дете, во раното детство: - тогаш слушнав едно куче што виеше така. А и го видов накострешено, со главата кренета нагоре, растреперено, во најтивката полноќ. .. Токму во тој МИГ полната месечина, молчалива како смрт минуваше над куќата, тукушто застана, тркалезен факел - застана на рамниот покрив. .." (ТЗЗ ; 165) Кучето како да викаше за помош затоа што таму лежел некој човек. Виењето на кучето го претставува човековиот животен копнеж за доживување на себеси како вистиски човек, ослободен од оковите на слабостите, или нечистотиите кои го маскираат, го кријат неговиот вистински лик. Дека кучето во суштина е Волјата за моќ во човекот која го тера кон неговата слобода кон спознанието на неговата потполност, односно неговото јаство, или чистота.

За да ја постигне човекот својата чистота, или јаството кое е идентично со Брахман, мора постојано да се прочистува, односно да ги контролира своите човечки слабости: завист, љубомора, презир, одбивност, сладострастие, властољубие, гордост, омраза и одмазда, нагон за казнување и награда: **"Животот е извор на задоволства**; но онаму каде што пие и збирштината, сите кладенци се затруени. **Јас сум склон кон се што е чисто; а не можам да ги гледам озабените муцки и жедта на оние што се нечисти**. .. **Моето срце, во кое гори моето лето, кратко, жешко, таговно, преблажено: како се стреми моето срце и моето лето кон твојата ладовина!"** (ТЗЗ ; 100-102)

## 1.3. Еден млад пастир се задушуваше, црна тешка змија му висеше од устата

Низ многу генерации човекот живеел со своите нагонски слабости кои влегле во него како змија, а сега пред највисокиот рид таа змија се разбудува и сака да мине низ грлото: "И навистина, она што го видов, го немав видено никогаш дотогаш! Видов еден млад пастир како се витка, се задушува, се грчи, со збрчкано лице, со црна тешка змија што му висеше од устата." (ТЗЗ ; 165) **Тоа беше Заратустра - човекот, кој за да се искачи на својот последен врв, да стане духовен, да стане Натчовек** мораше со "својата рака да ја тегне змијата", но залудо не можеше да ја истрга од грлото. Тогаш нешто извика во него: "Прекасај! Прекасај! Скини ѝ ја главата! Прекасај! - така викаше мојот ужас, мојата омраза, мојата одбивност, моето сожалување, сето мое добро и зло викаше од мене во еден вик."(ТЗЗ ; 165) Во главата на змијата е изворот на целата нечистотија, на целиот отров во човекот наталожен низ вековите од неговото постоење што го скаменило и смрзнало човечкото срце. Во нечистотијата беше измешан и дребниот човек, од кого тој беше презаситен, со сите негови желби и страсти. Човекот има можност да ја прекаса главата на змијата и да стави крај на својата нечистотија, да се ослободи од вечните окови што змијата му ги ставила. **Копнежот** на Заратустра по себеси, **неговата љубов кон себеси, односно неговата Волја за моќ** успеа да ја разбуди и донесе змијата до грлото, низ устата до забите. Како и секоја нечистотија која желудникот не може да ја поднесе, или свари, што се искачува - повратува низ устата така и нечистотијата, која како "мираз" ја носеше пастирот низ многу генерации и која го создаваше страдањето требаше да биде отфрлена далеку од него. Требаше само да ѝ го прекаса вратот. **Но сепак, чиј беше вратот? На змијата во Заратустра? На човекот во Заратустра? На возвишениот човек, или на белиот бик во Заратустра? Можеби на најчистиот - Натчовекот во Заратустра?**

"Еден орел (најмудрата птица на небото) се изви во широки кругови во воздухот, а на него висеше змија (најмудрото животно на земјата) што не беше наликум на плен, туку на негова пријателка: бидејќи беше обвиена околу неговиот врат. (ТЗЗ ; 24) на друго место Ниче го објаснува местото на змијата во поглед на волјата за моќ, "Моќта е нова добродетел; мислата е патовод, а околу неа се наоѓа мудрата душа: златно сонце, а околу него змијата на познанието. (ТЗЗ ; 80) Во Библијата ја наоѓаме змијата обвиткана околу дрвото на познанието кое се наоѓало во центарот на рајската градина (на Небото). Змијата беше таа која го натера Ева да вкуси од плодот на познанието - јаболкото, со што го направи првородениот грев и заедно со Адам паднаа на земјата. Во овој случај змијата ја симболизира инволуцијата на натчовекот, кој во Рајот - Изворот на постоењето (седмата чакра - сахасрара која се наоѓа во темето) беше неделива целина - цело јаболко -

Месечина и Сонце; Ева и Адам; анимус и анима, се подели на женски и машки енергетски принцип за да може совршено добро да функционира како организам на посебно женско и посебно машко тело. Психофизички, во енергетски, тие се надополнуваат како маж и жена со вродена тенденција да се спојуваат и оплодуваат, односно множат, на материјален план, а исто така на внатрешен психоментален план тие како енергии се подложни под законите на термодинамиката. Се смета дека **оттогаш змијата се склопчила и се скаменила**, "зошто мора, вели Ниче, **мојата слика, сликата на моите слики да почива во најтврдиот, најстрашниот камен!** (ТЗЗ ; 90)

Значи, волјата за моќ заради оваа причина е заробена во **"каменот" кој "знае" само за волја за опстанок**. Заедно со волјата за моќ е заробена чистотата, односно душата: златното сонце. Со тоа, во каменот е заробена и вистината. Змијата е поделена на незнаење и мудрост, на темнина и на светлина, на ден и ноќ, на волја за опстанок (заради страв од смртта) и волја за моќ која копнее за Изворот - Горе. Волјата за опстанок, или волја за живеење, а не за живот е поврзана со месечината, со месечевиот циклус на жените, со слабостите и пороците на човекот, во крајност со омразата. Ако стравот од смртта роди, во крајност омраза, од гледна точка на волјата за моќ, тоа е рамно на смрт. Така човекот, во смисол и мажот во кого не се има пробудено волјата за моќ или волјата за живот, Ниче го смета дека е од "женска порода". Ниче кога зборува за волјата за моќ, ќе рече, "само онаму каде што постои живот постои волја. Но не волја за живот, туку - така те учам - волја за моќ! (ТЗЗ : 120) Тука тој го заменува зборот "живеење" со живот.[255] А кога вели, "оној што го фрлил во вистината зборот "волја за опстанок", со кое најверојатно мислел на "волја за живеење", се разбира, продолжува Ниче, не ја погодил вистината: таквата волја - не постои!" (ТЗЗ : 120) Не постои заради илузијата на живеењето во која постои сегашниот човек затоа што кога и би постоела "волјата за опстанок", таа не оди заедно со вистината како Извор и суштина на постоењето на човекот. Саи Баба во својата Божествена порака ќе рече: "**Вистината не знае за страв; невистината се тресе при секоја сенка**". (види Морална алиенација) Или со други зборови, човекот, вака скаменет без пробудена волја за моќ, не може да знае за вистина, не може да проценува и не може да создава над себеси. Таквите луѓе Ниче ги нарекува "**луѓе со половина дух**", "**одбивни ми се сите луѓе со половина дух**, сите замаглени, сите што пловат, сите што мечтаат" (ТЗЗ ; 259) Од друга страна пак, Саи Баба ќе додаде: "**Бог не живее во структури на камен и тула, Тој живее во меки срца, топли од сочувство и со арома на универзална љубов**"[256].

**Но, што ја натера змијата да се искачи горе до грлото и да излезе низ устата како нечистотија** која стомакот не може да ја свари и ја повраќа низ уста? Што би ја натерало змијата повторно да се разбуди и повторно да ја

[255] Саи Баба во една своја изрека вели, "земјоделието е за живеењето, а културата на душата е за животот".

[256] Sai Baba. *Divine Message of the Day*. Internet (25.04.2007)

доживее својата еволуција кон Изворот на постоењето и кон "сликата на сликите"? Што би ја натерало самата волја за моќ да се пробуди во човекот? Што би ја предизвикала толку големата одбивност од малите луѓе и од луѓето со половина дух? Што би го предизвикало големиот копнеж и големото страдање на Ниче за вистината? Како што чеканот е постојано гонет кон каменот да го крши, така и Ниче чувствува дека треба да работи на издигнување на човекот кон натчовекот, "во мене има нешто неранливо ...што ги разурнува карпите... разурнувач на сите гробови ... таа чекори молкома и не се менува со текот на годините... тоа се вика моја волја". (ТЗЗ ; 116-117) Одговорот би можеле да го бараме во вечното враќање во истиот живот со цел да се прочистиме и да се пробудиме за вистината, односно во нас да се пробуди волјата за моќ која треба повторно да не однесе кон Целото кон Едното, "навистина, мојата волја за моќ патува со твојата волја за вистина!" (ТЗЗ ; 120) Човекот отсекогаш живеел без вистината со "половина" дух, но сепак од време на време, животот не можел да издржи, а да нема некој кој ќе ја постигне потполноста преку својата самореализација, затоа што, вели Ниче, "онаму каде што има гробови има и воскресенија". (ТЗЗ : 117)

А пастирот прекаса, добро прекаса! И тогаш ја исплука далеку главата на змијата - и скокна на нозе. Тоа веќе не беше пастир, **не беше човек - беше сосем изменет, просветлен и се смееше**! Никогаш ниту еден човек на земјава не се смеел како него! " (ТЗЗ ; 166) Кога Ниче го доживеа своето просветление со его (савикалпа самади - самади со его), сé уште беше во еуфоријата на сето она што му се случуваше на патот на самореализацијата, и во својата најголема желба очекуваше дека неговата волја за моќ ќе си ја дозаврши својата работа во постојано просветление, а таа, како преку ноќ, се прекина. Таква беше Неговата волја. Ако некој помисли дека Ниче некаде згрешил - одговорот е Не. И покрај тоа што не ја достигнал Највисоката реалност, сепак тој видел многу од вистината, а вистината не му се дава на оној кој бил во грешка, туку таква беше неговата волја за моќ за овој негов живот. Ако Исус Христос треба повторно да дојде тогаш и Ниче сигурно дека ќе го дозаврши својот пат на самореализација во слава на неговата волја која е и волја на целото човештво. Можеби, на запад таа сака да делува колективно заради колективно самореализирање токму затоа Ниче имал таква судбина.

## 1.4. За старите и новите играчки

Кога Заратустра зборува за доблесните луѓе, односно за доблестите базирани на доброто и злото им се обраќа на возвишените: "Но Заратустра не дојде да им рече на сите тие лажливци и глупаци" "Што знаете вие за доблеста! Туку за да се заситите вие, пријатели мои, од старите зборови, што

сте ги учеле од глупаците и лажливците. .. за да не велите: "постапката е добра затоа што не е себична".

Понатаму Ниче се користи дословно со параболата "стари и нови играчки" кои се сретнуваат во некои стари будистички текстови. Јас ќе се послужам со една илустрација која ја сретнав во еден текст каде Махајана - будизмот се спротивставува на Хинајана - будизмот. Постоеле повеќе буди кои оделе кон просветление, а едни од нив се и татагатите. Постојат повеќе методи за просветление, но во суштина за секого постои еден и единствен според неговото ниво на духовен раст. Господ го поучува Сарипутра преку парабола: "Во некое село, град, трговски град, држава, провинција, кралство, или главен град, си живеел стар домаќин во своите поодминати години со слабо здравје но ногу богат и ценет. Имал куќа многу голема и висока, сигурно изградена многу одамна. Куќата била населена со многу суштества, дури до петстотини. Таа имала само една врата. Тој имал и многу синови од пет, десет и дваесет години. Еден ден куќата се запалила и домаќинот излегол од вратата надвор, но се замислил за своите деца, како нив да ги натера да излезат. Тие биле внатре во куќата и се забавувале со најразновидни игри и забави. .. Би можел да ги изнесам на раце едно по едно дете, ама има само една врата, а огнот брзо се шири. Затоа се одлучил да ги предупреди: "Ајдете деца надвор, куќата гори, ќе изгорите внатре". Но тие не обрнале внимание на зборовите кажани од срце. Само се вртеле лево десно, збунето, но не излегувале надвор од куќата. Знаејќи што ги привлекува децата, брзо се одлучил: "Слушајте деца! Помислете на вашите играчки без кои вие би биле несреќни! Помислете количките во кои се впрегнати волови, кози и елени, сите тие се надвор од куќата"[257]. Децата се втурнале низ вратата по своите играчки. Веднаш штом излегле ги пибрале од таткото. Заради преголемата љубов кон своите деца таткото им ги дал играчките. Тие играчки биле и трансови и други моќи кои воделе кон Најголема среќа.

Но се поставува прашањето **Зошто таткото ги излагал своите деца?** Зошто Господ ги мами своите деца на најразлични начини само за тие да се издигнат кон Небото, односно кон сопствената чистота. Ако доблестите се инструменти, односно играчки со кои денешните луѓе "си играат", односно се придржуваат кон морални принципи и веруваат во нив, **тогаш зошто Господ на одредени поединци им дава други "играчки" кои не се базираат врз доброто и злото?** Овие нови играчки служат за утеха на оние кои се качуваат по височините на се до својот највисок врв: "Тие си играа крај морето - тогаш дојде еден бран и им ја фрли играчката во длабочината: сега плачат. Но истиот тој бран треба да им донесе нови играчки и да растури пред нив нови шарени школки! Така ќе се утешат тие, а вие како нив, пријатели мои, ќе најдете утеха - свои нови играчки!" (ТЗЗ : 99) Значи, ако возвишениот по патот на творецот треба да ги напушти своите стари навики односно идеи и врзаности за блиските и задоволствата од животот, на повисоките духовни нивоа, Господ им дава други духовни задоволства, односно спознанија кои му

[257] Conze, Edward. *Buddhist Scriptures*, New York : Penguin Books Ltd., 1979, str. 204-05

носат нова радост. Но само херојот е подготвен да ги жртвува старите "играчки" за "нови".

Кога зборуваме за тоа како Господ ги мами своите деца тогаш зошто не би можеле да помислиме како Ниче го пласира својот Натчовек. Во случајот на примерот кој Господ му го дал Сарипутра потребно беше децата да излезат од "куќата", односно материјалниот свет и да се искачат наповисокото небесно ниво.

## 1.5. Бог е нагаѓање

Ниче ја потенцира немоќта на човекот да си го замисли Бога затоа што тој го замислува надвор од себе и го тера да се сврти внатре во себе во потрага по Натчовекот.

Сметам дека Ниче никогаш не го убил Бога само го искористил во една своја **парабола; "Бог е нагаѓање.** .. Можете ли да си замислите бог? - Но вашата волја за вистината треба да значи сé да се претвора човечки видливо, човечки опипливо! До крајот мислете со вашите сетила!" (ТЗЗ ; 88) Контрадикторна е оваа изјава на Ниче, навредувачка за човекот, но бидејќи за него човекот претставува само мост кон натчовекот кој како таков не може да вреднува, тогаш со него Ниче може да си игра како со дете затоа што и човекот низ вековите премногу се "заљубил во своите играчки - доблести". На почетокот Ниче го намамува нудејќи му ги веќе неговите познати играчки (базирани врз човечките телесни сетила) само давајќи им на играчките поголема моќ - човекот да го спознае бог преку спознавање на Натчовекот, за подоцна да му зборува за патот на творецот на кого му се потребни "нови играчки". Овие нови доблести се основа за превреднувањето на вредностите.

## 1.6. Куќите ги изградила, за парабола, некоја голема душа

Во "За доблеста што намалува", Заратустра ни дава парабола и за реката, куќата и дребните луѓе. Така враќајќи се назад кон планината и својата пештера, тој сака да дознае што се случило во меѓувреме со "човекот", дали станал поголем или помал, истовремено зборува за "реката со своите многу свијоци која брза назад кон својот извор" и за редицата на нови куќи што тој ги приметил на патот: "Што значат тие куќи? Навистина, овде не ги изградила за парабола некоја голема душа! Дали некое глупаво дете ги издвоило од својата кутија за играчки? ... А и овие одаи и соби: можат ли тука да влегуваат и излегуваат мажи? ... Насекаде гледам ниски врати... О

кога ќе се вратам во својот роден крај, каде што веќе нема да се сведнувам - да се свиткувам пред дребните!" (ТЗЗ ; 173-174)

Куќата, како и во будистичките стари текстови, е материјалниот свет во кој човекот живее со сите свои слабости и и свои доблести. Само оние со херојска волја можат да "излезат од материјалната куќа - материјалниот човек" и да се искачуваат кон сопствениот врв, односно да одат по духовниот пат нагоре. Но тоа не го можат дребните, не го можат оние од толпата кои себеси се нарекуваат мажи, а во суштина се страшливи за духовното искачување кон себеси, односно спојување со божественото. Ниче многу добро знае дека нема многу врати исто како што и нема многу куќи туку секоја куќа, **а и единствената врата - излез кон небесниот простор е самото човечко тело: "Јас нема да тргнам по вашиот пат, вие што го презирате телото! За мене вие не сте мостови кон натчовекот!"** (ТЗЗ ; 38)

## 1.7. Духот станува камила, камилата лав, а лавот дете

Во "За трите преобразби", Заратустра ни зборува за преобразбите на духот: како духот ставнува камила, и како станува лав од камилата и како од лавот станува дете: "но само човекот си е тежок самиот на себе! Затоа што на својот грб влече премногу туѓо. Тој клекнува како камила и остава да го натоварат добро. А особено силниот снажен човек што е полн со стравопочитување, товара врз себе премногу туѓи тешки зборови и вредности - и тогаш животот му изгледа како пустина!" (ТЗЗ ; 201) Во човекот постои морето на колективното и индивидуалното несвесно во кое се закопани многу страдања и болки на сите минати генерации на човештвото: "тој е оној кој слепо верува, кој следи, кој е верен слуга, верува на десетте заповеди, на свештеници, му треба водач и нема сигурност во себе. .. тој е оптоварен со моалноста како наследство од предците, а ниеден достоинствен човек не би си дозволил мртвите да го командуваат[258], затоа човекот сè уште се наоѓа во своето детство кое трае уште со неговиот "пад" од рајот на земјата. Затоа и параболата е претставена преку камилата која го носи својот тежок товар. "Сè што е најтешко го зема врз себе духот што е желен да носи: наликум на камилата, што брза натоварена низ пустината, така брза и тој низ својата пустина." (ТЗЗ ; 28)

Кај **камилата** е многу значајно што си ја има прифатено својата улога, односно својата судбина, додека пак, човекот треба да донесе одлука дали во себе да развие херојска волја на ЛАВ и да се спротивстави на вредностите кои многукратно му ја зголемуваат тежината на неговиот товар: "Но во најсамотната пустина се извршува втората преобразба: таму **духот станува лав**, сака да си извојува слобода и да биде господар на својата сопствена

[258] Rajneesh, Bhagawan Shree. *Zarathustra A God That Can Dance : Talks on Friedrich Nietzsche's Thus Spoke Zarathustra*, West Germany : The Rebel Publishing HouseGmbH, [1987], str. 157-162

пустина. .. Човекот да си создаде слобода за себеси и едно **свето Не**, исто така, пред должноста. .. Човекот да си присвои право на нови скапоцености. .." (ТЗЗ ; 28) За оваа цел човекот мора да се ослободува од ропството и со гордост да вели "Не" на своите предрасуди, мора да спознава, мора да ја следи својата интуиција, да се следи себеси: "Научив да се качувам со лествица од јаже на многу прозорци, со брзи нозе се јазев на високи катарки: и мислам дека не беше мала среќа да седам на високите катарки на познанието. .. По различни патишта и на различни начини дојдов до својата вистина: не се искачив само по една лествица во височините, каде што моето око лида во моите далечини. .. Ова е мојот пат - а каде е вашиот?" (ТЗЗ ; 203)

Може ли човекот да го ослободи своето море, може ли возвишениот да собере доволно херојска волја?: "лавот е револуција, лавот копнее за слобода, лавот сака да излезе од прангите на ропството при што и било кој бог би му бил пречка, кај него ја нема радоста на камилата во својата послушност и ропство. Гуатама Буда, Махавир и Заратустра се трите пророци кои го негираат постоењето на бог"[259]. На патот кон Натчовекот, возвишениот ја добива својата возвишеност само кога ќе стане лав. И покрај тоа што лавот само создава услови за ново проценување, отфрлајќи ги старите вредности меѓу "доброто" и "злото", тој не е способен да создава нови вредности за освојување на највисокиот врв. За возвишениот тоа би била и последната дрскост на лавот со херојска волја во него и да ја надмине својата најголема пречка - копнежот за вистинска радост и среќа: "Твојата тежина секогаш ми изгледаше доволно страшна: но некогаш ќе најдам сила и глас на **лав** што ќе те викне **горе**!" (ТЗЗ ; 169)

Најголемиот копнеж, односно најголемата желба за **вистинската среќа и радост** е најголемата пречка за лавот, односно возвишениот духовен покајник, кој заради својата гордост не може да ја премине: "Зошто мора грабливиот лав да стане и дете? Детето е невиност и заборав, нов почеток, игра, вртешка што се врти сама, прво движење, **свето велење Да**." (ТЗЗ ; 29) Но тоа не е камилата - човек - дете кој ја носи тежината на своите "гробови"- страдања и болки и кое секогаш послушно му вели на својата судбина "да". Овде станува збор за симболиката на духовното, возвишеното дете кое се возвишува над толпата и ја презира, преку лавот во себе, затоа што со неа владеат "мртвите предци" кои никогаш, од Авраам наваму, немале лавовска волја да станат господари на народите. Во Библијата, во дванаесеттото поглавје од "Битието" Господ Бог му се обраќа на Авраам, "Излези од земјата своја и од родот свој, и од домот на татка си и појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ и ќе те благословам... Преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата." [260]

---

[259] Ibid., cit., str. 157-170

[260](Цитирана Библија, Битие 12, 1-3 во Елијаде, Мирча. *Историја на верувањата и религиските идеи : Од камено време до Елевсинските мистерии*, Том I, Скопје : Табернакул, 2005, стр. 146

Сепак, од перспектива на небото, детето ја прифаќа божественоста на сите суштества, но ја сожалува нивната ропска судбина, која не е и негова. Тоа е детето кое произлезе од внатрешната чистота на Натчовекот, тоа е детето кое со својата херојска волја за моќ страдаше за Натчовекот, за Чистотата во себе, и таа, надокрај, му дозволи да се спои со неа. Заратустра си го поставува прашањето сам на себе: "Кој треба да биде господар на светот? - и самиот одговара на истото: "**Најчистите души треба да бидат господари на земјава. ..**" (ТЗЗ ; 331) Значи, лавот кај возвишениот треба да стане по втор пат "дете", но овој пат во цела своја убавина која потекнува од спознанието и невиност која произлегува **од неговата небесна чистота од која произлегуваат сите нови вредности**, а пред сé, цврстата и сигурна **верба**: "Бидејќи сите нешта се крстени во кладенецот на вечноста и од другата страна на доброто и злото" (ТЗЗ ; 172) Зборот "да" не е секогаш потврден. "Да" значи потполно поинакво егзистенцијално искуство. Зборот "да", значи потполно да се напушти егото. **Да се предадеш значи да се стопиш со целината**[261], вели Ошо Рацниш, **така се случува повторното раѓање на човекот или средба со Натчовекот:** "Ако првото детство е почеток на патувањето, второто детство е завршување на патувањето. Првото раѓање е во телото, а второто во свеста. Со првото раѓање стануваме човек, со второто стануваме бог"[262]. Ако некој е вистински упатен од источните учители во теоријата за самоспознанието ќе забележи дека во своите дела, Ошо Рацниш, честопати открива некакви филозофски мудрости кои не се само чиста филозофија туку дел од теоријата и патот на самоспознанието која се пренесува на избраните ученици.

Што се однесува пак до многу често споменуваниот термин на Ниче, "**чистота**" кој дури и за самиот наслов на "**Така зборуваше Заратустра**" вели дека може слободно да се нарече, "**За чистотата**", не можев, а да не се зафатам со едно свое слободно дефинирање на истиот, а кој не случајно има допирни точки со горното објаснување на Ошо, затоа што според теоријата на самоспознанието "човекот се раѓа одново". Исто така, оваа теорија има допирни точки до учењето на Заратустра за натчовекот и преку оваа дефиниција сакав да го приближам натчовекот до науката. Можеби, како и параболите на Ниче, оваа дефиниција за терминот "чистота" ќе заземе место и во некакво метафизичко објаснување, или гледање на источната филозофија, но сепак, мислам дека ја допира и западната филозофија и христијанската религија: "**Во тишината која ја надминува тишината што ушите можат да ја допрат, во спојот на Таткото на Небесата и Мајката на Земјата, Сонцето и Месечината, машкиот и женскиот енергетски принцип каде јазикот на срцето е единствената комуникација, каде чувствата, мислите, зборовите и плодовите на своите дела се жртвувани, каде желбите, страстите и чезнеењата немаат повеќе од каде да произлезат, кога пробудувањето и**

[261]Rajneesh, Osho. *Philosophia Ultima : Discourses on mandukya Upanishad*, Beograd : Mataphysica, 2006 str. 211
[262] Zaratustra A God that can dance, str. 177

**просветлението ја избришале целата тага од срцето и солзите од очите заедно со егото, тогаш чистотата е екстрахирана, преку дотогаш недоживеана радост, во човекот кој се раѓа одново. Оваа совршена чистота очите и зборовите можат да ја препознаат само како "божилак на душите" или како пеперутка со прекрасно обоени крилја која тивко слетува во срцето.**"

Како појаснување го земам божилакот, кој според науката за спектарот на боите, во основа ја има белата боја, која во повеќето култури е прифатена за симбол на чистота и сл. Исто така, душите или "јаството" во позадина го има Браман, или Бог. Како што божилакот е поврзан со водата исто така и "Јаството" е поврзано со водената (втора) чакра Свадистана која е и "живеалиште на јаството"[263] кое за да се ослободи и искачи нагоре кон срцето, односно кон центарот на човекот кој се раѓа одново, (види ја третата парабола за пастирот и змијата) мора да ја остави зад себе нечистотијата која го врзува за материјалното ниво на долните три чакри или енергетски центри.

Додека го пишувам овој текст се јавува на телефон братот на сопругата кој денес отишол во Скопје (центар на Македонија) и вели дека "толку силно врни и грми што детето му се плаши". Сега се сеќавам и на еден **прекогнитивен сон** од пред повеќе години кога основното училиште "Коле Канински" беше прогласено за најчисто училиште во градот. "Се наоѓам во некое училиште во сутеренот и гледам чешми кои течат во едно широко бетонско корито полно со нечиста вода. Јас почнувам со рацете да ја терам надвор нечистата вода, а Ахил, сопруг на една колешка од студиите по англиски јазик зема од една полица една посатка полна со бели јајца и оди низ сутеренот правејќи ја буквата "П" (победа). Наеднаш од чешмите протекува чиста, бистра вода". После неколку дена, на Радио, слушнав дека училиштето кое го носи моето име "Коле (Николче) Канински" го прогласија за најчисто училиште во градот. Ако вчера (недела) ова го пишував денес (понеделник) како потврда на тоа дека требаше да ја напишам горната дефиниција ми дојде Божествената порака на денот од Саи Баба, "чиста мисла од чисто срце подобра е од мантра"[264].

## 1.8. О душо моја ти ја одзедов цела покорност, коленичење и богомолство

Ничеовиот концепт за натчовекот му изгледа суров на обичниот човек затоа што тој "не знае" да се "поклонува". Ниче го базира својот концепт за натчовекот врз "непоклонување", односно врз отсуство на врска субјект-објект или двојност, со што се има впечаток дека тој е во постојана потрага на своето јаство кое е идентично со Брахман. Вечното прашање на џнана - јогинот е "Кој сум јас?" Единствениот одговор е "јас сум тоа што сум", или "I

[263] Џохари, стр. 55
[264] Sai Baba. *Divine Message for the day*, Internet (04.06.2007)

am that I am". Целиот Космос дише со "јас сум". Ако е Брахман внатре во нас, или ако е натчовекот внатре во нас, на кого му се поклонуваме? Ниче не се спротивставува на оној што "богомоли" или коленичи, на пример да го земеме случајот на христијанските верници за кои Ниче вели дека се со ропска моралност. Ниче смета дека таквиот верник не е креатор. Тој однапред е подреден на потрага на бог надвор од себе. Тој прво верува во црквата и свештениците а потоа во апсолутот или Господ. Тој верува прво во она што му проповедаат. Во една моја кратка медитација го прашувам својот учител Саи Баба кој секогаш одговара, идентификувајќи се со бог, "Каде си? Одговорот го добив во слика на чекан во вид на буквата "Т". На задниот дел чеканот беше поделен на два запци за вадење шајки, што ми асоцираше на двојност која напред преминува во едно. "Што има врска ова со прашањето?" си реков. Веднаш ми светна, "аха "Т"(те) чекан = Те чекам, или ова ме потсеќа на една ситуација во Индија кога го чекаме да излези Саи Баба кога ми дојде реченицата, "Каде е Гадот што ми рече дека ќе ме чека во 12 часот.
Ако претпоставиме дека јаството, натчовекот или Браман како сакате да го наречеме, дека е внатре во нас тогаш оној кој спознава, објектот на спознание и спознатото се Еден, тогаш зошто е потребна потрагата или барањето, а да не зборуваме за коленичењето, или поклонувањето и богомолството. "О душо моја, .. каде би биле иднината и минатото поблиску едно до друго отколку во тебе... Да си ги излееш јадовите во солзи што навираат пред сопственото изобилство, пред целиот страстен копнеж на **лозарот** (спознавачот) **кон лозата** (објектот на спознавање) **и кон косирот на лозарот** (спознатото)." (ТЗЗ ; 232)

## 1.9.Стариот бог е пак жив, најодбивниот човек е виновен за сé

"Смртта на Бога е секогаш само предрасуда". (ТЗЗ ; 324) Незнаењето, мракот го сокриле патот, секое трагање по "стариот бог" беше залудно. Прагматичниот човечки дух не е научен да се мачи за нешто далечно и невидливо од кое не гледа некаква поголема корист. Духовната потрага е најодбивното нешто за медиокритетите - припадници на толпата. Што е тоа самореализација, си велат тие. Седи си мирно и не барај преку леб погача, е нивното мото. За да ни ја покажи врската на самореализацијата со нашето јаство, "Заратустра се сврте кон најодбивниот човек, кој сé уште лежеше наземи и ги подаваше рацете кон магарето" (ТЗЗ ; 325) "Сите пак станале набожни, и се молат... и најодбивниот човек: сите **тие коленичеа како деца и како набожни стари жени и му се молеа на магарето**. .. Амин! И слава, и чест и мудрост, и благородност и награда, и сила на нашиот бог за вечни времиња! - а магарето тогаш рикна: И-А. (ТЗЗ ; 322) Тоа е вечното "Да" кое може да го рече само невиноста на детето, "надокрај пак станавте дечиња, односно набожни... И ако уште еднаш ја славите оваа магарешка слава, сторете го тоа

од љубов кон себе, а и од љубов кон мене! И за мој спомен" (ТЗЗ ; 326) И-А е вечниот Брахман кој низ секого од нас го шепоти "**јас сум**", "**I am**" "**I**" (**Аи**). На германски **"JA" значи "ДА", најверојатно и ова свето "Да" го натерало Ниче да го вклучи магарето во своите параболи.**

## 1.10. Медена жртва - Јас само се стремам кон своето дело

Животот е тежок, но какво е тоа егзистенцијално искуство кое произлегува од напуштањето на егото? Од кога е светот и векот човечкиот прагматичен ум работи по еден шаблон - извлекување корист од секое негово делување. Одењето на човекот по непознати патишта е ризик за самиот него, затоа што тогаш тој се одделува од своето материјално егзистирање барајќи некаква "замислена среќа": "Но сé е исто, ништо не се исплатува, секое барање е бесмислено, веќе не постојат ни острови на среќата!" (ТЗЗ ; 251 Крик во невола) Интуитивното трагање на Заратустра по себеси: "стани онаков каков што си! (ТЗЗ ; 247) го става над човечкото самосожалување и страв од губење на својата материјална егзистенција за некакви замислени идеи. **Заратустра е свесен дека она за што тој се жртвува, за луѓето претставува лудост** и затоа се обидува да остане неразбран од нив: "... одамна веќе не се стремам кон среќата, **се стремам кон кон своето дело**. Ова е уште една парабола на Заратустра која Ниче ја нарекува Медена жртва со првата песна од последниот, четврт дел. Со истата парабола Ниче и го завршува овој дел: "Зар јас се стремам кон среќата? Јас се стремам кон своето дело!" (ТЗЗ ; 338)

Всушност, кое е делото на Заратустра? И ако Ниче нешто не измамил, тоа било за наше добро за да можеме да ги скршиме нашите стари плочи. Значи, било добронамерно. "Она што го зборував за жртвата и за **медената жртва беше само итрина на мојот говор и навистина корисна безумност!** .. и кога се лакомев за мед се лакомев за страв и за сладок густ сок - .. за најдобар страв што им е неопходно потребен на ловците и на рибарите. .. со мојот најдобар страв ги мамам денес кај себе најчудесните човечки риби! .. се додека тие, **фатени на мојата остра скриена јадица, не бидат принудени да се издигнат во мојата височина**. .. Зар некој човек ловел некогаш риби на високи ридови? .. **дури и ако е безумност она што го сакам и што го правам овде, горе: сепак, тоа е подобро отколку таму, долу. ..**" (ТЗЗ ; 246-247) Само галебите можат да се одмараат на високите карпи над морето и по потреба да се нурнуваат кон морските бранови да се хранат со риби. Човекот мора да стане како галеб: да лета кон небото и да се нурнува во морето, односно да нурнува во својата подсвест која е и колективна подсвест: "Особено човечкиот свет, човечкото море: - во него ја фрлам сега својата златна јадица и викам: Отвори се, човечка бездно!" Силниот копнеж на Заратустра за самоспознание му причинува огромно задоволство: "Медот во моите жили ми ја згуства крвта и ми ја замолчува душата." (ТЗЗ ; 245-246)

## 1.11. Самореализацијата е дар на судбината

Што мораше да научи Заратустра од човечкото море кое за толпата низ вековите остана невидливо и неодгатнато? Дали тоа му помогна да стане креатор, односно творец на љубовта кон себеси и другите: ""**Слушајте или ќе ве искамшикувам со божјиот камшик!**"" (ТЗЗ : 247) Всушност, тој разбра дека неговата жртва не беше залудна, ами беше "медена". Сфати дека и доброто и злото, среќата и несреќата, самосожалувањето и сомилоста, гордоста и скромноста, стравот и храброста, обичниот човек и духовниот покајник, верникот и неверникот, богатството и сиромаштијата, љубовта и омразата, привлечноста и одбивноста, физичкото и духовното постоење се само нивоа на неговиот "материјализиран" ум кој му го создаде целото негово **човечко страдање**. А немаше нити некое посебно искачување по планини.

Човечката бездна е микроуниверзум во кој човекот постои психофизички и духовно. Тој е во исто време и море и планина и "јас" и "јаство"; и човек и натчовек. Најпосле разбра зошто беше потребно да стани дете кое постојано ќе вели "Да". Тој мораше да живее и со вистината и со лагата, со храброста на лавот и со слабостите на толпата, со реалноста и со заблудата, со страдањето на човекот за остварување на своите желби и со најголемата желба за самоспознание на вишиот човек или духовниот покајник, **со волјата за опстанок и со волјата за моќ**. Мораше да сфати и да ги **прифати сомневањето и вербата како нешто кое нема реално постоење пред вистината, односно чистотата на своето Јаство**. Тој сфати дека нивото на Натчовекот е реалност која му беше откриена затоа што така сакаше неговата **судбина**: "И навистина, јас ја сакам својата вечна судбина поради тоа што не ме гони и не ме турка и ми дава време за безумности и злоби: така што денес можев да се искачам на риболов на овој висок рид". (ТЗЗ ; 247)

Истата оваа судбина им дава на луѓето да си ги исполнуваат своите желби. Последниот врв, односно неговата последна желба не може да биде освоена со некоја посебна доблест или посебен напор. Таа не може ниту да биде купена како што тоа во човечкиот физички свет ни се наметнува - дека со некаква способност, работа и труд треба нештата да ги заслужиме. Самоспознанието доаѓа судбински, по пат по кој човечкиот разум не е моќен да го разбере. Судбината, односно бог тоа го дарува, му ја дарува средбата на човекот со Натчовекот како што Бог ни го дарува и нашиот човечки живот, односно нашето прво раѓање: "И само тие луѓе ќе сфатат дека не може преку напор да се дојде до самиот врв - тоа може да се случи само преку не-напор. .. Напорот е потребен; на почетокот, напорот е морање. .. На Исток, ние веруваме, и тоа верување е исправно, дека **просветлувањето не е**

**достигнување - пред сé, тоа е милост, тоа е дар** - тоа е прасад[265]. **Бог ви го дава - не можете просветлението да му го одземете од раце**"[266]. Ниче, си признава, "до златното чудо, до волниот чамец и до неговиот господар: а тоа е **лозарот кој чека ("Т(е) чекан(м))** со лозарски дијамантен косир - **твојот голем избавител**, о душо моја, **безимениот- на кого идните песни допрва ќе му најдат име!"** (ТЗЗ ; 233)

## 1.12. Заради пијавицата лежев во оваа бара како рибар

Оттука произлегоа параболите на Заратустра, почнувајќи од Пијавицата: "заради пијавицата лежев тука, во оваа бара како рибар, и мојата подадена рака беше веќе десет пати касната кога ми ја зацица еден уште поубав еж, самиот Заратустра! .. Јас сум мајстор и познавач на мозокот на пијавицата - тоа е мојот свет!" Така разговараше Заратустра со еден дел од себе. .."и сосем блиску до моето знаење се протега моето црно незнаење. .. одбивни ми се сите луѓе со половина дух. .. Онаму каде што завршува мојата чест јас сум слеп и дури сакам да бидам слеп. А онаму каде што сакам да знам сакам да бидам и чесен, односно суров, строг, тесен, жесток, неумолив. Тоа што еднаш го зборуваше ти, о Заратустра: **"духот е живот што се врежува во животот"** , тоа ме доведе и ме заведе кон твоето учење. И навистина **со сопствената крв го зголемив сопственото знаење!"** (ТЗЗ ; 258-259) Низ сопствените искуства, спознанија на вистината кои судбината му ги додели да ги црпи од потсвеста како неразделен дел од свеста и надсвеста го правеа Заратустра сé позрел и позрел: "Подобро е човек да биде глупак, ама свој, отколку мудрец според туѓото добро мислење! **и кога човекот повторно се раѓа, овој пат духовно. Тука** Јас - одам до базата. .. Ми треба само една педа од базата.. . **една педа од базата: врз тоа човек може да се исправи**." (ТЗЗ ; 258) Овде може да се зборува за чакрите - невидливи трансформациони центри на енергија во човечкото тело, преку кои се постигнува прочистувањето. Ако зборуваме за **една педа од базата (од** прва чакра), можеби се мисли до 5-тата (пет прсти во педата на раката) чакра - Грлената чакра (Вишуда чакра) во која се врши **прочистувањето започнува и самореализацијата - SO HAM = That I am (Тоа сум јас).**[267] Преку совршена рамнотежа на телесните елементи се постигнува блажена недвојност.

[265] Maheshwarananda, Paramahans Swami. *Susreti sa jogijem I*, Novi Sad : Biblioteka Yoga, 1988, str. 246. (prasad е посветена храна која се става пред олтарот за време на пеење на духовни песни - bajans и после завршувањето на средбата, како веќе посветена храна му се дава на секој од учесниците дел или парче од неа - може да биде храна, благо или овошје.)

[266] Osho. *Moj Put, Put Belih Oblaka*, Beograd : Esotheria, 1990, str. 174-175

[267] Johari, Harish. *Chakras : Energy centers of Transformation*, Rochester, Vermont, USA : Destiny Books, 1987, str. 79

Нивото на духовен раст на медиокритетите како дел од толпата не им дозволува да тргнат во потрага по "најодбивниот човек", односно самоспознанието затоа што треба да се откажат од остварувањето на своите материјални желби и да станат "доброволни питачи". Овде доаѓаме до индиректен одговор за тоа дали воопшто постои "самоспознание" и дали воопшто секој може да рече за себе дека и тој по малку се самоспознава и без некоја посебна "жртва"? Ниче не води кон заклучок дека спознание на себеси не постои доколку не сме подготвени да ги надминеме своите материјални желби, односно "да умреме" за материјалните желби. Затоа ги поставува и своите две параболи преку двете песни во четврдиот дел: "Најодбивниот човек" и "Доброволниот питач". Ако човекот не ја сака потрагата по самиот себе тогаш индиректно тој не сака да се запознае нити со својата Сенка (следна песна во четвртиот дел), односно не сака да ги види нити сопствените слабости и заблуди: **"сé уште не сум нашол никој што би се презирал подлабоко: и тоа е висина. Уви! Да не беше тоа вишиот човек чиј што крик го слушнав"** (ТЗЗ ; 276 Најодбивниот човек) Тој што не сака да ги види сопствените слабости и заблуди тој не сака ни да се откаже од задоволување на своите желби без оглед дали е материјално богат или сиромашен, а со тоа не може да тргне по патот на самоспознанието: "Сладострасната алчност, жолчната завист, длабоко озлобената желба за омраза, гордоста на толпата: сето тоа ми се фрла в лице. Веќе не е вистина дека бедните се блажени. А небесното царство се наоѓа меѓу кравите." (ТЗЗ ; 279)

Дали е Ниче сам, како му дојде толкаво духовно богатство кое најверојатно го доживувал и преку екстатични моменти на свесност, односно спознание, преку сонови и преку медитации како онаа што му дојде во 19881 година кога се шетал покрај езерото Силваплана, за вечното враќање на истото. Гледано со мојот материјализиран ум кој има доживеано и повеќе духовни екстатични искуства, сонови и медитации, можам слободно да тврдам дека во неговиот случај вклучен беше или беа духовни учители за кои не постои граница на "движење" и помагање. Ниче често ги споменува хермитите како поединци во кои се акумулирала најповеќе волја за моќ, или **волја за љубов, или вистина**. Нема кажано име на некаков духовен учител, но најверојатно тоа морало така да биде во текот на неговиот живот за да остане жртва и предвесник - гласник на натчовекот, како што беше жртва и Исус Христос. Затоа на некои слики е ставен венец од трња на неговата глава. Но сепак, ако народот го чека второто доаѓање на Исус, зошто да не можеме да очекуваме да **заживее натчовекот во нас.** Можеби дури тогаш ќе дојде долгоочекуваниот Исус Христос.

## 2. ВОЛЈАТА ЗА МОЌ ВО ОДНОС НА ПОЈДОВНИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

***ОСНОВЕН ХИПОТЕТСКИ СТАВ*** од кој поаѓам е дека

ВРЕДНОСНОТО РЕДЕФИНИРАЊЕ И ДУХОВНОТО ИЗРАСНУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАТА, ИНИЦИРАНО ОД ВОЉАТА ЗА МОЌ (НИЧЕВИОТ КОНЦЕПТ ЗА НАТЧОВЕКОТ), СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ ПРОЦЕСОТ НА ДУХОВНО СОЗРЕВАЊЕ СОГЛЕДАНО НИЗ ВНАТРЕШНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ФРУСТРАЦИИТЕ И СТРАВОВИТЕ НАМЕТНАТИ ОД КОНВЕНЦИИТЕ НА СВЕТОТ ШТО НЕ ОПКРУЖУВА.

### 2.1. Волјата за моќ му ја открива на човекот неговата идентификација со погрешните вредности иницирана од волјата за опстанок

Кога би се обиделе да го замислиме телесното, односно физичкото постоење на човекот во некаков совршен функционален организам, односно енергетски систем кој зависи од некаква сила на природата која го создала и го одржува некое време тогаш доаѓаме до прашањето за постоењето на љубовта, бог и сл. Кога би го исклучиле бог како "далечна претпоставка" тогаш би останал зборот "љубов" како нешто што знаеме дека го држи човечкиот вид, семејството, општеството и тн., кој е и"огнот" што го одржува здравото функционирање на самите телесни клетки во еден организам. Ваквата синтетизирачка сила или моќ која ја храни целата психо-физичка структура на човекот е во таа мера вградена во потсвеста на секој човек што го тера кон заедништво со другите луѓе. Меѓутоа, за жал, не секој човек е свесен, или многу мал е бројот на оние кои вистински знаат, односно се свесни дека љубовта е таа моќ која зближува, а омразата, себичноста, бесот и алчноста е таа која разделува, затоа што "велот" на незнаењето во човекот е премногу силен. Мракот како голем и тежок облак во свеста на човекот ја затскрива светлината и не ѝ дозволува така лесно да пробие со своите зраци. Во еден ваков мрак, или илузија е обвиткан појавниот свет во кој живее човекот и тој самиот ненамерно влегува во идентификација со своето материјално тело, а со тоа и со материјалниот свет кој го окружува.

Во една ваква ситуација, прво што се јавува кај човекот е **волјата за опстанок, која е предизвикана од стравот од губиток на своето тело, односно од стравот од смртта. Ако љубовта има привлечна и спојувачка сила, стравот го натерал човекот кон спојување заради заштита. Заштитата може да биде од повеќестрана природа, во која нема да навлегуваме, но во краен случај таа треба да донесе спас на физичкото постоење на човекот.** Обично женскиот пол е послаб пол кој бара заштита и затоа Ниче најголемиот број мажи ги нарекува дека се од **"женска порода"**. И кај примитивните луѓе и племиња постоел стравот, па затоа тие се здружувале во орди, заедници и тн. На пр. северноамериканските индијанци се плашеле од сите необични природни

појави: водопади, вулкани, осамени стени, необични големи дрвја итн. Самото верување во духови прераснало во религија. Стравот го сретнуваме на сите степени на развој на религијата. Кај примитивните народи голем од стравот скавиците и громовите. Најголемиот специфичен страв кај човекот се манифестира на религиозното подрачје. Будистичкото учење кое настанува само сто години пред појавата на Перикле во Атена имаше главна цел ослободување од страдањето. Тука припаѓало и ослободувањето од стравот во браманската религија. Може да се рече дека стравот повторно си го зазема своето место во развојот на свеста, човекот не е доволно зрел за сликата на светот која му ја диктира разумот.[268] Човекот се чувствува мал и треба да се плаши, а есхатологијата добива фундаментална вредност за која тој треба да му се заблагодари на бога. Подобро речено овде имаме патолошка состојба на страв и подложност на љубов кон бога што повеќе изгледа на мазохистичка црта кај малиот човек во подреденоста на водачот или власта.

**Во својата осаменост човекот е заробен со ужасен страв - пред универзумот што е над него, пред времето што тече, пред стравот од другите, стравот од светот и стравот од самиот себе.** Потоа следи стравот дека човекот не може сам да се спаси, односно да најде излез за да го надвладее стравот туку му е потребен **"спасител"**. Еволуциски гледано, денес, во време на развој на техниката и технологијата, развитокот на информативните електронски медиуми и форсираното консумерско општество направи голем скок. Затоа не можеме лесно да ги дефинираме формите на страв. Ова време се смета за **"време на стравот и електрични медиуми, несвесност и апатија" Маршал Меклуан употребува силни изрази и зборува за време на "психичка самоампутација".** Тој смета дека откако се појави "тркалото" нозете помалку ги употребуваме. Органите на телото повеќе не можеме да ги користиме како заштита.[269] Ова е време кога секој знае што другиот ќе каже. Сите средби се сиромашни со содржина. Обично велиме: "наврати некогаш", "да се слушниме". Често телесната присутност се заменува со телефонот. Темите се секогаш исти, нема ништо ново, ништо искрено заради сопствената конвенционалност. Дури и меѓу пријателите ретко се трга маската. Психијатрите сметаат дека ваквата состојба се јавува заради недостаток на осетливост. Денешниот свет е свет на натпревар и конкуренција, на желба за успех уште од најрана возраст - **ова е свет кој бара агресивност, а не љубов кон ближниот.** Човекот ја претрпува најголемата елементарна несигурност. **"Луѓето патат, од нервни и душевни напори кои им биле наметнати со натпреварот со оние кои им се слични.**

Денес, човекот може да се дефинира како **да се има**, наместо **да се биде**. ... Него не го интересира она "**спознај се самиот себе**". Динамичниот живот во велеградовите донесува голем број на психијатриски случаеви и алкохоличари, зависници од дрога и сл. Често е земањето на средства за

[268] Lenne, Raphael. *Strah : Analiza i terapija*, Zagreb, 1983, str. 86
[269] Ibid., str. 192 (cited from M. McLuhan:*Understanding Media* , 1964 str. 50)

смирување и спиење како и средства против страв. Се зголемува бројот на луѓе со кардиоваскуларни пореметувања.

Стравот дека нема да се успее воопшто и не се споменува. Тој се заменува со зборовите "**внатрешна напнатост**". Голем е и денешниот страв да не се изгуби работата и да се биде успешен во неа. Голем е стравот на менаџерите и бизнисмените. Фројд го презел концептот за несвесното и неговото потиснување од Бројер, а потоа несвесното го заменил со "тоа" кое го презел од Ниче. "ид" "его" или "јас" и "над јас" или супер его. "Јас" е во тесна врска со "ид" и со надворешниот свет. "Јас" се јавува како јавач на коњ кој треба да се скротува. "Над јас" го заменува родителскиот авторитет. **Фројд сметал дека невротичниот страв доаѓа од либидото. "Над јас" пази на почитувањето на нормите и прети со чувство на вина и лоша совест.** Така "јас" терано од "ид" или "тоа", а притеснет од "над јас" отфрлено од реалноста постојано се мачи да ги совлада своите економски задачи, да воспостави склад меѓу различните сили и влијанија кои делуваат врз него, во него и на него. Затоа често човекот извикнува "Животот не е лесен!". Ако "јас" мора да ја признае својата слабост тогаш ќе вивни во страв, страв пред надворешниот свет, страв пред совеста, невротичен страв пред силата на страста на "тоа" ("ид").[270]

**Секој процес на созревање донесува и промена во квалитетот на стравот.**[271] Меѓутоа што се случува со човекот во демократските општества? Многумина живеат во илузија дека ги следат сопствените идеи и склоности, дека се индивидуалци, дека дошле до своите погледи врз основа на сопственото мислење и дека случајно дошле до тоа нивните идеи да се слични со идеите на мнозинството. Консензусот на сите служи како доказ за исправноста на "нивните идеи" Но, бидејќи сѐ уште постои потреба од извесна индивидуалност, таквата потреба се задоволува со обѕири кон помалку важните разлики; иницијалите на патната торба, на џемперот, припаѓањето на демократската наместо на републиканската партија, на Елкови наместо на Шринерови; тоа станува израз на индивидуалните разлики"[272]. Демократските општества покажуваат висок степен на конформизам. Длабоката потреба за спојување, за љубов се претворила во потреба за заштита. Силниот страв на човекот да не биде ни неколку чекори оддалечен од толпата, вели Фром може да се рационализира како страв од практични опасности кои можат да го загрозат неконформистот. Многу луѓе не се ни свесни за својата **потреба од конформирање затоа што до нив "никогаш не стигнала" потребата за трансценденција** која е една од најосновните потреби на човекот и своите корени ги има во фактот на неговата самосвест, во фактот дека тој не е задоволен со улогата на сознанието тој да се прифати како фрлена коцка.[273] Човекот со потреба за

[270] Ibid., str. 283-292
[271] Ibid., str. 309
[272] Фром, цит., стр. 22
[273] Ибид., стр. 57

трансценденција чувствува потреба да биде творец , да биде суштество кое може да ја трансцендира пасивната улога дека е создадено.

Наместо човекот да ја развива својата **волја за трансценденција** тој уште повеќе ја негува **волјата за опстанок** при што тој барајќи заштита тој бара припадност на стадото или толпата. Она што е карактеристино за психолошката толпа, вели Ле Бон, "без оглед какви се поединците што ја сочинуваат, без оглед на нивниот личен живот, занимања, карактер или интелигенција имаат еден вид заедничка душа и делуваат различно отколку кога би делувале изолирано, секој посебно. Во толпата дури и најврвните интелектуалци ретко ќе го поминат нивото на најпросечните индивидуи во она што припаѓа на сферата на чувствата, како што се на пример во политиката, моралот, симпатијата, антипатијата, љубовта и сл. Во колективната психа се брише нивната индивидуалност. Сé што е хетерогено станува хомогено и во тој момент настапува доминацијата на "несвесното" однесување. Во толпата доаѓа само до натрупување на ограниченоста и стравот, а никако до збогатување на духот.[274] Така поединецот станува медиокритет и тој повеќе не е она што бил, тој станува автомат кој не е воден од сопствената волја. Ниче вели "**со него си поигруваат сите бранови**".

## 2.2. Волјата за моќ го освестува човекот за илузијата на сопствената цел - личната среќа

"Јас и ти сме проблеми, не светот, затоа што светот е проекција на нас, а за да го разбереме светот треба да се разбереме себеси. ...Промената на светот е и наша промена. **За да се преобразиме себеси потребно ни е самоспознание**[275].

Поединецот низ сите минати генерации се одлучил својата **лична среќа како цел** да ја бара во светот кој го опкружува. Се поставува прашањето како сите луѓе да бидат среќни? Дали општеството може да им даде таква среќа на луѓето? Дали е тоа неговата улога? Суровоста на општеството кон луѓето се покажала за време на војните. Општеството не може да им подари на луѓето бесмртност, па според тоа не може да им подари ни среќа. Од минатото гледаме дека општествата преку своите механизми за владеење со толпата, како компензација за својата немоќ да им дадат на луѓето бесмртност и среќа, се обиделе да им наметнат **идеал** кој требало да биде нивна највисока среќа. Таквиот идеал е државата - татковината и владетелите, за кои дури и црквата

[274] Ле Бон, стр. 30-34

[275] Krisnamurti, J. *Duh i sloboda*, Beograd : Grafos, 1987, str. 30

пропагирала дека се дадени од бога (луѓето се жртвуваат за татковината[276], а јапонските фанатици со задоволство го жртвувале својот живот за царот). Кај обичниот човек денес постои една изрека "за идеале гину смо будале". Црквата исто така им нуди идеал - божјиот спас. Денес сеуште се верува во второто доаѓање на месијата кој треба да донесе некаков спас, ама не ни е јасно каков.

Односот на човекот кон личната среќа е индиректно "поддржуван" и "насочуван" и преку мислите на авторитетите во филозофијата како што бил на пример Хегел. Во никој случај не смееме сите да подлегнуваме под Хегеловата држава **a priori** како највисок авторитет и врховен суд по прашањата за етиката. Во овој контекст тој и вели дека "Се што еден човек е, тој и должи на државата; само во неа тој може да ја најде својата суштина. ... Идејата за универзален морал во споредба со државата е празна и бесмислена".[277] Хегел оди дотаму што концептот на национална држава го прогласува за "форма во која божествената идеја постои на земјата". Со оглед на големиот дух на Хегел и од она што целокупната негова филозофија го нуди (со мудрост станал и државен филозоф на пруското царство) не можеме а да не се сложиме дека и тој е во право, но не ако зборуваме за држави како што се денешните. Најверојатно неговата држава е **идеалната држава** која тој ја имал во замисла, според која законите на небото се аналогни на оние на земјата, но фактот дека ништо на земјата не може да биде идеално прави денешните општества да се далеку од идеалните.

Сепак Хегеловиот приод одговарал на нивото на народот во тогашната држава, а најповеќе на царот. Не помал бил и умот на Маркс кога зборува за царството на слободата и кога вели дека моралот во иднина треба да одумре, а сепак човекот со задоволство морално ќе се однесува, но тој сметал дека тогашното културно ниво на човекот било мало па затоа на човекот сеуште му треба присила, за еден ден интересите на поединецот да станат исти со интересите на општеството. И овде гледаме материјална идеализација на она што всушност го бара духовното од човекот. Најверојатно Маркс увидел дека религиозното, кое во суштина секогаш се борело за традиционалното и конформното, е пречка за напредокот во општеството (во смисла на револуција) и затоа го пропагирал како "опиум за народот".

И покрај тоа што од искуство знаеме колку е тешко за човекот да постигне среќа во животот, тој е постојано свртен кон надвор, а неговиот интерес насочен кон надворешните предмети. Идеалот на западниот човек не е насочен кон самоодрекнување и самоспознание туку кон моќта на богатството, силата, физичката убавина, кон сопствениот успех итн. Во овој

---

[276] Стеван Алексоски, *Криминална психологија*, Штип : Педагошки факултет, 1997, стр. 176 (Национализмот се повеќе станува вредност за себе, бидејќи изгледа младите како да немаат свои вредности и своја самодоверба што би било услов за почитување на туѓите вредности).

[277] Мухиќ, Ферид. *Смислата и доблеста : универзитетски учебник по филозофија,* Битола : Факултет за учители и воспитувачи ; "Киро Дандаро", 1997, стр. 180

случај, младите најчесто се екстровертни и гласни, сакаат да се истакнуваат пред другите и ја покажуваат својата сила. Ја сакаат гласната и бучна музика (диско музика) сакаат да бидат први пред спротивниот пол, склони се кон пушење, алкохол, во крајности кон дрога и делинквенција.

Денес, кризата постои во целиот свет без оглед на националниот стандард и на брзиот технички и технолошки напредок. Од кога човекот знае за себеси, неговата најголема болест и причина заради која не може да ја постигне својата толку посакувана среќа во животот е **себичноста**, или **егоизмот**. Ако денес во општествата се зборува за демократија како највисок идеал и се изучуваат тони книги, ако се зборува за карактер на човекот, на ниту една институција не се изучува големиот мајстор - "волшебникот", или "маѓесникот" кого секој поединец го носи во себе. Денес, се прават многу кампањи против пушењето, дрогата, насилството, нерамноправноста, и тн., но кампања против заедничиот непријател кој е причина за сите проблеми на овој свет не постои. Нормално е неукиот да се запраша, каква е таа кампања против самиот себе? Употребувајќи го она што му е наметнато од филозофијата, човекот би се одбранил, **"па зошто кампања против себеси, зошто не речете "спознај се себеси", тоа барем звучи многу почовечно"**.

Во било кој поглед, кога се работи за себичноста кај човекот, како некое општо прифатено правило е "**па тоа е разбирливо, човечно**, значи, се знае, допуштено е". Кога себичноста ќе премине во видлива "нечовечна постапка", тогаш тој го користи, исто така, традиционално прифатеното пишано златно правило, "прави му го на другиот она што сакаш да ти го прават тебе". Со вакво слепо прифаќање на традиционалните вредности човекот се пикнал во толпата или стадото како што вели Ниче, и ја изгубил својата слобода да биде "творец", заради кое ја поставува **своја хипотеза, "Човекот е најсурово животно спрема самиот себе"** (ТЗЗ ; 228) (види Ничеовиот концепт за натчовекот 4.1.1.) Причината заради која човекот падна од "рајот" лежи во неговиот нагон, односно "зад целокупното **човеково страдање** се кријат трите зла". Заратустра не осveстува за трите зла кои во едно општество го хипнотизираат човекот. Тоа се **сладострастието, властољубието, и себичноста**. Ниче премногу силно и сликовите ја претставува најголемата болест на човекот и човештвото воопшто, истовремено напаѓајќи ги општествата кои преку своите институции, воопшто не допринесуваат за освестување за ваквата аномалија. "Животот е извор на задоволства; но онаму каде што пие збирштината сите кладенци се затруени. Јас го викам држава каде што сите пијат отров, добрите и лошите, држава каде што сите се "сакаат самите себе"; држава каде што бавното самоубиство се нарекува - "живот". (ТЗЗ ; 53)

Вака силно изразените мисли на Ниче, не се само формален напад врз општеството со неговите институции кои од друга страна формално се борат против аномалиите во општеството. Во позадина на нивната авторитарна поставеност, и денес во дваесет и првиот век, лежи држењето на народот во "страв". Оставено е, барем во таканаречените слободни или развиени општества, на секој поединец да одлучува сам за сопствениот правец за

ослободување од стравот кој низ многуте генерации длабоко се вкоренил во колективната подсвест на човекот. Низ вековите наназад во сите општества, во било кој облик, се вградиле **предрасудите за националната припадност, а најповеќе се вградиле предрасудите за "моралот", "гревот" и "божјиот суд" кој произлегува од непочитувањето на "поставениот морал" во општеството.** Ниче **индиректно** го поставува прашањето, како може човекот оптоварен со ваков "мираз" од минатите генерации, како "камила" која се влече низ сопствената пустина, да се стреми кон сопствената среќа во животот? Товарот кој човекот го влече не се само предрасудите и погрешните вредности кои Ниче сака да ги редефинира, тој оди подлабоко и дава одговор на тоа негово настојување, со што и го покажува својот врвен алтруизам, **"стравот" е тој што го држи човекот во покорност**.

Ако направиме една подлабока анализа на стравот, во која мера тој и понатаму човекот секојдневно го акумулира, ќе видиме дека меѓусебниот конфликт на било кој поединец со друг поединец претставува општествен конфликт исто како што претставува конфликт непочитувањето на општествените морални норми и правила. Во случај кога се работи за конфликти кои траат подолго време, заради тоа што не може да им се најде решение, тие стануваат **извор на фрустрација и болка, односно страдање**. Меѓу најчестите и најважните извори на фрустрација се разните психолошки притисоци под кои ги подразбираме сите ситуации и доживувања кои нé присилуваат да делуваме онака како што не сакаме, односно го загрозуваат нашиот психолошки и социјален интегритет. На прво место се **напнатостите и загриженостите, стресните ситуации и чувството на страв заради загуба на стекнатото име, имот, богатство и воопшто животот**. Ако фрустрацијата трае подолго време настануваат разни психосоматски заболувања.

Колку фрустрацијата е посилна толку е поголема веројатноста кај поединецот да се појави агресија која може да биде изразена на директен и индиректен начин. На директен начин е кога таа е свртена директно кон друг поединец, општествена група или институција. На индиректен начин агресијата преминува во трансфер или кон најблиските околу себе кои не се ни малку виновни за неа, кон општествени групи или институции, во случај на политичките шовинисти, расисти и слични реакционери и врз себе во немоќта на агресијата да се возврати со иста таква агресија при што поединецот доживува разни трауми. Во последниот случај, поединецот наместо да бара помош од другите околу себе се повлекува во себе, повремено или потполно се откажува од поставената цел: детето се свртува против авторитетот на таткото, бега од дома, или пак се јавува крутост во однесувањето или мислењето. "Трајната состојба на фрустрација ја намалува психофизичката флексибилност и личноста се формира како претерано педантна со строги навики, со конзервативни сфаќања итн. Честопати поединецот ги "натопува" своите фрустрации во алкохол и дрога"[278]. Крутоста во однесувањето и

[278]Zvonarević, Mladen. *Socijalna psihologija*. Zagreb : Školska knjiga, 1976 str. 310

мислењето доведува до конзервативност на личноста која е многу блиска со еден посебен вид на ставови[279] - предрасудите[280].

Конзервативните сфаќања карактеристични за луѓе со чувство на несигурност и незадоволство со себе, несигурни во своите и туѓите вредности (несвесни) сомничави и непријателски расположени кон другите, нетолерантни, слабо интегрирани, анксиозни и **луѓе со чувство на вина** се причина за појавата на предрасудите.[281]

Фрустрацијата е поврзана со тн. **фрустрациска толеранција**, односно **отпорност кон фрустрацијата**[282]. Таа ја означува отпорноста на поединецот да ги трпи притисоците и ударите од средината во која живее, а притоа да не ја загуби способноста на рационално и адекватно однесување и дејствување. Ова е многу важна особина на личноста, која и покрај тоа што во средината мора да се сретнува со фрустрации, **да ја задржи својата среќа и задоволство**. Фрустрираниот човек може ретко да биде рационален затоа што доживувањето на фрустрацијата е во суштина **емоционално доживување**, а емоционалното доживување во голема мера го отежнува интелектуалниот и рационалниот пристап кон проблемите и другите луѓе и воопшто кон вредностите.

Што претставуваат **себичноста** и **стравот? Себичноста и стравот се причините за најголемите лични и колективни несреќи на човештвото.** Ниче бил свесен дека себичноста и стравот се квалитети на едно "дребно", едно гнасно "џуџе" во човекот, заради кое Ниче му дава и епитет, "човекот е мачен срам". Тој зборува за неговиот презир кон дребните, но и за презир во кој најповеќе се љуби, "во часови на мојата чистота, ми доаѓаше дека сите човечки суштества се божествени". Секако дека еден голем ум за каков што го знаеме Ниче не може, а да не е свесен за тоа дека меѓу луѓето, во толпата, постојат и различни потенцијали за духовна созреаност. Затоа, тој се обраќа на оние кои можат да го разберат како што и различните езотерички учења биле за помал број на следбеници, како што Исус се обраќа на своите

[279] Rot, N. *Osnovi Socijalne psihologije*, Zavod za udžbenike SRS : Beograd, 1987, str. 321 (**Ставовите се системи на когнитивни, емоционални и конативни тенденции. Тие претставуваат ментална подготвеност за одреден начин на реагирање и затоа влијаат на тоа како ќе ги гледаме одредени предмети , што ќе мислиме за нив и како ќе реагираме емоционално**. Ставовите можат да се поделат на **лични и социјални**. Ако личен став е на пр. Ставот на некого кон својата мајка, пријател или некој предмет итн., **социјален став** е оној став во кој се содржани заедничките ставови на поголем број лица и се однесуваат на општествено важни појави. На пр. Ставот кон националноста и другите нации, кон прашањето за религијата или поодделни религии, кон војната и прашањето за разоружување, кон бракот, семејството, системот на воспитание, кон смртната казна итн.

[280]Ibid., cit., str. 300 (**Предрасудите** се посебен вид на ставови, но се **логички неосновани** ставови, кои **тешко се менуваат**, а по правило се поврзани со **интензивни емоции**. Во социјалната психологија на предрасудите им се обраќа големо внимание затоа што се во врска со одредени важни општествени појави кои се јавуваат кај помал или поголем број на членови во општеството - важен фактор во општественото однесување.)

[281]Ibid, cit., str. 337

[282]Zvonarević, cit., str. 308

ученици, "**оставете ги мртовците да ги закопуваат своите мртовци**". Но повеќе факти говорат дека, и тој како Заратустра, не сака да биде идол и авторитет, а со тоа и страв. Дури позади неговите изјава се крие неговата желба, секој човек во себе да го открие и да се ослободи од сопствениот страв, "вие сте толку туѓи со својата душа за сé што е големо што натчовекот би бил **страшен** за вас во својата добрина" (ТЗЗ ; 149) Сега ве повикувам да ме загубите мене и да се најдете себеси; дури кога ќе се откажете од мене ќе посакам да се вратам кај вас". (ТЗЗ ; 82) Им кажува дека нивната дребност е заради нивниот страв и кога би виделе некој кој има своја внатрешна слобода тогаш тој ќе им изгледа страшен. Заратустра не сака страшливци, тој бара поединци со лавовска волја на себе - спознавање, со што ја дава и својата **четвртата хипотеза, "Да спознаваш тоа е радост за оние што имаат лавовска волја!"** (ТЗЗ ; 214) (види 4.2.1.3. Редеф на вредностите - односот на човекот кон натчовекот)

Саи Баба, преку ВЕБ - страната на својата организација на интернет, на 14.03.2007 година, ќе ја даде мислата на денот: **"Бидете како лавови на духовен план, господарете над шумата од сетила и втурнете се бестрашно со целосна верба во победата".** Заратустра продолжува, "**А кога ќе се превладеам себеси во тоа, тогаш ќе го превладам она што е најголемо; и победата ќе биде печат на моето усовршување!**" (ТЗЗ ; 169) Ниче се идентификува со сопствената цел, **"Не ве советувам за работа туку за борба, не ве советувам за мир туку за победа. Вашата работа нека биде борба, вашиот мир победа!.. "А јас ви велам добрата војна посветува сé"**. (ТЗЗ ; 73) Која е неговата лична идентификација и цел, тој само ни ја навестува, а со тоа индиректно ни кажува дека стравот е толку голем во човекот што сите други цели се само лична илузија, дури и кога ја чувствува својата радост од победата над сетилата, а посебно кога го завршува своето дело Така зборуваше Заратустра, тој го потсетува човештвото, **"Зар јас се стремам кон среќата? Јас се стремам кон своето дело!"** (ТЗЗ ; 338)

## 2.3. Волјата за моќ создава храброст на творец преку која човекот го надминува ропскиот страв - стравот Божји

> "Јас сум свој сопствен претходник меѓу овој народ, јас сум свое сопствено кукуригање низ темните улици." (ТЗЗ ; 179)
> О браќа мои, оној што е првенец секогаш го жртвуваат. А ние сме сега првенци. Ние крвавиме на тајните жртвеници, гориме и се печеме на старите идоли. (ТЗЗ ; 207)

Стравот кој потекнува од волјата на човекот за опстанок, всушност му му наметнува на човекот потреба за покорност и послушност пред различни авторитети. Според Фром, всушност луѓето сакаат и да се покоруваат во многу поголема мера отколку што се присилени, барем во западните

демократии.[283] Сведоци сме и на тоа во колкава мера луѓето не се свесни во колкава мера се покоруваат како припадници на "својата политичка партија" кога несвесно ги "бранат нејзините бои" без оглед дали нејзината политика е добра или не. Повеќето луѓе влегуваат во една "ропска послушност" сметајќи дека тие мораат да ја бранат својата припадност. Ова е случајот кога никој директно не ги тера на послушност, а тие ја нарекуваат послушноста - лојалност.

Причината заради која Ниче се нарекува "јас сум антихрист" е токму неговата **пробудена волја или волја за моќ, која го тера да ја надмине својата волја за опстанок** која го тера човекот да стане припадника на толпата и со тоа да го развива својот "ропски морал", односно покорност и послушност која е толку распространета во идеологијата на христијанството. "Христијанството го нарекувам големо проклетство, најголема внатрешна расипаност .. го нарекувам **бесмртна лага на човештвото",** вели Ниче. [284] Токму оттука започнува христијанството. Гласот на народот одлучува да го распне Исус Христос затоа што не го препозна продуховениот човек, Натчовекот, или како сакате единородениот Син на Господа. Народот одлучи да живее разбојникот, водачот на разбојниците кој на народот требаше да им ја донесе "материјалната слобода", односно да го обезбеди нивниот опстанок. Придавајќи си важност на себе си како на единка од која зависи светот, човекот се стопува со масите, кои ја делат верbата во "материјалниот Бог", односно поединецот станува дел од толпата.

Продорното око на Ниче виде дека "човекот на сегашноста" низ илјадалетијата, а посебно од распнувањето на Исус Христос верува во добрина и правда, верува во пастири - свештеници како гласници на пораката Христова. Така "христијанинот, а посебно христијанинот-свештеник, станал критериум за вредност. Според Ниче, свештеникот познава само една опасност; науката - здравото сфаќање на причината и последицата. Затоа **"свештеникот владее со помош на изумот на гревот"**[285]. Се надоврзува со своите метафизички размислувања "рускиот Хегел" како што го нарекуваат рускиот мислител Николаи Берѓаев, "Сфаќањето за човекот само како роб Божји, му противречи на христијанското учење за човекот како слика Божја, како суштество кое е способно за посегање по **највисоките вредности**. Божјата слика во човекот е неспоива со **ропскиот однос кон Бога, затоа што самиот Бог посака човекот да стане слободно суштество"**. Всушност, тој смета дека **"христијанската религија воопшто не го бара", односно свештениците не треба да го бараат "понижувањето на човекот пред Бога**, туку човечката **возвишеност до вистински сфатениот** Бог"[286].

Ниче во својата книга **"Антихрист"** остро се спротивставува на институцијата црква која е водена од свештените лица затоа што добрите и

---

[283] Фром, цит., стр. 21
[284] Nietzsche, Friedrich. *Antihrist : prevrednovanje svih vrednosti*, Beograd : Grafos, 1985, str. 72-75
[285] Antihrist, cit., str. 64-65
[286] Левицки, Сергеј. *Берѓаев пророк или еретик*, Скопје : Табернакул, 1994, стр. 38

справедливите, т.е. верниците ги направила зависни од верувањетошто им го наметнале свештениците и црквата. Станале со ропска моралност, која не е моралност на творец. "Божјото царство" не е нешто што се очекува, тоа нема утре и задутре, не доаѓа после илјада години - тоа е спознание во срцето. Насекаде и никаде. .."[287], вели Ниче и додава, "Што значи "радосна вест"? Вистински живот, вечниот живот е пронајден- тој не е обеќан, тој е тука во нас: како живот во љубов - Исус ништо не бара само за себе. .. Исус, всушност и не сакал ништо друго да докаже со својата смрт освен да даде најсилна проверка, доказ за своето учење. .. "[288]. **А тоа е дека не треба да постои страв од смртта на физичкото тело кое тој доброволно дозволува да биде распнато**, односно дека **волјата за моќ е далеку повисока од волјата за опстанок**.

Теоријата смета дека "стравот божји - е пониска, но многу важна манифестација на христијанската љубов кон Бога, "**Плаши се од Господ заради љубовта кон него"**, односно се смета дека **со стравот човекот се заштитува од правење зло на другите.**[289] Ако за движечка сила на човекот и човештвото се смета љубовта, а преку стравот треба да се спречи човекот "да мрази", принудувајќи го на ропска моралност тогаш како кај него ќе се развие совест за "вистинито или невистинито". Тогаш човекот не само што станува некреативен за самиот себе туку е **повлечен од заедничкиот карактер на толпата,** при што волјата за опстанок не му дозволува во него да се пробуди повисоката волја за моќ. **Исусовото распнување** не само што му покажува на човекот дека тој е **распнат помеѓу смртта и бесмртноста**, односно помеѓу **волјата за опстанок и волјата за моќ**, туку **со тоа што Исус Христос не се спротивстави на распнувањето кое беше побарано од народот е уште една потврда дека човекот во кој е развиена волјата за опстанок за сметка на волјата за моќ, тој несвесно може да го распне и Бога, односно го распнува Бога, а со тоа се уништува себеси,** "вашата личност сака да зајде и вие поради тоа сте почнале да го презирате телото". (ТЗЗ ; 38) Значи, повратната реакција од нашето убиство на бога е нашето врзување за волјата за опстанок и обратно.

Ниче, свесен за својата Шива природа, и свесен е дека човекот сé додека не ја пробуди во себе волјата за моќ, без оглед на тоа дека од распнувањето на Исус Христос поминало дваесет века, може многу лесно да го убие и него затоа што на нивната волја за опстанок им ја спротивставува својата волја за моќ како што тоа им го сторил и Исус. "Вие не сакате да убивате, вие судии и жреци, пред ѕверот да ја сведне главата? Гледајте бледиот злосторник си ја сведна главата: од неговите очи зборува неговиот презир. .. Не е доволно да се помирите со оној што го убивате. Вашето жалење треба да биде љубов кон натчовекот; така ќе го оправдате тоа што уште живеете." (ТЗЗ ; 40-41)

[287] Ibid., cit., str. 46
[288] Ibid., cit., str. 52
[289] Панчовски, стр. 152

Христијанското учење е дека **ропскиот страв** од Бога, кој се состои од привремени и вечни казни за направените гревови, и колку да се разликува од **синовиот страв** од Бога и е многу понизок во морална смисла, во никој случај не треба да биде сметан за порок, затоа што **ропскиот и мачен страв Божји е само почеток на мудроста. .., но и на совршенството, затоа што преку него се издига човекот кон Бога, односно се издига религиозно-морално. ...** Ропскиот страв, сам по себе, без оглед на тоа дали ќе доведе до високо морално-религиозно совршенство, во споредба со моралниот нихилизам или со етичко-скептичниот индиферентизам, во кој недостига секаков страв, а со тоа и секое задржување на патот на гревот, треба да биде признат како позитивна религиозно-морална манифестација. Христијанската **љубов кон Бога понатаму се изразува преку послушност кон Бога, во исполнување на волјата Божја, во чување на заповедите Божји. Ние го љубиме Бога затоа што Тој нас прв не заљубил и преку Својата љубов ни ја открил Својата божествена убавина и својата света добрина**. Според тоа, со посушноста кон Бога а со тоа и со исполнувањето на (Божјиот) моралниот закон, како манифестација на љубовта кон Бога, е возвишен морален чин во кој човекот останува верен на својата морална слобода и се остварува како автономна морална личност.[290] (види 4.2.0. Редефинирање на вредностите и волјата за моќ - Вера, љубов надеж)

Ниче е сосема свесен за пораката на Исус Христос, но му замерува што "го убила сомилоста кон луѓето". Се разбира Ниче не беше на негово ниво без оглед што тој беше свесен или пробуден за волјата за моќ во себе и покрај тоа што беше свесен за сопствената мисија преку Заратустра, "Нека бидат гневни на мене стадото и народот:" (ТЗЗ ; 22) Заратустра се нарекува себеси "разбојник" и "блед криминалец" кој ги уништува старите плочи на моралноста, а со тоа и на вредностите - станува првиот иморалист, го убива бог и ги тера луѓето да учат за една нова љубов која создава, "Сакањето ослободува: бидејќи сакањето е создавање: така учам јас. А треба да учите само заради создавањето." (ТЗЗ ; 215 За старите и новите плочи) Заратустра се обраќа и кон теистите и кон атеистите. Тој им зборува за спас од страдањето и надминување на смртта преку радоста на спознавањето кое е истовремено и создавање, **"А оној што сака да создава над самиот себеси, за мене тој има најчиста волја."** .. **"Волја за љубов, тоа значи да бидеш подготвен да умреш."** (ТЗЗ ; 127) Се разбира, дека кај оној кај кого сѐ уште не се пробудила оваа најчиста волја за моќ или волја за љубов, се јавува сомнеж **и страв за сопствениот живот**, "а од другата страна можеби се наоѓа патот кон големото ништо. Но кој би влегол во тоа "Можеби"? **Никој од вас не би сакал да влезе во чамецот на смртта!**" (ТЗЗ ; 215)

Ако Исус Христос ја покажал крајноста во подготвеноста на неговата волја за моќ дека може да ја надмине смртта на своето физичко тело, односно врзаноста за него преку волјата за опстанок, Ниче преку Заратустра ја зема улогата на гласникот **кој треба да постави рамнотежа помеѓу небото и**

[290] Ибид., цит., стр. 153-56

**земјата**, помеѓу духовното и материјалното, помеѓу машкиот и женскиот енергетски принцип, "Златото станало најскапоцено само како одраз на највисоката доблест. Тоа блеска со дарежливост. Блесокот на златото ги смирува Месечината и Сонцето. "ТЗЗ ; 78) Волјата за моќ е веќе во човекот, **"Сета драгоценост е веќе создадена и сета драгоценост - тоа сум јас"**. (ТЗЗ ; 28 За трите преобразби) Овде Ниче ни открива дека неговата волја за моќ која најповеќе ја имаат акумулирано хермитите и слободните филозофи, е силата која го тера да ја надмине врзаноста за блиските, "**човекот на познанието не смее да знае да ги сака само своите непријатели, туку да ги мрази своите пријатели.**" (ТЗЗ ; 82) Големиот индиски Еп во седумстотини строфи "Бхагавад Гита" или Песна за Господ започнува на борбеното поле кога Господ Кришна го тера Арџуна да се бори против своите блиски и пријатели. Не треба да ги следиме идолите, нити некаков натчовек кој треба да дојди и кој ни го мати умот цело време, а да не зборуваме за идолот Заратустра. Затоа тој им вели на своите ученици **"откажете се од мене и пронајдете се себеси" и тогаш "Јас ќе ви се вратам со друга љубов ќе ве сакам". ..** "Навистина, ве советувам: одете си од кај мене и бранете се од Заратустра! (ТЗЗ ; 82) (види 4.2.1.4. Редеф. на вредностите - односот на човекот кон натчовекот)

Ниче во некоја рака ја велича **господарската моралност** што ја гледа во будизмот. Пред него, будизмот е сто пати пореален од христијанството - тој во крвта го наследил објективното и ладно поставување на проблемите, тој доаѓа после многу векови стрпливо филозофско трагање. Кога тој настанал, поимот "бог" е веќе прекинат. Будизмот е за идните луѓе, за благи луѓе, љубезни, за извонредно продуховени раси кои се премногу склони кон љубов (Европа уште долго време нема да биде зрела за него)"[291]. Сите досегашни вреднувања на илјадулетијата биле од човекот чија волја за опстанок не му дозволувала во него да се пробуди волјата за моќ и затоа биле илузорни. Или пак, можеби така му биле наметнати од волјата за моќ без тој да знае затоа што немал уво да ја слушне, Овде ја гледаме големината на филозофот - Ниче. "Па и ти, што спознаваш, и **ти си патека и следа од ногата на мојата волја: навистина, мојата волја за моќ патува и со твојата волја за вистина."** (ТЗЗ ; 120).

Дали човековата **незрелост** сé уште се огледува во тоа "кога тој не може повеќе да љуби, тој мрази?" "Секој кој сака да живее духовен живот мора да се грижи и качува по лествицата на духовното совршенство", вели Серафим Саровски. Тој треба да почне од **дејствениот живот и пат**, кој го сочинуваат **постот, воздржувањето, бдението, коленоприклонувањето, т.е. метаниите, молитвата и другите телесни подвизи, а дури потоа да премине на умно-согледувачкиот живот, бидејќи без дејствениот живот невозможно е да се дојде до умно-согледувачкиот"**[292]. Дали христијанинот во својата немоќ да ги совлада пречките за да може да ги контролира својот нагон и желби

[291] Antihrist, cit., str. 27-30
[292] Левитски, Н., цит., стр. 124

останува во својот ропски страв од Бога и тука, несвесно, не можејќи да се помири со тоа што не може да ја постигне возвишеноста и највисоката вредност, "Бог не е толку Виша сила колку **виша Вредност** и бидејќи Бог е Творец, дотолку и човекот како негова слика е **творец**, па макар бил и со мало "т" "[293], станува "убиец" на творецот во себе.

Кога Ниче зборува за патот на творецот, гледано од гледна точка на христијанското учење, како да го прескочува дејствениот живот и пат на прочистувањеод страстите, "**Дејствениот живот**, т.е. подвижниот живот служи за исчистување од гревовните страсти. Единствено оние кои ќе се исчистат од страстите и кои се совршени, можат да пристапат кон **согледувачкиот** живот, пат кој се состои од **вознесување на умот** кон Господа Бога, **срдечно внимание, усна молитва и согледување на духовните работи"**[294] и секако, го покажува својот став само кон духовните работи без да ја бара помошта од Бога, па дури и да го спомнува поимот Бог. Берѓаев ќе рече:"**Највисоката мисла на човекот е Бог - и највисоката мисла на Богот е човекот**"[295]. Ако ја следиме метафизичката религиозна мисла на Берѓаев ќе видиме дека за него Бог, и покрај тоа што го создал овој свет, не е Творецот, туку "несфатливата Прворелност" - **бездна**, од која "**вечно се раѓаат Бог Отец, Бог Син и Бог Светиот дух**. ... **слободата не е создадена од Бога туку се вкоренува во "бездната на небитието**" "[296]. И овде се покажува дека Ниче добро знаел зошто го "пропуштил" поимот Бог, "Јас Заратустра, посредникот на животот, посредникот на страдањето, посредникот на кружењето - те викам тебе моја најдлабока мисло! ... Витосај се од мојата длабочина мисло без дно! ... Стани! Стани! Овде има доволно грмеж за да ги научи и гробовите да слушаат!.... Стани! Стани! Те вика, Заратустра, **безбожникот**! ... својата најдолна длабочина ја издигнав на светлина!" (ТЗЗ ; 225) Берѓаев смета дека, во некоја смисла, "**слободата е примарна во однос на небитието, затоа што секое битие е резултат на дејството на слободата"**[297]. Самото **создавање на светот** Берѓаев го третира како **прв акт на слободата.** Според Берѓаев, митот за **прародителскиот грев сведочи за немоќта на Творецот да го предупреди злото** родено од **слободата**, **што Тој не ја создал**. Затоа Бог по втор пат дејствува во однос на човекот: Бог слегува во светот и го зема ликот на Исус Христос.[298] Сепак за да не постои забуна дека Бог е одделен од слободата или човекот, тој ќе рече: "**Најспецифичното во личноста, т.е. нејзината внатрешна слобода и нејзината совест имаат духовно, или поточно божествено потекло**"[299]. Дури ни Ниче не го прескокнал дејствениот живот и пат, ниту пак сакал тоа да го каже. Тоа го гледаме и преку тоа што тој зборува како Заратустра на моменти сè уште "лазел",

[293] Левицки, цит., стр. 38
[294] Левитски, Н. цит., стр. 124
[295] Левицки, цит., стр. 38
[296] Ибид., цит., стр. 33
[297] Ибид., цит., стр. 35
[298] Ибид., цит., стр. 36
[299] Ибид., цит., стр. 32

односно "коленичел" во својата пештера, "О животни мои, зар и вие сте сурови? Зар и вие сакате да ја гледате мојата болка како што прават луѓето? ... И како ми се вовлече она чудовиште во грлото и како ме давеше! Но јас му ја прегризав главата и ја исплукав далеку од себе. А вие - зар и од тоа направивте песна за лира? А јас, ете, **лежам, изморен од тоа прегризување и исплукување**, сé уште болен од **сопственото избавување**". (ТЗЗ ; 227) (види II 1.3. Синтеза ... Параболите на Заратустра)

Како што на обичниот човек му е тешко да го разбере страдањето и борбата за избавување на Заратустра, односно на Ниче кој и самиот го носи во заблуда неговото разбирање кога и самиот се нарекува "антихрист", така и на обичниот христијански верник кој е далеку од тоа да биде монах, земајќи ги предвид зборовите на Серафим Саровски, "**оној монах кој не знае за делото на Исусовата молитва, нема во себе печат на Божјиот дух**", му е сигурно уште потешко да ја прифати вистината дека е далеку од Божјиот дух и до тоа да биде Творец, па макар и со мало "т". Но затоа пак, му е полесно да се "смета за компетентен" во судењето, а со тоа и распнувањето на творечкиот дух за кој се претставува и зборува Ниче. Неговиот творечки копнеж е за вистинска почит од секого. Кога Ниче зборува за својот творечки копнеж, тој признава, "Но да ви го откријам до крај своето срце, пријатели мои: **кога би постоеле богови, како би можел да поднесам да не бидам бог!**", исто како што поучува отец Серафим "Умната молитва треба да е предмет на постојано стремење на монасите. **Без неа, монахот умира како риба без вода**"[300]. Но, монахот "умира без Бог во срцето" откако ќе ја помине првата фаза на дејствениот живот и пат, односно се ослободи од "страстните гревови" кои постојано го држат во внатрешен немир. Токму затоа, Ниче, за да го ослободи човекот од притисоците што ги создава помислата на "гревот" врз него преку чувството на страв од Бога, кое го кочи творечкото чувство во него, односно ја кочи "господарската" волја за моќ во него, ќе рече: "**Бог е нагаѓање! ... Значи богови не постојат**". (ТЗЗ ; 88) (види II 1.5. Синтеза ... Параболите на Заратустра)

Во оваа изјава гледаме и итрина, обид на Ниче да го убеди скептичниот ум на човекот, а кај неговите современици да го "разбранува морето", а уште повеќе му годело ако тие ја проголтаат мамката за неговиот научен и "безбожнички" дух, како и што се случи; не можеа да го нападнат за некаква ненаучна догма. Тогаш Ниче лесно им го наметна патот на Творецот кој е пат на ретките духови, односно чисти души за кој што најголемиот број од неговите современици, и покрај тоа што се претставуваа за такви, не беа, а и ден денешен не се подготвени да го разберат, а камоли да го одат. Индиректно, тој му кажува и на христијанските верници дека треба силно да веруваат во тоа дека сé додека живеат во својот ропски страв пред бога, за нив ќе важи Исусовата изјава, "милиони ќе бараат малкумина се избрани".

Денес, поблиску до патот се оние кои велат "јас не знам како да ја гледам религијата, ниту како да го гледам Бог", би ги нарекле "атеисти од

[300] Левитски, Н., цит., стр. 125

незнаење", отколку оние се замислуваат дека се големи верници, затоа што "малкумина се избрани" значи малкумина се во вистинска потрага, односно малкумина се со вистински творечки копнеж кој произлегува од силната желба за самоспознание. Мноштвото, пак, само чека и го очекува второто доаѓање на Спасителот Исус Христос и се надева на Неговиот Страшен Суд кој треба да донесе Вечна Правда. Зарем мноштвото не се неизбраните, или сеедно, оние кои им припаѓаат на толпата. Се наметнува едно онтолошко прашање, воопшто, може ли човекот да вистински да сака? **А Ниче вели,** "Погледнете ги добричиците и справедливците! Погледнете ги верниците на сите вери!" Па, **прашува, "Кого мразат тие најмногу?"** И самиот си одговара на прашањето: "Оној што ги крши нивните скапоцени плочи, кршачот престапникот: - но тоа е творецот". (ТЗЗ ; 24)

Овде се поставува уште едно суштинско прашање, Зошто мораше Ниче да употребува "чекан"? Зошто и тој како и оние ретките, мудреците, духовните учители кои светот ги има или знае за малку на број, не можеше да помини крај своите современици и воопшто луѓето, без да ги навреди или повреди, па со тоа да "се заштити и самиот себе?" Зошто беше потребна толкава жртва? Зарем Господ Исус Христос како единороден син на Бога не се жртвуваше доволно за да ги искупи гревовите на човештвото? Одговорот би го барале во тоа дека духовните учители, а секако дека тоа беше и Исус Христос, преземаат од гревовите ма своите ученици, но со една цел - ученикот го добива името ученик за да научи нешто. А што научил човекот? Тоа го мачело Ниче. Тој беше уште една жртва за човештвото, но овојпат и удар за освестување на човекот за постоење на **науката на самоспознанието чија цел е внатрешното ослободување на човекот.**

## 2.4. Волјата за моќ развива силен копнеж за вистината кој го ослободува човекот од фрустрациите и стравовите

**Самотнику, ти одиш по патот кој води кон самиот себе! А патот те води крај самиот тебе и крај седумте ѓаволи!... Самотнику, ти одиш по патот на творецот; сакаш од твоите седум ѓаволи да си создадеш еден бог!"** (ТЗЗ ; 68) Тоа е "патот кој води по сопствената глава и преку сопственото срце". .. "ќе бидеш еретик за самиот себе, и маѓосник, и прокобник, и смешник, и сомневач, и безбожник, и злосторник" и тогаш кога **"врвот и бездната се слеат во едно"** (ТЗЗ ; 158), "сé е едно и една тајна. "Сакаш да отидеш во слободна височина, твојата душа копнее за ѕвездите. Но и твоите зли инстинкти копнеат за слободата. Твоите диви кучиња сакаат да излезат на слобода; тие лаат од радост во својата визба, кога твојот дух се обидува да ги отвори нивните темници." (ТЗЗ ; 46) **Седумте ѓаволи се седумте фази во победувањето на смртта**, во Веданта филозофијата.

Обичниот човек се плаши од смртта. Тој сака да живее вечно. Тој сака да знае каде оди, дури и по распаѓањето на телото. **Ова е појдовната филозофија, која трага по тајните на смртта. Големите филозофи пророци и религиозни лидери се сложуваат дека јасното разбирање на човековата врска со Бога и универзумот е единствениот начин да се избегне стравот од смртта, и во спиритуална смисла на зборот да ја избегнат и самата смрт. Кога човекот открива дека бесмртното Јаство е идентично со Највисокото Јаство, Браман или Бог, што е тогаш смртта и каде е стравот?[301] вели Свами Вишнудевананда во своето дело "Комплетна илустрирана книга за јога" и го дава одговорот,** "Единствена тема на веданта - филозофијата е потрагата по единството на индивидуалното Јаство со универзалното Јаство, Браман или Бог. Според Веданта филозофијата, човечкото тело е "најдобрата шанса за човекот да стане совршен и да ја победи смртта"[302] **и таа смета дека човекот многу ретко тргнува по "патот на творецот" затоа што имагинацијата и текот на мислата се вртат во погрешен правец. Тој се идентификува со телото божем е тоа бесмртно Јаство, а со тоа ја создава целата тага и болка кај себе.** Значи, аналогно на тоа и **науката која го нема за цел ослободувањето од страдањето лишена е од секаква вредност**.

**Во Индија метафизичкото знаење има секогаш некаква сотериолошка цел, односно како крајна цел има ослободување. Затоа само метафизичкото спознание постигнато преку (видја, џнана и праџна), односно добиеното знаење за врвните вредности, обезбедува ослободување. На овај начин знаењето се претвора во медитација, а метафизиката станува сотериологија.[303] (Види Духовно созревање на човекот) Затоа што Ниче смета дека вистината е таа која е спасител и избавувач од страдањето, вели дека треба да ја бараме позади доброто и злото**, позади двојноста. **Уште еднаш Ниче нагласува,** "ова е вашата вистина: вие треба да бидете премногу чисти за нечистотијата на зборовите: одмазда, казна, награда, надоместок. Вие ја сакате својата доблест како што мајката го сака своето дете, но кој слушнал некоја мајка да барала плата за својата љубов." **(ТЗЗ ; 97) "Нашето "јас", откако ќе се пробие до Космичкиот човек исчезнува - тоа се соединува со Јаството. Поројот од мисли на нашето "јас" како и желбите кои преминуваат од еден на друг објект на задоволство се смируваат при средбата со** Големиот човек од внатрешноста"[304]**.**

**Најсликовито можеме да дојдеме до сознание дека позади двојноста на егото, односно нашето дребно "јас", постои Јаството кое во сонот ги набљудува "и субјектот и објектот кои излегуваат заедно"[305]. Јаството ја преживува и состојбата на длабок сон. Според тоа Јаството е суштинската реалност на трите состојби: будна состојба, состојба на сон и длабок сон** и не

[301] Вишнудевананда, стр. 168
[302] Ибид., цит., стр. 170
[303] Joga, besmrtnost i sloboda, str. 34-36
[304] Čovek i njegovi simboli, str. 203
[305] Вишнудевананда, стр. 175

се менува. **Тоа е апсолутно постоење, апсолутно, спознание и апсолутно блаженство. (види Концептот на јога... Самоспознание) Да, во човечкото тело постои Изворот, тоа Јаство, таа чистота, тој Натчовек, вели Ниче:** "Погледнете, пријатели мои, со својот чист поглед во изворот на моето задоволство! Зар би можел тој да се замати од тоа! Ќе ви се насмевне со својата чистота." **(ТЗЗ ; 102) Ниче можел слободно да рече Бог, бидејќи Натчовекот како самотник не би бил ништо друго туку Бог кој е апсолутно Еден - па според тоа и самотник. Од гледна точка на човекот, тој, во осаменоста му се доближува на божественото за да се стопи во вечното.**

Сепак човекот повеќе ја сака светлината отколку темнината. Човекот се ориентира според светлината и кон неа се движи. Светлината најчесто ја идентификува со среќата. Тој не сака да се сеќава на темнината кога спиел. Што се случило минатата ноќ додека тој спиел.? Каде му бил потонат сонот? Повеќепати тонеме во сон, но само еднаш во овој живот тонеме во смрт. Зошто човекот тогаш да не се подготви за смртта. Тој е достоен противник за неа ако достојно се подготви. **Најголемиот противник на смртта е свесноста.** Живееме со помош на нашата свест онолку долго колку што е потребно таа да избледне. Но, **зголемената свесност е првиот чекор кон подготвување за смртта. Ако човекот не е постојано свесен за смртта тоа значи дека тој не ја сака вистината. Секој оној кој ја сака вистината мора постојано да биде буден за смртта.** Таа е силата која потоа ќе го тера на големи и возвишени дела. **"Па и ти, што спознаваш, и ти си патека и следа од ногата на мојата волја: навистина, мојата волја за моќ патува и со твојата волја за вистина." (ТЗЗ ; 120).** Ниче смета дека на вистината, во минатото уживала голем углед и ѝ се придавало големо внимание, но кај него тоа време засекогаш е поминато. Тој тврди дека дотогашната вистина не била вистина, а метафизичкиот свет нема да биде лажен доколку нема никаква врска со дотогашната вистина. Ниче влегува во поинаква димензија во разбирањето на вистината, онаа која повеќе одговара на вистината во источната филозофија посебно адваита - веданта филозофијата на недвојност. "Најважната новина, според Михаило Цуриќ во неговото дело "Ниче и метафизика", е во **укинувањето на гносеолошкиот однос на субјект - објект**. Не постои субјект кој спознава, ниту објект кој треба да биде спознат"[306]. Ниче утврдува дека вистината има, пред сé, егзистенцијален смисол, и дека **вистината е второ име за волјата за моќ, "Вистината не е нешто што е дадено и што треба да го пронајдеме, откриеме - туку нешто што треба да го создадеме, тоа е име за еден процес, уште повеќе, за една силна волја која сама по себе нема крај"[307].** Авторот се прашува како Ниче дошол до ваква мисла. Мое мислење е дека првенствено Ниче го негира поимот "вистина" онаков за каков светот си го претставува, односно тој нема пример на човек кој на запад успеал да ја открие таа вистина и да ја опише, но тој од минатите искуства гледа само некакво филозофирање за вистината во споредба со онаа на адваита - веданта флозофијата, до која се

[306] Djuric, Mihailo. *Nice i metafizika*, Beograd : Prosveta, 1984, str. 46
[307] Ibid., cit., str. 49 (H 1887/ 88 KGW VIII 2, 9(91)

доаѓа преку повеќе методи на јога (види 3.1.6.1. адваита - веданта филозофија). Метафизичкото доживување на Највисоката реалност - Браман, или I am that I am (Јас сум тоа што сум) во себе го содржи искусувањето на радоста што во самата средба со своето битие се доживува при што се горат нечистотите човековата свест се шири. Затоа смета дека човекот кој е "распнат" помеѓу доброто и лошото, вистината и лагата - тој е мост, и како таков не може да ја спознае вистината сè додека неговата волја за моќ не го искачи на едно повисоко ниво.

Волјата за моќ е процес во кој човекот ќе расте или духовно ќе созрева. Човекот не смее до бескрај да ги задоволува истите желби. Треба да ја надминува врзаноста за желбите. Тој мора да ѝ пркоси на смртта со растење, но не на егото туку на духот. Тој не смее безглаво, несвесно да ѝ пркоси на смртта со тоа што ќе и вели дека не се плаши од неа. **Тој мора да ѝ покаже психички раст.** Секој човек мора да е свесен дека смртта е негов неразделен дел и припаѓа на неговите длабочини. Таа демне. Може да ја искористи секоја грешка на несвесност. **Она што ни е заедничко на сите луѓе е патот кој води низ смртта**. Досега науката не објавила дека некој може да ја заобиколи смртта. Тогаш потребно е да ја очекуваме насекаде и во секој момент од нашиот живот.

**Земајќи го името Заратустра во предвид**, ако секое движење хоризонтално, од "А" кон "Z" е одење кон смртта, тогаш, според Ошо Раџниш, постои "вертикално движење **надолу кон светлината, под "А" (Џнана јога- Јога на мудрост) или/и нагоре кон љубовта, над "А" (Бакти јога - Јога на посветеност)**. **И двете насоки претставуваат врата зад која се наоѓа бесмртноста"**[308]. Според тоа самиот збор Заратустра би претставувало враќање на човекот од смртта кон бесмртноста (**Z** кон **а**) , односно може да ја симболизира **самоактуелизацијата на човекот.**

**Ниче уште еднаш ја нагласува прочистеноста на човекот во потрагата по себеси: "А она што го викавте свет треба допрва да го создадете: самото тоа треба да стане ваш ум, ваша слика, ваша волја, ваша љубов! И навистина сето тоа е заради вашето блаженство, вие што спознавате! А како би сакале да го издржите животот без таа надеж, вие што спознавате? Не смее да ви биде вродено ни несфатливото ни неразумното." (ТЗЗ ; 88) Потребно е да се претресат сите темни ќошеви и да се освестат прочистувајќи ги низ ситото на интуитивниот ум, откако ќе ги запреме мислите и внатрешниот дијалог. Тогаш ќе стигнеме до изворот на едната и единствена мисла.** "Но за да постои творец, неопходни се страдања и многу промени. Да, во вашиот живот треба да има многу горчливи умирања, вие творци!. .. За да биде самиот творец дете, што се родило одново, мора исто така да биде родилка и нејзина болка. .. Сакањето ослободува: тоа е вистинското учење за волјата и за слободата." (ТЗЗ ; 89-90)

Само преку чиста и безусловна љубов на човекот кон нештата и суштествата како што е безусловна љубовта на синот кон мајката, **човекот**

[308] Vrhovna alhemija I. cit., str. 253

**повторно се раѓа**, но овојпат како **Натчовек**. Јунговиот архетип, "сенка"[309] се претвора во човечка убавина што потекнува од неговата преголема добрина или чистота: "Убавината на натчовекот ми пријде како сенка." (ТЗЗ ; 90) Појавата на урамнотежување те., духовно созревање, која **Јунг** го нарекол индивидуација која претставува, "**свртување на личноста кон своето средиште, "јаство", или свртување кон "Големиот човек" во нас, со цел самоспознание, за да би се комплетирала личноста, со што би станала една целина**". Притоа, Јунг создал и метод за индивидуација. (види 3.2 Јунг и теоријата за индивидуација)

Процесот на духовен развој **или како што Јунг го нарекол**, индивидуација, има за цел трансформација на личноста - процес во кој "психолошката индивидуа" станува неделива заедница или "Целина". Вистинскиот процес на индивидуација е свесно помирување со своето внатрешно средиште (психички нуклеус), или "јаство". Секако дека одејќи кон тоа средиште на патот ни стои индивидуалното и колективно несвесно, односно архетипот "сенка". Секоја клетка на телото е управувана од инстинктивниот несвесен ум. Човековиот интелектуален или свесен ум (разум) честопати не е способен да го контролира несвесното. "Несвесните сили го одредуваат животот кај повеќето луѓе. За Ниче тоа е "**пијавицата**", јас сум мајстор и познавач на мозокот на пијавицата: - тоа е мојот свет. .. "Но што е важно дали е таа ... бара или небо... И навистина со сопствената крв го зголемив сопственото знаење!". (ТЗЗ ; 258-59) Ниче страдајќи за вистината, за себе ќе рече: "**ниеден од вас не страда заради она заради кое страдав јас**" (ТЗЗ ; 298).

## 2.5. Волјата за моќ на човекот му донесува радост и стремеж кон вечноста

Ако во мене ја имав онаа радост во барањето што ги насочува своите платна кон неоткриеното, ако во мојата радост има радост на морепловец; ако некогаш сум извикувал весело: "Брегот - исчезна" - **сега од мене паднаа последните окови** - околу мене бучи беспределноста. ... о како да не се стремам кон вечноста и кон свадбениот прстен на прстените - прстенот на враќањето". (ТЗЗ ; 241) Западните филозофи зборуваат за едно блажено задоволство во спознавањето, но никој не зборува за радост како што тоа Ниче го прави во својот Така зборуваше Заратустра. Кога Декарт дошол до своето Cogite ergo sum, I think therefore, I am, немаме опис дека тој почувствува

[309] Covek i njegovi simboli, cit., str. 168 (Ваквата **мрачност** која се јавува персонифицирана во соновите, Јунг ја нарекол "сенка" која не е целосната несвесна личност. Тука спаѓаат познати својства и особини на нашето "јас". Такви особини се на пример, егоизмот, духовната мрзеливост, нестварни фантазирања, замисли и намери, безобзирност и кукавичлук, незаситна страст кон пари и богатство".

некаква екстатична состојба, или пак средба со неговото јас. Тој ни го дава методот како дошол до оваа своја теорија. Тоа би било сè во ред доколку толкувањето би било "Јас мислам, значи сум" во смисол "егзистирам", но ако суштински ја погледаме теоријата во која Декарт дошол до "сум" или суштината на своето битие во вид на екстатично доживување, тогаш тој ќе беше некој друг Декарт, просветлен Декарт. Можеби Ниче со право се спротивставува на ваквите "теоретски вистини", или дури и "теоретски метафизики" затоа што западниот ум не може суштински да допре до "вистинската метафизика". Преку тумачењето на своите параболи, Ниче се обидува да ни расветли една нова и системски поставена метафизика која, гледано од гледна точка на просветлените источни духовни учители, има друга димензија исто како што и вистината ја доживуваат на друг начин. Вистината исто како и метафизиката можат да се доживеат само откако човекот ќе се издигне над двојноста, над сопствениот скептицизам кога вербата ќе премине во силен копнеж и предаденост на сопственото Јаство или Натчовекот во себе. Кога физичкото постоење ќе му овозможи на човекот да ги надмине егоистичноста и стравот и кога целиот ќе се исполни со љубов кон себеси, односно кон натчовекот во себе, а со тоа и кон другите луѓе. "вашата лоша љубов кон себе е ваша лоша љубов кон самите вас", тогаш ќе ја доживее радоста која е идентична со доживување на искрата на вечноста.

Исто така, Ниче му придава големо внимание на јазикот и граматиката, на субјектот и објектот. Тој тргнува во објаснување на човековото "јас" како супстанција, како единствена реалност според која му припишуваме реалност на нештата и суштествата околу себе, "Јас сум мерило за вистините", "јас и, ако зборуваме сериозно, **никој пред мене не го знаеше вистинскиот пат, патот нагоре**: само после мене човекот уште еднаш ќе ја најде надежта на животот, задачите и патиштата кои водат кон културата - на кои јас им **сум радосниот предвесник**"[310]. Само јас во раката имам мерило (јас прв ја открив мерата) за "вистините", само јас можам (знам) да решавам. **Небаре во мене изникнала втора свест, небаре во мене "волјата" си запалила светло над стрмната патека**, по којашто досега трчаше надолу.. . Стрмна патека - тоа е името со кое се нарекуваше патот до "вистината"... Крај е за сиот "мрачен нагон", токму добриот човек најмалку го беше осознал вистинскиот пат.. ."[311].

Накратко кажано Ниче смета дека Декарт грубо го изневерил своето епохално откритие со тоа што едноставно го супстанцијализирал субјектот, што го замислил субјектот како да е супстанција[312] т.е ако човекот се идентификува со супстанцијата "јас" тогаш во нас постои нешто што е **"Над јас" кое е повеќе од супстанција или тело, тој му дал име Натчовек**. Ничеовиот натчовек можеме да го разбереме единствено само ако го

[310] Ecce homo, str. 63
[311] Ibid., cit., str. 146
[312] Nicc i metafizika, str. 69

толкуваме како Браман во кој субјектот кој спознава, објектот на спознание и спознатото е самиот Браман. Ништо не постои надвор од него. Дури и целиот "процес" на духовен раст кој е инициран од волјата за моќ, тргнува од Браман и завршува во Браман. Значи, ако човекот е мост до натчовекот, натчовекот е сé. Тој е постоење, спознание и вечна радост или блаженство. Само погрешната идентификација со нашето Его не прави да се чувствуваме луѓе, односно човек. Ниче би рекол, 'какво е тоа човечко постоење - да бидеш само мост?' Значи, човекот е нешто многу повеќе - тој е натчовек. Тој е небесниот човек, "О душо моја, на твоето земско царство му дадов да ја пие сета мудрост, сите нови вина и сите чудесни стари, силни вина на мудроста". (ТЗЗ : 232) Овде имаме не само потврда дека идејата за натчовекот е токму адваита - филозофијата, како источна филозофија туку и на некој начин потврда дека тајните на Истокот дотогаш толку многу чувани сега му доаѓаат напомош да се соединат со западната филозофија на која навистина и недостигаат овие "стари вина на мудроста", кои со појавата на натчовекот ќе бидат нови извори.

## 2.6. Волјата за моќ е духовно созревање преку кое човекот ја реализира својата внатрешната слобода и бесмртност

Ако секое движење хоризонтално, од "А" кон "Z" е одење кон смртта, тогаш, според Ошо Раџниш, постои "вертикално движење **надолу кон светлината, под "А"** (Gyana yoga - Јога на мудрост) или/и **нагоре кон љубовта, над "А" (Бакти јога - Јога на посветеност). И двете насоки претставуваат врата зад која се наоѓа бесмртноста"**[313]. Според тоа самиот збор Заратустра би претставувало враќање на човекот од смртта кон бесмртноста (**Z кон а**), односно може да ја симболизира самоактуелизацијата на човекот. **Во Западната цивилизација, вели Јунг, идејата за Космичкиот човек се припишува на симболот на Адам, првиот човек. .. на Исток и во некои гностички кругови на Запад, Космичкиот човек, пред сé, повеќе е внатрешна психичка слика отколку надворешна стварност. Според хиндуската традиција Космичкиот човек е нешто што живее во секоја индивидуа и тоа е неговиот бесмртен дел.** Тој внатрешен Голем човек го ослободува поединецот, водејќи го преку создавањето и страдањето до неговото изворно и вечно постоење. **"Нашето "јас", откако ќе се пробие до Космичкиот човек исчезнува - тоа се соединува со јаството. Поројот од мисли на нашето "јас" како и желбите кои преминуваат од еден на друг објект на задоволство се смируваат при средбата со Големиот човек од внатрешноста"**[314]. Појавата на урамнотежување те., духовно созревање, која **Јунг** го нарекол индивидуација претставува "свртување на личноста кон своето средиште, "јаство", или свртување кон

[313] Vrhovna alhemija I, str. 253
[314] Covek i njegovi simboli, str. 202-03

"Големиот човек" во нас со цел самоспознание, за да би се комплетирала личноста, со што би станала една целина".

**Тоа што Ниче открил дека волјата за опстанок е мрачна и од неа може лесно да избие омразата над која стои волјата за моќ, која е всушност вистината и патот до неа, Само јас во раката имам мерило (јас прв ја открив мерата) за "вистините", само јас можам (знам) да решавам.** Небаре во мене изникнала втора свест, небаре во мене "волјата" си запалила светло над стрмната патека, по којашто досега трчаше надолу.. . **Стрмна патека - тоа е името со кое се нарекуваше патот до "вистината"...** Крај е за сиот "мрачен нагон", токму добриот човек најмалку го беше осознал вистинскиот пат.. ."[315].

Можеби овие зборови на Ниче звучат ненаучно, но сепак се премногу инспиративни и полни со оптимизам дека фразата "спознај се себеси" не е само обична фраза која постои повеќе од 25 века. Колку песимистички звучи Карл Јасперс кој се родил кога Ниче го пишувал своето дело така зборуваше Заратустра, "Човекот се стремел кон тоа да се спознае себеси во текот на илјадници години, па сепак до денешен ден, ние знаеме повеќе за сè она што не сме ние, што значи прашањето што е човекот, му е понејасно на човекот, отколку сè друго што го окружува. На ова прашање не успеале да одговорат ниту научното спознание, ниту традиционалната филозофија"[316]. Прашањето за битието, појаснува тој, воопшто не може ни да се постави на традиционалниот гносеолошки начин, зашто тука не станува збор за спознание, туку за потрага по битието од страна на субјектот, кој ја осознава својата сродност со со трансцендентното битие кое е Апсолутот кој се бара. Тоа прашање не се појавува како манифестација на еден чист спознавачки интерес, туку како **израз на длабоко вкоренетата во нас потреба од Апсолутот**, таа конечна **потпорна точка на успокојување** (Halt und Ruhe) на збрканиот човек. Јасперс го поставува прашањето за битието, поаѓајќи од типично религиозно-егзистенцијалистички позиции и потрагата по битието се дефинира како "проблем зад границите на односот субјект-објект, и ако осознаеме дека расцепот на субјект-објект е услов за можна појава на феноменалниот свет, во рамките на тој расцеп ние сме како во некаков затвор од кој, сепак, треба да се ослободиме". Со оглед на тоа што науката, според Јасперс има јасно исцртани граници, а научната филозофија е невозможна, во духовниот живот на современото општество останува место за верата, која што е повикана да функционира, но не како религиозна вера туку како "филозофска вера"[317], За разлика од христијанската вера во трансцендентниот, но телесен Бог, која се јавува како една безнадежно застарена религија, зашто телесноста е од светот кој е предмет на знаењето, а не на верата. **Тогаш зошто го бараме битието?** Јасперс вели дека "**битието се бара за субјектот да се објасни самиот себе**". **Ако битието е "непредметно"**

[315] Ecce homo, str. 146

[316] Чухина, стр. 321 (cited from K. Jaspers, Der philosophische glaube angesichte der Offenbarung, Munshen 1962, str. 40)

[317] Ибид., стр. 327 (cited from K. Jaspers, Der philosophische glaube angesichte der Offenbarung, Munshen 1962, str. 146)

тогаш тоа не може да се фиксира со вообичаените спознавачки средства и методи зашто димензиите на ситуацијата исчезнуваат во мрачната бездна која се отвора помеѓу почетокот и крајот на човечкото постоење. **Човекот не го знае ниту почетокот ниту крајот ниту она што лежи зад половите** што ја опфаќаат неговата ситуација, па според тоа **предметното спознание** би значело илузорно бегство од својата ситуација а не нејзино разбирање, затоа **прибегнуваме кон филозофирање, одвојувајќи се притоа од предметното спознание.**

Самореализацијата на човекот е искачување, духовно созревање и борба со сопствениот разбрануван ум како со бурно море целиот човеков живот, но тој сепак, за секого претставува единствен пат, единствена судбина, "бидејќи определен пат - не постои!" "Ова е мојот пат - а каде е вашиот?" (ТЗЗ ; 203) Каде можеме овде да го видиме безбожниот Заратустра. Изгледа дека наеднаш станал побожен. Самите зборови што ги искажува ни потврдуваат за длабоката доктрина што Ниче ја осмислил за да може да ни ги пренесе своите искуства на патот на сопствената самореализација, истовремено неговите доживувања се толку силни што ни е показател дека патот на спознавањето на самиот себе човекот може и треба да го искачува преку своето духовно созревање. Ниче е во потрага по себеси, сопствената светлина која сјае со вечен оган, човечкото најголем задоволство, радост и среќа - самоспознанието. **"О небо над мене. Ти што си толку чисто! Длабоко! О светлино без дно! Гледајќи те тебе, ме полазуваат морници од божествени копнежи. Да се фрлам себеси во твојата височина - тоа е мојата длабочина! Да се скријам себе во твојата чистота - тоа е мојата невиност. .. Зар ти не си светлина на мојот оган? Зар во тебе не живее сестрата - душа на моите сфаќања?.. А кога се качував на планини кого го барав по планините ако не тебе".** (ТЗЗ ; 171) Јасперс покренува многу длабоки и клучни прашања кои се во врска со горната изјава на Ниче во која се крие тајната на неговата филозофија на сопствената самореализација или самоспознание. Поставено е прашањето за "**Битието кое се бара за да се објасни самото себе**" и неговата "непредметност" наспроти "предметното спознание" кое претставува бегство, а не негово разбирање, па затоа се прибегнува кон филозофирање во смисол на придржување кон **филозофска, наместо религиозна вера**. Самоспознанието не е можно без разбирање на машкиот и женскиот енергетскиот принцип, а посебно нивниот меѓусебен однос како во поглед на "безпредметната" внатрешна меѓуповрзаност и природна функција на внатрешниот човек кој е составен од два важни архетипови на анимус (машки) и анима (женски) енергетски принцип кои во надворешниот свет се отсликани преку посебни човечки суштества, од машки и женски пол. Како што функцијата на анимус и анима има крајна цел комплетност, целина или рамнотежа, хармонија, мир, односно спој во единство, унија или сојуз, исто така мажот и жената настојуваат да основаат единство влегувајќи во основната клетка на општеството, или институција, наречена брак.

Не случајно Ниче има своја филозофија за половите како во поглед на бракот така во поглед на внатрешата хармонија или спој на двата архетипови.

Ако жените во Франција го сметаа Ниче за "професор по енергија" самиот Ниче во "Еве го човекот" ќе рече, "Кој освен мене знае што е Аријадне? Аријадне ја споредува со Јунговата анима. Претходно, тој ќе рече: "Кој знае? Можеби јас сум првиот психолог на вечното женско"[318] Вашата љубов кон жената и љубовта на жената кон мажот: **најчесто тоа е меѓусебно запознавање на две животни.** .. Жед за творец, стрела и копнеж за натчовек: кажи, брате мој, тоа ли е твојата волја за брак?" (ТЗЗ ; 74) Досега уште не најдов жена од која би посакал да имам деца, освен оваа жена што ја љубам: бидејќи те љубам тебе, Вечност!" (ТЗЗ ; 242) Во "Еве го човекот", ќе запраша, Дали имате слух за мојата дефиниција на љубовта? Таа е единствената достојна за еден филозоф. **Љубовта - според своите средства е војна, во својата суштност смртна омраза меѓу половите**"[319]. Како да ја сфатиме оваа дефиниција на Ниче? Да ја сфатиме материјалистички, или предметно или од гледна точка на вечноста (непредметно) која тој ја споредува со жена со која тој единствено сака да има деца. Самиот факт што тој го споменува поимот "жена" зборува дека Ниче копнее по својата самореализација, но не по материјалната жена затоа што таа нема да му донесе внатрешно ослободување. Но, зошто во својата дефиниција за љубовта меѓу двајца тој вели дека е "војна" или "запознавање на две животни". Мојот коментар оди доттаму што двата и мажот и жената онакви какви ги знае материјалниот свет, се соочуваат, меѓусебно се натпреваруваат, се сакаат или се мразат, водат физичка љубов или се контролираат еден со друг, влегуваат во брак и создаваат ново суштество кое треба уште повеќе да ја разбуди и да ја зацврсти нивната љубов, при што и двајцата со своето семејство се интегрираат во општеството. Но дали тој нивни сојуз и единство е причина да ја надминат својата волја за опстанок, а со тоа и да ги надминат фрустрациите како резултат на неисполнетите желби, или губитокот на поседот или блискиот?

Целта која Ниче ја поставува преку натчовекот се однесува и на мажот и на жената, човекот е "мачен срам". А што друго би бил кога го споредува мажот и жената со запознавање на две животни. Теоријата на самоспознанието не го отфрла знаењето за природното функционирање на машкиот и женскиот енергетски принцип туку напротив човекот како "син Божји" за да се спознае себеси потребно е да ја спознае својата "близначка сестра", или душа, како што Ниче погоре ја нарекува, "сестрата душа на моите сфаќања". Таа е неговиот "прв сосед" од која тој научил најповеќе како детето од својата мајка. Таа е светлина на неговиот "оган", односно на неговиот порив, или копнеж по вистината. Значи, без неа како потпора не може да се активира неговата волја за моќ која е неговата вистинска и творечка прирорда која го води кон самопспознанието. Овде би го поставил прашањето, Што се случува со мажот и жената кај кои не може да се пробуди

---

[318] Dixon, Patricia. ***Nietzsche and Jung : Sailing a Deeper Night,*** New York, Frankfurt am Main, Paris : Peter Lang Publisshing, 1999, str. 216-217.
[319] Ecce Homo, str. 102

волјата за моќ? Жената, не може да ја оствари својата суштинска природа на креативна пасивност која е и потпора и извор на активноста на машката волја за моќ, која се искачува кон себеспознанието, односно кон својот извор. Жената не може да го оствари вечното женско во себе, кое го претставува Творецот преку нејзината улога на Богородица и креатор на целиот феноменален свет, која го поучува "синот" за неговата чиста природа која исто така се крие во нејзината невиност. "**Да се скријам себе во твојата чистота - тоа е мојата невиност"**, или во еден мој сон извикнувам, "**О Девојко, О Мајко, научи ме каков син имаш ти!"**. "Беспредметното женско, или беспредметното спознание, не може да се објасни со "субјект - објект однос", односно со "предметен однос", односно не може да се "допре со рака". Ако во надворешниот свет предметното женско може да рече "види го ти комшијата" (сакај го соседот или ближниот како братот свој или себе си) и тоа да биди лице во лице во однос на "субјект - објект", во "беспредметното спознание", допирот на раката е исклучен затоа што "вечното женско" е и девојка и девица и мајка Богородица каде самото име укажува за нејзината Божја улога. Само ако синот така го разбере и материјалното женско, само тогаш можеме да зборуваме за наука на самоспознанието. Ниче, во својата дефиниција за љубовта, ќе рече, "љубовта ... во својата сушност е смртна омраза меѓу половите!" Зарем преку оваа дефиниција тој не зборува за "беспредметното спознание", односно за односот на анимусот и анимата? Тој не вели смртна омраза меѓу мажот и жената со што би се насочил кон "предметното спознание", односно кон двете животни кои се запознаваат "преку војна", туку тој вели "**смртна омраза меѓу половите**" при што во теоријата за самоспознанието, која не се учи преку филозофските книги, тоа би можеле да си го претставиме како "машко" и "женско" кои си ги свртиле еден на друг своите грбови. Ако одиме понатаму тоа би можеле да го претставиме со два преклопени триаголници: едниот со врвот нагоре машкиот), а другиот со врвот свртен на долу (женскиот) при што женскиот енергетски принцип би бил пасивниот потенцијален принцип или основа, извор на животот, и чистота на невино постоење, додека пак, машкиот принцип во нивниот сојуз би се топел во блаженството кое го добива преку сојузот со својата сестра - извор на знаењето за него самиот.

Што се случува пак со материјалното машко и женско кај кои не се развила нивната природна суштинска функција? Кога би ги претставиле триаголниците обратно заради нивната неприродна функција, тогаш би се совпаднало, прво, со женското кое наместо природна пасивност, бара натпревар (војна) со партнерот затоа што суштински не е задоволна од улогата на нејзиниот партнер кој треба да го пробуди вечното женско во неа, односно нејзината пасивна природа на потенцијална енергија подготвена да го поддржува машкото во неговото искачување кон самоспознанието, при што тој треба да ја повлечи и неа. Тогаш таа пројавува посесивност и желба за еманципација. Не може да доживее вистинска универзална љубов, останува ладна, замрзната во својата нечистотија со која нејзиното его ја обвиткува. **Таа останува заспана убавица изгубена во својата волја за опстанок, а со тоа**

**фрустрирана и во страв од смртта**. Машкото наместо пробуденост на волјата за моќ која го тера кон активност во самоспознавањето, а со тоа и развивање на љубовта, се губи во себичност која преминува во агресивност, а со тоа **останува слеп за својот "прв сосед"** затоа што се обидува да го види само пред себе лице во лице и да го освои телесно за да може да ја контролира преку своето его, наметнувајќи му ја својата посилна, агресивна волја за опстанок, правејќи се храбар, односно преправајќи се дека нема страв од смртта. Значи, тој се преправа дека знае да љуби, и покрај тоа што не знае како да се љуби себеси. Затоа мажот станува освојувач на женските срца, а жената развива посесивност за машкото срце. И двајцата живеат во двојност, и живеејќи во страв од смртта, суштински гледано од нивото на бесмртноста, живеат во смртна омраза.

Заратустра не се спротивставува на подредување на себеси на Божјата Волја, но тоа го смета за дел од неговиот пат како духовен покајник кој се нашол пред сопствениот последен врв: "Тој мора да ја заборави и својата херојска волја, за мене треба да биде издигнат над сé, а не само возвишен: - самиот небесен простор би морал да го издигне, **безволникот**!" (ТЗЗ ; 122) Значи, Ниче е свесен дека и неговата Волја за моќ, односно љубов кон себеси, или љубов за самоспознание треба да ја напушти и да се предаде на Божјата Волја ако сака да биде повлечен од Божјата рака на Врвот во потполна идентификација, "Јас и Татко ми сме Еден". Само така се постигнува совршенство во кое времето и просторот не постојат, смртта ќе биде надмината, а вечноста, односно бесмртноста на Натчовекот ќе го прегрне човекот, а таа, односно Тој ќе ги наметне своите вредности: "Зашто ова е тајната на душата: дури кога ќе ја напушти херојот, насоне ѝ се приближува - натхеројот". (ТЗЗ ; 123) Така Заратустра стигнува на врвот и го постигнува своето совршенство, ја допира бесмртноста и вечноста која е над сé земно, тука престануваат неговите земни чувства, мисли и задоволства, **неговата Волја за моќ преминува во Натчовекот и станува Едно со Него:** "Токму сега мојот свет стана совршен, полноќта е и пладне. .. ноќта е и сонце, - витосајте се или научете: **мудрецот е и безумник.. ..сите нешта се поврзани, испреплетени вљубени**." (TZZ ; 333) (види II 1.11. Синтеза ... Параболите на Заратустра)

Всушност, Заратустра никогаш не планинареше, туку тој постојано го кршеше каменот во кој ја бараше сопствената слика - слика над сликите, односно тој се качуваше по своето срце и глава. Тој никогаш немаше своја пештера на планината како што ни двајцата кралеви со магарето и најодбивниот човек не се искачија на неговата планина. Планината од која слегуваше и на која престојуваше Заратустра само го привлекуваше умот на џуџето кое ги сака приказните за светци, пророци и надлуѓе, затоа што целиот живот сонува за лична среќа на земјата. **Но, Ниче вели дека среќата на човекот лежи онаму каде што се седумте ѓаволи. Најверојатно лежи на највисокиот ѓавол во телото. Таму е и изворот на задоволство од кој не пијат нечистите.** Дури и самоактуелизираните на Маслов ни оддалеку не се самоактуелизирани во права смисла на зборот затоа што самореализацијата

не можна без активирање на примордијалната сила во човекот - кундалини. Со нејзиното активирање во човекот се активираат и некои психички моќи за кои Маслов не ни споменал дека неговите самоактуелизирани ги поседуваат.

Ниче, сепак знае одредени метафизички тајни кои најверојатно му биле откриени од источните учители по телепатски пат. "И наскоро ќе стојат овде како сува трева и степа и навистина ќе бидат сити од самите себе, ќе горат од жед, повеќе за оган отколку за вода! О благословен час на секавицата! О тајна пред Пладне! Сакам некогаш од нив да направам пламени што горат сѐ и предвесници со пламени јазици." (ТЗЗ ; 179)

Оваа длабока мисла на Ниче не е само поетска инспирација, тоа е инспирација на неговата волја за вечност која ја опишува како пламен јазик која има повеќекратно значење и затоа тој ја нарекува "тајна пред Големото Пладне". "Умот, сине мој доаѓа од храната, дишењето од водата, говорот од огнот. .. Земјата е израсток што желнее по својот корен (водата), а водата го бара својот корен (огнот), а тој пак го бара својот корен (вистината). Да, сиве овие суштества, сине мој, го имаат својот корен во вистината, тие живеат и постојат во Вистината." Така Удалака Аруни му рекол на својот син Сватикету. Јасперс забележува, ако светот е сѐ, тогаш нема никаква трансценденција. Но, ако трансценденцијата постои, тогаш во битието на светот постои можен показател кон неа"[320]. "**Најчистите души треба да бидат господари на земјава, најнепознатите, најсилните, полноќните души што се посветли и подлабоки од кој и да е ден.**" (ТЗЗ ; 330-331) Како воскресна пак мојата душа од тие гробови? Да, во мене има нешто нераниливо, нешто што човек не може да го закопа, **што ги разурнува карпите: тоа се вика моја волја.** Таа чекори молкома и не се менува со годините. **Да, за мене ти си сѐ уште разурнувач на сите гробови: слава ти, волјо моја!**" (ТЗЗ ; 115-117)

Самата волја за моќ е будење која го влече и поведува човекот низ потребните искуства до крајната цел ослободување од стравот од смртта, а со тоа до бесмртноста. Тој е потполно е свесен дека сите искуства во животот му помогнале на неговиот пат кон вистината која единствено е излез од ограниченоста на телото и стравот од смртта, кон бесмртноста или вечноста, сите тие биле нужност со која требало да се соочи, да ја сака, а не да ја презира. "**вака зборуваше на добар час мојата чистота: за мене сите суштества треба да бидат божествени.**" (види II 1.7. Синтеза ... Параболите на Заратустра)

[320] Ибид., стр. 327 (K. Jaspers. Der philosophische glaube angesichte der Offenbarung. Munshen 1962. str. 17)

# 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

## Ничеовиот концепт за натчовекот, вредносното редефинирање и духовното созревање на индивидуата

## 3.1. Волјата за моќ - процес на безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот

(види I 2.2.1. Поим за духовно созревање...)

> **"Бог е мртов - да живее натчовекот!"** (ТЗЗ ; 88)
> "Навистина е повредно учењето да произлегува од сопствениот пламен. Горешто срце и ладна глава: онаму каде што тие две нешта ќе се најдат заедно настанува бучниот ветер "**Спасител**". (ТЗЗ ; 96)

Ако тргнеме од мојата дефиниција за духовно созревање (I 2.1.1.) која индиректно ја опишува "волјата за моќ" на Ниче или "волјата за власт" која е и "будење" и процес на безусловна идентификација на индивидуата со апсолутот, тогаш доаѓаме до некаква однапред детерминиран или безусловен процес низ кој секоја индивидуа, порано или подоцна, сакала или не сакала, треба да помине во зависност од еволуцијата на сопствената душа. Тогаш Ниче, не само што не го измислил натчовекот туку навистина му го дал на човештвото најголемиот дар. На човештвото му ја даде вистината за смислата на неговото постоење, му го покажа и патот до него, "Кога ќе се издигнете малку над интелектот, сте се подигнале на небото, оставајќи ја земјата под себе... Значи, прво со помош на логиката се движите кон љубовта, а потоа со љубовта кон тишината. Таа силна тишина е нашиот дом"[321]. Зошто е таа волја за моќ, односно процесот на идентификација безусловен? "Колку повеќе трагате, вели Ошо, толку повеќе сте изгубени, затоа што она за што трагате не е предвидено да се најде. Тоа се случува со **пробудување и со гледање**. Тоа е присутно стои пред врата. Никогаш не ве напуштило. Никогаш не било одделено од вас. Вие барате нешто кое никогаш не било одделено од вас... Постоењето нема причина - просветлението значи постоење. ..Просветлението е ваша природа, вие сте просветление. Затоа може да се случи изненадно и без причина"[322]. .. Во моментот кога ќе станете оподготвени, во моментот кога ќе соберете храброст кога сте подготвени да ја отфрлите сиромаштијата на умот, моментот кога сте подготвени да го отфрлите его-то - во тој момент ќе се случи. .... Сфаќаш дека **она по кое трагаше отсекогаш беше присутно во тебе, чекајќи те"[323].**

[321] Prosvetljenje jedina revolucija, cit., str. 312
[322] Ibid., cit., str. 299-300
[323] Ibid., cit., str. 285

Формирањето на идентитетот на предметите, појавите, настаните и на луѓето е дело на еволуцијата, а уште поточно произлегува од Творецот во чија "лика и прилика", според Библијата, е создаден и човекот". Ниче силно верува во волјата за моќ и искупувањето на човекот, "Како поет, толкувач и спасител од случајности ги учев да ја создаваат **иднината и сето она што минало** - да го искупат **создавајќи**. - Да го **искупат** минатото кај човекот и да го преобразат секое "БЕШЕ", се додека ВОЛЈАТА не рече: Токму тоа го сакав. **Тоа ќе го сакам!"** (ТЗЗ ; 206) **Овде** зборот **минато** и зборот **иднина се во симболична смисла. "- Бидејќи сакам уште еднаш да одам меѓу луѓето: меѓу нив би сакал да зајдам, би сакал, умирајќи, да им го давам својот најдобар подарок".** Сé е во ВОЛЈАТА, од неа зависи кога тој ќе влезе во иднината, напуштајќи го минатото, а со него **болката и страдањето**. Со напуштањето на минатото - го остава и става в гроб сопственото Его, малиот ум и логиката на сé што е земно. Во иднината постои РАДОСТА која е **подлабока од болката, а сета радост бара вечност.** Сето тоа може да го постигне во човечкото тело.

Покрај тоа што Ниче преку инспирација, односно како дар ги добива неговите визии, беседата "За оние што го презираат телото", е знак дека Ниче, директно или индиректно, ја прифаќа филозофијата на **хата јогата, според која физичкото тело е инструмент за постигнување на други нивоа на свесност, или трансцендирање на духот.** Телото е голем ум, множество од една мисла, војна и мир, стадо и пастир. Орудие на твоето тело, брате мој, е и твојот **мал ум**, што ти го нарекуваш "дух", мало орудие и играчка на твојот **голем ум**. "Јас" велиш и се гордееш со тој збор (ЕГО на малиот ум), Но најголемото - во што не сакаш да веруваш - е твоето тело и неговиот **голем ум; тој не вели ЈАС, но го создава тоа јас. ...**Сетилото и духот би сакале да те убедат дека тие се крај на сите нешта: толку се суетни. Сетиото и духот се орудие и играчка: дури зад нив се наоѓа СЕЛФ-от (личноста). СЕЛФОТ **бара со очите на сетилата и наслушнува со ушите на духот. ..** Таа владее и е владетел над самото Јас. Зад твоите мисли и чувства, брате мој, стои моќен заповедник, непознат мудрец - се вика личност. Тој живее во твоето тело, тој е твое тело (И НАТЧОВЕКОТ Е ТОЈ) Личноста му вели на тоа Јас: "Овде почувствувај болка!" И тогаш тоа страда и размислува како да не страда повеќе - и токму поради тоа треба да мисли. Селфот му вели на тоа Јас: "Овде почувствувај радост!" И тогаш тоа се радува и размислува како би можело почесто да се радува - и токму поради тоа треба да мисли. А **што ги создало презирањето и почитувањето, вредноста и вољата?** (ТЗЗ ; 36-37)

Во беседата "Магарешката слава" Ниче оди доттаму, што смета дека трансцендирањето на духот, односно духовната потрага е сé уште земна како што е за него и "духовниот покајник" со месечински очи, односно "сладострастник". "Оној што рекол "**Бог е дух**" - тој направил на земјата **досега најголем чекор и скок кон неверувањето**: на земјата не е лесно да се поправи таков збор!" (ТЗЗ ; 323) Најодбивниот човек, односно оној кој ја бара вистината, кој е во потрага по вистината, сé уште " лежеше наземи и ги подаваше рацете кон магарето (токму тогаш тој му даваше вино да пие. ... Но

јас знам едно нешто - од самиот тебе го научив тоа некогаш. О Заратустра: оној што сака да убие најтемелно, тој се смее". Тој што што сака да се смее на себеси сака да го убие своето его. (ТЗЗ ; 325)

"О свету, мене ли ме сакаш? **Световен ли сум јас за тебе? Духовен ли сум? Или сум божествен?** Но дену и свету, премногу сте несмасни... " (ТЗЗ ; 331) Ниче овде имплицитно не наведува да насетиме дека тој зборува за нивоа на свест за кои тој од некаде знаел и дека дека неговото дело "Така зборуваше Заратустра" и покрај тоа што е напишано во посебна инспирација е проследено со тајната на науката на самореализација што духовните учители ја пренесуваат на своите избрани ученици: **1) Ниво на погрешна его - идентификација. - материјално ниво 2) Зошто или Ниво на потрага и прашања (Мајчино ниво - духовно ниво) 3) Небесно ниво или Татково ниво - божествено ниво)** Истовремено овие нивоа се и фази на волјата за моќ, односно, во процесот на идентификација на индивидуата која духовно созрева, се до постигнувањето на самореализацијата.

На **првото ниво на погрешна его - идентификација**, кај човекот постои поделеност на спротивности: добро - зло, десна страна - лева страна, љубов - омраза итн. Човечкиот **мал ум или его е центар на светот**. Кај луѓето на ова ниво не постои желба или порив за духовна потрага, или духовно зреење.

На **второто ниво** се јавува **порив за духовна потрага**. На ова ниво силна е потрагата по одговорот на прашањето "**Кој сум јас**?" и желбата за **надминување на болката и страдањето воопшто**. Овде станува збор за пробудување и за некаков духовен пат на кој индивидуата се идентификува со Божјата мајка, како син кој бара да се врати во нејзините прегратки, односно бара од неа да му ја открие тајната на љубовта, **"О девојко, о мајко, научи ме каков син имаш ти!"** Ова ниво е сè уште земно, односно хоризонтално ниво, на кое индивидуата е зависна од колективното несвесно. Сè уште на ова ниво, идентификувајќи се со мајката, односно со љубовта, истовремено, индивидуата се идентификува со болката и страдањето. Борбата со стравот од смртта достигнува кулминација. "Слатка лиро! Слатка лиро! Го сакам твојот звук, твојот опоен едностоен звук! - како ми доаѓа од далечните дамнешни денови, од далечните езера на љубовта. .. Секоја болка ти го раскинува срцето, таткова болка, дедова болка, прадедова болка: твојот говор стана зрел. - Но сепак не сум бог, не сум пекол на бога: неговата болка е длабока. " (ТЗЗ ; 331) "**Божјата болка е подлабока, ти чудесен свету**! **Посегни по божјата болка, а не по мене**! Што сум јас! Опојна слатка лира. ... Радоста е подлабока од болката. (ТЗЗ ; 332) "Јас сакам наследници, така вели сè што страда, сакам деца не се сакам себеси", - а радоста не сака наследници, не сака деца - радоста се сака самата себеси, сака вечност, сака враќање, сака сè-да-биде-вечно-како-неа. Болката вели: Пукни, раскрвави се, срце! Оди, ного! Летај крило. ИСКАЧИ СЕ! НАГОРЕ! БОЛКО! ... Па добро! Ајде! О, мое старо срце: **болката вели**: **доста**!" (ТЗЗ ; 333) "**Fly rob-in fly up up to the sky"("Летај роб-ин летај, високо високо на небото")** Каква и да е БОЛКАТА - било да е таткова или мајчина, неа индивидуата ја чувствува заради тоа што е ЗАРОБЕНА ВО СВОЕТО ТЕЛО, односно во минатото. За Ниче,

БОЛКАТА е вечна затоа што постои вечното враќање, но негова силна желба е да СЕ ОСЛОБОДИ од болката и страдањето.

Ниче страдајќи за вистината, за себе ќе рече: "**ниеден од вас не страда заради она заради кое страдав јас**" (ТЗЗ ; 298). БОЛКАТА И СТРАДАЊЕТО ги става НАСПРОТИ РАДОСТА И ВЕЧНОСТА) "Досега уште не најдов жена од која би посакал да имам деца, освен оваа жена што ја љубам: бидејќи те љубам тебе, Вечност!" (ТЗЗ ; 239) Но, за да ја љуби таа жена, мора прво потполно да се идентификува со неа. Затоа Заратустра се обраќа на "вишите луѓе", односно на оние кои се веќе во процесот на идентификација, односно оние кои се веќе пробудени и на духовниот пат. "О творци, во вас има многу нечистотија. Тоа е затоа што сте морале да станете мајки. Новородено дете: о колку нечистотија доаѓа на светот со него!" (ТЗЗ ; 301) Овде Ниче ни дава асоцијација на тоа дека и новороденото дете има свое минато, односно штом тоа се раѓа - на земно ниво, тоа треба прво да се идентификува со болката која е последица на вродената "нечистотија". Но од каде доаѓа волјата за моќ, ако не од Таткото, тој е "Спасителот", "како би можеле да се искачите високо ако со вас не се качува волјата на вашите татковци?" Овде Ниче го наговестува качувањето на врвот, а зборот татко кој е во множина, се мисли на тоа дека секој еден го носи во себе оној кој не чека на врвот и оној со кого треба да се идентификува и со кој конечно треба да се соедини за да се самореализира.

На **третото ниво** постои **идентификација** на индивидуата **со Божјиот татко, односно со небото, со врвот**, кога бараме да ја откриеме својата Божја природа и да станеме тоа што сме - **натчовек. Ова е вертикално или божествено ниво**. Во соединувањето со Таткото ја постигнуваме самореализацијата, "**Јас и Татко ми сме Еден**". Тоа значи дека **Таткото го прифатил својот син назад, а со тоа ја прифатил и неговата болка и страдање, а за возврат му дарува вечна радост, или самореализација.** Синот или Селфот (личноста) во овој спој ја реализира својата потрага со тоа што се открива себеси како "јас сум" и дека духовната потрага била само заблуда и дека самото негово постоење било просветление. На ова ниво синот е надвор од мајката, односно мајката е во него како негова природа, негова суштина, односно чиста љубов која е неразделна од Таткото. "И ако сега веќе нема никакви скали, ќе мораш да научиш да се качуваш по сопствената глава: зашто како би сакал инаку да се искачиш? По сопствената глава и преку сопственото срце. Сега и она што е најмеко во тебе треба да стане најтврдо. .. А ти, Заратустра, сакаше да го видиш темелот пратемелот на нештата: затоа ќе мораш да се качиш над самиот себе - горе, сé повисоко, сé додека и твоите ѕвезди не останат под тебе! Да! Долу да се гледам самиот себеси па дури и своите ѕвезди: само тоа за мене би значело ВРВ, само тоа ми преостанува како ПОСЛЕДЕН ВРВ". (ТЗЗ ; 158) (**Lucky I to become a-p-resident**) ("Среќниот "Јас" да станам резидент (престојувам) горе") "**AP - RESIDENT**", или "**A PRESIDENT**", односно ПРЕТСЕДАТЕЛ, или "ГОСПОДАР".

Кога Ниче зборува за својот творечки копнеж, тој признава, "Но да ви го откријам до крај своето срце, пријатели мои: **кога би постоеле богови, како**

**би можел да поднесам да не бидам бог!**" (Тој укажува на тоа дека натчовекот не треба да го бараме надвор од себе туку натчовекот треба го бараме внатре во себе) Тој само сака да го достигне натчовекот: "бидејќи кај мене дојде една сенка - она што е **најмирно и најлесно** од сите нешта дојде еднаш кај мене! **Убавината на натчовекот ми пријде како сенка**". На ова ниво индивидуата се открива како личност, а тоа најдобро го објаснува Берѓаев. Тој смета дека "Човекот е загатка во светот, негова најголема загатка. Човекот не е загатка затоа што тој е особено, највисоко животно или социјална **индивидуа**... Човекот е загатка, како суштество со **личност**, со нејзината единствена светска судбина..." "Личноста не е дел од нешто, ниту дури од Вселената, напротив, Вселената е дел од личноста. Тоа е **парадоксот на персонализмот**. **Личноста подстои само како** субјект, **во својата бесконечна субјективност"**. **Човекот како личност е Божја творба. Личноста може да биде спознаена само во нејзината врска со Бога. Најспецифичното во личноста, т.е. нејзината внатрешна слобода** и нејзината совест имаат **духовно**, или **<u>поточно</u> божествено потекло".** (види 2.5 Човекот - личност и индивидуа) Зборот "да", односно светото "да" на својата судбина, кое толку го посакуваше Ниче, значи потполно да се напушти егото. **Да се предадеш значи да се стопиш со целината**, вели Ошо Рацниш, **така се случува повторното раѓање на човекот или средба со Натчовекот:** "Ако првото детство е почеток на патувањето, второто детство е завршување на патувањето". (види 1.7. Духот станува камила, камилата лав, а лавот дете)

Но за да се биде МИРЕН И ЛЕСЕН, потребно е да се изгуби на ТЕЖИНАТА, односно потребно е под себе, на земјата да го оставиме сé она што е земно и од женска порода, односно од слугински род. Овде спаѓа и умот, односно интелектот и чувствата. **Значи, тука спаѓа и одрекнување од прашањето "Кој сум јас? и потрагата која од него произлегува**.

Дури и во оние што се сметаат за духовни покајници, кои не би сакале на животот да гледаат како "куче со исплазен јазик", а кои се со "опиени месечински очи" (ТЗЗ ; 127), Ниче гледа "сладострасници", односно суштества од "женска порода", "сé она што добрите луѓе, таа збркана мешаница од толпата која сака да стане **господар на човечката судбина, која проповеда мали добродетели, умереност и лукавост, и која кажува како да се одржи човекот, најдобро, најдолго и најпријатно, потекнува од слугински слој - од женска порода**." (ТЗЗ ; 296-297) Оттука гледаме дека Ниче многу добро го замислил целото свое дело "Така зборуваше Заратустра" заедно со теоријата за самореализацијата, односно реализацијата на натчовекот преку волјата за моќ. **Нему совршено јасно му било што е волја за опстанок, а што волја за моќ.** Волјата за моќ потекнува од неговата чистота, односно од Вистината, односно поблиску е до огнот "огнот", отколку до "водата", "И наскоро ќе стојат овде како сува трева и степа и навистина ќе бидат сити од самите себе, **ќе горат од жед, повеќе за оган отколку за вода**!"

Овде Ниче го дава и искупувањето на оној или оние кои сакаат да излезат од двојноста, од народите и да станат ЕДЕН НАРОД, ДА СТАНАТ ЕДНА ГЛАВА која престојувајќи во ИДНИНАТА, односно НА НЕБОТО,

ќе го контролира егото, односно малиот ум. Овде не можеме да одиме понатаму филозофирајќи, зашто во човекот, како што вели Ниче, постојат и седум ѓаволи. **Но, Ниче вели дека среќата на човекот лежи онаму каде што се "седумте ѓаволи", "Самотнику, ти одиш по патот кој води кон самиот себе! А патот те води крај самиот тебе и крај седумте ѓаволи!... Самотнику, ти одиш по патот на творецот; сакаш од твоите седум ѓаволи да си создадеш еден бог!"** (ТЗЗ ; 68) **Најверојатно среќата и изворот се кај "највисокиот ѓавол во телото". Таму е и "изворот на задоволство од кој не пијат нечистите".** Дури и самоактуелизираните на Маслов ни оддалеку не се самоактуелизирани во права смисла на зборот затоа што самореализацијата не можна без активирање на примордијалната сила во човекот - **кундалини**. Со нејзиното активирање во човекот се активираат и некои психички моќи за кои Маслов не ни споменал дека неговите самоактуелизирани ги поседуваат. (види 2.6.3. Кундалини јога)

Ниче, сепак знае одредени метафизички тајни кои најверојатно му биле откриени од источните учители по телепатски пат, во мислите, или преку соновите и визиите. "О благословен час на секавицата! О тајна пред Пладне! Сакам некогаш од нив да направам пламени што горат сé и предвесници со пламени јазици." (ТЗЗ ; 179)

Така Заратустра **стигнува на врвот** и го постигнува своето совршенство, ја допира бесмртноста и вечноста која е над сé земно, тука престануваат неговите земни чувства, мисли и задоволства, **неговата Волја за моќ преминува во Натчовекот и станува Едно со Него:** "Токму сега мојот свет стана совршен, полноќта е и пладне. .. ноќта е и сонце, - витосајте се или научете: **мудрецот е и безумник.. ..сите нешта се поврзани, испреплетени вљубени.**" (ТЗЗ ; 333) (види II Синтеза ... Параболите на Заратустра 1.11.) Но што се случува со **болката и страдањето? Каде ли ја оставил тежината за да се искачи толку високо? Беше ли болката и неговата најдлабока мисла без дно**? Беше ли неговата болка, негов долг? Исчезна ли болката, или само се врати во дланката на оној која ја пушти болката на земјата заедно со човекот и змијата, заедно со заблудата на барањето на земната среќа која беше секогаш врзана за страдањето? Дали Шивината игра е симболизирана преку "ЈОЈО-то" во неговата рака. Топчето кое беше фрлено на земјата се враќа назад на НЕБОТО. Секако дека тоа топче, тој човек е и "духовно топче" кое е дел од една енергетска целина, дел од космосот треба да се **избори за да биде примен назад од небото.**

Ниче е во потрага по себеси, сопствената светлина која сјае со вечен оган, човечкото најголем задоволство, радост и среќа - самоспознанието. **"О небо над мене. Ти што си толку чисто! Длабоко! О светлино без дно! Гледајќи те тебе, ме полазуваат морници од божествени копнежи. Да се фрлам себеси во твојата височина - тоа е мојата длабочина! Да се скријам себе во твојата чистота - тоа е мојата невиност. .. Зар ти не си светлина на мојот оган? Зар во тебе не живее сестрата - душа на моите сфаќања?.. А кога се качував на планини кого го барав по планините ако не тебе".** (ТЗЗ ; 171) Заратустра мораше да ја отфрли ПРИЧИНАТА за неговата БОЛКА, тоа

беше ЗМИЈАТА, таа воедно беше и неговиот нагон и неговата врзаност за колективното несвесно кое е претставено преку СТАРИТЕ ПЛОЧИ.

НОВИТЕ ПЛОЧИ т.е., новите вредности произлегуваат од ИДНИНАТА и од тишината, од неумот и од неволноста кои се **ослободени од болката и страдањето, ослободени од стравот од смртта, натопени во Чистото постоење кое е и просветление.** Симболиката на мртовецот што на почетокот од делото го носи Заратустра на своето рамо, е симболика на ПРВОТО материјално ниво на погрешната его-идентификација кое треба да биде напуштено од самата индивидуа, за сметка на ВТОРОТО духовно НИВО, или ниво на **потрага по врвот: "Кој сум јас?"** кога, според Ниче, треба да **"станеме мајки" (ниво на мајката).** Всушност, четвртиот дел од книгата претставува **сликовито откинување на главата на змијата, односно преминот на малиот ум на човекот преку тесниот мост до** ГОЛЕМИОТ УМ, односно ПРЕМИН во ТРЕТОТО божествено НИВО, "О животни мои, зар и вие сте сурови? Зар и вие сакате да ја гледате **мојата болка** како што прават луѓето? ... И како ми се вовлече она чудовиште во грлото и како ме давеше! Но јас му ја прегризав главата и ја исплукав далеку од себе. А вие - зар и од тоа направивте песна за лира? А јас, еве, **лежам, изморен од тоа прегризување и исплукување**, сé уште болен од **сопственото избавување**". (ТЗЗ ; 227) (види II Синтеза ... Параболите на Заратустра 1.3.) Во својата "Пијавица", Ниче спомнува еден од "ѓаволите", "**Тука** Јас - одам до базата. .. Ми треба само една педа од базата.. . **една педа од базата: врз тоа човек може да се исправи**." (ТЗЗ ; 258) Овде може да се зборува за чакрите - невидливи трансформациони центри на енергија во човечкото тело, преку кои се постигнува прочистувањето. Ако зборуваме за **една педа од базата (од** првата чакра**)**, најверојатно се мисли до 5-тата (пет прсти во педата на раката) чакра - Грлената чакра (Вишуда чакра) во која се врши **прочистувањето започнува и самореализацијата, или вистинското искачување на малото "Јас", нагоре, "SO HAM" = That I am (Тоа сум јас)** Ова мене ми коинцидира на некој начин, посебно кога го преведеме на англиски јазик Декартовото "**Cogito ergo sum**" или "I think, therefore I am", or **"I think, so I am" ("So I am = SO HAM = That I am).**

Ако Исус Христос ја покажал крајноста во подготвеноста на неговата волја за моќ дека може да ја надмине смртта на своето физичко тело, односно врзаноста за него преку волјата за опстанок, Ниче преку Заратустра ја зема улогата на гласникот **кој треба да постави рамнотежа помеѓу небото и земјата**, помеѓу духовното и материјалното, помеѓу машкиот и женскиот енергетски принцип, "Златото станало најскапоцено само како одраз на највисоката доблест. Тоа блеска со дарежливост. **Блесокот на златото ги смирува Месечината и Сонцето**. "ТЗЗ ; 78) **Волјата за моќ е веќе во човекот, "Сета драгоценост е веќе создадена и сета драгоценост - тоа сум јас"**. (ТЗЗ ; 28 За трите преобразби)

Преку совршена рамнотежа на телесните елементи се постигнува блажена недвојност. Тука настанува и ИЗДЕЛУВАЊЕТО на човекот **(земјата = хоризонтално ниво = змијата) кон натчовекот (небото -**

**вертикално ниво преку вратот = вратата кон небото)** Исто така, симболиката на дрвјата, односно стеблата кои го претставуваат РАСТОТ нагоре кон **небото (со коренот во земјата)** што Ниче сака да ги ИСКОРНЕ и да ги ПРЕСАДИ засебно, ни укажува на неговата идеја 'О блажено далечно време кога народот си велеше: "**Сакам да бидам господар - над народите**". (ТЗЗ ; 219) "Вие што денес сте самотници и одделени, еден ден треба да станете народи: **од вас што се избравте сами, треба да израсне избран народ - а од него натчовек**. (ТЗЗ ; 81) Уште во прологот, Заратустра го навестува своето учење, односно трансцендирањето на земните нивоа, "**Творецот бара сопатници, а не мртовци, а не и стада и верници. Творецот бара сотворци, ги бара оние што пишуваат нови вредности на нови плочи**". (ТЗЗ ; 23)

Во својата "Пијана песна" или песната за соединувањето на Заратустра со Таткото, односно неговата самореализација, при што ја доживува вечноста, односно бесмртноста, "јас сум прв пат задоволен што живеам потполн живот... Тоа ли беше животот?, сакам да ѝ речам на смртта, "па добро! Ајде уште еднаш!" Симболички претставена самореализацијата, "За тоа време тие (вишите луѓе - симболи за себенадминувањето на човекот кон натчовекот) излегоа надвор еден по еден, во студената замислена ноќ, а самиот Заратустра го фати за рака најодбивниот човек за да му го покаже својот ноќен свет и големата тркалеста месечина и сребрените водопади крај својата пештера. Надокрај тие стоеја молкома сите заедно..." (ТЗЗ ; 327) "Мене ме однесува, мојата душа танцува. Секојдневен труд! Секојдневен труд! Кој треба да биде Господар на земјава?" (ТЗЗ ; 330) Во последната беседа "Знак", "... Што ми остана за мојот последен грев? ... Сомилост, сомилост кон вишите луѓе! извика тој, а **лицето** му се направи како **бронза**. Добро! На тоа - му **мина времето**! Моето **страдање и мојата сомилост** - што се важни тие? Зар јас се стремам кон среќата? **Јас се стремам кон својата работа**!" (ТЗЗ ; 338) Како што сите негови наслови на беседите во четвртиот дел од "Така зборуваше Заратустра" се негови симболи, исто така и оваа негова последна мисла е силна симболика која просветлените духовни учители ја користат за пренесување на науката на самореализацијата до своите ученици, преку медитација или сонови. **Оној кој "бара работа" е во силна љубов кон Таткото.**

## 3.2. Која беше пораката на Ниче?

Светот е полн со мртви луѓе. Тие се мртви уште долго пред да умрат.
Заратустра: Бог кој може да танцува (Ошо)

Луѓето обично умираат на возраст од триесет години и покрај тоа што физичкото тело го напуштаат на осумдесет. Немаат живот во нив, немаат песна во нив, немаат танц во нив. Зошто живеат, не знаат. Кои се тие? - тие никогаш не си го поставиле ова прашање. Зошто се тие тука, од каде дошле и кон каде одат - тие ќе ви речат, "Немој со такви прашања, ни го нарушуваат мирот". Тие не се заинтересирани да го откриваат значењето на животот.[324] "Само јас во раката имам мерило (јас прв ја открив мерата) за "вистините", само јас можам (знам) да решавам. Небаре во мене изникнала втора свест, небаре во мене "волјата" си запалила светло над стрмната патека, по којашто досега трчаше надолу.. . Стрмна патека - тоа е името со кое се нарекуваше патот до "вистината"... Крај е за сиот "мрачен нагон", токму добриот човек најмалку го беше осознал вистинскиот пат.. ."[325] А оној што што мора да биде творец во добро и зло, навистина **тој мора да биде разурнувач и мора прво да ги разбива вредностите.** Така најголемото зло му припаѓа на најголемото добро: но тоа е творечко". (ТЗЗ ; 120)

Токму на ова место може и да започне најголемиот контра аргумент на "филозофските работници, односно на науката која за сите вакви, за неа, произволни изјави, бара да се води доказна постапка. Секој филозоф, да не речеме, обичен човек" би можел да даде една ваква или слична изјава. Зошто луѓето би верувале во една ваква филозофија на некој си Ниче? **Каква е таа негова "волја за моќ" кој само тој ја поседува, а другите ја немаат?** Нели е таа општочовечка? Каква е таа "волја за моќ" која во него ствара огромен порив за да им ја наметне Вистината на другите, на светот? И покрај тоа што Ниче тоа разубедување и убедување го прави со голема сила, затоа што ја нема доказната постапка онака како што ја бара науката, таа предизвикува бурни реакции кај неговите современици, а и сите овие години после неговата смрт. Ако некој некого прекори дека треба да си ја промени својата животна филозофија исто е како да му рекол дека е грд. Токму така Ниче го прекорува човештвото. **Ниче со огромна внатрешна моќ ги прекорува сите досегашни авторитети во филозофијата, религијата и науката воопшто кои што човештвото го донеле до амбисот на денешните општества кои постојано ја докажуваат својата декадентност. Тука, во најголема мера лежи и Ничеовиот аргумент.**

Ниче не вели никогаш "Јас мислам", или "по мое мислење", туку тој си останува на ставот дека Декартовото "Мислам, значи сум", гледано од аспект

[324] Zarathustra : God that can dance, str. 136
[325] Еве го човекот, цит., стр. 146

на методолошко докажување за своето постоење или битисување преку односот на субјект - објект е слабо и недоволно уверливо затоа што не го зема во предвид "невидливиот Субјект во кој се содржани: субјектот, објектот и она што произлегува од нивната поврзаност. Ниче се поставува од гледна точка "Јас знам" и "Целото знаење сум јас" и "Творецот сум јас", односно "Субјектот сум јас". Низ целото дело Така зборуваше Заратустра преовладува овој став "Субјектот сум јас" и тоа што го знам е исправно и уште повеќе "Тоа е Вистината". Ниеден филозоф не се појавил на Запад со таков жар да ја објави Вистината. Како ниеден мислител пред него, Ниче воведува еден инструмент - Волја за моќ која во човекот го поттикнува духовното созревање, а воедно е гласник на Субјектот исто како што Ниче е гласникот на човештвото. Умешната проникливост на оваа моќна машина на природата, ќе рече Беркли во својата "Расправа за принципите на човековото познание", е таква што, кога нејзините движења и разните феномени надоаѓаат врз нашите сетила, **ракатa што ја вдахнува целината е само неперцептибилна за човек од месо и крв. "Вистина, (рече пророкот) "Ти си Бог сокриен"[326].** (Исаија 45, 15)

Ничеовиот концепт за натчовекот е тежок за дефинирање. Исто така и Маслов нагласил дека **концептот за самоактуелизација** е крајно тежок за дефинирање. Во генерална смисла тој **означува што е човекот, што може и што треба да биде со цел да се биде таа самоактуелизирана или самореализирана личност.** Според Маслов самоактуелизираните личности покажуваат одредени карактеристики: **реални се, се прифаќаат себеси, другите и реалноста, спонтани се и природни, имаат потреба од приватност, нзависни се и самодоволни, сонтано ја оценуваат средината, а не преку стереотипно оценување на средината и луѓето во неа, се идентификуваат со целото човештво, имаат длабоки, интимни врски само со неколкумина, и имаат демократски однос, се држат за строго одредени вредности и етика, покажуваат широк пријателски осет за хумор, индивидуалци се и се спротивставуваат на конформноста.**

**Но, сепак, оние луѓе што Маслов ги земал за самоактуелизирани, кои и покрај тоа што повеќе се држат за законите на својот карактер** отколку за општествените правила, **според источната филозофија за самореализација како и според Ничеовиот концепт за натчовекот, се далеку од самоактуелизирани, и покрај тоа што поседуваат способности и показатели на некој кој се движи по патот на самоспознавањето, односно во кого се пробудила волјата за моќ, односно почнале духовно да созреваат.** Штом се далеку од тоа да бидат самоактуелизирани, далеку се од совршеноста на нивната личност, односно далеку се од Ничеовиот натчовек. Сепак, како индивидуи тие се изделуваат од другите луѓе по нивните потреби, желби и однос кон себе, другите луѓе, општеството, религијата и тн. Ако неговите

[326] Беркли, Џорџ. *Расправа за принципите на човечкото познание*, Скопје : Зумпрес, 1997, стр. 129 (Параграф 151)

самоактуелизирани се големи човекољупци, како и социјализирани луѓе полни со љубов, тоа би значело дека се на добар пат кон натчовекот. И не само тоа тоа туку тие се на патот на избавување за кој толку многу зборува Заратустра. И Маслов како и Ниче, директно не го поставува постоењето на Бог како услов за патот на самоактуелизацијата на овие поединци. **Нив ги интересира единствено растењето на карактерот,** изразување на карактерот, созревањето и напредокот, со еден збор самоактуелизацијата. Ако Ниче зборува за **волјата за моќ како двигател на нивната самоактуелизација**, Маслов зборува за највисока потреба која автоматски се јавува откако другите потреби кај човекот се задоволени што не е доволно убедително.

Самоактуелизираните на Маслов се етични, со одредени морални стандарди, секогаш постапуваат исправно. Некои од нив рекле дека веруваат во Бога но како метафизички поим. Ако ги разгледуваме преку термини на општествено однесување тогаш и атеистите меѓу нив се религиозни што донекаде би одговарале на Ничеовиот Заратустра кој беше наречен "најпобожен меѓу безбожниците". Од друга страна пак, Маслов ги споредува со обичните луѓе, "Една од најдобрите особини на самоактуелизираните луѓе е нивната релативна независност од физичката и општествената средина. Главното задоволување на самоактуелизираните не зависи од другите луѓе, од културата или пак од надворешните задоволувања (љубов, сигурност и основните средства за живот) кои им се потребни на обичните луѓе... Нив дури секојдневно дружење со другите луѓе им смета. Тие се доволно силни за да не зависат од доброто мислење на другите луѓе па дури ни од нивната наклоност. Почестите, функционерските места, наградите, популарноста, престижот и љубовта која другите им ја подаруваат се далеку поневажни од саморазвитокот и внатрешното растење, вели Маслов. Ако некои самоактуелизирани луѓе не ги красат "мистични доживувања" тогаш тие се унапредувачи на општествениот свет, општествени работници, политичари итн."

Според Ниче, неговите современици, филозофите - работници како што тој ги нарекува не би можеле ни на малото прсте да им се "фатат" на ваквите поединци. Само ваквите ретки поединци би можеле да го разберат патот до неговиот натчовек. Ниче би бил премногу задоволен со вакви поединци, па макар и ниту еден од нив да не го достигне натчовекот. Овие единки имаат **своја мисија во животот**, да исполнат некоја своја задача. **Нивниот систем на вредности не е ситничарски, туку универзален, а не локален. Сепак овие луѓе се филозофи.** Од крајно општествено значење што тие имаат поширок гледиште и се далекувиди. **Тие ја сакаат самотијата многу повеќе од обичните луѓе**. Заратустра сака да ги "искорне дрвата и да ги посади секое засебно". Она што кај другите предизвикува немир кај нив не делува. Кадри се да го сочуваат достоинството и во најтешките моменти. Не се потпираат на тоа што другите мислат за нив. **"Не ве советувам за работа туку за борба, не ве советувам за мир туку за победа. Вашата работа нека биде борба, вашиот мир победа!** Замислете каков е односот на Ниче кон животот. Мирот во себе човекот не може да го надокнади со ништо во својот

живот. Тој смета дека мирот во себе ја содржи тајната на животот. Тајната на болката која носи "радост" и радоста која постојано бара нова болка, како што низ вековите е докажано, која ја облагородува човечката душа. **"А јас ви велам добрата војна посветува сé.** (ТЗЗ ; 73) За Ниче мирот е **вредноста** според која човештвото ќе мора да ги **превреднува вредностите,** во кои, се верувало барем последните две и пол илјади години. 'Колкава е таа сила и од каде доаѓа истата ќе помисли Ниче, да одиш спроти текот на реката на животот, да го натераш човештвото да се преиспита во својот однос кон вредностите во својата животна филозофија која не е ништо друго туку еден огромен дел од самиот него'. Ниче во голема мера успева во тоа. Се исполнува и неговото пророштво дека ќе дојде ден кога во светот ќе се основаат институти за проучување на неговото дело.

Ниче се претставува како "филозоф со чекан", а се нарекува "антихрист" и "прв иморалист". Ниче ќе остане **доследен на својот стил** на изразување и праќање на својата порака до човештвото. " Тој му "замерува" на Исус за неговата претерана сомилост кон луѓето. Знаеме дека не е лесно да ги прекоруваме другите, а за возврат да не ја почувствуваме силата на мноштвото, која како бумеранг му се враќала и на Ниче. Ако тој навистина ги презирал и само ги презирал луѓето и ги сметал дека малиот човек треба "да биде сотрен од лицето на земјата" тогаш тој не би го ни создал **концептот за натчовекот** преку својот **Заратустра** кого и самиот Ниче толку многу сакал да го достигне. Тој секогаш се обраќа на поеволуираните души кои можат да го разберат, но тој смета дека еднаш мора да биде прекорена толпата како што понекогаш и таткото ги прекорува своите деца, грубо и силно. На овој начин Ниче свесно и доброволно "влегува во огнот на многувековната машинерија" која многу лесно можеше да го здроби и да го направи пепел".

Ниче постојано умираше и воскреснуваше од пепелот како Феникс сé посилен и посилен. И покрај тоа што се прикажуваше како антихрист, тој многу добро, можеби подобро од било кој друг филозоф досега ја разбираше големината на Исус. Ако постојано ги напаѓаше другите светски авторитети за нивното авторитарно "поучување" на светот, тоа не беше случај со учењето и личноста на Исус. Очевидно дека тој знаеше што е човечка големина која пред сé треба да се огледа во примерот кој им го дава на другите. Освен, можеби, Платон и Шопенхауер, тој нити во филозофите не гледаше филозофи. Тој силно ги напаѓаше сите оние кои го извитоперуваа учењето на Исус и како такво го пренесуваа на другите. Во декадентните институции, според него, спаѓа и црквата заедно со самонаречените "Божји месии"- свештениците. Тргнувајќи од своето искуство на генијален ум, голем филозоф кој уште во раната младост е промовиран во почесен доктор на науки, неговиот развиен силен осет за големина не му дозволуваше да го прифати фактот дека младиот Бог Исус би се сложил со она што денес го прави расипничкиот и низок дух на "црквенослужителите". Токму затоа Ниче во своето последно автобиографско дело "Еве го човекот" ќе рече: "за мене ништо не значат наградите и почестите на стадото (толпата) дури и кога би ме нарекле светец". Значи тој смета дека почестите се лажни и не му

причинуваат задоволство затоа што се даваат од оние кои не се генијални луѓе, односно од луѓе кои не знаат, односно немаат осет за човечка големина.

Значи, Ниче секогаш не ги презира малите луѓе од секојдневието, а да не зборуваме за тоа дека ги мрази, туку сака јасно и гласно да каже како никој дотогаш дека 'добрината на малите луѓе, кои за себе сметаат дека живеат нормален живот, треба еднаш засекогаш да се сврти не кон "гонење генијалните луѓе", туку кон љубов кон натчовекот'. Ниче не ги тера луѓето да го достигнат натчовекот по секоја цена и кога не можат, но барем да бидат плодна почва за своите деца и сите идни генерации преку љубовта кон натчовекот. Ниче само сака да го осмисли животот на човекот, а со тоа и на човештвото, затоа што ако 'човештвото нема цел, вели тој, тогаш не постои и самото човештво'. Всушност Ниче сака да ги насочи луѓето својата "волја за живот" да ја насочат кон "волјата за моќ", или духовно созревање, која е во основата на сите човечки суштества. Волјата за моќ отсекогаш ги терала луѓето на сите нивоа на свест, тргнувајќи од најниското емоционално и интелектуално човечко суштество до највисокото, **да се сметаат себеси** за единствени, оригинални и посебни индивидуи "**кои не се како другите луѓе**", без оглед дали имаат основа за таквата мисла или не. Заратустра во своите беседи еднаш ќе извикне 'О блажено далечно време кога народот си велеше: "**Сакам да бидам господар - над народите**". (ТЗЗ ; 219)

Ниче интуитивно знаел дека големината на Исус при неговото ветено и очекувано второ доаѓање ќе бара многу духовно созреани луѓе, а не декадентни општества во кои 'своето бавно самоубиство, луѓето го нарекуваат - живот'. (ТЗЗ ; 53) На сите оние во толпата, без оглед дали се неписмени земјоделци, интелектуалци и професионалци во своите струки кои си се сакаат и вреднуваат самите себе според своите критериуми кои се и критериумите на толпата, Ниче им препорачува "повеќе да не пијат од кладенците каде што пие збирштината затоа што одамна се тие затруени", за да можат да го дават сопствениот ум и да го уништуваат, бидејќи тој е умот од овој свет кој неговите вредности ни ги врежал преку норми, правила, закони и догми итн. **Но, овде се поставува прашањето како да се следи натчовекот**? Ниче препорачува **одврзување** од ваквите закони и догми кои ги создале сите наши предрасуди и **приоѓање кон нештата и суштествата** со однос на свесност, толерантност (но не догматска), сочувство (разбирање) и универзално приоѓање кон религијата и верувањето, следејќи го нејзиниот духовен аспект заеднички за сите религии преку што ќе доживуваме постојана експанзија на свеста и продлабочување на мирот во нас.

Значи, Ниче ни предлага свесен приод кон животот и во сé она што животните ситуации ни го налагаат без чувство на "грев" и при најмали ситници за кои некој бог би не казнил. На животот треба да му приоѓаме многу внимателно со цела наша почит, без страв и грижа на совест за постапки кои не му штетат на другите. А со себе можеме да си правиме игри и експерименти со цел да се надминуваме себе си. Дури и благородните постапки можат да се учат како вежба. Секако дека она на кое нема да обрнеме доволно внимание, животот на овој или на оној начин ќе ни го

предочи преку некоја "случајна" ситуација, или случка. Секој погрешен потез кој ни донесува болка треба да го преживуваме и да гориме во него за да ги возвишиме нашите чувства со што би го зголемиле своето емоционално богатство. Така ќе го следиме натчовекот. 'Возвишувајќи ја својата душа ќе се почувствувате осамени, вели Ниче преку својот Заратустра, ќе се почуствувате одделени од другите, ќе страдате и затоа треба да бидете борци, затоа што тогаш **повторно ќе ја поставувате вредноста на сите нешта, тогаш ќе бидете творци!'.** (ТЗЗ ; 81)

Навистина Ниче се обраќа на оние кои имаат "**уши да го слушнат**", но поставувајќи го Заратустра со ваквите препораки на човештвото, тој ни дава до знаење дека не треба да има омраза кон никого само затоа што не може да се сфатат неговите зборови. Сепак Ниче е доволно голем за да не мрази никого. Тој го поставува **животот -пред сé, како најголем учител кој потполно може да го замени "стариот бог"**. Затоа што луѓето не можеле да го разберат животот го измислиле бога. Тука ја гледаме лукавоста на Ничеовиот генијален ум. Еден ваков ум не би можел да го оспорува толку наивно постоењето на бога како што го препорачува со мотото: "**Бог е мртов - да живее натчовекот!**" Ниче сфатил дека една голема душа како што бил Исус не би сакал да види ограниченост кај луѓето било да е таа искажана преку некаква институција, вероисповест, или поделеност на теисти и атеисти. Само преку отфрлањето на "**стариот бог**", а со тоа и на догмата на религиите ќе може секој да биде креатор на сопствениот живот, ќе се надминува себеси и покрај тоа што можеби некој ќе сака да ја напаѓа неговата религија или верско убедување, или пак неговиот атеизам. **Ниче многу добро ја согледал меѓуверската омраза која ја сметал и за една од најголемите причини за декадентноста на современите општества**. Хипокризијата во голема мера ги има зафатено верниците кои во име на верата и својата црква се обидуваат да ги наметнуваат моралните вредности на другите. Оној кој духовно созрева и се возвишува без оглед дали го достигнал натчовекот или не нема време да им завидува на другите, ниту пак да изигрува лицемер за да ги контролира, тој е потполно обземен со изградување на својот карактер и обземен е од задоволството и радоста на својата душа при превреднувањето на вредноста на сите нешта. (ТЗЗ ; 56) Тој само сака да го достигне натчовекот: "бидејќи кај мене дојде една сенка - она што е најмирно и најлесно од сите нешта дојде еднаш кај мене! **Убавината на натчовекот ми пријде како сенка**". Тоа чувство е несекојдневно, екстатично и незаборавно и го води човекот кон натчовекот. Во моментот кога некој ќе го достигне натчовекот ќе го почувствува врховното задоволство и радост. Ќе го почувствува во себе "законот или тајната на животот", длабоко во себе ќе ја чувствува сопствената вредност како да е тој "целиот народ", сите оние кои трагале по натчовекот и целиот универзум. Ниче ќе рече"Вие што денес сте самотници и одделени, еден ден треба да станете народи; **од вас што се избравте сами, треба да израсне избран народ - а од него натчовек**. (ТЗЗ ; 81)

Дури и во оние што се сметаат за духовни покајници, кои не би сакале на животот да гледаат како "куче со исплазен јазик", а кои се со "опиени

месечински очи" (ТЗЗ : 127). Ниче гледа "сладострасници", односно суштества од "женска порода", "сé она што добрите луѓе, таа збркана мешаница од толпата која сака да стане **господар на човечката судбина, која проповеда мали добродетели, умереност и лукавост, и која кажува како да се одржи човекот, најдобро, најдолго и најпријатно, потекнува од слугински слој - од женска порода**." (ТЗЗ : 296-297) Оттука гледаме дека Ниче многу добро го замислил целото свое дело Така зборуваше Заратустра заедно со теоријата за самореализацијата, односно реализацијата на натчовекот преку волјата за моќ. **Нему совршено јасно му било што е волја за опстанок, а што волја за моќ.** Волјата за моќ потекнува од неговата чистота, односно од Вистината, односно поблиску е до огнот "огнот", отколку до "водата". "И наскоро ќе стојат овде како сува трева и степа и навистина ќе бидат сити од самите себе, **ќе горат од жед, повеќе за оган отколку за вода**! О благословен час на секавицата! О тајна пред Пладне!" (ТЗЗ : 179) (види 6-та претпоставка), со што тој ни открива дека знае за Упанишадите и јогата, но не само тоа, за да рече дека ова негово знаење е **тајна,** тој мора да бил упатен, а тоа го покажуваат сите други параболи и негови песни, во гуру- кула системот, или методот за пренесување на духовните моќи, шакти - санцара[327] во индискиот систем на скриено пренесување на самоспознанието од учител на ученик. Гуру-то може да го преобрати ученикот со поглед, допир, со мисла, збор или волја.

Можеби судбината на западот е таква, да има ретко самореализирани луѓе заради својот "варварски дух" кој се разликува од духот на хиндуската култура. Најверојатно, затоа западниот човек постојано "сонува" со "опиени месечински очи" и со половина дух. Затоа западните филозофи го сакаат филозофирањето дури и за натчовекот на Ниче каде нема баш многу место за тоа. Затоа западот сé уште го чека второто доаѓање на Исус Христос, а не го препозна натчовекот на Ниче или во Ниче, кој, се разбира, заради неискачувањето на својот последен врв, судбината, односно волјата за моќ не му дозволи да светни во својот вистински сјај на самореализиран богочовек или натчовек. Затоа тој стана познат на светот, но остана нејасен за светот. Остана нејасен затоа што не ги сакаше систематизерите и системите, а сакал да ги напаѓа проблемите од различни перспективи, "Јас не им верувам на систематизерите и ги избегнувам", вели Ниче, "Волјата за систем е недостаток на интегритет"[328]. Ако сакаме да го одредиме Натчовекот ќе видиме дека тој е створен за да не биди одреден, него треба да го експериментираме, него треба да го создадеме сметаат некои автори.

Заратустра беше разбуден, освестен за постоењето и на возвишениот човек во него. Свесен дека е пред својот последен врв, се опишува себеси пред својата последна пречка: "Моето море е мирно. .. Денес го видов оној што е возвишен и свечен, **духовниот покајник**: о колку се смееше мојата

[327] Sivananda, Svami Sri. *GuruTtatva vo Guru i ucenik*, Beograd : Esotheria, 2005, str. 17
[328] The *Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990*, str. 8, Cited in "*Maxims and Arrows*", in Twilight of Idols, 25

душа на неговата грдотија! .. **Тој уште не научил на смеа и на убавина. .. Дури кога ќе се измори од својата возвишеност, тој возвишен: дури тогаш ќе почне да се воздига неговата благородност. .. И дури кога ќе се одврати од самиот себе, ќе ја прескокне својата сенка - и навистина, ќе скокне среде своето сонце.** (ТЗЗ ; 121) Ниче кажува каков сака тој да биде, односно ни кажува дека и покрај неговите визии и доживување на просветление, тоа е сé уште со его кое треба да биде прочистено, "Во неговото око сé уште има презир, а на усните му се крие одбивност. Навистина сега тој мирува, но неговиот мир **сé уште не се истегнал на сонце**. Би требало да прави како бикот; а **неговата среќа би требало да мириса на земја, а не на презир кон земјата."** (ТЗЗ ; 122)

Исто така, негова силна желба е на човештовото да му го покаже патот на самореализацијата, "Би сакал да го видам како бел бик, како оди пред плугот збивајќи и рикајќи, и неговото рикање би требало да воздига сé што е земно". .. Но претходно тој и самиот сака да ја постигне хармонијата во себе, односно потполноста, "Многу го сакам кај него вратот на бикот: но сега би сакал да ги видам и очите на ангелот". ... Пред својот последен врв, тој сфаќа дека **самоспознанието е "дар на судбината**" Миловидноста ѝ припаѓа на великодушноста на безволникот. .. Тој **мора да ја заборави својата херојска волја** - самиот небесен простор би морал да го издигне, безволникот!" (ТЗЗ ; 122) Но тоа не е доволно, не е доволна Волјата за моќ кај човекот ако небото, односно судбината сама не го повлече како "безволник". Значи, човекот треба **да се откаже** и од својата последна желба - својот највисок врв, ако сака да биде издигнат до него: "Зашто ова е тајната на душата: дури кога ќе ја напушти херојот, насоне ѝ се приближува - натхеројот." (ТЗЗ ; 123) Но, што друго е откажувањето од својата најголема желба - самореализацијата ако не, потполна предаденост на судбината, или Бога.

Меѓутоа, што всушност претставуваше човештвото за Ниче? Тој беше една голема одбивност за него. Неговата најголема одбивност беа дребните луѓе. Не можеше да замисли тие повторно и повторно да се враќаат во овој свет, а и неиздржливо, за него, и тој да се раѓа заедно со нив. Ниче најмалку сакаше овие луѓе да го оценуваат неговото дело. Сепак, после неговата смрт неговото дело беше најразлично прифатено. Нацистите го искористија натчовекот да ја поткрепат теоријата за ариевската раса. Буржоаските кругови за да се направат важни колку само тие ја разбираат неговата филозофија се обидоа од Ничеовата мисла за дребните да создадат свое гледање дека Ниче, всушност, пишувал за "благородните" и аристократските души, за вистинската интелигенција наспроти "мувите на пазариштето" и неписмените и полуписмените луѓе. Општо кажано за Ниче, човекот е "мачен срам". Ничеовата мисла во најтивките мигови дека "сите човечки суштества се божествени", **ни зборува дека човекот во себе содржи вредност, но нивната "дребност" го измачуваше**. За него светот беше преполн со добричици и справедливци, или со медиокритети кои, гледајќи си ги своите интереси сметаат дека можат даја креираат судбината на човештвото.

За Ниче, сé она што е поттикнато од алчност без оглед на интелигенцијата, сé она што е поттикнато од некаква авторитарност со цел

пред другите да се биде авторитет, сé она во човекот кое е натопено во хипокризија и немоќ да се биде креатор, сите оние кои се со ропска послушност кон авторитетите; религиозни или световни, секој оној кој живее во илузија на некакво знаење кое нема крајна цел - самоспознание, сите оние чија цел им е телесното задоволство и контрола над другите, сите неговите современици чие страдање не е насочено кон и заради самоспознанието, "никој не страдаше за она за кое страдав јас", тука спаѓаат и филозофите како Сократ, Кант Хегел кои секогаш бараа "публика за да им ракоплеска" и тн., не се достојни за почит. Ниче, прво, сакаше да ги превоспита филозофите за да станат "слободни филозофи", а не обични "филозофски работници". Кога зборуваме за "љубителите кон мудроста" ако останат на ниво на филозофски работници тие се дребни за Ниче. Тие немаат радост во творењето. Тие не се творци и не можат да бидат бесмртни.

Ако жените во Франција го сметаа за "професор по енергија" самиот Ниче во "Еве го човекот" ќе рече, "Кој освен мене знае што е Ариадне? Претходно, тој ќе рече: "Кој знае? Можеби јас сум првиот психолог на вечното женско"[329]. Патриша Диксон вели дека кога Ниче зборува за љубов тој не зборува за обичната физичка љубов меѓу маж и жена. На една страна тој зборува за љубов која ќе им помогне духовно да созреваат. Ваквата љубов е многу ретка. Ваквата љубов ја имаа само оние кои "страдаат за натчовекот". На друга страна пак, ги гледа жените како борци за нивните женски права и еманципација. Кога не може да ги оствари своите цивилизациски права таа му се свети на "цивилизираниот машки свет". Ниче вели дека тие тогаш ги третираат своите мажи сопрузи како инструменти за правење деца. Овде се тие делумно во право заради "машката немоќ" во нив да го разбудат вечното женско. Човекот не знае за својата суштинска човечка природа духовно да созрева преку следење на својата Волја за моќ. Преку волјата за моќ тој може да ја пробуди анимата во себе и својот партнер. Ниче оди и понатаму во објаснување дека машката неспособност да ја љуби вечноста или неговата немоќ да ја следи волјата за моќ додадена на женскиот однос кон културата кој е надворешен, несвојствен за неа, е главната причина за декаденција и нихилизам. И покрај тоа што жената е потесно поврзана со Природата отколку мажот во сите нејзини основи, сепак без машката духовна улога на пробудување ја губи инстинктивната, интуитивната, мистичната, темна енигматска длабочина на женското или јин елементот, исто така.[330] Ниче ја смета жената за главна соединувачка сила во општеството. Тој верува дека жртвата на оваа суштинска сила на машка доминација и барање на моќ и посесивното барање на машки вредности од страна на жената води кон распаѓање на општеството.[331]

Диксон смета дека "за повторно да се воспостави баланс помеѓу машкиот и женскиот принцип во општеството, неизбежно потребна е нова

---

[329] Dixon, Patricia. ***Nietzsche and Jung : Sailing a Deeper Night,*** New York, Frankfurt am Main, Paris : Peter Lang Publisshing, 1999, str. 216-217.
[330] Ibid., str. 219
[331] Ibid., str. 221

свесност и однос со женскиот принцип на сите нивоа на егзистенција". Јас би рекол дека во ова жената треба да му помогне на мажот. "Почит на еден со друг", вели Ниче, е она што го нарекувам брак". "За Ниче декаденцијата претставува дезинтеграција на целото"[332]. **Вистинска задача на образованието и целта на културата лежи во "задачата на образованието на човекот да стане човек!, односно потполно човечко битие. Реализацијата на оваа цел може единствено да биде постигната само преку еден поединец во едно време кој ќе работи на своето самоспознание. На овој начин тој станува "семе" за културата, затоа што културата е дете на самоспознанието на секој човек.[333]"**

**Во однос на превреднувањето на вредностите во својата книга "Еве го човекот, Ниче ќе рече, "Превреднување на сите вредности, тоа е мојата формула за актот на највисокото самосознание, самоосвестување на човештвото, којшто во мене станал плот и дух... јас сум несомнено** најстрашниот човек што некогаш постоел; ... јас го познавам задоволството на уништувањето ... јас сум првиот **immoralist**: со тоа јас сум уништувач **par excellence".**[334] Во оваа негова изјава не е тешко да ја препознаеме идентификацијата на Ниче со апсолутот, односно идентификација со најсилниот аспект на природата на богот Шива во индиската религија и филозофија, а тоа е неговиот атрибут - уништувач на старото и создавач на новото.

[332] Ibid., str. 222
[333] Ibid., str. 384
[334] Ecce Homo., str. 157-158

# БИБЛИОГРАФИЈА

Adorno, Theodor W. *Kant's Critique of Pure Reason*, Stanford, Califiornia : Stanford University Press, 2001.

Alderman, Harold. ***Nietzsche's Gift,*** Athens : Ohio University Press, 1977.

Ahern, Daniel. ***Nietzsche as Cultural Phisician,*** University Park : The Pensilvania State University Press, 1995.

Allison, David B. ***Reading the New Nietzsche : The Birth of Tragedy, The Gay Science, Thus Spoke Zarathustra, On The Genealogy of Morals,*** New York, Oxford : Rowman & Littlefield Publishers, Inc., 2001.

Аристотел. *Никомахова Етика*, Скопје : Три, 2003.

Aschhem, Steven E. ***The Nietzsche Legacy in Germany 1890-1990,*** Berkley, Los Angeles, Oxford : University of California Press, 1992.

Babich, Babette E. **From Nietzsche's artist to Heidegger's world: The post -aesthetic Perspective, Toward the animation of nietzsche's Ubermensch,** *Men and World,* 22:3-23, Dodrecht, Boston, London, 1989.

Bahr, Howard M.and Bahr, Kathleen Slaugh. *Symposium* - A Paradigm of Family Transcendence, Brigham Young University, 1996.

Бакстон, Николас. во *Filosofija: Дали гледиштето на Јунг за Бог е нереалистично?*, Skopje : Univerzitet "Sv. Kiril i Metodij", 2002, I god. br.2, str. 71-82.

Bataj, Žorž. *O Ničeu: Volja za srećom*, Književna zajednica Novog Sada : Novi Sad, 1988.

Behler, Ernst. ***Confrontations: Derrida,Heidegger, Nietzsche,*** Stanford, Califiornia : Stanford University Press, 1991.

Benner, G. *Psychotherapy and the spiritual quest*, Grand Rapids, MI : Baker, cited by Ganje- Fling and McCarthy, 1988.

Bergoffen, Debra B. **The Eternal Recurrence, Again,** *International Studies in Philosophy,* XV(15):35-45, Atlanta (USA): Scholars Press, 1983.

Беркли, Џорџ. *Расправа за принципите на човечкото познание*, Скопје : Зумпрес, 1997

Berkowitch, Peter. ***Nietzsche : The Ethics of an Immoralist,*** Cambridge, Massachusetts, London : Harvard University Press, 1995.

*The Bhagavad Gita*, England : Penguin Books, 1979.

Bogart, Greg. Finding a Life's Calling, *Journal of Humanistic Psychology*, 1994, Vol.34,No.4

Бошковски, Борис Кр. *Филозофски етички системи*, Скопје : Богословски факултет, 1993.

Čia Mantak, i Vin, Majkl. *Taoističke tajne ljubavi : njegovawe muške seksualne energije kroz Tao*, Beograd, 1990.

Činmoj, Sri. *Meditacija : čovekovo sovršenstvo u ispunjenju boga*, Beograd, 1991.

Чухина Алексеевна, Лариса. *Човекот и неговиот вредносен свет во религиозната филозофија*, Скопје : Еин-Соф, 2001.

Call, Lewis. **Nietzsche as Critic and Captive of Enlightement (Doctoral Dissertation)**, Internet, 1995.

Cauchi, Francesca. ***Zarathustra Contra zarathustra : The Tragic Buffoon,*** Aldershot, Brookfield, USA, Singapore, Sydney : Ashgate Publishing Company, 1998.

Capra, Fritjof *Tao fizike*, Beograd : Opus, 1989.

Chandler, K., Miner-Holden & Kolander, C. A. Counseling for spiritual wellness: *Journal of Counseling and Development*, 1992.
Cohn, Alphy How not to teach values - A Critical look at Character Education: *Phi Delta Kappan*, 1997.
Conway, Daniel W. **A Moral Ideal for Everyone and No One,** *International Studies in Philosophy*, XXII/2:18-29, Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.
Conze, Edward. *Buddhist Scriptures*, New York : Penguin Books Ltd., 1979.
Copleston, Frederick. ***Friedrich Nietzsche Philosopher of Culture,*** London, New York : Search Press ; Barnes & Noble Books, 1975.
Crockett, Lisa J. (1996) .. et al., Timing of first sexual intercourse: The role of social control, social learning and problem behavior: *Journal of Youth and adolescence*, 1996.
Danto, C. Arthur, ***Nietzsche as Philosopher***, MacMillan Company : New York, 1965.
Декарт, Рене. *Научна расправа за методот*, Београд : Рад, 1955.
Denneson Travis J., ***Society and the Individual in Nietzsche's The Will of Power***, Internet, 1999.
*Деветте темелни упанишади и Бхагавад Гита*, Скопје : Култура, 1984.
Diethe, Carol. Lou Salome's Interpretation of Nietzsche's Religiosity: ***The Journal of Nietzsche's Studies, Nietzsche and Religion***, Special Issue No.19, Spring 2000.
Diethe, Carol. ***Nietzsche's Sister and The Will to Power : A Biography of Elizabeth Forster - Nietzsche,*** Urbana and Chicago : University of Illinois Press, 2003.
Diethe, Carol. ***Nietzsche's Women : Beyond the Whip,*** Berlin, New York : Walter de Gruyter, 1996.
Dixon, Patricia. ***Nietzsche and Jung : Sailing a Deeper Night,*** New York, Frankfurt am Main, Paris : Peter Lang Publisshing, 1999.
*The Dhammapada*, Penguin Books : London, 1977.
Donlevy, James G. *Journal of Humanistic Psychology*, 1996, Vol.36,No2.
Doran, Robert M. Jung, Gnosis and Faith Refused, *Cross Currents*, 1993.
Dugandžija, Nikola. Socijalizam Sociologija svetost : *Revija za sociologija*, 1979.
Elijade, Mirčea. *Joga besmrtnost i sloboda*, BIGZ : Beograd, 1984.
Елијаде, Мирча. *Историја на верувањата и религиските идеи : Од камено време до Елевсинските мистерии*, Том I, Скопје : Табернакул, 2005.
Елијаде, Мирча. *Историја на верувањата и религиските идеи : Од Гуатама Буда до создавањето на христијанството*, Том II, Скопје : Табернакул, 2005.
Елијаде, М. & Кулиано, Јпоан П. *Водич кроз светске религије*, Народна књига : Алфа, 1996.
Emerson, R. V. *Ogledi*, Beograd : Grafos, 1980.
Filipović, Vladimir. *Novija filozofija Zapada*, Nakladni zavod Matice Hrvatske : Zagreb, 1983.
Fojerbah, L. *Predavanje o sustini religije*, Beograd : Kultura, 1956.
Forth, Christopher. ***Zarathustra in Paris : The Nietzsche Vogue in France 1891-1918,*** De Kalb : Northern Illinois University Press, 2000.
From, Erich. *Imati ili biti?*, Zagreb : Naprijed, 1980.
Френцел, *Иво*, ***Фридрих Ниче: со сведоштва и документи во слики***, Зумпрес : Скопје, 1996.
Фром, Ерих. *Уметноста на љубовта*, Скопје : Силсонс, 2001.
Fromm, Erich. *Zdravo društvo*, Rad : Beograd, 1980.
Gašović, Danilo. *Ontološke - antropološke osobenosti Ničeove filozofije i njen odnos prema nekim pretpostavkama marksizma* (Doktorska teza), 1983
Gilchrist, R. The need for holistic counseling : *Amrerican Counselor*, 1992.

Glazer, Sarah. Teaching Values: CQ Researcher, Congressional Quarterly Inc, 1996.

Goiocchea, ***David. The Great Year of Zarathustra (1881-1991),*** , Lanham, New York, London : University Press of America, 1994

Goleman, Daniel. *Emotional Intelligence*, Bantam Books : New York, 1995

Gopalan, Venu R. *Soul Searchers : The Hidden MisteriesofKundalini*. B. Jain Publishers (P) Ltd. : New Delhi, 2001.

Gordon, Paul. ***Tragedy After Nietzsche : Rapturuous Superabundance***, Urbana and Chicago : University of Illinois Press, 2001.

Govinda, Anagarika. *Tibetanska mistika*, Beograd : Grafos, 1989.

Green, Michael Steven. ***Nietzsche and the Transcendental Tradition***, Urbana and Chicago : University of Illinois Press, 2002.

Grim, George. *The Doctrine of Buddha*, Berlin, 1958.

Grlić, Danko. *Filozofija*, Privreda : Zagreb, 1963.

Grlić, Danko. ***Friedrich Nietzsche*** (proširena doktorska disertacija), Naprijed, Nolit : Zagreb, Beograd, 1988.

Ѓошевски, Мирко. **Ниче за вистината**, *Дијалоѓ*, Бр. 9 септември 1995, стр. 49-53

Djuric, Mihailo. ***Nice i metafizika***, Beograd : Prosveta, 1984.

Djuric, Mihailo. ***Putevi ka Niceu***, 1992.

Цепаровски, Иван. **Зориината на постмодернизмот: 150 години од раѓањето на Fridrih Nice,** *Кулшурен живош*, Год. 39 бр. 67, ноември - декември 1994, стр. 49-5

Цидров, Владимир. **"Хомо натура" како "Надчовек",** *Филозофија* Год. 1 бр. 2, август 2002, стр. 97-105

Hartup, Willard W. and van Lieshout, Cornelius F.M. *Personality Development*, 1995.

Harris, M. *Dance of the spirit*, New York : Paulist Press, 1990.

Hegel, Georg Vilhelm Friedrich. *The Phenomenology of Mind*, London, New York : George Allen &Unwin Ltd ; Humanities Press, 1977.

Hegel, Georg Vilhelm Friedrich. *Filosofijska prepedeutika*. Grafos : Beograd, 1985.

Heidegger, Martin. ***Nietzsche : The Will to Power as Knowledge and as Metaphysics Vol. III***, San Francisco, London : Harper & Row Publishers, 1987.

Heller, Peter. **Nietzsche's "Will to Power" NachlaS,** *International Studies in Philosophy*, XXII/2:35-43, Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.

Hewitt, James. *Meditation*, London : Hodder and Stoughton Limited, 1981.

Higgins, Kathleen Marie. ***Nietzsche's Zarathustra***, Temple University Press : Philadelphia, 1987.

Holingdale, R. J. ***Nietzsche***. Routhledge and Kegan Paul : London and New York, 1973.

De Huszar, George. **Nietzsche's Theory of Decadence and the Transvaluation of All Values,** *Journal of the History of Ideas*, Volume VI : 259-272, No. 3, June, New York : College of the City, 1945.

Ilić, Miloš. *Sociologija kulture i umetnosti*,Naučna knjiga : Beograd, 1970.

I. Progoff, I. *The Dynamics of Hope*,1986.

Jaspers, Karl. *Anaksimander, Heraklit, Parmenid, Plotin, Anselmo, Laoce, Nagarduna*.

Јасперс, Карл. *Духовна сишуација времена*, Нови Сад : Књижевна заједница Новог Сада, 1987.

Jaspers, Karl. *Filozofija : Filozofska orijentacijau svetu, rasvetljavanje egzistencije metafizike*, Sremski Karlovci : Izd. Knjiznica Zorana Stojanovica, 1989.

Jaspers, Karl. ***An Introduction to the Understanding of Nietzsche's Philosophical Activity***, Regentry/Gateway : Indiana, 1979.

Jaspers, Karl. *Sokrat, Buda, Konfucije, Isus*, Beograd : Vuk Karadžić, 1980.

Јакимовски, Драган. **За ползата и штетата на историјата во учењето на Ниче за вечното враќање,** *Трета програма на Радио Скопје,* Бр. 30/31 (1987), стр. [344] -348,1987

James, William. *The VarietiesofReligious Experience : A Study in Human nature*, New York : The Modern Library, 1936

Јеротиќ, Владета. ***Индивидуацција и (или) обожење,*** Арс либри : Београд, 1998

Johari, Harish. *Chakras : Energy centers of Transformation*, Rochester, Vermont, USA : Destiny Books, 1987.

Joos, Ernest. ***Poetic Truth and Transvaluation in Nietzsche's Zarathustra,*** New York, Frankfurt am Main, Paris : Peter Lang Publisshing, 1987.

Јосифовски, Јонче. *Филозофија* , Просветно дело : Скопје, 1972.

Јовановски, Коле. *Филозофска антропологија,* Куманово : Марида, 2000.

Jovanovski, Thomas. ***Nietzsche's Subverzion of the Aesthetic Socratic Dialectic (Doctoral Dissertation), 199?*** ...

Jovanovski, Thomas. **Postmodernism's Self-Nulifying Reading of Nietzsche,** *Inquiry,* 44, 405-32, Taylor & Frencis, 2001.

Jovanovski, Thomas. **A Synthetic Formulation of Nietzsche's Aesthetic Model,** *Dialogue* XXIX, 399-414, 1990.

Jovanovski, Thomas. **Toward the animation of nietzsche's Ubermensch,** *Men and World,* 22:71-95, Dodrecht, Boston, London, 1989.

Jukić, Jakov. Povratak svetoga : rasprava o pučkoj religiji, *Sociologija, 1989.*

Jung, K. G*Psihološke rasprave*, Novi Sad : Matica srpska, 1984.

Jung, Carl G. *Čovjek i njegovi simboli*, Mladost : Zagreb, 1987.

Jung, Carl G. ***Nietzsche's Zarathustra,*** New Jersey :Princeton University Press, 1988.

Jung, Carl G. ***Nietzsche's Zarathustra : notes on the Seminar given in 1934-1939, Vol. I,*** New Jersey :Princeton University Press, 1988.

Jung, Carl G. ***Nietzsche's Zarathustra : notes on the Seminar given in 1934-1939, Vol.I I,*** New Jersey :Princeton University Press, 1988.

Камџијаш, Светлана. *Крајната слобода на филозофијата Веданта*, Скопје : Аз-Буки, 2002.

Kant, Immanuel. *Kritika rasudne snage*, Zagreb : Kultura, 1957.

Kant Immanuel. *Religija unutar granica cistoga uma Beograd* : BIGZ, 1990.

Kellenberger, J. ***Kierkegaard and Nietzsche : Faith and Eternal Acceptance,*** London, New York : MacMillan Press Ltd ; St. Martin's Press, Inc., 1997.

Kelvin, S., Gardner, Lindsey. *Teorije ličnosti,* Nolit : Beograd, 1983.

Kemp, Jack. It's Time for a Spiritual Renaissance: *USA Today,* 1995.

Кернс, Грејс. *Филозофии на историјата,* Скопје : Култура, 1993.

Kjerkegor, Seren. *Ili - Ili,* Beograd : Grafos, 1989.

Kjerkegor, Seren. *Osvrt na moje djelo,* Grafos : Beograd, 1985.

Kjerkegor, Seren. *Selingova pozna poezija,* Beograd : Grafos, 1984.

Koelb, Klayton. ***Nietzsche as Postmodernist : Essays Pro and Contra, New York,*** The State of University of New York Press, 1990

Kohler, Joakim. ***Zarathustra's Secret : the Interior Life of Friedrich Nietzsche,*** New Heaven and London : Yale University Press, 2002.

Колер, Џон. *Ориентални филозофии*, Зумпрес : Скопје, 1996.

Колозова, Катерина. **Ниче и постструктуралистичките теории на објективитетот: читање на Џидит Батлер,** *Културен живот:*, Год. 3 бр. 45, јули - октомври 2000, стр. 56-59

*Konfucije : Veliko ucenje*, Beograd : Dzepna knjiga, 1984.
Koplston, Frederik. *Istorija Filozofije*, Bigz : Beograd, 1988.
Krel, Farell. **Heidegger and Zarathustra,** *Philosophy Today*, Number 4/4, Volume XVIII (18): 306-311, Winter 1974, Celina (Ohio) : Messenger Press, 1974.
Krels, Anton. *Taoizam*, Dječje novine : Gornji Milanovac, 1988.
Krisnamurti, J. *Duh i sloboda*, Beograd : Grafos, 1987.
Kroeber, Al. i Cluckhon, C. *Culture*, A Vintage Book : New York, 1963.
Kujundzic, Dragan. ***The Returns of History : Russian Nietzscheans After Modernity,*** New York : State University of New York, 1997.
Kundra, Seema. *Facets of the Divine Diamond*, 1990.
Kung, Hans. *Postoji li Bog?*, Naprijed : Zagreb, 1987.
Lampert, Laurence. Nietzsche and Modern Times : a Study of Bacon, Decartes and ***Nietzsche***, 1993
Lampert, Laurence. ***Nietzsche's Task, : An Interpretation of Beyond Good and Evil,*** New Heaven, London : Yale University Press, 2001.
Lampert, Laurence. ***Nietzsche's teaching: An Interpretation of Thus Spoke Zarathustra***. Yale University Press : New Haven, 1987
Ле Бон, Гистав. *Психологија на толпата*, Kultura : Skopje, 1997.
Lenne, Raphael. *Strah : Analiza i terapija*, Zagreb, 1983.
Левитски, Н. *Свети Серафим Саровски*, Скопје Ѓаконија, 2004.
Левицки, Сергеј. *Берѓаев пророк или еретик*, Скопје : Табернакул, 1994.
Lipitt, John & Urpeth, Jim. ***Nietzsche and the Divine***, Clinamen Press Limited : Manchester, 2000
Lowith, Carl. **Nietzsche's Doctrine of Eternal Recurrence,** *Journal of the History of Ideas*, Volume VI : 273-284, No. 3, June, New York : College of the City, 1945.
Lowith, Carl. ***Od Hegela do Nietzschea***, Veselin Masleša : Sarajevo, 1988.
Lukić, Radomir D. *Sociologija morala*, Naučna knjiga : Beograd, (1982).
Maharshi, Ramana Sri. *Erase the Ego*, Tiruvanamalai, India : Bharatiya Vidhya Bhavan, 1974
Maheshwarananda, Paramahans Swami. *Susreti sa jogijem I*, Novi Sad : Biblioteka Yoga, 1988, str. 246.
Malinovski, Bronislav. O drustvenim ulogama religije, *Socioloske teorije*, Beograd, (198?)
*Mankind's Search for God*, Watchtower Bible and New York Tract Society, 1990.
Marshal, Victor W. *Last Chapters: A Sociology of Aging and Dying*, Monterey, Calif : Brooks/Cole, 1980.
Marylin A. Ganje-Fling and McCarthy, Patricia. (1996) Impact of Childhood Sexual Abuse on Client Spiritual Development: Counseling Implications: *Journal of Counseling & Developmen.t*
Maslov, Abraham H. *Motivacija i ličnost*, Nolit : Beograd, 1982.
Мекинтаир, Алесдер. *Кратка историја на Етиката : (кратка историја на филозофијата на моралот од Хомерово време се до дваесеттиот век)*, Скопје Аз-буки, 2004
Mekintair, Alesder. **Od Kjerkegard do Nice**, *Filozofija*, 3 br. 10, 2004.
Мекинтаир, Алесдер. *По доблеста*, Скопје : Табернакул, 1998
Vojin Milić, *Sociološki metod*, Nolit : Beograd, 1965
Moles, Alistair. **Nietzsche's Eternal Recurrence as Riemannian Cosmology,** *International Studies in Philosophy*, XXI(21):20-31, Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.
Мухиќ, Ферид. *Чадот од догорчето на сонот*, Скопје : Табернакул, 1996.
Мухиќ, Ферид. *Две апории на теоријата на дезалиенација : метафизички и*

*психоаналитички концепт на ослободувањето,* Скопје : Филозофски факултет, 1977.

Мухиќ, Ферид & Зоглев, Златко, *Мислење во акција,* Битола : Факултет за учители и воспитувачи ; "Киро Дандаро", 2002.

Мухиќ, Ферид. *Ноуменологија на телото,* 1994.

Мухиќ, Ферид. *Потомци на боговите : завештанија на првите филозофи,* Скопје : Табернакул, 2006.

Мухиќ, Ферид. *Смислата и доблеста : универзитетски учебник по филозофија,* Битола : Факултет за учители и воспитувачи ; "Киро Дандаро", 1997.

Мухиќ, Ферид. *Ставот на Киркегард кон верата и разумот - некои дилеми,* Скопје : Филозофски факултет, 1978.

Мухиќ, Ферид. **Транстемпоралноста во филозофијата на Фридрих Ниче,** *Дијалог,* Бр. 9 септември 1995, стр. 61-64

Muller, F. M. Sacred Books of the East (Oxford University Press, London)1990.

Muller-Lauter, Wolfgang. ***Nietzsche, His Philosophy of Contradictions and Contradictions in His Philosophy,*** Urbana and Chicago : University of Illinois Press, 1999.

Nehamas, Alexander. **The Eternal Recurrence,** *The Philosophical Review,* LXXXIX (89), No.3: 331-356, July 1980, New York : Cornel University, 1980.

Niče, Fridrih. ***Ecce Homo,*** Grafos : Beograd, 1988.

Niče, Fridrih. *Šopenhauer kao vaspitač,* Grafos : Beograd, 1987.

Nietzsche, Friedrich. ***Antihrist : prevrednovanje svih vrednosti***, Beograd : Grafos, 1985.

Nietzsche, Friedrich. ***Beyond good and evil***, Internet

Nietzsche, Friedrich. ***Daybreak : Thoughts on the Prejudices of Morality,*** New York, Melbourne : Cambridge University Press, 1977.

Nietzsche, Friedrich. ***Ecce Homo,*** Епоха : Скопје, 1998.

Nietzsche, Friedrich. ***Filozofija u tragičnom razdoblju Grka***. 1979.

Nietzsche, Friedrich. *Genealogy of Morals I,* Internet

Nietzsche, Friedrich. ***Osvit : misli o moralnim predrasudama,*** Beograd : Rad, 1982.

Nietzsche, Friedrich. ***Sumrak idola : ili kako se filozofira cekicem,*** Beograd : Grafos, 1985.

Nietzsche, Friedrich. ***The Birth of Tragedy and Other Writings,*** Cambridge (UK) : Cambridge University Press, 1999.

Nietzsche, Friedrich. ***Thus Spoke Zarathustra,*** Penguin Books : London, 1969.

Nietzsche, Friedrich. ***Untimely Meditations,*** Cambridge, UK, New York : Cambridge University Press, 1997.

Ниче, Фридрих. ***Волја за моќ,*** Дерета : Београд, 1991.

Ниче, Фридрих. ***Раѓање на трагедијата,.***

Ниче, Фридрих. ***Така зборуваше Заратустра,*** Македонска книга : Скопје, 1978.

Ничевски, Дејан. Доблестите и вредностите, *Филозофија,* Год 1. бр.4 декември 2002, стр. 103-116

Ничевски, Дејан. Кантовите антиномии, *Филозофија,* Год 3, бр. 11 септември 2004, стр. 27-40

Ничевски, Дејан. Непригодни разгледувања, *Културен живот,* Год. 3, бр.45, јули-октомври 2000, стр. 48-55.

Novak, Philip. ***The Vision of Nietzsche,*** Rockport, Massachusetts, Shaftesbury, Dorset, Brisbane, Quinsland : ELEMENT, 1996

Osho. *Moj Put, Put Belih Oblaka,* Beograd : Esotheria, 1990.

Osho. *Prosvetljenje jedina revolucija : Govori o velikom mistiku Astavakru*, Beograd : Esotheria, 2005.

Osho. *Vrhovna Alhemija, tom I,* Beograd : Esotheria, 2005.

Osho. *Vrhovna Alhemija, tom II,* Beograd : Esotheria, 2005.

Палама, Св. Григориј. *Тријадиѿе во одбрана на свеѿиѿе Исихасѿи,* Скопје : Табернакул, 2001.

Панчовски, Иван Г. *Еѿика хришќанске љубави : еѿичка ѓенеалоѓија и аксиолоѓија,* Ниш : Просвета, 1973.

Pavičević, Vuko. *Sociologija religije* : sa elementima filozofije religije, BIGZ : Beograd

Пек, Скот М. *Више од ӣуѿа којим се ређе иде*, Народна књига - Алфа : Бор, 1997.

Peck, Scott M. *Put kojim se ređe ide*, Arion : Zemun, (1987)

Petković, Stanko &Ivan Magdalenić, *Elementi socijalne psihologije: neki odabrani problemi društvenog ponašanja*, Sveučilište u Zagrebu, Pravni fakultet : Zagreb, 1977.

Platon. *Dijalozi,* Grafos : Beograd, 1987

Платон. *Гозба или за љубовѿа, Федар ili za ubavinata*, Скопје : Матица Македонска, 2003.

Platon. *O jeziku i saznanju,* Beograd : Rad, 1977.

Radakrišnan, Maughan, Sarvepali. *Indijska filozofija I i II,* Nolit : Beograd, 1964.

Rajković, Vlastimir. *Meditacije na parove suprotnosti*, Vlastimir Rajković, Beograd, 1996.

Rajneesh, Bhagawan Shree. *Zarathustra A God That Can Dance : Talks on Friedrich Nietzsche's ThusSpoke Zarathustra,* West Germany : The Rebel Publishing HouseGmbH, [1987].

Rajneesh, Bhagawan Shree. *Zarathustra The Laughing Prophet : Talks on Friedrich Nietzsche's ThusSpoke Zarathustra,* West Germany : The Rebel Publishing HouseGmbH, [1987].

Rajneesh, Osho. *From Sex to Superconsciousness,* Delhi : Orient paperbacks, 1989.

Rajneesh, Osho. *Philosophia Ultima : Discourses on mandukya Upanishad*, Beograd : Mataphysica, 2006.

Rapp, Richard J. **Nietzsche's Concept of Dionysus,** *Philosophy Today,* Number 4/4, Volume XVIII (18): 319-329, Winter 1974, Celina (Ohio) : Messenger Press, 1974.

Расел, Бертранд. *Мудросѿа на Заӣадоѿ,* 1995

Rimpoće, Sogjal. *Knjiga života i smrti*, I и II, L.O.M : Beograd, 1998.

Roberts, Taylor. ***Contesting Spirit : Nietzsche, Affirmation, Religion,*** Princeton University Press : Princeton, 1998.

Rosen, Stainley. ***The Mask of Enlightement : Nietzsche's Zarathustra,*** Cambridge : Cambridge University Press, 1995.

Rosenthal, Bernice Glatzer. ***Nietzsche in Russia,*** New Jersey : Princeton University Press, 1986.

Rot, N. *Osnovi Socijalne psihologije*, Zavod za udžbenike SRS : Beograd, 1987.

Rudolph, Arthur. **Jung and Zarathustra : an analythic interpretation,** *Philosophy Today,* Number 4/4, Volume XVIII (18): 312-18, Winter 1974, Celina (Ohio) : Messenger Press, 1974.

Sadhu, Mouni. *Samadhi : The Superconsciousness of the future*, London : George Allen & Unwin (Publishers) Ltd, 1976

Salome, Lou. ***Nietzsche,*** Redding Ridge (CT -USA) : Black Swan Books, 1988.
Sanj, Sesil. *Sveti erotizam*, Gornji Milanovac, Dečje novine, 1990.
Santaniello, Weaver. ***Nietzsche and the Gods,*** New York : State of University of New York, 2001
Santaniello, Weaver. ***Zarathustra's Last Supper : Nietzsche's Eight Higher Men,*** Aldershot : Ashgate Publishing Company, 2005.
Schacht, Richard. ***Nietzsche,*** Black Swan Books : Redding Ridge, Connecticut, 1983.
Schwartz, Shalom H. Are There Universal Aspects in the Structure and Contents of Human Values: *Journal of Social Issues*, Jerusalem, 1994.
Сенека, Луције Анеј. *Писма пријатељу*, Нови Сад : Матица српска, 1987.
Seneka, Lucije Anej. *Rasprava o blaženom životu i odbrana pisma Luciliju*, Grafos : Beograd, 1986.
Seung, T. K. ***Nietzsche's Epic of yhe Soul : Thus Spoke Zarathustra,*** Lanham, Boulder, New York, Toronto, Oxford : Lexington Books, 2005.
Georg Simmel, "*Friedrich Nietzsche: Eine moralphilosophische Silhouette*," *Zeitschrift fur Philosophie und philosophische Kritik* 2 (1896).
Simmel, Georg. ***Shopenhauer and Nietzsche,*** University Illinois Press : Urbana, Chicago, 1991.
Sivananda, Rada Swami. *Kundalini : Yoga for the West*, Washington : Timeless Books, 1978.
Sivananda, Sri Swami. *Guru Tatva vo Guru i ucenik*, Beograd : Esotheria, 2005.
Sivananda, Sri Swami. *Mind its Misteries and Control*, The Divine Life Society : Rishikesh, 1983.
Sivananda, Swami. *Practice of Bramacharya*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1980.
Sivananda, Swami. *Samadhi Yoga*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1983.
Sivananda, Swami. *Tantra Yoga, Nada Yoga and Kriya Yoga*, Shivanandanagar (Himalayas) India : Divine Life Society, 1994.
Sleinis, E.E. ***Nietzsche's Revaluation of Values,*** Urbana and Chicago : University of Illinois Press, 1994.
Sloterdijk, Peter. ***Mislilac na pozornici : Niceov materijalizam,***
Small, Robin. **Absolute Becoming and Absolute Necessity,** *International Studies in Philosophy*, XXII/2:18-29, Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.
Small, Robin. **Boshcovich Contra Nietzsche,** *Philosophy and Phenomenological research*, Vol. XXI :125-134, 1989.
Small, Robin. **Possibility, Probability and recurrence,** *International Studies in Philosophy*, XVIII(18):29-46, Atlanta (USA): Scholars Press, 1986.
*Socioloski leksikon*, Sovremena administracija : Beograd, 1982.
Stack, George J. **Riemann's Geometry and Eternal recurrence as Cosmological Hypothesis: A Reply,** *International Studies in Philosophy*, XXI(21):37-43, Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.
Стаматов, Александар. Филозофија или религија, *Филозофија*, Год. 3 бр. 12 стр. 109-121 декември 2004
Stambaugh, Joan. ***The Problem of Time in Nietzsche,*** London, Toronto : Bucknell University Press ; Associated University Presses, 1987.
Steinbuch, Thomas. ***A Commentary on Nietzsche's Ecce Homo,*** Lanham, New York, London : University Press of America, 1994.
Стејс, Валтер. *Судбината на западниот човек*, Скопје : Култура, 1991.

Stamenkova - Trajkova, Verica. *Психологија*, Скопје : Универзитет "Кирил и Методиј", 1995.
Stojanović, Siniša. *Dvanaest hramova duha : teorija i praksa joge*, Arion : Zemun, 1989.
Stojanović, Siniša. *Umetnost meditacije joga i budizma*, Arion : Zemun, 1988.
Supek, Rudi. *Društvo i predrasude*, Beograd : Radnička štampa, 1973.
Šešić, Bogdan. *Logika i naučna metodologija*, Naučna knjiga: Beograd 1962.
Šešić, Bogdan. *Osnovi metodologije društvenih nauka*, Beograd : Naučna knjiga 1982.
Шијаковиќ, Радмила. *Барух де Спиноза : живот и дело*, Скопје : Епоха, 1996.
Шкулевиќ, Жељко. **Сократ и Ниче,** *Филозофија*, Год 1, бр.4
декември 2002, стр. 11-17
Šnajder, Slobodan. *Uvod u Nietzschea*, Centar za kulturnu djelatnost Saveza socijalisti:ke omladine :Zagreba, 1980
Sopenhauer, Arthur. ***Svet kao volja i pretstava I-II***, Matica Srpska : Novi Sad, 1981
Шопенхауер, Артур. ***Етика***, Култура : Скопје, 1998.
*Тако је говорио Буда*, Београд : Графос, 1989.
Tejo, Paul. *Summary of Hegel's Philosophy of Mind*, Internet, 1993.
Тол, Екарт. *Моќта на сегашниот миг : водач за духовно просветлување*, Скопје : Три, 2006.
Uspensky, P.D. *Novi model univerzuma* : ***Nadcovek***, Beograd : Mataphysica, 2002.
Veljacic, Cedomir. *Budizam*, Beograd : Opus, 1990.
Вељановски, Николче. *Бгаван Шри Сатја Саи Баба*, Издание на авторот, 1995
Вељановски, Николче. *Духовното созревање на човекот и јога практиката во Македонија*, Издание на авторот : Битола, 1999.
Вељановски, Николче. *Духовното созревање на човекот- Книга* 1, издание на авторот : Битола, 2000.
Велјановски, Николче. *Љубовта - највисока религија*, Издание на авторот : Битола, 1999.
Вељановски, Николче. *Основи на социјализацијата на личноста - Книга 2*, Издание на авторот : Битола, 2000.
Вишнудевананда, Свами. Комплетна *илустрирана книга за јога*, Мајка : Битола, 1993.
Weininger, Otto. *Pol i karakter*, (1986).
White, Richard. **Nietzsche Contra Kant and the Problem of Autonomy,** *International Studies in Philosophy*. XXII/2:-11. Atlanta (USA): Scholars Press, 1989.
Wicks, Robert. **The Eternal Recurrence: Nietzsche's Ideology of the Lion,** *The Southern Journal of Philosophy*, Vol. XXXI, No.1: 97-118, Memphis (Tenessee) : Memphis State University, 1993.
Williams, Linda L. ***Nietzsche's Mirror : The World as Will to Power***, New York, Oxford : Rowman & Littlefield Publishers, Inc., 2001
Worthington, E.L. Religious belief across the lifespan: Implications for counseling and research: *The Counseling Psychologist, 1989.*
Wrong, D. H. *The problem of order: What unites and divides society*, New York : Free Press, 1994.
Zivotić, M. *Čovek i vrednosti*, Prosveta : Beograd, 1979.
Zvonarević, Mladen. *Socijalna psihologija*, Zagreb : Školska knjiga, 1976.



СЕМИНАР ЗА ФИЛОЗОФИЈ